**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за Историја на уметност и археологија**

**Постдипломски студии по археологија**

Магистерски труд на тема:

# Орнаментиката на мат сликаната керамика од железното време од Македонија со акцент на наодите од Охрид


Кандидат: Атанас Кипро

Ментор: проф. д-р Никос Чаусидис


Скопје 2023

**Содржина:**

**Вовед** .................................................. **5**

**I. Задачи и цели на трудот, рамки на истражувањето и методолошки пристап** .................................................. **8**

1. Задачи и цели на трудот .................................................. 8

2. Рамки на истражувањето .................................................. 8

3. Методологија .................................................. 9

**II. Појава, потекло, хронологија и дистрибуција на мат сликаната керамика на средишниот Балкан** .................................................. **11**

1. Појава и потекло .................................................. 11

2. Хронологија .................................................. 17

3. Дистрибуција на мат сликаната керамика .................................................. 20

4. Појава на мат сликаната керамика во Охрид .................................................. 25

5. Датирање на мат сликаната керамика од Охрид .................................................. 29

**III. Мат сликана керамика од Македонија** .................................................. **38**

1. Поварларие .................................................. 39

2. Пелагонија .................................................. 57

3. Охридски Регион .................................................. 67

4. Каталог на фрагменти од мат сликани садови од Охрид .................................................. 68

a. Плаошник, Охрид .................................................. 68

b. Самоилова Тврдина, Охрид .................................................. 237

**IV. Анализа на орнаментиката на мат сликаните садови од Охрид** .................................................. **287**

1. Орнаментика: елементи и структури (композиции) на мат сликаните садови од Охрид .................................................. 287

a. Основни ликовни мотиви .................................................. 287

b. Помошни ликовни мотиви-орнаменти .................................................. 298

c. „Логограми-идеограми“ .................................................. 301

2. Анализа на стилот и на ликовните мотиви и композиции на мат сликаните садови од Охрид .................................................. 302

a. Стилска анализа .................................................. 302

b. Анализа на ликовните мотиви и композиции .................................................. 304

3. Компаративна анализа на орнаментиката на мат сликаната керамика од Охрид со синхрони керамички традиции .................................................. 330

a. Мат сликана керамика од западен Балкан .......... 330

b. Фригиска мат сликана керамика .......... 342

c. Јужноиталска мат сликана керамика .......... 358

4. Споредба на мат сликаните орнаменти со мотиви изведувани во други медиуми .......... 361

a. Мотиви преземени од текстилни предлошки .......... 361

b. Споредба на мат сликаните орнаменти со мотиви изведени на метални предмети .......... 371

c. Орнаменти присутни на дрвени предмети .......... 375

5. Орнаментика на мат сликаните садови од Македонија во доцното бронзено време и преодниот период .......... 380

a. Линеарни мотиви .......... 380

b. Геометриски мотиви .......... 384

c. Декорирање на рачките .......... 385

**V. Технологија на производство .......... 386**

1. Моделирање на садовите .......... 386

2. Употреба на лискун во технолошкиот процес .......... 389

3. Печење на садовите .......... 390

4. Третирање на површината на садовите .......... 392

5. Сликање на садовите .......... 393

6. Обликување на садовите .......... 395

**VI. Типологија на мат сликаната керамика од раното железно време од Македонија и западниот Балкан .......... 403**

2. Типологија на мат сликаните садови од Охрид .......... 411

**VII. Реконструирани садови .......... 422**

**VIII. Етно-културна определба на носителите на мат сликаната керамика .......... 428**

1. Доминантни теории .......... 428

2. Анализа на теориите .......... 431

**IX. „Геометризмот“ како феномен на раното железно време .......... 435**

1. „Геометризмот“ во традициите на Блискиот Исток .......... 440

2. „Геометризмот“ во европските праисториски култури .......... 451

**X. Семиотичка анализа на мат сликаната керамика од Македонија .......... 462**

1. За „женскиот  карактер“ на мат сликаната керамика ... 465
2. Семиотичка анализа на поединечни мотиви ... 469
a. Триаголник ... 469
b. Ромб ... 472
c. Шаховска табла ... 485
d. Дрво ... 488
e. Лабрис ... 498
f. Брановидна линија ... 500
g. Малтешки крст ... 503
3. За приказот на „хиерогамија“ на мат сликаната керамика од Македонија ... 506
4. Семиотичка анализа на орнаментната композиција на одделни садови ... 511
a. Фрагментот од Плаошник со кат. бр. 140/Пл ... 511
b. Амфороиден сад од Плаошник (158/Пл) ... 514
c. Кантароиден сад од Зовиќ ... 519
d. Амфора-урна од Живојно ... 536
e. Самоилова Тврдина, фрагмент од сад (34/СТ) ... 545
**Заклучок ... 557**
**Библиографија ... 560**

# Вовед

Железното време спаѓа во најдобро документираните и најистражените периоди од праисторијата на Македонија. Но, сепак, се работи за период во кој пишаните историски извори се ретки или сосема отсустни, со што значително се отежнува објективното реконструирање на начинот на живот и другите сфери од културата на човековите заедници од ова време. Ова особено се однесува на организацијата на тогашните општества, меѓукласните односи (доколку станува збор за раслоени општества), човековото поимање на светот, а секако и духовниот живот со претставите на тогашните луѓе за натприродното. Во такви околности материјалната култура добива статус на главен извор на информации кои можат да придонесат во расветлувањето на овие прашања. Тука особено ги имаме предвид оние артефакти на кои се прикажани ликовни мотиви и композиции, независно дали се тие изработени од метал, коска, керамика и каков било друг, до денес зачуван материјал. Во рамките на македонското железно време, меѓу разните други наоди, таквиот статус го носи и една специфична категорија керамички садови (во науката познати под терминот „мат сликана керамика“) чијашто површина е покриена со богата и сложена орнаментика, која во досегашните научни публикации веќе ја покажала својата исклучителна евокативност т.е. податливост за разни научни анализи и толкувања.

Мат сликаната керамика, како феномен, во Македонија за прв пат се појавува главно кон крајот на бронзеното време (крај на 14. век пред н.е.), а особено во т.н. преоден период (13. - 10. век пред н.е). Врвот на својот развој и израз таа го достигнува во текот на раното железно време (меѓу 10. и 8. век пред н.е), додека во полното железно време (7. век пред н.е) постепено излегува од употреба, поради што сè помалку е присутна меѓу археолошкиот материјал.

Терминот „мат сликана керамика“ за првпат го употребуваат A. Furtwängler (Фуртвенглер) и G. Loeschke (Лошке) при нивната класификација на керамиката од „Гробниот круг А“ од Микена (Furtwängler and Loeschke 1879, 2; Idem 1886, 54 ff.). Набргу тој ќе биде широко прифатен и користен во археолошките трудови при опис на керамика декорирана со еднолична, несјајна, односно, мат боја. Според тоа, со овој термин е опфатена керамика изработена на грнчарско колце и рачно од среднохеладскиот период од јужна Грција, потоа рачно изработена керамика од доцното бронзено време од регионот

Македонија и тоа претежно од Повардариeто и текот на р. Бистрица (Халиакмон) и на крај керамика од железното време од западните делови на регионот Македонија, Епир и јужна Албанија.[1] Општ е впечатокот дека, во многу од трудовите кои се занимаваат со мат сликаната керамика, не е доволно јасно разграничено што сѐ се подразбира под оваа категорија предмети.[2] Според тоа, често се спомнуваат садови кои се со различна хронолошка припадност, изработени и декорирани според различни традиции и критериуми, а при тоа не секогаш во компаративен контест. Според нашето мислење таквата состојба, во одредена мера, внесува забуна и го усложнува истражувачкиот процес.

Овој труд се бави со конкретна група наоди кои припаѓаат на категоријата мат сликана керамика, ограничена во временска и во географска смисла. Се работи за примероци кои хронолошки припаѓаат на преодниот период од бронзено во железно време и на раното железно време како фокус на нашиот интерес, додека географски – на следните македонски региони: текот на р. Вардар и неговите притоки, југоисточната периферија на Пелагонија со најјужниот дел на Мариовската висорамнина и охридскиот регион. За оваа керамика е и досега пишувано во повеќе научни трудови, но вообичаено како дел од глобалната керамичка продукција на железното време, а поретко и како засебен феномен. Од македонските археолози со неа најмногу се занимавала Е. Петрова и тоа во контекст на нејзините истражувања на Бригите.[3] Значително внимание ѝ посветил и Д. Митревски во рамките на неговите прегледи на железнодобната керамографија,[4] а во поново време таа е во фокусот на истражувањата и на А. Папазовска[5]. Но, во постојните публикации сѐ уште не е обратено поголемо внимание за значењето на оваа керамика за заедниците што ја произведувале и користеле и тоа во општествените, митско-религиските или симболичките сфери на нивната култура. Во одредена смисла, овие аспекти се допрени од страна на Н. Чаусидис, макар и инцидентно, во рамки на неговите компаративни истражувања.[6] Во најголемиот дел од досега публикуваните трудови орнаментиката на овие садови се третира, главно, како манифестација на уметноста па,

[1] Horejs, B. 2007.
[2] Петрова, Е. 1996, 40 – 43 и на многу други места; Horejs, B. 2007.
[3] Петрова, Е. 1996.
[4] Митревски, Д. 1997, 49-51, 110-113 и 227-228; Ibid, 2013, 185-186 и 221-223; Mitrevski, D. 2006, 87-88; Ibid, 2007, 444-445 и др.
[5] Papazovska-Sanev, A. 2007, 487-493.
[6] Чаусидис, Н. 2005, Том 1, 97 и Том 2, Б2, 17 и 18; Ibid, 2017, 796, E9:1 - 3.

следствено на тоа, таа се анализира и толкува низ методологијата на историјата на уметноста. Во нив најчесто отсуствува некаков попродлабочен автентично археолошки пристап кон суштествените аспекти на овие предмети при што тој вообичаено се сведува на едноставно евидентирање на наодите и нивно хронолошко и културно определување. Ликовните мотиви присутни на овие садови – нивниот најспецифичен и најсуштествен аспект – ретко кога ја надминуваат улогата на алатка за датирање на конкретниот наод и на другиот материјал пронајден во дадениот археолошки контекст.

Темата на овој научен труд е тесно насочена кон мат сликаната керамика, а целта – кон нејзина монографска обработка во горе наведените хронолошки и географски рамки, со обид за колку што е можно поаргументирано толкување на нејзиното значење во сите апострофирани аспекти. Во овој предизвик не влеговме со убедувања за некакви дефинитивни и непорекливи одговори и достигнувања, туку со надеж дека нашето истражување ќе даде основа за идни продлабочени проучувања кои дури и ќе ги надминат методолошките и концепциските рамки на археологијата. На крајот, сакаме да го истакнеме и базичниот емпириски и документаристички аспект на овој труд во кој за прв пат каталошки се обработени и публикувани бројни фрагменти од мат сликана керамика кои досега не ѝ се познати на научната јавност. Веруваме дека ова ќе даде свој придонес во глобалното проучување на железното време на територијата на Македонија и поширокиот балкански регион.

# I. Задачи и цели на трудот, рамки на истражувањето и методолошки пристап

## 1. Задачи и цели на трудот

Основната задача на овој научен труд се состоеше во собирање и обработка на достапните примероци на железнодобна мат сликана керамика, публикувани во македонските научни трудови. Посебен акцент е ставен на ваквите наоди од Охридскиот Регион, за кои е извршена детална каталошка обработка и презентирање (проследено со релевантна документација). Тоа се фрагменти од мат сликани садови од локалитетите „Плаошник“ и „Самоилова Тврдина“ – Охрид од кои најголемиот дел се објавуваат за прв пат. Во оваа прилика беа опфатени 162 примерока од локалитетот „Плаошник“ и 46 од „Самоилова Тврдина“.

Следна задача се состоеше во обработката на керамичкиот материјал од Охрид и тоа на повеќе нивоа, при што се направени следните анализи:

1. Како прво и основно, определување на појавата, потеклото и датирањето, односно хронологијата на оваа керамика;
2. Како второ, анализа на орнаментиката на мат сликаните садови, нејзините елементи и структури (композиции) нивно идентификување, класифицирање, определување на фреквенцијата на појавување на мотивите, обид за реконстукција на одредени композиции и сл;
3. Анализа на технологијата на производство на овие садови;
4. Воспоставување на типологија на формите на садови;
5. Обид за реконструкција на формата на садот, на оние фрагменти кои тоа го дозволуваа;
6. Анализа на „геометризмот“ како феномен на раното железно време во Европа, источниот Медитеран и Блискиот Исток;
7. Обид за семиотичко толкување на орнаментиката на мат сликаната керамика и давање предлози во однос на нејзиното симболичко значење.

## 2. Рамки на истражувањето

Како што беше и погоре спомнато, рамките во кои се движи трудот се однесуваат на две нивоа – просторно, т.е. географско и временско, т.е. хронолошко. Но, овие рамки не

се стриктно зацртани туку структурирани во вид на концентрични кругови, зависно од карактерот на употребената граѓа и другите факти.

**а. Географски рамки**

Во фокусот на нашето истражување се наодите од Охридскиот Регион на кои им е посветено најголемо внимание (каталошка обработка). Вториот круг го сочинуваат публикуваните примероци на мат сликана керамика од следните македонски региони: текот на р. Вардар, со средното Повардарие како јадро, и југоисточната периферија на Пелагонија. Во третирот круг влегуваат наодите од средниот Балкан, па и останатите региони на Полуостровот употребени како компаративен материјал.

**б. Хронолошки рамки**

На сличен начин се структурирани и хронолошките рамки на истражувањето. Во фокусот е мат сликаната керамика од железното време, според хронологијата предложена од Д. Митревски (Протоисториските заедници во Македонија, 1997) и тоа од раното железно време (10. – 8. век пред н.е.) и делумно од полното железно време (8. – 6. век пред н.е.). Во вториот круг се опфатени наодите од преодниот период меѓу бронзеното и железното време (13. – 10. век пред н.е.), и тоа како компаративен материјал, но и како прототип од кој се развива мат сликаната керамика во раното железно време.

**3. Методологија**

Во изработката на овој магистерски труд се вклучени следните методолошки пристапи:

1. Идентификација и систематизација на ликовните мотиви присутни на садовите и воведување на унифицирана терминологија/номенклатура за нивно полесно и поточно дефинирање;

2. Морфолошко-хронолошка поделба на садовите од железното време односно нивно распоредување според обликот (типолошка класификација) и временската припадност (хронолошка класификација);

3. Барање аналогии на анализираните садови и на ликовните мотиви насликани на нив, согласно компаративниот метод. Проценка на степенот на сличност (слично,

идентично) на предложените паралели во рамките на поблиски или пooддалечени географски ареали: Балкан, Јужна Европа и Медитеран, Блиски Исток;

4. При анализа на орнаментиката и на ликовните мотиви присутни на садовите е користен споредбениот (т.е. компаративниот) метод. Неговата примена се состои во компарирање на разни елементи: форма т.е. тип на садови, одделни ликовни мотиви и одделни ликовни композиции. Во оваа постапка е вклучена граѓа од најразновидни категории (археолошка, етнолошка и др.) зависно од нивото и целите на споредбата. Следствено на тоа, се користени двата компаративни методи:

- синхронискиот метод, при што се споредувани исти или слични мотиви од ист период, но од различни географски подрачја;

- дијахронискиот метод, при што се споредувани исти или слични мотиви од различни хронолошки периоди и од исти или различни географски подрачја.

# II. Појава, потекло, хронологија и дистрибуција на мат сликаната керамика на средишниот Балкан

## 1. Појава и потекло

Во врска со појавата на мат сликаната керамика на средишниот Балкан изнесено е мислењето дека таа била условена од контактите на поединечни заедници од преодниот период со доцномикенската култура. Со тоа, различни варијанти на мат сликана керамика се јавуваат, скоро во исто време, кај различни заедници кои оствариле контакти со микенскиот свет.[7] Но, како што ќе видиме подолу, посочениот процес не претставува едновремен настан, туку тој се одвивал во текот на неколку векови, низ кои постепено се шири овој тип керамика од првичните области т.е. јадра во Македонија, кон „периферијата“. Појавата на ваквата грнчарија во овие примарни области била условена, главно, од нивната географска поставеност, односно, отвореноста кон поразвиената култура на Егејот.

За времето на појавување и потеклото на мат сликаната керамика во Македонија, се изнесени повеќе (во голема мера спротивставени) мислења и ставови. Од нив две теории се доминантни – првата на А. Хохштетер (Hochstetter) од 1982, а втората на Ј. Вокотопулу од 1986 год. Според А. Хохштетер, мат сликаната керамика во Македонија се јавува како резултат на микенски влијанија, односно подражавање на микенскиот стил од страна на локалното население.[8] Спротивно на ова, Ј. Вокотопулу смета дека појавата на оваа керамика е разултат на среднохеладската традиција и таа е донесена во Македонија во доцното бронзено време од страна на доселеници од југ и всушност носители на оваа традиција. Таа ја поткрепува својата теорија користејќи ги следните аргументи: дека оваа керамика во Македонија му претходи на првиот микенски импорт и дека има сличности меѓу мотивите од мат сликаната керамика и оние од среднохеладската традиција.[9] Во овој контекст е соодветно да се спомне и мислењето на Б. Хорејс според кое, мат сликаната керамика во Македонија настанува под влијание на среднохеладската традиција, но, спротивно на мислењето на Ј. Вокотопулу, таа не смета дека е донесена од доселеници од

[7] Митревски, Д. 1997, 227-228.
[8] Horejs, B. 2007.
[9] Vokotopoulou, I. 1986, 364-367.

југ (конкретно од средишна Грција), туку дека станува збор за прифаќање на влијанија од страна на домородното население.[10]

Мислењето на Ј. Вокотопулу го споделуваат поголем број грчки археолози, особено во постарите изданија, при што е забележлива тенденцијата за многу рано датирање на појавувањето на мат сликаната керамика и тоа во 15. век пред н.е., па дури и порано, во што може да се препознае тенденциозен обид за нејзино приближување кон среднохеладската традиција.[11] Со поновите археолошки истражувања во регионов и со воспоставување на поточна апсолутна хронологија, постепено започнуваат да се ревидираат овие ставови. Овој нов поглед се темели на фактот што, на ниту еден локалитет од долниот тек на р. Вардар (делот во Долна Македонија, во границите на денешна Р. Грција), локалната мат сликана керамика не му претходи на првиот микенски импорт. Оттука произлегува дека LH IIIA2-B1, односно крајот на 14. и првата половина на 13. век пред н.е., претставува *terminus post quem* за нејзиното појавување. При тоа, најраната појава на оваа керамика е забележана во Горна Македонија и тоа во регионот на Кожани, Ајани и во ревидираниот материјал од Платанија (Бобушти), при што таа се датира во почетокот на 14. век пред н.е., кратко пред LH IIIA, кога се забележуваат и првите примероци на микенски импорт.[12]

Од друга страна, точно е дека одредени ликовни мотиви наоѓаат паралели со среднохеладските **(види стр. 458, Сл. 165.)**,[13] но тоа, само по себе, не е доволен аргумент за докажување на потеклото на оваа керамика. Според сето горенаведено, сметаме дека мислењето на А. Хохштетер (Hochstetter) е поверојатно. Судејќи според расположливите археолошки остатоци, речиси и да нема сомнежи дека главниот импулс одговорен за нејзината појава доаѓа од микенските традиции и конкретно од микенската керамика.[14] Како дополнителен аргумент може да се земе веќепосочениот факт дека среднохеладските мотиви тука стигнале со посредство на микенската керамика, а не директно.[15] Земајќи ги предвид сите наведени согледувања, сметаме дека е оправдано да се нагласи влијанието на среднохеладката традиција врз мат сликаната керамика во Македонија, но како еден од

[10] Horejs, B. 2007.
[11] Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[12] Tsonos, A. 2018, 105; за појавата во Долна Македонија види и Петрова, Е. 1996, 43.
[13] Петрова, Е. 1996, 208-209, види и Т. XXXVII и Т. XXXVIII.
[14] Mitrevski, D. 2006, 87-88; Митревски, Д. 2013, 186; Tsonos, A. 2018, 105 - очигледно е нагласувањето дека појавата на мат сликаната керамика е поврзана со првите микенски импорти.
[15] Andrea, Zh. 2005, 40.

повеќето конститутивни елементи одговорни за нејзината појава. Исто така, се согласуваме со изнесената констатација дека среднохеладските влијанија тука пристигнале со посредство на доцнохеладската т.е. микенската култура.

Појавата на мат сликаната керамика во областите на северозападна Грција, односно крајниот западен дел од грчкиот регион Македонија, Епир и југоисточна Албанија се следи кон крајот на 12. век пред н.е., а главно, по 12. век пред н.е.[16] Во ова време треба да се датира и нејзината појава во охридскиот регион, за што ќе стане збор подолу. Во врска со нејзиното потекло во југоисточна Албанија, изнесено е мислењето дека таа настанала од среднохеладката традиција, додека микенското влијание врз неа е минорно. Спротивно на тоа, мат сликаната керамика од Долна Македонија, главната инспирација ја црпи од микенската традиција, при што е занемарливо среднохеладското влијание.[17] Нашиот позитивен став во однос на последново мислење го искажавме погоре, додека, изнесениот став за потеклото на оваа керамика во југоисточна Албанија, благо речено, го сметаме за нелогичен. Сподер него, иако мат сликаната керамика од Долна Македонија (т.е. долниот тек на Вардар) е постара, токму во онаа од југоисточна Албанија се појасно изразени среднохеладските традиции. Тоа би значело дека во овој регион посочените традиции од средното бронзено време се чувале „конзервирани“, околу три века, без да бидат на никаков начин манифестирани во материјалната култура, за одеднаш да се појават на мат сликаните садови од преодниот период. Ова според нас, не само што е нелогично, туку и практички невозможно. Навистина, во јужна Албанија се пронајдени предмети со среднохеладско потекло, вклучувајќи и поединечни примероци на керамика и оружје,[18] но, сепак, тие не се доволни за премостување на значителниот неколкувековен јаз помеѓу нив и мат сликаната керамика.

Веќе рековме дека во доцното бронзено време, односно во преодниот период, мат сликаната керамика евидентно се појавува како резултат на контактите и влијанијата од југот, односно од т.н. микенски свет. Од друга страна, споредено со претходниот период, во раното железно време таа се јавува на многу поограничена територија. За раножелезнодобната мат сликана керамика може да се заклучи дека претставува логичен след и развиток од претходниот период, надоградена со прифаќањето на поголем број

[16] Петрова, Е. 1996, 41, 198-199; Andrea, Zh. 2005, 35; Tsonos, A. 2018, 105; Krapf, T. 2018, 125.
[17] Петрова, Е. 1996, 199.
[18] Ibid, 28-30.

нови геометриски ликовни елементи. Овие елементи не можат да се окарактеризираат, едноставно, како производ на влијание од „геометрискиот“ југ или локално подражавање на протогеометрискиот стил, како што сметаат одреден број истражувачи.[19] Исто така често, особено во постарите публикации, таа (според наше мислење неоправдано) е разгледувана во рамки на геометриската хронологија и традиција.[20] Сметаме дека нивното заедничко спомнување може да има оправданост единствено во компаративен контекст. Истакнато е дека, според декорацијата и начинот на изведба на мотивите, оваа керамика покажува значителни разлики, споредено со протогеометриската и геометриската.[21] Претходноизнесените мислења ќе се обидеме да ги поткрепиме со неколку аргументи.

Во раното железно време, центарот на производство и распространување на оваа керамика се наоѓа западно од Вардар, со долината на р. Бистрица (Халиакмон) како нејзино јадро. Во овој дел на Македонија, најдени се ретки примероци на геометриска керамика (претежно протогеометриски скифоси) со тесалско потекло, хронолошки ограничена, главно, на првата половина на 9. век пред н.е. **(Сл. 1.)**.[22] Напротив, во раното железно време во Тесалија има повеќе северни влијанија од македонското железно време, што се огледува и во облиците на керамика (кантароидни садови, бокали со засечен врат и сл.).[23] Ова отсуство на импортирана керамика во некрополите во Македонија се следи дури и во 7. век пред н.е. Така, на пример, за гробовите од некрополата во Вергина е карактеристично целосното отсуство на керамички импорт, па дури и на онаа керамика произведувана во хеленските колонии на македонскиот брег, при што доминираат локалните облици од кои, се повторно најчести бокалот со засечен врат и кантароидниот сад.[24]

[19] Папазовска Санев, А. 2015, 170; Boardman, J. 1998, 15.
[20] Mikulčić, I. 1966, 29-30.
[21] Митревски, Д. 1997, 228.
[22] Coldstream, J.N. 2003, 21; Saripanidi, V. 2017, 94.
[23] Coldstream, J.N. 2003, 20 и 21.
[24] Saripanidi, V. 2017, 86.



**Сл. 1.** Протогеометриски скифос најден во Вергина, Бер, Грција.

Според наше мислење, уште еден аргумент оди во прилог на тезата дека хеленската геометриска керамика не е главниот „извор на инспирација“ за мат сликаните садови од раното железно време. Тоа е фактот што на раната геометриска керамика, особено протогеометриската **(Сл. 1.)**, декорацијата е прилично ограничена, како во однос на мотивите кои се сликаат, така и во однос на нивната просторна распореденост.[25] Воедно, сосем различен е и самиот начин т.е. техника на сликање. Конкретно, геометриската керамика се исцртува со помош на шестар и линеар,[26] додека мат сликаната се црта со слободна рака. Тука, секако, би требало да се спомене дека, „меандарот“ – главното обележје на геометрискиот стил, многу ретко е присутен на мат сликаните садови од железното време во Македонија. За волја на вистината, во овие две традиции има извесен број мотиви кои се слично изведени, но, нивното сликање на деловите од садот или во рамките на самата композиција е доста различно **(за ова види стр. 343-344, Сл. 69.)**. До истата констатација е дојдено и при анализата на мотивите присутни на мат сликаната керамика од лок. Малиќ во Корчанската Котлина.[27] Се разбира, нагласеното отсуството на хеленска геометриска керамика во Македонија, не може да го негира (поточно речено, не претставува пречка) за можното нематеријално ширење на идеи во посочениот период. Но, тој процес, вообичаено, е обостран и засега, според нашето мислење, нема задоволителен труд кој би го објаснил евентуалното влијание кое двете традиции го извршувале една врз друга, како и одговор на прашањето за можниот правец на движење

[25] Boardman, J. 1998, 7-22.
[26] Gavela, B. 2002, 128.
[27] Andrea, Zh. 2005, 17.

на тие идеи. Изнесениот став на Ј. Вокотопулу дека во протогеометрискиот и геометрискиот стил на западна Грција, а особено на Итака, се одразени силни влијанија на мат сликаната керамика,[28] говори во полза на тоа дека хеленската геометриска керамика била под влијание на мат сликаната, а не обратно. Од друга страна, мат сликаната керамика од раното железно време покажува поголем степен на блискост со други синхрони традиции, што се огледува на стилско ниво и во поглед на самите мотиви кои се сликаат **(за ова поопширно види стр. 342-361)**.

Врз основа на фактите и сознанијата претставени во претходните пасуси, не може целосно да се негира можниот удел на геометриската керамика од хеленскиот југ врз мат сликаните садови од Македонија. Но, ако судиме според погореспомнатиот став на Ј. Вокотопулу, како и фактот што во раното железно време во Тесалија има северни влијанија од македонското железно време, се чини дека во конкретниов случај релацијата на движење на влијанијата била од север кон југ.

На крајот од овој преглед на појавата и потеклото на мат сликаната керамика во Македонија, можат да се извлечат неколку заклучоци. Ни се чини беспредметно, односно, бесцелено да се бара еднострано потекло или влијание од кое настанала или се инспирирала мат сликаната керамика во раното железно време. Според сите показатели таа е резултат на многу посложени и подлабоки процеси кои, како што видовме, започнале уште во доцното бронзено време, а кулминирале во раното железно време, кога се издвојува глобалниот феномен на „геометризмот“. Како што ќе видиме во деветтото поглавје на овој труд, „геометризмот“ одбележува една пространа територија која се протега од Северна Европа до Блискиот Исток, а се одразува на најразлични сфери од материјалната и духовната култура. Тоа е период во кој може да се каже дека егзистира едно „геометриско коине“[29] или е едно време на „меѓународна геометрија“,[30] обележано со најразлични динамични процеси на културна размена во која е вклучена посочената територија. Овие процеси, во никој случај, не можат да се третираат како еднонасочни.

[28] Vokotopoulou, I. 1986, 366.
[29] Bouzek, J. 2018, 212.
[30] Tsonos, A. 2018, 105.

## 2. Хронологија

Употребата на мат сликаната керамика во Македонија и околните региони може да се подели на две последователни фази. **Фазата I** го опфаќа доцното бронзено време, односно преодниот период, од 13. до крајот на 10. век пред н.е., со напомена дека оваа хронолошка рамка го претставува врвот на употребата, развојот и распространетоста на овој тип керамика, а нејзината појава, како што беше кажано погоре, се следи од порано, односно почетокот на 14. век пред н.е. **Фазата II** е сместена во железното време, од почетокот на 9. до средината на 7. век пред н.е. Ова претставува прилагодена фазна поделба изведена од грчкиот археолог А. Цонос (Tsonos) за мат сликаните садови од централниот Балкан, направена според изворната поделба на Ј. Вокотопулу[31] за локалитетот Вица во Епир.[32] Сметаме дека таа е оправдана, а приближно, во овие рамки, може да се опфати и мат сликаната керамика од Охрид и останатите македонски региони.

Во продолжение следува табеларна поделба, по фази **(Таб. 1.)**, на поважните локалитети од средишниот и западен Балкан каде е откриена мат сликана керамика **(види: Сл. 3.)**. Таа е преземена од статијата на А. Цонос,[33] а е дополнета со други македонски локалитети, кои авторот, во најголем дел ги спомнува, но од нејасни причини тие не се вклучени во табеларниот преглед. Дополнувањата се дадени со сива боја, а во заграда се наведени старите називи под кои се сретнуваат одредени локалитети, главно користени во постарата литература.

[31] Vokotopoulou, I. 1986, 365.
[32] Tsonos, A. 2018, 104, Εικ. 11.
[33] Ibid.

| **Фаза I (13-10 век пред н.е.)** | **Албанија** | **Епир** | **географска Македонија** |
| --- | --- | --- | --- |
| **населби** | Малиќ IIIb<br>Трен IIb, Лангарице | Кастрица, Куцелио, Додона, Криа- Јанина, Оксиа Коница | Платанија (Бобушти), Ајани, Аг. Пантелејмон (Патели), Аксиохори (Вардарофца), Лимнотопос (Вардино), Калиндриа, Асирос, Кастанас, Тумба Тесалоники, Аг. Мамас, Моливопиргос, Ангелохори<br>Уланци, Вардарски Рид, Охрид - Плаошник |
| **некрополи** | тумули:<br>Барч (локална фаза III), Водиње,<br>Бодриште, Какав, Черуп | Вица (вон гробни наоди)<br>Долните низини на Загори | Тумулите крај Науса (Негуш), Ангелокастру, Златас Епископис, Димов гроб-Уланци, Водоврати-Градско, Тремник-Неготино |
| **Фаза II (9-7 век пред н.е.)** | **Албанија** | **Епир** | **географска Македонија** |
| **населби** | Трен III, Совјан | Кастрица, Додона, Амвракиа, Лиатовуни | Аг. Пантелејмон (Патели)<br>Охрид , Плаошник и Самоилова Тврдина |
| **некрополи** | Локална фаза Барч IV (тумул I Барч, тумул I Куч и Зи), Мат, Кукс | Вица, Погони | Вергина<br>Марта-Зовиќ, Сарај-Брод, Бел Камен-Живојно |

**Таб. 1.** Фазна поделба на употребата на мат сликана керамика според А. Цонос (2018), со дополнувања во сива боја.




**Сл. 2.** Поважни локалитети на централниот Балкан на кои е најдена мат сликана керамика од доцното бронзено време и раното железно време: **1.** Долно Повардарие: Кастанас, Аксиохори (Вардарофца), Лимнотопос (Вардино), Чаушица, Калиндра, Вардарски Рид, Мрдаја- Дојран; **2.** Средно Повардарие- група „Уланци": Уланци, Водоврати, Стоби, Тремник; **3.** Лагадина: Асирос, Периволаки; **4.** Солун: Тумба, Гона; **5.** Агиос Мамас, праисториски Олинт; **6.** Науса (Негуш): Ангелохори, Злата Епископис; **7.** Аг. Пантелеимон (Пателе); **8.** Вергина; **9.** Ајани; **10.** Платанија (Бобушти); **11.** Девол: Совјан, Малиќ, Барч, Куч и Зи, Трен; **12.** Охрид: Плаошник, Самоилова Тврдина; **13.** Пелагонија: Марта- Зовиќ, Сарај- Брод, Бел Камен- Живојно; **14.** Варош, Прилеп; **15.** Говрлево; **16.** Скопско кале; **17.** Долинац, Стрновац; **18.** Бежанија, Криви Дол; **19.** Гладно Поле, Драгоево; **20.** Лучане, Бујановац; **21.** Благоевград; **22.** Епир: Вица- Загори, Коница, Кастрица и Куцели, Криа- Јанина, Додона; **23.** Тумулите во Погони; **24.** Водиње; **25.** Пискове; **26.** Патос; **27.** Љофкенд; **28.** Белш; **29.** Тумулите по долината на Мат; **30.** Чинамак; **31.** Еласон, Тесалија; **32.** Мармариани, Тесалија.

Слична фазна поделба, која би одговарала за просторот на северозападна Грција, југоисточна Албанија и Епир, но во три фази спомнува и Е. Петрова.[34] Од нив првата фаза го претставува периодот на појавување на мат сликаната керамика во текот на 12. па сè до крајот на 11. век пред н.е., втората соодветствува на периодот 11. – 8. век пред н.е., додека третата и последна фаза, го опфаќа периодот на 8. – 7. век. пред н.е., кога се сретнуваат последните примероци на овој тип керамика.

Постои сомнеж, макар и мал, во врска со припадноста на мат сликаната керамика од Охрид, односно дали таа претставува остаток од населбински активности или се работи за фрагменти од гробни прилози, т.е. од некропола. На локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина таа е откривана, главно, во недоволно јасен контекст и во слоеви кои во голема мера биле нарушени од подоцнежни интервенци.[35] Но, според расположливите податоци, мошне е сигурно, дека оваа керамика има населбински карактер и припаѓа на предурбаната фаза на Лихнид.[36]

### 3. Дистрибуција на мат сликаната керамика

Дистрибуцијата на мат сликаната керамика во доцното бронзено време и преодниот период се реализира, во најголем дел, по речните долини. Главни дистрибутивни патеки се долините на Вардар и Бистрица (Халиакмон). По текот на Вардар таа се одвива од југ кон север, а по р. Бистрица од исток кон запад, оттука на север до долината на р. Девол, а западно по текот на р. Војуша (Аоос). Влијанијата од регионот на Халиакмон се ширеле и кон југ, поточно југозапад, кон Епир **(види: Сл. 3., стрелки со црна боја)**. Според расположливите археолошки податоци може де се претпостават и други насоки на ширење на мат сликаната керамика и тоа: од средниот тек на Вардар на запад кон Пелагонија[37] и Охридското Езеро, додека кон североисток по текот на р. Брегалница и оттаму источно кон средна Струма[38] **(види: Сл. 3., стрелки со црвена боја)**.

[34] Петрова, Е. 1996, 208-209.
[35] Наши лични согледувања од времето кога теренски бевме ангажирани на двата локалитета (2007 – 2011 год.), при што изворната документација не ни е достапна.
[36] Битракова Грозданова, В. 2012, 101 - 102.
[37] Митревски, Д. 2013, 187.
[38] Ibid.

Како периферни појави на мат сликана керамика се издвојуваат, оние од горниот тек на Вардар и тоа од Скопската Котлина и кумановско[39], а најсеверен наод на керамика од ваков вид до сега е констатиран во долината на Јужна Морава. Се работи за наодот од с. Лучане во близина на Бујановац[40] кој секако стигнал по трасата Вардар – Пчиња. Мат сликана керамика е пронајдена и јужно од р. Бистрица (Халиакмон) во северна Тесалија.[41] Се сретнува и северно од р. Девол, во тумулите по долините на реките Мат и Дрим[42] и тоа повторно во изолирани случаи, односно како периферна појава. Пронајдена е и на локалитети по долниот тек на р. Струма[43] **(види: Сл. 3., стрелки со жолта боја)**.




**Сл. 3.** Ширење на мат сликаната керамика во доцното бронзено време. Со црни стрелки се означени главните насоки, со црвени стрелки- претпоставените насоки на ширење, со жолти стрелки – периферните појави, додека со бели кругови – произвотствените јадра.[44]

---

[39] Митревски, Д. 2013, 187.
[40] Станковски, Ј. 2008, 145.
[41] Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[42] Tsonos, A. 2018, 95. Εικ. 4, α
[43] Horejs, B. 2007; Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[44] Во трудот се користени физички географски карти преземени од < http://www.maps-for-free.com/>.

Во врска со дистрибуцијата на мат сликанта керамика низ централниот Балкан, Б. Хорејс разликува осум микрорегиони, секој со свои засебни карактеристики и различно време на појавување и употреба на овој тип керамика. Од нив седум се наоѓаат во географска Македонија: 1. Халкидик; 2. Солунски Залив; 3. Долен Вардар; 4. Среден Вардар; 5. Басенот на Јаница (Пазар/Еница Вардар); 6. Регионот по текот на Бистрица (Халиакмон) и 7. Басенот на Корча. Осмиот микрорегион се наоѓа во Тесалија и тоа околу заливот на Волос и текот на р. Сперхеј **(Сл. 4.)**.[45] Зачудува зошто на приложената карта наоѓалиштата во североисточниот Епир не се издвоени како засебна група, туку се обележени како локалитети со „неизвесно датирање“ **(Сл. 4.)**. Погоре веќе беше спомнато дека појавата на мат сликаната керамика во Епир сосема јасно се врзува за крајот на бронзеното време (конкретно по 12. век пред н.е.), додека нејзината поширока застапеност се случува во раното железно време.




**Сл. 4.** Микрорегиони во кои се сретнува мат сликаната керамика на централниот Балкан, според Б. Хорејс.

Повеќе автори го поврзуваат спорадичното појавување на оваа керамика во најразлични делови на средниот Балкан со движењето на некоја популација која се бавела

[45] Horejs, B. 2007.

со трансхумано сточарење.[46] Таквиот, доминантен начин на живот и стопанисување, во текот на бронзеното време, а и подоцна, се поврзува со популациите населени во одредени региони (главно планински) од централниот, југозападниот и западниот Балкан.[47] Исто така, изнесени се мислења дека, климатските промени кои настанале кон крајот на бронзеното време биле понаклонети кон развој на сточарството.[48] Овие ставови во врска со трансхуманиот начин на живот, во поново време доживуваат ревизија.[49] Изнесени се согледувања според кои станува збор за доминантно земјоделски заедници чија егзистенција се базирала врз мешовито агропасторално стопанство,[50] т.е. комбинирање на земјоделство и сточарство.[51] Овие заедници не воделе номадски или полуномадски живот, туку имале постојано место на живеење, при што само дел од нивната популација се занимавал со сезонско терање на добитокот до зимските или до летните пасишта. Иако овој начин на стопанисување, во основа, наликува на трансхуманото сточарење, тоа сепак нема никаква врска со интензивното сточарство практикувано многу подоцна на Балканот од страна на Власите и Каракачаните. Како главна разлика се наведува тоа што, во бронзеното и железното време, станува збор за многу помали стада кои сточарите немале причина да ги тераат на големи растојанија, затоа што и зимските и летните пасишта им биле во близина. Вториот аргумент е присуството на бројни грабливци во густите шуми (волци, рисови, мечки, па дури и лавови) кои, масовното преместување на добиток на големи растојанија, би го направиле многу опасно и стопански неисплатливо.[52]

Според погоре кажаното не може безрезервно да се прифати ставот дека трансхуманото сточарење е причината за распространувањето на мат сликаната керамика низ средишниот Балкан. Изнесено е друго мислење според кое, зад производството и распространувањето на овој тип керамика стојат специјализирани грнчарски работилници. Мајсторите од овие работилници поседувале соодветно знаење и механизми, неопходни, за нивно постепено претворање од грнчари во професионални трговци, кои ќе вложуваат сè повеќе труд и ресурси во квалитетот на своите производи и во понатамошното

[46] Kilian, K. 1976, 195; Петрова, Е. 1996, 213; Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[47] Петрова, Е. 1996, 196.
[48] Bouzek, J. 1985, 240.
[49] За сточарството на Балканот во бронзеното и раното железно време види: Papayannis, A. 2017.
[50] Papayannis, A. 2017, 340.
[51] За земјоделието во охридско-корчанскиот регион во 1. милениум пред н.е., види: Eftimovski, I. 2022, 272-276.
[52] Papayannis, A. 2017, 344.

промовирање на новиот стил во кој тие биле реализирани.[53] Како и да е, на ова место треба да се спомне и фактот дека садовите кои се мат сликани ги имаат истите локални облици што во овој дел на Балканот се развивале и порано – во текот на целото бронзено време. Според тоа, судејќи според формата, тие не претставуваат никаква новина, ниту некаква радикална промена во материјалната култура,[54] а пак нивното сликање може да се согледа како нормален еволутивен исчекор на локалната култура предизвикан од силното влијание на „микенскиот југ“. Исклучок се неколку помали садови кои и на ниво на својот облик ги подражаваат формите на микенските садови.[55]

Кога станува збор за железното време, споредено со претходниот период, мат сликаната керамика се сретнува на многу поограничена територија **(види: Сл. 5.)**. Така, сега јадрото на производство и употреба се наоѓа западно од реката Вардар, по текот на р. Бистрица (Халиакмон) и во југозападниот (езерски) дел на географска Македонија, односно Горна Македонија, поточно територијата околу Охридското, Големото и Мало Преспанско, Островското, Костуското Езеро и некогашното, денес исушено, езеро Малиќ во Корчанската Котлина. Таа е присутна и во северен Епир каде, пред сè, се издвојува некрополата во Вица. Исто така спорадично се сретнува и во Тесалија и Етолија (Aetolia).[56]

Во доцното бронзено време т.е. преодниот период се случуваат бурни настани, окарактеризирани со продорот на етно-културни елементи од северниот Балкан кон југ. Ова време е означено со уништувањето на неселбите по текот на р. Вардар, како и на микенските центри во Атика и Пелопонез, што го претставува крајот на микенската култура. Но, како што истакнуваат одредени истражувачи, овие драматични настани не предизвикале битни промени во етничката структура на населението во Македонија, односно средишниот Балкан.[57] При тоа е изнесен и ставот дека преминот од бронзеното во железно време во регионот на Горна Македонија, Епир и Албанија се случил без поголеми турбуленции односно дека не бил проследен со нагол пад или „уништување“ на претходното општествено уредување т.е. начин на живот. Напротив, тука тој ќе се одвива

[53] Tsonos, A. 2018, 106
[54] Mitrevski, D. 2006, 86 и 87, Fig. 1; Mikulčić I. 1966, 29 – при описот на кантароиден сад од железното време, додава дека се работи за автохтон македонски облик кој се јавува во континуитет од бронзеното време.
[55] Митревски, Д. 2013, 186 и 208 Сл. 63.
[56] Tsonos, A. 2018, 97, Εικ. 6. δ.
[57] Петрова, Е. 1996, 45; Митревски, Д. 2013, 194.

како постепено приспособување кон новите услови на раното железно време, означени со појавата на новата „меѓународна геометрија“[58] **(за „геометризмот“ како феномен на раното железно време, види стр. 435-461)**. Во овие ставови ја гледаме главната причината зошто токму во овој регион традицијата на мат сликана керамика продолжува да егзистира и во раното железно време.



**Сл. 5.** Распростанетост на мат сликаната керамика во раното железно време

## 4. Појава на мат сликаната керамика во Охрид

Долго време Охридскиот регион претставуваше археолошка *terra incognita*, особено кога станувaше збор за праисторијата. Освен неколку ограничени сознанија за неолитот и енеолитот, бронзеното и раното железно време скоро и да не биле познати. Најраното (но не толку сигурно) спомнување на керамика која може да се доведе во врска со категоријата мат сликани садови од доцното бронзено време, наоѓаме кај В. А. Хартли, кој посочува керамички фрагменти од охридскиот басен, слични на оние од Бобушти, кои се наоѓале во збирката на Британската школа во Атина (British School at Athens).[59]

[58] Tsonos, A. 2018, 105.
[59] Heurtley, W.A. 1939, 229.

Со неодамнешните систематски истражувања во Охрид, пред сѐ на локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина, се добија многу нови податоци за развојот на населбата и на градот во речиси сите праисториски и историски епохи. Иако стекнатите сознанија и археолошкиот материјал, барем досега, не се во доволна мера и најсоодветно обработени и објавени, сепак нивното присуство започнува постепено да влијае во пополнувањето на некои празнини и разјаснувањето на многу недоумици од минатото. Тоа особено се однесува на доцното бронзено време, т.е. преодниот период. Од ова време, на локалитетот Плаошник, се откриени повеќе фрагменти на монохромна и мат сликана керамика која наоѓа јасни и директни аналогии со слични или идентични синхрони примери од Корчанскиот регион и Повардарието. Во оваа прилика прикажуваме само три мат сликани фрагменти од Плаошник, со можна реконструкција на изгледот на садовите на кои припаѓале.[60] Иако нивниот број е крајно ограничен, судејќи според нивниот облик и начин на осликување, можат да се извлечат прилично јасни заклучоци.

Првиот фрагмент припаѓал на мал сад, најверојатно алабастрон, со неправилно топчесто тело и хоризонтално распоредени „тунелести" дршки, декориран со полни „исправени" и „висечки" триаголници **(види: кат. бр. 160/Пл)**. Се работи за една од формите, најкарактеристични за овој период, која претставува локално подражавање на микенски садови **(Сл. 6: а)**. Тој наоѓа дирекни аналогии со слични садчиња од Повардарието.[61] Вториот фрагмент **(види: кат. бр. 161/Пл)** е дел од мало сатче со топчесто тело и кружна рамна нога, декорирано со хоризонтални линии и полн „висечки" триаголник **(Сл. 6: б)**. Слични садчиња на нога (амфорискоси), повторно локални копии на микенски облик, се најдени во Повардарието,[62] а познат е и монохромен примерок од блискиот лок. Совјан, во Југоисточна Албанија.[63] Можеби, најиндикативен е третиот фрагмент **(види: кат. бр. 162/Пл)** на кој е прикажан карактеристичиот мотив, наречен „спирала во движење", за кој се смета дека бил преземен од микенската традиција **(Сл. 6: в)**.[64] Карактеристичен е само за доцното бронзено време и преодниот период, а не се сретнува на мат сликаната керамика од раното железно време, ниту пак на геометриската

[60] Нагласуваме дека нивниот број е далеку поголем, но моменталните услови при обработка на археолошкиот материјал за потребите на овој труд, во НУ Завод и Музеј - Охрид, дозволија опфаќање само на овој ограничен број фрагменти.
[61] Mitrevski, D. 2006, 88, Fig. 2; Видески, З. 2006, 73, T III и 74, T IV.
[62] Видески, З. 2006, 74, T IV, 5 и 6.
[63] Cabanes, P. et al. 2001, 721, Fig. 11.
[64] Mylonas, E. G. 1966, 332, Fig. 149, c.

керамика.[65] Според тоа, може да се рече дека, датирањето на овој фрагмент е прилично сигурно. Посочениот мотив е изведуван на садови со најразлични облици, како алабастрони, амфорискоси и кантароидни садови. Судејќи според зачуваните димензии и изведената декорација на горната површина од устината (која е карактеристична за мат сликаните „кантароси“ од средното и долно Повардарие[66]) поголема е веројатноста фрагментот да припаѓал на кантароиден сад. Вакви садови се откриени во блискиот Корчански регион,[67] како и во Повардариeто[68] **(Сл. 7.)**. На фрагментот пронајден на лок. Вардарски Рид, прикажан е сличноизведен мотив- т.н. „спирала во движење“[69] **(Сл. 7: спореди а со в)**.




**Сл. 6.** Садови од Плаошник од преодниот период и можна реконструкција на изгледот.

[65] Gavela, B. 2002, 128.
[66] Митревски, Д. 2021, 102.
[67] Krapf, T. 2014, 595, Fig. 10, b.
[68] Mitrevski, D. 2006, 88, Fig. 2; Видески, З. 2006, 71, Т I и 72, Т II.
[69] Видески, З. 2005, 100 и 110, Т. VI, 2.




**Сл. 7.** Кантароидни садови: **а-** Плаошник, Охрид, Македонија; **б-** Совјан, Корча, Албанија; **в-** Вардарски Рид, Гевгелија, Македонија; **г-** Уланци, Димов Гроб, Градско, Македонија.

Горепрезентираните фрагементи на садови од Плаошник јасно го вклучуваат Охридскиот регион во најкарактеристичните текови и појави на преодниот период од територијата на средниот Балкан, означени преку прифаќањето на микенски елементи и нивното инкорпорирање во локалната култура. Во тој контекст се наметнува прашањето за правецот или правците на ширење на овој тип керамика во овој регион. Се чини логичен заклучокот дека оваа појава дошла од југ, т.е. од производните центри по текот на р. Халиакмон и тоа преку Корчанската Котлина **(види: Сл. 3.)**. Но, како што видовме, прикажаните фрагменти покажуваат поврзаност и со Повардарието, особено со т.н. група Уланци.[70] Оттука е можно, ширењето на мат сликаната керамика да се одвивало од две насоки – не само од југ, туку и од исток, со посредство на Пелагонија каде што, во познатото керамичко депо од Варош, Прилеп, се констатирани садови карактеристични за групата Уланци[71] **(види: Сл. 3., стрелки со црвена боја)**. Врските со повардарскиот

[70] Митревски, Д. 2013, 183-188, 207, Сл.62.
[71] Митревски, Д. 2013, 187.

регион, односно Долна Македонија, се забележени и во Корчанската Котлина. Истакнато е дека, регионот на Корча и цалата езерска област на Охрид и Преспа, низ сето бронзено време споделуваат многу слична керамичка типологија и декорација со Македонија и дека мат сликаната керамика од корчанско наоѓа аналогии со онаа од централна и западна Македонија[72] (се мисли на грчкиот дел – н.з.). Останува во иднина, со евентуално откривање во Пелагонија на мат сликана керамика од преодниот период, да се потврди или отфрли изнесената претпоставка за можните „контакти“ на Охридскиот регион со средното Повардарие преку оваа траса.

Според расположливите податоци, склони сме да ја датираме појавата на мат сликаната керамика во Охрид кон крајот на 12. и почетокот на 11. век пред н.е., односно времето на појавување на оваа керамика во Деволската, т.е. Корчанската група[73] и максималната распространетост на групата Уланци[74] **(за ова поопширно види подолу)**.

### 5. Датирање на мат сликаната керамика од Охрид

Најголем проблем и предизвик при обработката и анализата на керамичкиот материјал од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина во Охрид претставува датирањето, односно воспоставувањето на хронологија за мат сликаната керамика. Тоа произлегува од степенот на сочуваност, односно фрагментарноста на овие садови и главно од фактот што тие, во основа, се откриени во нарушени и недоволно јасни археолошки контексти. Друг проблем претставува, непостоењето на согласност по ова прашање од страна на археолозите од поширокиот регион. Како што беше кажано погоре, во оптек се многу различни и донекаде контрадикторни датирања на овој тип керамика, иако се чини дека во последно време овој проблем постепено започнува да се средува. Делумно, тоа се должи на неможноста целата мат сликана керамика од поширокиот регион да се сведе под една иста категорија, па, оттука и во некаква заедничка хронолошка рамка. Погоре веќе посочивме дека нејзината појава и употреба не можела да се случи насекаде едновремено и тоа поради разните специфични фактори присутни во секој одделен микрорегион.

[72] Krapf, T. 2021, 665.
[73] Петрова, Е. 1996, 198-199; Tsonos, A. 2018, 105.
[74] Митревски, Д. 2013, 187.

Веќе предложивме дека појавата на мат сликана керамика во Охрид треба да се датира кон крајот на 12. и почетокот на 11. век пред н.е. – време во кое се сместува и во географски блискиот и по многу карактеристики сроден Корчански регион.

Населувањето на Охридскиот Рид се поврзува со доцното бронзено и раното железно време[75] од кога потекнуваат првите наоди, главно фрагменти од монохромна и мат сликана керамика. Во ова време, т.е. преодниот период од бронзеното во железно време (околу 1000 година пред н.е.), жителите од низинскиот мочуришен крајезерски дел на Охрид (во кој се живеело неколку илјади години почнувајќи од неолитот), постепено започнале да го населуваат Охридскиот Рид на просторот од Плаошник и Самоиловата Тврдина/цитадела.[76] Со најновите, неодамна објавени, геоархеолошки истражувања од 2019 год.[77] може многу попрецизно да се определи времето на ова населување, како и причините кои го условиле. Во оваа кампања е испитувана една локација покрај западното подножје на Охридскиот Рид во близина на устието на реката Грашница во езерото, при што е извршено длабинско сондирање т.е. дупчење. Врз основа на земените примероци од ова дупчење е утврдено дека езерски седимент со дебелина од 3.5 м поврзан со длабока вода се наоѓа врз макрофосили на копнена вегетација, обработено дрво и мноштво фрагменти од доцнобронзенодобна керамика. Длабокиот езерски седимент е показател дека се случила ненадејна катастрофална поплава. Карбонската анализа на дрвените колци покажала калибрирана дата од 1214 г. пред н.е., што кореспондира со откриените керамички фрагменти и е заклучено дека оваа поплава се случија кратко по таа година. Бидејќи охридската област се наоѓа во високо сеизмички активна зона, предложено е дека, ненадејното поплавување на Охридското Поле било предизвикано од силен земјотрес, настанат како резултат на тонење на тектонскиот расед кој граничи со охридската алувијална рамнина. Натаму беше заклучено дека, овој настан се поклопува со времето кога е забележана драматична промена на начинот на живот во регионот, односно, напуштање на низинските наколни населби и населување на повисоките позиции.[78] И претходно се изнесувани претпоставки во однос на причината за оваа јасна промена на начинот на живеење од преодниот период и населување на локации на најмалку 700 м

[75] Битракова Грозданова, В. 2011, 101-102.
[76] Кузман, П. 2017, 151.
[77] Hošek, J. et al. 2021.
[78] Ibid, 1.

надморска височина. Во нив се предлага дека тоа се случило постепено, како резултат на повишување на езерското ниво под дејство на чести поплави на алувијалната рамница, предизвикани од климатски промени. Но, ова истражување покажало дека не се работело за постепен процес туку напротив – за ненадеен и драматичен настан предизвикан од земјотрес.[79] Истражувачите заклучуваат дека овој земјотрес се случил во рамките на т.н. „земјотресна бура“ во Источниот Медитеран, датирана меѓу 1225-1175 г. пред н.е. Во поново време, на оваа засилена сеизмичка активнот во Средоземјето се гледа како на еден од многуте фактори кои придонеле за пропаста на првите урбани цивилизации во Егејот.[80]

Посоченото истражување покажало дека, јужниот дел на Охридското Поле бил поплавен, со што Охридскиот Рид на кој се наоѓала населбата станал остров кој постепено, со повлекувањето на водата, се преобразил во полуостров поврзан со копното преку мочуришна зона. Појавата на мат сликана керамика од раното железно време на Охридскиот Рид добро се вклопува во посочените егзактни факти при што, на одреден начин, и ја засилува претпоставката за ненадејна промена на начинот на живеење во овој регион. Според расположливите археолошки остатоци од овој период, изнесено е мислењето дека, ова преместување на населението од рамниците кон ридовите било придружено и со зголемен интерес за пронаоѓање на метални ресурси,[81] како и промена во земјоделството преку користење на ридските пасишта[82] во поширокиот среднобалкански регион. Во врска со последново и претходно беше посочено мислењето дека климатските промени од преодниот период биле понаклонети кон сточарско производство.

Веќе спомнавме дека според добиените податоци од извршените анализи е констатирано поплавување на Охридското Поле случено кратко по 1214 год. пред н.е., што би значело дека во ова време т.е. почетокот на 12. век пред н.е. треба да се датира и населувањето на Охридскиот Рид. Ова може најдобро да се илустрира преку примероци на монохромна керамика од доцното бронзено време, пронајдена на локалитетот Плаошник.[83] Тие покажуваат особена блискост со керамичкиот материјал датиран во истиот период од локалитетот Совјан во Корчанската Котлина **(Сл. 8.)** кој претставувал

---

[79] Hošek, J. et al. 2021, 7.
[80] Ibid, 1.
[81] Eftimovski, I. 2022, 279.
[82] Hošek, J. et al. 2021, 7.
[83] Овој материјал е необјавен, а фрагментите ги издвоивме при обработката на мат сликаната керамика од Плаошник, со цел да се олесни процесот на датирање, но и појасно да се илустрира најраното населување на овој простор.

крајбрежна населба на некогашното езеро Малиќ. Овој локалитет, за разлика од Плаошник, има доста јасна стратиграфија, па е од голема корист за датирањето и на материјалот од Охрид. Спомнатата керамика од Совјан припаѓа на слојот 5c1, што е датиран кон крајот на доцното бронзено време, односно преодниот период, а одговара со слоевите 13 и 12 од Кастанас[84] – најдобро документираниот локалитет од централниот Балкан. Според апсолутната хронологија за Кастанас добиена од карбонските анализи, слојот 13 одговара на временската рамка од 1170 до 1150 г. пред н.е., а слојот 12 од 1150 до 1050 г. пред н.е.[85] Споредено со хеладската хронологија, тоа би соодветствувало на средната-напредна, доцната подфаза на LH IIIC и на субмикенскиот период.[86] Би било соодветно тука да се спомнат два фрагмента – едниот е од Плаошник, а другиот од Самоилова Тврдина – кои, според начинот на изработка и декорирање, отскокнуваат од останатиот обработен материјал. Во однос на првиот од лок. Плаошник со **кат. бр. 159/Пл (Сл. 9: а)**, поради начинот на декорирање со брановидна линија, сме на мислење дека, припаѓал на доцномикенски сад.[87] Што се однесува на вториот фрагмент од Самоилова Тврдина, со **кат. бр. 46/СТ (Сл. 9: б)**, сметаме дека е помлад и најверојатно припаѓа на субмикенскиот период.[88] Во прилог на овие определувања можат да се посочат повеќе фрагменти од микенски садови откриени и во Совјан.[89] Доколку предложеното датирање се покаже како точно, тогаш фрагментот од Самоилова Тврдина **(Сл. 9: б)**, би бил меѓу најстарите наоди пронајдени на овој локалитет, што воедно би имплицирало дека просторот на Самоиловата Тврдина за прв пат бил населен кон крајот на 11. или почетокот на 10. век пред н.е., за разлика од Плаошник, чие населување би било нешто порано – во почетокот на 12. век пред н.е.

[84] Krapf, T. 2018, 124.
[85] Weninger, B., Jung, R. 2009, 404-405, Tab. 4a и 4b.
[86] Ibid, 416, Fig. 14; Facorellis, Y. 2017, 753, Fig.3. види лево: Low absolute chronology; Gori, M. Krapf, T. 2016, 98, Fig.2.
[87] За примери на доцномикенска керамика декорирана со брановидна линија, види: Andreou, S., Psaraki, K. 2007, 414, Figure 16.; Papadopoulos, J. K. 2015, 209, Fig. 12, 13.
[88] Во однос на датирањето на овој фрагмент искажуваме поголем степен на сомнеж. Останува во иднина да се потврди или отфрли ваквото датирање преку можен увид во оригиналната документација и околностите на неговото пронаоѓање.
[89] Krapf, T. 2021, 661-662.




**Сл. 8.** Споредба на керамика од доцното бронзено време (преодниот период) од лок. Совјан и Плаошник. (Напомена: Фрагментите не се дадени во размер.).




**Сл. 9.** Фрагмент од доцномикенски сад- Плаошник **(а)** и субмикенски- Самоилова Тврдина **(б)**.

Во сите досегашни трудови во кои се спомнува мат сликаната керамика од Охрид, се нагласасува дека станува збор за керамика од раното железно време.[90] Но, како што покажа нашето истражување **(види стр. 27- Сл. 6. и Сл. 10.)**, таа на локалитетот Плаошник е присутна од претходниот (преоден) период, со што хронолошки се приближува кон самите почетоци на населбата формирана на овој простор. Како што беше кажано, во блискиот и сроден локалитет Совјан таквата керамика за првпат се појавува во слојот 5c1[91] што соодветствува на периодот од 1170 до 1050 г. пред н.е. Ни се чини соодветно, во овие рамки да се постави и нејзиното појавување на Плаошник во Охрид. Не е исклучено, на постарата мат сликана керамика од преодниот период да припаѓале и други фрагменти од Плаошник, опфатени во овој труд и во приложениот каталог, поради тоа што високото ниво на фрагментираност не дозволува нивно поточно датирање.

[90] Papazovska Sanev, A. 2007; Битракова Грозданова В. 2011, 102; Папазовска Санев, А. 2015, 170; Битракова Грозданова, В. 2017, 18; Кузман, П. 2017, 151-152; Hošek J. et al. 2021, 7.
[91] Krapf, T. 2018, 124.



**Сл. 10.** Мат сликана керамика од преодниот период од лок. Плаошник

Во повеќе наврати нагласуваниот недоволно јасен контекст на пронаоѓање на мат сликаната керамика од Охрид го отежнува попрецизното датирање на фрагментите од раното железно време. Во сета расположлива литература која ни беше достапна, мат сликаната керамика од раното железно време се датира широко од 9. до 7. век пред н.е.,[92] како и во две фази – првата од 11. до 8. век пред н.е. и втората од 8. до 7. век. пред н.е.[93] Поконкретното датирање на садовите во публикациите се сретнува мошне ретко и тоа условено од другиот – хронолошки посензитивен материјал кој е пронајден заедно со неа, обично во затворени гробни целини.

Споредено од типолошка и стилска гледна точка, охридската мат сликана керамика најголем степен на сродност покажува со онаа од блиската Корчанска Котлина, од населбите Совјан,[94] Малиќ[95] и Трен.[96] Степенот на оваа сродност се движи од голема сличност до идентичност при изведувањете на ликовните мотиви **(за ова поопширно види стр. 330-342)**. Бидејќи станува збор за добро истражени локалитети со јасна стратиграфија, би се очекувало тие да се од голема помош при обидот за датирање на керамиката од Охрид. Но, проблематичната хронологија за мат сликаните садови од овој регион, предложена од албанските археолози, а особено присутна во постарите трудови, внесува голем степен на конфузност и несигурнист при самото хронолошко вреднување на мат сликаната керамика. Оваа ситуација до одреден степен ја разјаснува и коригира

[92] Папазовска Санев, А. 2015, 170; Tsonos, A. 2018, 104; Agolli, E. et. al. 2020, 82.
[93] Петрова, Е. 1996, 208-209.
[94] Lera, P. et al. 1996, 1012, Fig. 10, 1015, Fig. 11; Krapf, T. 2018, 125, Fig. 12.
[95] Andrea, Zh. 2005, 43, 46, 48 – 50, 53 -57.
[96] Korkuti, M. 1971, Tab. VI, VII, VIII, IX.

албанскиот археолог Ж. Андреа.[97] Таа, го оспорува дотогашното датирање на мат сликаната керамика од Девол во доцното бронзено време (според интерната хронологија за лок. Малиќ: Малиќ IIId2 и Малиќ IIId3) и аргументирано посочува дека овие две развојни фази не припаѓаат на доцното бронзено време. Според тоа, предлага нивно отстранување и заменување, соодветно, на Малиќ IIId2 со Малиќ IVa и Малиќ IIId3 со Малиќ IVb. Од нив фазата Малиќ IVa ја сместува во преодниот период – помеѓу бронзеното и железното време, според албанската хронологија за железното време, што кореспондира на LH IIIb-c, односно, доцномикенскиот и субмикенскиот период, како и протогеометрискиот и донекаде раниот геометрискиот период,[98] или приближно од средината на 12. до почетокот на 9. век пред н.е. Што се однесува на фазата Малиќ IVb, според албанската хронологија, таа се сместува во развиеното железно време кое завршува во 7. век пред н.е.[99]

Споредено со хронологијата на македонското железно време, предложена од Д. Митревски (1997), фазата Малиќ IVa одговара со преодниот период од бронзеното во железно време и раното железно време, додека фазата Малиќ IVb скоро целосно се поклопува со полното железно време. Широкото датирање на првата фаза од средината на 12. до почетокот на 9. век пред н.е. претставува пречка за поконкретно датирање на мат сликаната керамика од оваа фаза. Но, судејќи според поновите анализи на мат сликаната керамика од Девол, односно корчанско, југоисточна Албанија, многу мал процент од мат сликаните садови, припаѓале на преодниот период, а нивната понагласена доминација започнува во раното железно време,[100] што значи од доцниот 10. век пред н.е. па натаму. Според нашите анализи, овој заклучок е валиден и за мат сликаната керамика од Охрид.

Значаен момент при обидот за хронолошка определба на оваа керамика претставува анализата на бојата користена за нејзиното сликање. За мат сликана керамика од Малиќ, веќеспомнатата Ж. Андреа разликува две фази проследено со користење различна боја за сликање. Така, во првата фаза, односно постарата мат сликана керамика, била сликана со црвена боја во различни нијанси. Таа, во најголем број од случаите, при употребата на садовите т.е. триење на нивната површина, целосно или делумно е

[97] Andrea, Zh. 2005, 5-58.
[98] Ibid, 24.
[99] Ibid, 34.
[100] Krapf, T. 2018, 125.

избледена. Како што заклучува, оваа појава не е карактеристична само за мат сликаната керамика од Малиќ, туку се сретнува и во блискиот Совјан, како и во поширокиот регион – Бобушти во Македонија и Вица во Епир.[101] Што се однесува на втората фаза, сликањето се изведувало со многу потрајна кафена боја во различни нијанси, која многу ретко бледнее.[102]

При анализата на мат сликаната керамика од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина во Охрид ја забележавме истата појава, односно употребата на црвена и кафена боја во неколку нијанси. Може да се согласиме со констатацијата дека декорацијата изведена со боја со црвеникави нијанси е многу повеќе подложна на избледување, во многу случаи до степен на непрепознатливост, а пак онаа изведена со кафена боја е многу потрајна (но, не без исклучоци). Во отсуство на поконкретни изворни податоци, ја прифаќаме, макар со доза на претпазливост, определбата на садовите сликани со црвена боја како хронолошки постари, додека оние со кафена – како помлади. Со тоа, според нашите согледувања, а користејќи ги поновите анализи за мат сликаната керамика во Девол, првата група би била доминантна во раното железно време – од доцниот 10. и низ целиот 9. век пред н.е., додека втората – во полното железно време – во текот 8. и 7. век пред н.е.

Како конечен заклучок на оваа хронолошка анализа, може да се каже дека, крајот на употреба на мат сликаната керамика, во поширокиот регион, се сместува широко во 7. век пред н.е.,[103] со напомена дека нејзиното излегување од употреба, сигурно, не се случило истовремено насекаде. Седмиот век пред н.е. го означува крајот на нејзината употреба и во Охрид. Во прилог на ова согледување, како посреден аргумент, можат да се земат добродокументираните гробови од лок. Плаошник, кои се датирани во полното железно време (втората половина на 7. и почетокот на 6. век пред н.е.), во кои не се констатирани мат сликани садови.[104]

---

[101] Andrea, Zh. 2005, 15 – 16.
[102] Ibid, 28.
[103] Петрова, Е. 1996, 209; Папазовска Санев, А. 2015, 170; Tsonos, A. 2018, 104; Agolli, E. et. al. 2020, 82.
[104] Овие гробови и нивниот инвентар сè уште не се објавени, така што, изнесениот став се темели на нашите лични согледувања од времето кога бевме ангажирани на лок. Плаошник, како и ставовите на повеќе колеги вклучени во истиот процес.

# III. Мат сликана керамика од Македонија

Во ова поглавје е опфатена мат сликана керамика која временски припаѓа на доцното бронзено време, преодниот период и раното железно време, пронајдена во следните македонски региони: Повардарие (вклучително со притоките на р. Вардар), Пелагонија и Охридската Котлина **(Сл. 11.)**. Станува збор за предмети објавени во македонските научни публикации кои ни беа достапни. Прегледот на мат сликаната керамика не го изведовме по хронолошки редослед, туку според местоположбата на локалитетот на кој е пронајден предметот, почнувајќи од север кон југ.




**Сл. 11.** Локалитети на кои е пронајдена мат сликана керамика: неподвлечените броеви се од доцната бронза и преодниот период, подвлечените се од железното време, а оградените се од преодниот период и железното време: **1.** Стрновац, Долинац, Куманово; **2.** Скопско Кале, Скопје; **3.** Церје, Говрлево, Скопје; **4.** Бежанија, Криви Дол, Штип; **5.** Гладно Поле, Драгоево, Штип; **6.** Манастириште, Чашка, Велес; **7.** Уланци, Градско; **8.** Водоврати, Градско; **9.** Стоби, Градско; **10.** Мали Дол, Тремник, Неготино; **11.** Вардарски Рид, Гевгелија; **12.** Мрдаја, Стар Дојран; **13.** Варош, Прилеп; **14.** Марта, Зовиќ, Битола; **15.** Сарај, Брод, Битола; **16.** Бел Камен, Живојно, Битола; **17.** Самоилова Тврдина, Охрид; **18.** Плаошник, Охрид.

**1. Повардарие**

**а. Стрновац, с. Долинац, кумановско**

Локалитетот Стрновац, с. Долинац во околината на Старо Нагоричане, претставува тумуларна некропола од раното железно време. Во могилата означена како *Тумул 1*, во средишното и најстаро погребување е откриен фрагмент од мат сликан сад. Станува збор за двоен тумул од т.н. родовско-клановски тип, карактеристичен за раното железно време во Македонија.[105] Покојникот бил положен во згрчена положба, а според остеолошките остатоци е утврдено дека станувало збор за маж на 40 - 45 годишна возраст.[106]

Фрагментот, најверојатно, припаѓал на кантароиден сад од типот „Уланци“ и е датиран во преодниот период (втора половина на 12. век пред н.е.).[107] Под самиот раб на садот е прикажана низа од мрежестошрафирани приближно рамнострани триаголници со двојно нагласени краци, а под нив се надоврзува низа од мрежестошрафирани „висечки триаголници“ изведени во огледална рефлексија наспроти горните, но без нагласени краци.

Објавено: Станковски, Ј. 2008, 143, Т I- 9 и 145; Papazovska, A. 2018, 95 и 96, Figure 4.



[105] Митревски, Д. 2013, 222-223; Papazovska, A. 2018, 91-101.
[106] Станковски, Ј. 2008, 138-139.
[107] Papazovska, A. 2018, 97.

## b. Скопско Кале, Скопје

На локалитетот Скопско Кале – Скопје, со неодамнешните систематски истражувања, во фазата *населба Кале IV,* во непосредна близина на една од откриените куќи (означена како „куќа 1“) пронајдени се фрагменти на мат сликана керамика, како и една субмикенска амфора.[108] Припаѓаат на преодниот период од бронзеното во железно време, поточно од XII-X век пред н.е.

На фрагментите, и покрај лошиот квалитет на достапните фотографии, се забележуваат следните декоративни мотиви и елементи: „шаховска табла“, мотивот „јаже“, а можеби и делови од шрафирани триаголници.

Објавено: Митревски, Д. 2016,133-134, Сл.185.



[108] Митревски, Д. 2016, 134.

## c. Церје, с. Говрлево, Скопје

На добропознатиот праисториски локалитет Церје кај с. Говрлево се откриени и фрагменти од мат сликани садови. Станува збор за мали топчести садчиња – алабастрони, со „тунелести“ дршки. Судејќи според достапните информации, не е сосема јасно дали тие припаѓале на растурени гробови[109] или се остатоци од населбински активности.[110] Овој тип садови се вбројува меѓу најкарактеристичните облици на доцното бронзено време и преодниот период и претставува локална копија на микенски форми. Во скопскиот регион, на лок. Кошур, с. Долно Соње, во гробни целини се пронајденини садови со карактеристичниот микенски облик – алабастрон и амфориск, но во овој случај без мат сликана декорација.[111]

Фрагментите откриени во Говрлево најверојатно биле изработени во средното Повардарие, а на нив е изведен мотивот цикцак „прекршена“ лента составена од две дебели линии помеѓу кои се наоѓаат три потенки.

Објавено: Митревски Д. 2013, 185, 207, Сл. 62, 5.





[109] Митревски, Д. 2013, 185.
[110] Митревски, Д. 2021, 72, Сл.39.
[111] Ibid, 2013, 208, Сл. 63, 1-3.

### d. Бежанија, с. Криви Дол, Штип

Локалитетот Бежанија, с. Криви Дол, штипско, се спомнува како некропола со кремирани покојници која е во голема мера уништена.[112]

Меѓу останатите наоди од растурени гробови е откриен и еден мат сликан кантароиден сад. Тој е со карактеристичниот цикцак мотив – „прекршена“ лента, составена од две дебели линии на чија горна и долна страна се прикажани куси вертикални цртки во вид на реси. Внатрешната страна на устината е декорирана со низа од коси цртки. Садот е карактеристичен за средновардарската група „Уланци“, а е датиран во доцниот 12. или раниот 11. век пред н.е.

Објавен: Митревски Д. 1997, 297; Митревски Д. 2021, 102, Сл. 64, 9.



[112] Митревски, Д. 1997, 297.

### е. Гладно Поле, с. Драгоево, Штип

За мат сликаната керамика пронајдена на локалитетот Гладно Поле, с. Драгоево, Штип, единствено успеавме да го пронајдеме недоволно јасниот податок дека потекнува од растурени гробни целини.[113]

Во овој преглед се презентирани два сада од ова наогалиште од кои првиот е кантароиден од типот „Уланци“, со многу избледена и непрепознатлива декорација (барем, судејќи според достапната фотографијата), додека вториот е алабастрон со едноставна декорација изведена во вид на хоризонтални ленти.

Објавено: Митревски, Д. 2013, 185, 207, Сл. 62, 3-4.





[113] Митревски, Д. 2013, 185.

### f. Манастириште, околина на Чашка, велешко

Локалитетот Манастириште, во ооколината на Чашка, претставува населба карактеристична за последната фаза на повардарската група „Уланци“ која била целосно уништена во пожар кон крајот на 12. или почетокот на 11. век пред н.е.[114] Поради овој факт, сите пронајдени садови се со јасни траги на горење.

Меѓу мноштвото пронајдени садови се издвојуваат и мат сликани, од кои презентираме два. Орнаментите се доста нејасни поради слабиот квалитет на објавените фотографии, но и фактот што садовите се значително нагорени. Првиот мат сликан сад претставува бокал со засечен врат, декориран во две зони, на вратот и на телото, со низа од косошрафирани „висечки триаголници“. Вториот сад има топчесто тело, најверојатно алабастрон, декориран со низа од полни „висечки триаголници“, изведени од вратот надолу.

Објавено: Митревски, Д. 2013, 210, Сл.67; Митревски, Д. 2021, 102, Сл. 64, 3 и 4.



[114] Митревски, Д. 2013, 187.

### g. Уланци, Градско

**- Димов Гроб, с.Уланци**

На локалитетот Димов Гроб, с. Уланци, Градско, е откриена некропола од доцното бронзено време. Таа претставува добро организирана рамна некропола со гробови подредени во редови, по линијата север – југ. Гробовите се од типот цисти, образувани од камени плочи, со ориентација исток – запад. Покојниците биле инхумирани, поставени странично во згрчена положба, со јасно изразена полова диференцијација, односно, мажите се положувале на десната страна, а жените на левата.[115]

Во гробовите се пронајдени 20 мат сликани садови, од кои 13 целосно сочувани, 6 фрагменти од садови и еден примерок кој според степенот на сочуваност не е определен.[116] Застапени се три облици и тоа: кантароиден сад, алабастрон и амфориск. Од нив осум кантароиди, девет алабастрони и три амфорисци.

Кантароидниот сад е застапен со осум примероци, од кои четири целосно и четири фрагментарно сочувани. Садот е со развлечено елипсоидно тело и две „ушести“ рачки кои при врвот обично завршуваат во вид на рог. Тие започнуваат од самиот раб на устината, го надвишуваат отворот и завршуваат на мевот од садот. Устината е рамна и благо свиена кон надвор, а вратот и дното не се нагласени. На шест од кантароидните садови се сретнува мотивот цикцак „прекршена“ лента, изведена на мевот, составена од две дебели линии на чија горна и долна страна се додадени куси вертикални цртки во вид на реси **(види: 1, 2, 3, 4, 5, 7.)**. Ваквиот цикцак мотив не продолжува под рачките, а внатрешната страна на устината е декорирана со низа од коси цртки. Бочните рабови на рачките се обоени, а на горната површина е изведена низа од коси црти покрај двата раба. На пет садови, кај спојот помеѓу рачката и устината се наоѓа мало кружно вдлабнување, а во еден случај тоа е перфорирано. Ова вдлабнување или перфорирање е најкарактеристичното обележје на кантароидните садови од доцното бронзено време и преодниот период во Македонија, присутно и на мат сликаните и на монохромните примероци. Тоа се сретнува на кантароидите од средното и долно Повардарие, басенот на Халиакмон и Девол,[117] како и на лок. Плаошник и Плоча – Мичов Град (Градиште) во Охрид. На два сада, мотивот

---

[115] Видески, З. 2006, 63.
[116] Видески, З. 2022, 190.
[117] Krapf, T. 2021, 665.

цикцак „прекршена“ лента е изведен со тенки линии. На едниот со пет линии **(види: 8.)**, а на другиот сад со шест **(види: 6.)**, кај кој на средишниот дел од телото се наоѓа мало обоено брадавичесто испакнување **(види: 6.)**. Оваа појава е регистрирана на уште еден фрагмент кој припаѓа на претходно опишаната категорија **(види: 7.)**.[118]

Алабастронот е најзастапениот облик меѓу мат сликаните садови пронајдени во некрополата. Од него се откриени девет примероци, од кои 6 целосно сочувани, 3 фрагментарно, а еден од нив без доволно елементи за документација. Тоа се помали садови со топчест облик и четири „тунелести“ дршки поставени на мевот (само во еден случај три), рамна устина која е благо извлечена кон надвор, кус цилиндричен врат и ненагласено дно. Ако за претходниот облик беше карактеристична еднообразност при изведување на орнаментите, за овој тип може да се каже спротивното – декорирање на сите садови е изведено на различен начин. При тоа се сретнуваат следните мотиви: полни куси „висечки триаголници“ изведени во вид на запци на мевот и под вратот на садовите **(види: 12, 13, 14, 15.)**; „спирала во движење“ која е прикажана на рамото **(види: 10, 13.)**; „јаже“ присутно на вратот и на најширокиот дел од садот **(види: 9, 16.)**.[119] Последниов мотив е најкарактеристично изведен на алабастронот пронајден во гроб 17 **(види: 9.)**. Поставен е хоризонтално на вратот, поделен на три дела, налик на „тројно јаже“, и на најширокиот дел од садот на кој се поставени и четирите дршки, при што „јажето“ е насликано и врз нив. Под секоја дршка се спушта вертикално „јаже“ кое продолжува и на дното од садот, врзано со спротивната дршка.[120]

Обликот амфориск се сретнува во три случаи. Станува збор за мали садчиња со биконично тело со три или четири „тунелести“ дршки на мевот, рамна устина која е благо извлечена кон надвор, кус цилиндричен врат, а завршуваат на конусна нога. Заедничко за сите примероци е тоа што вратот им е целосно обоен. Првиот амфориск е декориран на рамото со полни „висечки“ и „исправени“ триаголници кои наликуваат на запци. Под дршките се повлечени две хоризонтални линии **(види: 17.)**. Вториот амфориск е декориран на следниов начин: на рамото е изведен мотивот „спирала во движење“, а под дршките се повлечени две полни хоризонтални линии **(види: 18.)**. На рамото од третиот амфориск се насликани два полни „висечки триаголници“, а под нив, во меѓупросторот кој

[118] Видески, З. 2006, 65.
[119] Ibid, 66 – 67.
[120] Ibid, 66.

го образуваат, еден „исправен триаголник“. Дршките се целосно обоени, а нивниот спој со садот е нагласен со кружна обоена површина. На мевот од садот се наоѓа дебела хоризонтална линија и уште две под неа. Ногата му е целосно обоена, а во прстенестото дно е впишан крст изведен со дебели краци **(види: 19.)**.

Објавено: Видески, З. 2006, 63 – 74; Видески, З. 2022, 189 – 199.



**1. Гроб бр. 4**



**2. Гроб бр. 11**



**3. Гроб бр. 13**



**4. Гроб бр. 19**



**5. Гроб бр. 45**



**6. Гроб бр.80**



**7. Гроб бр. 112**



**8. Гроб бр. 130**



9.Гроб бр. 17



10. Гроб бр. 33



11. Гроб бр. 35



12.Гроб бр. 40



13. Гроб бр. 54



14. Гроб бр. 73



15.Гроб бр.108



16.Гроб бр. 115



**17. Гроб бр. 7**



**18. Гроб бр. 35**



**19. Гроб бр. 127**

**- Столот, с. Уланци**

На локалитет Столот, с. Уланци, Градско, е откриена населба од доцното бронзено време на која ѝ припаѓала блиската некропола „Димов Гроб“. Населбата опстојувала и се развивала во 14. и 13. век пред н.е., а била целосно уништена во текот на 12. век пред н.е.[121]

Меѓу населбинските остатоци се откриени и фрагменти од мат сликани садови, од кои прикажуваме три. Првиот припаѓал на сад со неизвесен облик (приложениот цртеж со предложениот изглед е прилично неодреден). Садот е декориран во две зони одделени со полни хоризонтални линии. Првата зона се наоѓа под устината на садот, а е составена од низа со полни ромбови. Под неа на најширокиот дел од садот е видлив дел од мотивот „спирала во движење“. Вториот фрагмент (составен од два дела) припаѓал на кантароиден сад од типот „Уланци“. Видливи се остатоци од мотивот цикцак „прекршена“ лента, составена од две полни линии помеѓу кои се наоѓаат три тенки линии. На горната површина од рачката, покрај двата раба, е изведена низа од коси цртки. Третиот фрагмент припаѓал на сад чиј облик не може со сигурност да се одреди. Во делот под устината се видливи остатоци од низа составена од шрафирани „исправени“ триаголници, левиот исшрафиран косо, а десниот, се чини, мрежесто.

Објавено: Митревски, Д. 1997, 44 – 45.







[121] Митревски, Д. 1997, 44-45; Митревски, Д. 2021, 64.

### h. Водовратски пат, с. Водоврати, Градско

Локалитетот Водовратски пат, с. Водоврати, Градско, се наоѓа на десниот брег на р. Вардар, спротивно од некрополата „Уланци“ која е на левиот. Претставува рамна некропола со инхумирани покојници положени во згрчена позиција. Гробовите се од типот цисти, образувани од необработени камени плочи и обични гробни јами со правоаголен или елипсоиден облик.[122]

Помеѓу останатите наоди, како гробни прилози се откриени и мат сликани садови, датирани 13. – 12. век пред н.е. Во овој преглед презентираме само два примерока – кантароид и алабастрон. Достапната фотографија, како и приложените цртежи, се со слаб квалитет од кои може да се забележи само мотивот циц-цак „прекршена“ лента составена од четири тенки линии, изведен на телото од кантароидот и низа од коси цртки на внатрешната страна на устината. Кај спојот со устината рачката е перфорирана.

Објавено: Митревски, Д. 1997, 285-286; Митревски, Д. 2021, 101, Сл. 63, 3.





[122] Митревски, Д. 1997, 285-286.

## i. Југозападна Некропола, Стоби, Градско

Во т.н. „југозападна некропола“ на лок. Стоби се откриени кремирани остатоци поставени во урни, датирани во 12. – 11. век пред н.е., во голема мера уништени од подоцнежните погребувања од антиката.[123]

Од оваа некропола потекнува еден фрагмент од кантароиден сад од типот „Уланци“. Од достапниот цртеж, со сигурност може да се препознае само декорацијата на горната површина на рачката која се состои од низа на коси цртки изведена покрај двата раба.

Објавено: Митревски, Д. 1997, 50, Сл. 12 – 6; 313.



[123] Митревски, Д. 1997, 313.

### j. Мали Дол, с. Тремник, Неготино

Локалитетот Мали Дол, во с. Тремник, Неготино, претставува биритуална некропола со инхумирани и кремирани покојници. Инхумациите биле изведувани во гробови цисти или во гробни јами, а кремираните остатоци биле положувани во урни, но исто така се забележани и слободни кремации. Некрополата се датира во преодниот период т.е. 12. – 11. век пред н.е.[124]

Од оваа некропола потекнува еден мат сликан кантароиден сад, пронајден како вонгробен наод. Тој е декориран со мотивот цикцак „прекршена“ лента, составена од четири тенки паралелни линии, изведена на телото, како и низа од коси цртки на внатрешната страна на устината. На горната површина од рачката, покрај двата раба, се наоѓа низа од коси цртки. Кај спојот со устината рачката е перфорирана.

Објавено: Папазовска, А. 2019, 135-136; Митревски, Д. 2021, 101, Сл. 63, 4.





[124] Папазовска, А. 2019, 122.

## k. Вардарски Рид, Гевгелија

Како најстар слој на комплексниот локалитет Вардарски Рид, Гевгелија, се издвојува населбата од доцното бронзено време која е констатирана на т.н. Рид 1.[125]

Меѓу откриената архитектура и мноштвото движни наоди се издвојуваат и фрагменти од мат сликани садови. Од прикажаните во овој преглед, четири **(види: 1 - 4)**, најверојатно, припаѓале на кантароидни садови од типот „Уланци“ (иако за **3** и **4** тоа не е недвосмислено јасно од приложениот цртеж). Декоративните мотиви, кои можат да се идентификуваат, се следните: „спирала во движење“ изведена во два појаса, почнувајќи од рамото до мевот на садот **(види: 2)**; косошрафиран „исправен“ триаголник во низа, изведен на рамото од садот **(види: 3)**; цикцак „прекршена“ лента составена од две полни линии помеѓу кои се наоѓаат пет тенки линии **(види: 4)**.

Објавено: Видески, З. 2005, 98; 100; 106, Т. II, 3 – 5; 110, Т. VI, 1 – 4.




[125] Видески, З. 2005, 91-113.

### l. Мрдаја, Стар Дојран

Локалитет Мрдаја, Стар Дојран, претставува палафитна населба од доцното бронзено време лоцирана на Дојранското Езеро. Таа била целосно уништена во преодниот период,[126] односно во 12. или почетокот на 11. век пред н.е.

Меѓу пронајдениот археолошки материјал се издвојува една мат сликана шолја. Нејзината рачка го надвишува отворот и е изведена на идентичен начин како и оние од истовремените кантароидни садови од Повардарието. Целата површина на садот е покриена со густо збиена низа од празни „висечки триаголници“.

Објавено: Митревски, Д. 2021, 69, Сл.35.



[126] Митревски, Д. 2021, 57 и 61.

**2. Пелагонија**

а. Варош, Прилеп

На локалитетот Варош, Прилеп, во т.н. керамичко депо се откриени садови карактеристични за повардарската група „Уланци“, меѓу кои и фрагменти од мат сликани садови.[127]

Судејќи според достапната фотографија, јасно е дека фрагментите припаѓале на кантароидни садови со карактеристичните „ушести“ рачки.

Датирање: Доцен 12. - ран 11. век пред н.е.

Објавено: Митревски, Д. 2013, 187. Ibid, 2021, 102, Сл. 64-8.



[127] Митревски Д. 2013, 187.

### b. Марта, с. Зовиќ, Битола

Во 1963 год., при обиколка на локалитетот Марта во с. Зовиќ, битолско, затекнати се два скоро отворени гроба формирани во вид на цисти – пространи, масивни и солидно градени. Во еден од нив мештаните пронашле железен врв од копје, а во вториот богато украсен мат сликан сад.[128]

Станува збор за кантароиден сад со кус цилинричен врат, развлечено топчесто-„тиквесто“ тело и ненагласено дно. Садот има вертикални лентести рачки поставени дијаметрално, кои започнуваат од работ на устината, а завршуваат кај спојот на рамото со мевот на садот. На највисокиот дел од рачките се наоѓа карактеристичен додаток во вид на макара или печурка, кој го надвишува отворот на садот. Самиот сад се одликува со исклучително богата и сложено изведена орнаментика. Орнаментите на вратот се протегаат по целата негова површина, односно непрекинато продолжуваат и под рачките. На горниот дел од вратот (под устината, чија горна површина е обоена) се повлечени две хоризонтални линии, неправилни и речиси брановидни. На средишниот дел од вратот е изведен хоризонтален појас со брановидна линија „во негатив“, која е добиена од две низи со полни неправилни триаголници прикажани во „лизгачка рефлексија“.[129] Кај спојот на вратот со рамото се наоѓа појас составен од две паралелни линии меѓу кои се протега брановидна линија. Под него е претставена ликовната композиција изведена на телото од садот, составена од низа со мрежестошрафирани „висечки триаголници“. Во средишниот дел од низата се наоѓаат три приближно рамнострани мрежестошрафирани „висечки триаголници“, на чиј врв се надоврзува вертикална линија. Помеѓу нив се изведени ромбоидни површини во вид на „коса шаховска табла“. Десно и лево од рамностраните триаголници, низата продолжува со следните елементи: три вертикални линии; рамностран мрежестошрафиран „висечки триаголник“; вертикална линија и на крај уште еден рамностран мрежестошрафиран „висечки триаголник“, изведен до коренот на рачката. Оваа низа се повторува на челната и на задната страна од садот. Под рачката е насликан помал скоро рамностран мрежестошрафиран „висечки триаголник“, со што,

---

[128] Mikulčić, I. 1966, 28.

[129] Терминот „лизгачка рефлексија“ (glide reflection) е предложен за опис на орнаментиката од страна на американскиот археолог Д. К. Вошбурн. За ова види: Ходер, Ј. 2003, 62, Сл. 2. г. (преведено како „рефлексија со лизгање“) и Washburn, D. K. 2018, 158, Fig. 20. d.

практично, низата не се прекинува, туку се движи по целата површина на телото. Рачките исто така се богато и сложено орнаментирани. На спојот на рачката со устината од садот се наоѓа појас со брановидна линија „во негатив“, добиена со две низи од полни триаголници поставени во огледална „лизгачка рефлексија“. Овој појас е омеѓен со паралелни линии, од кои едните се под устината, а другите при дното на „макарата“. Од другата страна на „макарата“ се наоѓаат пет хоризонтални линии под кои се надоврзуваат уште три паралелни вертикални, насликани на средишниот дел од рачката. Под овие линии се протега појас со брановидна линија налик на претходноопишаниот. На мотивите од рачката се надоврзува, претходноспомнатиот, мрежестошрафиран „висечки триаголник“. На горната рамна и кружна површина од „макарата“ се изведени четири брадовидни линии омеѓени од двете страни со низа од полни триаголници.

Датирање: Крај  на 8. или прва половина на 7. век пред н.е.

Објавено: Mikulčić, I. 1966, 28 и 29, T. VII, Sl 14 d. Санев, В. и др. 1976, 55 и 56, кат. бр. 518. Симовска, Д., Санев, В. 1976, 54, кат. бр. 271.







### c. Сарај, с. Брод, Битола

На локалитетот Сарај, во близина на с. Брод, битолско, во 1954 год., при изведување на земјени работи за регулирање на текот на Црна Река, се извршени археолошки ископувања од страна на Народниот Музеј – Битола. При тоа е откриена рамна некропола со густо организирани гробови во редови. Испитани се вкупно 20 гробови од типот цисти во кои се пронајдени инхумирани покојници, главно положени во ориентација север – југ. Гробовите биле градени од монолитни камени плочи, а покриени со по неколку обработени плочи.[130]

Меѓу бројниот и разновиден археолошки материјал се издвовуваат и два мат сликани сада. Првиот претставува амфороидно сатче со висина од 9.2 см **(слика лево)**. Тоа е со рамна устина, благо извиена кон надвор, кус цилиндричен врат, топчесто тело и прстенесто дно. Рачките се вертикални, лентести, а во горниот дел „коленесто“ прекршени. Поставени се дијаметрално, така што започнуваат од работ на устината, ја надвишуваат и завршуваат на рамото. Садот е насликан на следниот начин: горната површина на устината е обоена; вратот е нагласен со повлекување дебели хоризонтални линии кои се протегаат долж врвот и дното, поминувајќи и под рачките; на средината од вратот се изведени две вертикални низи, составени од три коси цртки; лицевата и задната страна на мевот се орнаментирани со низа од три косошрафирани приближно рамнокраки „висечки триаголници“ со дебело нагласени краци. На рачките се наоѓаат по четири хоризонтални дебели линии изведени на горната површина и на рабовите. Под спојот на рачката со устината се насликани пет паралелни верикални цртки.

И вториот сад е амфороиден, но со поголеми димензии – висина од 18.5 см **(слика десно)**. Тој е со рамна неиздвоена устина, конусен врат, плоснато топчесто тело и ненагласено дно. Рачките се вертикални и лентести, поставени дијаметрално така што започнуваат од работ на устината, ја надвишуваат и завршуваат на рамото. Декорацијата е изведена на вратот и телото, а е „врамена“ со линии повлечени покрај рачките почнувајќи од горниот дел на садот па сé до дното. На горниот и долниот дел од вратот е изведен мотив кој го нарековме „двојна рашетка“. Под неа, на рамото се повлечени четири

[130] Митревски, Д. 1997, 282-283.

хоризонтални паралелни тенки линии. На челната и задната страна от мевот на садот, почнувајќи од рамото па надолу се протега низа од пет полни „висечки триаголници“ чиј врв продолжува сé до дното на садот.

Датирање: Крај на 8. или прва половина на 7. век пред н.е.

Објавено: Мачкић, П., Симоска, Д., Трбуховић, В. 1961; Mikulčić, I. 1966, 28-29, T. VII, Sl 14 e-f; Санев, В. и др. 1976, 54-55, кат. бр. 500 и 501; Симовска, Д., Санев, В. 1976, 53, кат. бр. 259 и 260.





## d. Бел Камен, с. Живојно, Битола

На локалитетот Бел Камен (се сретнува и под називот Бели Камења) во с. Живојно, битолско, поточно на микролокацијата викана „Гробот“, во 1956 год. се откриени три делумно оштетени и ограбени гробови од типот цисти. Тие биле оформени од камени плочи со ориентација североисток – југозапад. Од овие гробни целини, означени како гроб I, II и III, само првиот бил ископуван во присуство на стручно лице.[131] На самата локација, на повеќе места се наоѓале „грамади“ од бели камења, по кои и самиот локалитет го добил името. Изнесено е мислењето дека тие припаѓале на насипот од могилата со која, можеби, биле покриени гробовите.[132]

Во гроб I, биле откриени остатоци од два скелета. Од едниот се нашле само делови од череп и долги коски собрани покрај северната страна на гробот, протолкувани како остатоци од постаро погребување. Според положбата на вториот череп, како и остатоците од долгите коски, е утврдено дека станува збор за покојник положен во испружена положба. Покрај десната рамена коска (humerus) бил откриен железен врв од копје и кантароиден сад без видлива декорација, додека од другата страна – еден многу кородиран свиткан железен предмет, можеби нож. Според пронајдените предмети се претпоставува дека секундарното погребување припаѓало на машки покојник.[133] Покрај надворешната, северна, страна на гробот биле откриени грижливо собрани остатоци од човечки коски, меѓу кои делови од три черепи и повеќе фемури. И овој остеолошки материјал се доведува во врска со истиот гроб, односно дека станувало збор за остатоци од негови постари погребувања.[134] Врз собраните коски бил положен мат сликан сад – бокал со засечен врат (висина 24.5 см и дијаметар на дното од 10.5 см).[135] Станува збор за рачно изработен сад (со открשена и загубена рачка) кој е со изразито крушковидна форма, конусен врат, топчесто тело и ненагласено дно. Иссликан е на следниов начин: под устината, по работ од засечениот врат и кај спојот со рамото се протегаат три паралелни линии. На вратот е прикажан, доста избледен мотив кој се состои од голем рамнокрак триаголник со врвот

[131] Јосифовска, Б. 1963, 287-289, во текстот се користи терминот „Гробница I, II и III“ кој е неприфатлив, бидејќи „гробница“ подразбира посложен гробен објект со обележја на градба.
[132] Ibid, 308.
[133] Ibid, 289 – 290.
[134] Ibid, 299 - 300.
[135] Ibid, 295 - 297.

нагоре, поставен на средината, фланкиран од обете бочни страни со по две ромбични полиња. Сиве мотиви се исполнети со „шаховско поле“, така што добиените површини соодветствуваат на мотивот што го нарековме „коса шаховска табла“. Почнувајќи од рамото па надолу е изведена низа од косошрафирани „висечки триаголници“.



**Бокал пронајден покрај Гроб I**

Во Гроб II, според кажувањата на локалните жители, биле пронајдени неколку строшени коски, еден сад и една мала бронзена белегзија. Откриениот сад е мат сликан, а според обликот отскокнува од вообичаениот репертор на мат сликани садови, поради што е наречен „урна“ од типот Виланова.[136] Тој е со висок коничен врат, заоблен, и со раб извлечен кон надворешната страна, сплескано мешесто тело, две хоризонтални „потковичести“ дијаметрално поставени рачки и непрофилирано дно. Садот е со следните димензии: висина 29.5 см; дијаметар на отворот околу 13 см; дијаметар на дното 10 см. Декориран е во две зони, една на вратот и друга на телото. Долж горниот дел од вратот, под устината, се повлечени пет паралелни хоризонтални линии, а три долж долниот дел, кај неговиот спој со рамото. Помеѓу нив се прикажани три стилизирани антропоморфни претстави со раширени раце и раширени нозе поставени во клечечка „породилна“ положба. Телото наликува на столб составен од четири вертикални паралелни линии, а екстремитетите се изведени во вид на мрежестоисполнети цикцак т.е. прекршени ленти. Помеѓу антропоморфните претстави, на долниот дел од вратот се наоѓаат цикцак прекршени мотиви, повторно мрежестоисполнети, кои наликуваат на буквата „W“. На

[136] Јосифовска, Б. 1963, 300 - 301.

телото од садот, почнувајќи од рамото па надолу, од двете страни на садот, е изведена низа од косошрафирани „висечки триаголници“ која не продолжува под рачките. Рачките се украсени со снопови од паралелн линии, распоредени на три места – кај двата споја со телото и на средината. Под нив повторно е прикажан мотив кој наликува на стилизирана човечка претстава. Изведен е слично како и претходните, со таа разлика што во овој случај отсуствуваат „нозете“.



**Амфора-урна од Гроб II**

Гробот III бил со најмали димензии, а според кажувањата на локалните жители, во него биле пронајдени еден керамички сад и фрагменти од две мали очилести фибули, но без сочуван остеолошки материјал.[137] Пронајдениот сад е со мали димензии (висина 11.7 см и дијаметар на дното 6 см) и со мат сликана декорација, изведена многу поневнимателно отколку кај претходните два.[138] Претставува рачно изработено бокалче со засечен цилиндричен и доста низок врат, сплескано топчесто тело и ненагласено дно. Рачката е широка 2 см, а започнува од работ на засечениот дел од вратот, со извишува до висина на изливникот т.е. „клунот“ на садот и завршува на мевот. И кај овој сад орнаментирањето е изведено во две зони – на вратот и на телото. Горната површина на устината е обоена, додека вратот, во горниот дел и кај спојот со рамото, е декориран со паралелни хоризонтални линии. На горниот дел од рачката се насликани хоризонтални паралелни линии. На телото од садот, почнувајќи од рамото па надолу, е изведена низа од

[137] Јосифовска, Б. 1963, 303.
[138] Ibid, 304 – 305.

издолжени полни „висечки триаголници“ која не продолжува под рачката. Во делот до нејзиниот корен, од левата страна, се наоѓа една вертикална линија и три вертикални линии од десната, како и уште една во продолжение на средишниот дел од рачката.



**Бокал од Гроб III**

Датирање: мат сликаните садови од локалитетот Бел Камен се датираат кон крајот на 8. и прва половина на 7. век пред н.е.

Објавено: Јосифовска, Б. 1963, 288 – 310; Mikulčić, I. 1966, 28; 30; T. VII, Sl 14 a – c; Санев, В. и др. 1976, 55, кат. бр. 517; Симовска, Д., Санев, В. 1976, 54, кат. бр. 270.

### 3. Охридски Регион

На мат сликаната керамика од локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид, која е во фокусот на ова истражување и е посветено поголемо внимание и таа е опфатена во засебен каталошки преглед. Нумерацијата на наодите од овие локалитетити е одделна т.е. кај двата каталози, започнува со ред. бр. 1. Напоменуваме дека повикувањето во текстот на некој фрагмент од овие каталози изгледа вака: за Плаошник – на пр. **кат. бр. 1/Пл** или само **1/Пл** а, додека за Самоилова Тврдина – **кат. бр. 1/СТ** или само **1/СТ**. Другата напомена се однесува за термините т.е. називите користени во каталогот за опис на одредени ликовни мотиви. За извесен дел од нив се употребува целосно нова терминологија, предложена од наша страна, како на пример: **„сложен висечки триаголник“**, **„гирланда“** или **„сложена правоаголна композиција со ромбови“**. Детален опис и објаснување за нив е дадено во **глава IV Орнаментика: елементи и структури (композиции)**. На прв поглед се чини нелогично што во трудот е прво поместен каталогот во кој се користени новите термини, а дури потоа да следи нивниот опис. Имајќи предвид дека овие термини се изведени преку анализа на орнаментите присутни на керамичките фрагменти од Плаошник и Самоилова Тврдина, ни се чинеше прикладно најпрво каталошки да ги презентираме нив, а потоа да следи описот на орнаментиката. Користењето на овие нови термини во каталогот е направено од практични, т.е. економични причини, како и за добивање подобра прегледност, наместо постојано да се повторуваат долгите описи за конкретните мотиви. При секоја евентуална нејаснотија во однос на користењето на каталогот, читателот може да се повика на спомнатото поглавје **IV** каде што, покрај деталниот опис на мотивите, се поместени и предложени реконструкции за дел од орнаментите. Во каталогот се користени и одреден број кратенки и тоа: Фр. – фрагмент; инв. бр. – инвентарен број; лок. – локалитет; шир. – ширина; вис. – висина; деб. – дебелина и ЗМОА – дополнителен инвентарен број, кој го носат предметите изложени во постојаната археолошка поставка на Народниот музеј во Охрид – „Куќата на Робевци“.

# 4. Каталог на фрагменти од мат сликани садови од Охрид

## а. Плаошник, Охрид

### 1. инв. бр. Пл.’07/к-4429

Опис: Фрагмент – врат од сад со рамна устина, благо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен со измазнета надворешна површина, премачкана од двете страни со окер посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика изведена со светлокафена боја. Под самиот раб на устината е насликан хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии, можеби горен дел од мотивот „правоаголно поле“. Под појасот, косо се спуштаат дебели линии кои најверојатно образувале триаголници распоредени наизменично со врвот нагоре и надолу.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, вис. 6.2 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 16.06.2007 год., сектор В, кв.А/3-15.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





2. **инв. бр. Пл.’07/к-6969**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачуван, најверојатно, дел од мотивот „сложен висечки триаголник“, шрафиран со две „групи“ линии. Првите четири се паралелни на десниот (зачуван) крак, а останатите биле паралелни на левиот крак кои не ги сечат првите туку ги допираат под агол.

Зачувани димензии: шир. 4.2 см, вис. 2.7 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2007 год., сектор А, кв.В/5-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**3. инв. бр. Пл.’07/к-8009**

Опис: Фрагмент – рачка со неправилен овален пресек од поголем, најверојатно кантароиден, сад. Рачно изработена од прочистена глина, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран е со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Зачуваниот мотив е на горниот дел од рачката кој се спојувал со устината од садот. Изведени се две дебели линии по должина на страните на рачката, а меѓу нив мотив „лабрис“ или „пеперутка“.

Зачувани димензии: шир. 5.7 см, вис. 5.9 см, деб. на рачка 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.08.2007 год., сектор В, кв.А/3-10, ЈАМА бр.316.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





4. **инв. бр. Пл.'07/к-8181**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, светлоокер печен. Измазнета надворешна површина, премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика (избледена), изведена со кафена боја. Видливи две зони одделени со дебели линии, во кои се наоѓаат хоризонтално поставени низи од поврзани ромбови. Од горната низа е сочуван само еден ромб, исполнет со „точки“, а долната низа е составена од полни ромбови.

Зачувани димензии: шир. 8.3 см, вис. 6.8 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 22.08.2007 год., сектор В, кв.А/4-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





5. **инв. бр. Пл.’07/к-12150**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Зачуван средишниот дел – мевот и коренот од рачка со овален пресек. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок и лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Една хоризонтална и две вертикални дебели линии разделуваат три полиња. Во десното и горното поле над коренот од рачката се насликани мотиви со тенки потези, кои поради фрагментираноста не можат да се дефинираат.

Зачувани димензии: шир. 10.3 см, вис. 6.6 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.12.2007 год., сектор В, кв.А/3-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





6. **инв. бр. Пл.'07/к-5167**

Опис: Фрагмент од помал сад. Зачуван дел од вратот, рамото и мевот на садот. Рачно изработен од добро прочистена глина со траги од лискун, невоедначено светлоокер печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На рамото од садот хоризонтално се протега мотивот „двојно јаже“, омеѓен со две дебели линии. Под нив се наоѓа остаток од мотивот „сложен висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 5.9 см, вис. 5.9 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 02.07.2007 год., сектор А, кв.D/7-16.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





7. **инв. бр. Пл.'07/к-8858**

Опис: Фрагмент од сад со биконично тело. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен. Измазнета надворешна површина, декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бледокафена боја. На вратот од садот се прикажани две вертикални брановидни линии кои во долниот дел се изведени во огледална рефлексија, а во горниот дел се идентични. На рамото од садот е присутен мотивот „решетка", под него по мевот на садот се спуштаат полни „висечки триаголници".

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. 7.6 см, деб. на ѕид од 0.5 до 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 25.12.2007 год., сектор В, кв.Е/2-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





8. **инв. бр. Пл.'07/к-8829**

Опис: Фрагмент од поголем сад со хоризонтална потковичеста рачка со кружен пресек, косо поставена на најширокиот дел од садот. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, светлоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, во голема мера избледена, изведена со светлокафена боја. На рамото од садот се насликани две зони раздвоени со три хоризонтални линии. Горната е поширока и во неа се зачувани два поврзани ромба во низа, чија внатрешност е исполнета со „точки". Во втората, долна, зона која е потесна, зачуван е еден ромб идентичен на горните. Во подолниот дел од садот се видливи три хоризонтални тенки линии. Декорацијата на рачката е доста избледена и тешко може да се идентификува. Меѓу „корењата" на рачката се наоѓа тенко изведена цикцак линија налик на буквата „W".

Зачувани димензии: шир. 18.8 см, вис. 14 см, деб. на ѕид од 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 28.11.2007 год., сектор В, кв.Е/3-13.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**9. инв. бр. Пл.’08/к-8746**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно дел од врат. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Зачуван е дел од мотивот „коса шаховска табла“. Паралелно со неговиот зачуван раб е изведен вертикален појас со брановидна линија видлива „во негатив“, која е добиена од две низи со полни триаголници прикажани во „лизгачка рефлексија“. На долниот дел од фрагментот е видлив мотивот „скала“, изведен со тенки потези. Напомена: при фотографирањето, фрагментот бил поставен во обратна позиција која е несоодветна на вистинската.

Зачувани димензии: шир. 5.1 см, вис. 4.1 см, деб. на ѕид од 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 13.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**10. инв. бр. Пл.'08/к-8160**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело, најверојатно кантароиден. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен, со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја, оштетена од нафатените наслаги на површината. На рамото од садот е видлив мотивот „јаже", а под него делови од два „висечки триаголника", во случајов приближно рамнокраки и косошрафирани од лево кон десно.

Зачувани димензии: шир. 9.4 см, вис. 7.3 см, деб. на ѕид од 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 18.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**11. инв. бр. Пл.'08/к-9064**

Опис: Фрагмент од сад со лачна устина косо извлечена нанадвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, невоедначено бледоцрвено печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бледокафена боја (значително избледена). Насликана низа од „висечки триаголници“ кои се протегаат од рамото надолу до мевот на садот и подолу. Делумно се зачувани два, од кои левиот е шрафиран со скоро вертикални паралелни линии, а десниот, кој е значително избледен, со коси линии од лево кон десно. Под обоениот раб на устината, од внатрешната страна, е изведена низа од мали полни триаголници налик на запци.

Зачувани димензии: шир. 10.2 см, вис. 6 см, деб. на ѕид од 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 25.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**12. инв. бр. Пл.'08/к-8110**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и лентеста (тунелеста) рачка со овален пресек поставена меѓу рамото и најширокиот дел на садот (мевот). Најверојатно станува збор за шолја со една рачка, а постои можност да се работи за кантароиден сад. Рачно изработен од прочистена глина со ситни примеси од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На рамото од садот се наоѓа мотивот „јаже", а под него, до мевот на садот, се протега мрежестошрафиран „висечки триаголник" чиј лев крак продолжува до долниот дел од садот. Рачката е декорирана на следниов начин: на врвот е мотивот „јаже", а под него се надоврзува хоризонтална низа од три полни триаголници кои се повторуваат уште еднаш во огледална рефлексија, при што се формираат ромбоидни површини „во негатив". Под триаголниците се наоѓаат четири хоризонтални паралелни линии, по што следува празен-недекориран простор, а на долниот дел од рачката се изведени седум хоризонтални паралелни линии.

Зачувани димензии: шир. 11см, вис. 8.7см, деб. на ѕид од 0.5 до 1.1см; шир. на рачка 3.3см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 19.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





ДЕКОРАТИВНИ МОТИВИ
НА РАЧКАТА

**13. инв. бр. Пл.’08/к-7238**

Опис: Фрагмент од сад со лачна устина косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од прочистена глина со ситни примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Зачуван мотивот „јаже“ поставен вертикално на вратот од садот.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид 1см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**14. инв. бр. Пл.’08/к-7279**

Опис: Фрагмент од поголем сад со рамна устина, косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и црвена површина која е измазнета и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На вратот од садот е прикажана композиција врамена меѓу три хоризонтални паралелни линии, кои се наоѓаат под отворот на садот, како и две хоризонтални паралелни линии кои се наоѓаат на рамото од садот. Композицијата е составена од вертикална низа од два полни триаголници кои се повторуваат огледално и се допираат со врвовите, при што образуваат необоени триаголницији горе и долу и ромб во средината. Горниот триаголник и ромбот се исполнети со „точки“. Оваа композиција е омеѓена од двете страни со мотивот „јаже“. Лево од неа е прикажана хоризонтална прекршена линија налик на буквата „W“, а десно – косо (дијагонално) поставена брановидна линија. Десно од брановидната линија е видлив мотивот „јаже“ кој е вертикално поставен, што значи дека претходноопишаната композиција најверојатно се повторувала. Под долните две хоризонтални линии кои се наоѓаат на рамото од садот се протега низа од косошрафирани „висечки триаголници“ (на фрагментот видливи три), кои со врвот завршувале под мевот на садот. Една од линиите со кои се шрафирани триаголниците е паралелна со левиот крак, а останатите со десниот. На самата горна површина од устината е изведен мотивот „јаже“, под него (од внатрешната страна) се наоѓаат три вертикални паралели линии, а на растојание од околу 5 см се гледа остаток од една линија, што значи дека овој мотив се повторувал на одредено растојание.

Зачувани димензии: шир. 13.6 см, вис. 10.5 см, деб. на ѕид 1см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 08. и 13.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5 и F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.




ДЕКОРАЦИЈА ВО ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ
ПОД РАБОТ

**15. инв. бр. Пл.’08/к-8585**

Опис: Фрагмент од вратот на сад со поголеми димензии. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен, со сиво јадро и бледоцрвена површина. Изведена е сложена мат сликана композиција, изведена со светлокафена боја. На вратот од садот се зачувани делови од два композитни мотива. На десната страна е видлив композитен мотив изведен како вертикален столб со следниве елементи: два полни рамнострани триаголника (едниот во долниот дел на столбот, а вториот во средината) кои се повторуваат огледално и се допираат со врвовите, така што наликуваат на „пеперутка“ или „лабрис“. Триаголниците формираат три необоени површини, долната е триаголна а двете над неа шестоаголни, од кои погорната не е целосно зачувана. Во шестоаголните површини се наоѓаат две вертикално наредени крукчиња. Крукчиња се изведени и до основата на долните триаголници и темињата на основата на погорните триаголници. Левиот композитен мотив е составен од два вертикално распоредени ромба, со косошрафирана површина, кои се допираат со врвот и на чии темиња се прикажани кругови. Во горниот дел мотивот е зачуван само делумно, со претпоставка дека и тоа бил дел од ист таков ромб. На рамото од садот е изведен мотивот „јаже“, а под него се видливи делови, најверојатно, од шрафиран „висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 12.5 см, вис. 8.3 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**16. инв. бр. Пл.’08/к-8193**

Опис: Фрагмент од сад со широк отвор и калотесто тело. Работ на устината е благо заоблен и ја следи формата на садот. Под него, на растојание од околу 1 см е прилепена брадавичеста дршка која, поради малите димензии, тешко дека имала улога за држење на садот. Ако претпоставиме дека таква апликација имало и од спротивната страна на садот, можно е да била користена за негово врзување што би значело дека тој бил обесуван. Дијаметарот на отворот бил околу 16 см. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Горната површина на устината е декорирана со коси паралелни цртки. Под работ на устината, од надворешната страна, е изведен мотивот „јаже“, а под него се надоврзуваат приближно рамнострани мрежесто шрафирани „висечки триаголници“. Зачувани се два во низа, лево од дршката и еден делумно сочуван десно од неа.

Зачувани димензии: шир. 7.7 см, вис. 5.8 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 23.09.2008 год., сектор B, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**17. инв. бр. Пл.’08/к-9067**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело, најверојатно кантароиден. Зачуван горен и долен корен од рачка. Рачно изработен од прочистена глина со траги од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На мевот од садот се насликани четири хоризонтални паралелни линии, а под нив се зачувани делови од два „висечки триаголника“ шрафирани со коси линии паралелни на десниот крак. Над четирите линии се наоѓа мотив кој, поради фрагментираноста, не може да се идентификува.

Зачувани димензии: шир. 9.6 см, вис. 7.4 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 13.11.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј - Охрид.

Необјавено.





**18. инв. бр. Пл.’08/к-7327**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно изработен од прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На рамото е повлечена хоризонтална линија под која се насликани мрежестоисполнети „висечки триаголници“ од кои два делумно зачувани.

Зачувани димензии: шир. 4.9 см, вис. 6.6 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**19. инв. бр. Пл.’08/к-9065**

Опис: Фрагмент од скифоиден сад со биконично тело, косо засечена устина извлечена кон надвор и хоризонтална потковичеста рачка со овален пресек, косо поставена на мевот од садот. Рачно изработен од прочистена глина со ситни примеси од песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината се наоѓа мотивот „јаже“.

Зачувани димензии: шир. 9.2 см, вис. 8.8 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 22.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – О хрид.

Необјавено.





**20. инв. бр. Пл.'08/к-7229**

Опис: Фрагмент од рамно кружно дно на сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Зачувани три дебели вертикални линии кои се протегаат до самото дно.

Зачувани димензии: шир. 8 см, вис. 3.1 см, d на дно о.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 14.08.2008 год., сектор С, кв.Н/1-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**21. инв. бр. Пл.’08/к-7230**

Опис: Фрагмент од сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце, од добро прочистена глина, бледокафено печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачуван е дел од мотивот „сложен висечки триаголник“. Внатрешноста е шрафирана со тенко повлечении линии паралелни на краците кои се допираат во средишниот дел на триаголникот, но не се сечат.

Зачувани димензии: шир. 8.1 см, вис. 3.8 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.08.2008 год., сектор С, кв.Н/1-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**22. инв. бр. Пл.’08/к-7231**

Опис: Фрагмент – прстенесто дно на сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Измазнета надворешна површина, премачкана со посен светлокафен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Дното е „одвоено“ од садот со дебела хоризонтална линија, а под неа се наоѓаат вертикални паралелни линии кои, според една делумно зачувана, продолжувале нагоре по површината на садот.

Зачувани димензии: шир. 8 см, вис. 4.8 см, d на дно о.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.08.2008 год., сектор С, кв.Н/1-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**23. инв. бр. Пл.’08/к-6585**

Опис: Фрагмент – мев од поголем сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и црвена површина. Од надворешната страна премачкан со океkраст посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бледокафена боја. Мотивите се насликани со дебели потези. Во горниот дел видливи две дебели линии кои се спојуваат под остар агол, а под нив по три парови од дебели хоризонтални и вертикални линии кои се спојуваат под прав агол, можеби делови од „концентрични“ квадрати или меандар.

Зачувани димензии: шир. 7.9 см, вис. 10.3 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 08.07.2008 год., сектор В, кв.Е/3-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**24. инв. бр. Пл.’07/к-694**

Опис: Фрагмент од поголем сад. Зачувани делови од вратот, рамото и мевот на садот. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце, од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена од бордоцрвена боја. На рамото од садот е повлечена  дебела хоризонтална линија под која се наоѓа мотивот „гирланда“ – варијанта 1.

Зачувани димензии: шир. 13.3 см, вис. 11.5 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**25. инв. бр. Пл.'07/к-695**

Опис: Фрагмент од кантароиден сад со ушеста рачка со овален пресек. Рачката започнува од самиот раб на отворот, го надвишува и завршува на мевот. Садот е рачно изработен од добро прочистена глина, бледоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја, значително избледена. На врвот од рачката се наоѓа хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се насликани три тенки линии. Истиот мотив се сретнува и на спојот на рачката со отворот на садот. Под него се видливи остатоци од избледена декорација – се чини, низа од куси вертикални црти. Сличен хоризонтален појас бил насликан и на коренот од рачката, но тој е скоро целосно избледен. Идентичен појас, но во позбиен облик е прикажан и под работ на устината, од надворешната страна, видлив лево од рачката додека десно се забележува нејасен орнамент налик на превртена буква „J" со две хоризонтални паралелни линии по средината.

Зачувани димензии: шир. 7.3 см, вис. заедно со рачката 10.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.




многу
избледено

**26. инв. бр. Пл.'07/к-696**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело, најверојатно кантароиден. Зачуван корен од рачка со овален пресек. Садот е рачно изработен од добро прочистена глина, бледоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика изведена со светлокафена боја, значително избледена. Декорацијата на рамото од садот е во вид на хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓа недоволно јасен орнамент, се чини, „цикцак“ мотив составен од куси косо поставени елементи во вид на буквата „V“. Под рамото на садот се забележуваат избледени контури, најверојатно, од мотивот „гирланда“ – варијанта 1.

Зачувани димензии: шир. 12.8 см, вис. 8.6 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**27. инв. бр. Пл.’07/к-698**

Опис: Фрагмент – рамо од помал сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и портокалова измазнета површина, премачкана од надвор со посен портокалово-светлоокер премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Во горниот дел на фрагментот се наоѓаат три паралелни хоризонтални тенки линии, а под нив остаток од мотивот „сложен висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 2.9 см, вис. 3.1 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**28. инв. бр. Пл.'07/к-699**

Опис: Фрагмент – рамо од помал сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен. Измазнета надворешна површина премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив е појас од две паралелни линии меѓу кои се наоѓа изнбледен мотив изведен со повлекување на коси паралелни линии во два правци. При тоа линиите се допираат приближно под прав агол, со што се добил орнамент од „триаголници" во низа поставени во вид на „запци". Под него е изведен мотивот „јаже".

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 2 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**29. инв. бр. Пл.’07/к-2753**

Опис: Фрагмент – лентеста рачка од поголем сад, со неправилен овален пресек. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика изведена со бордоцрвена боја. Во делумно сочуваната рамка, исликана со дебели линии, се прикажани два рамнокраки триаголника во кои се впишани линии во вид на буквата „V“. Под овој мотив се наоѓаат три тенки паралелни хоризонтални линии.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, вис. 5.2 см,

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 17.04.2007 год., сектор В, Ѓаконикон, кв.Е/4-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**30. инв. бр. Пл.’07/к-11736**

Опис: Фрагмент – рамо од сад. Рачно изработен од прочистена глина, светлоцрвено печен, премачкан од надворешната страна со темноокер посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлив појас образуван од две тенки хоризонтални паралелни линии меѓу кои се наоѓа низа од ромбови исполнети со точки (делумно зачувани два).

Зачувани димензии: шир. 7.7 см, вис. 5.8 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.10.2007 год., сектор С, кв.G/3-15, Јама 460.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**31. инв. бр. Пл.’07/к-11800**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно длабока чинија – паница, со рамен благо профилиран раб на устината. Рачно изработен од прочистена глина со ситни примеси од лискун, светлоцрвено печен, премачкан од надворешната страна со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлив остаток од рамнокрак „висечки триголник“, косо шрафиран од лево кон десно. Горниот раб на устината декориран со „квадрати“ во низа.

Зачувани димензии: шир. 1.7 см, вис. 3.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.06.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14, Јама 182.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**32. инв. бр. Пл.’07/к-724**

Опис: Фрагмент – врат и рамо од сад. Рачно изработен од прочистена глина, сиво печен. Надворешната површина премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлив остаток од неправилно изведен мотив „шаховска табла“ со потесни „бели“ полиња.

Зачувани димензии: шир. 4.1см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 10.04.2007 год., сектор В, кв.F/4-3.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**33. инв. бр. Пл.’07/к-866**

Опис: Фрагмент – устина од сад, косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и окер површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Зачувана декорација под внатрешниот раб на устината во вид на „висечки триаголници“ во низа, во случајов разнострани и косошрафирани од лево кон десно. Зачувани два, од кои еден целосно, а вториот делумно.

Зачувани димензии: шир. 7 см, вис. 3.5 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 11.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**34. инв. бр. Пл.’07/к-5429**

Опис: Фрагмент од кантароиден сад со ушеста рачка со овален пресек која започнува од работ на устината, го надвишува, а завршувала на рамото од садот. Зачувани делови од вратот и едната рачка. Рачно изработен од добро прочистена глина, светлоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. На вратот од садот се наоѓа мотивот „правоаголно поле“ кој се протегал на двете лица од садот, но не поминувал под рачките. Рабовите на рачката и горната површина на устината се обоени.

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. заедно со рачката 6.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 04.07.2007 год., сектор В, кв.F/4-3, Јама 195.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**35. инв. бр. Пл.'07/к-8614**

Опис: Фрагмент – рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен, со сиво јадро и портокалова добро измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Видливи осум хоризонтални дебели паралелни линии поделени по четири во две зони – горна и долна. Меѓу нив се наоѓаат три коси тенки паралелни цртки кои се повторуваат во огледална рефлексија, со што се добил мотив во вид на буквата „V". Тој сигурно се повторувал во низа, со што се добивал цикцак орнамент.

Зачувани димензии: шир. 4.7 см, вис. 3.7 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 03.09.2007 год., сектор B, Атриум, кв.F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**36. инв. бр. Пл.'07/к-3599**

Опис: Фрагмент – мев од поголем сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, темноокер печен. Измазнета надворешна површина премачкана со темносив посен премаз во чија смеса е додаден ситно дробен лискун кој на светлина дава отсјај на површината. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видливи остатоци од мотивот „висечки триаголник", во случајов мрежесто шрафиран (делумно сочуван еден).

Зачувани димензии: шир. 5.2 см, вис. 5.4 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 31.05.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**37. инв. бр. Пл.’07/к-1234**

Опис: Фрагмент – врат од поголем сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен, со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика изведена во светлокафена боја. Делумно зачуван мотивот опишан под реден број 15 – ромб со шрафирана површина на чии темиња се надоврзуваат кругови.

Зачувани димензии: шир. 4.6 cм, вис. 4.8 cм, деб. на ѕид 1 cм.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 17.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14, Јама 34.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**38. инв. бр. Пл.’07/к-707**

Опис: Фрагмент – врат од поголем сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен, со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика изведена во светлокафена боја. Зачуван дел од композитниот мотив во вид на вертикален столб, опишан под реден број 15.

Зачувани димензии: шир. 5 см, вис. 4 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**39. инв. бр. Пл.'07/к-706**

Опис: Фрагмент – устина од погрубо изработен сад. Рачно изработен од глина со примеси од ситни камчиња, лискун и песок, светлоцрвено печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Под работ на устината видливи остатоци од „висечки триаголници" во низа, во овој случај рамнострани и вертикално шрафирани, која најверојатно се протегала по целата должина под работ.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 4.5 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**40. инв. бр. Пл.'07/к-709**

Опис: Фрагмент – долен дел од тело на сад со помали димензии. Изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, кој дава светликав ефект на површината, темноокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во темнокафена боја. Видлив долен дел од мотивот „висечки триаголник", насликан со дебели краци и косо шрафиран, можеби мотивот „сложен висечки триаголник".

Зачувани димензии: шир. 2.7 см, вис. 3 см, деб. на ѕид од 0.4 до 0.3 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**41. инв. бр. Пл.’07/к-710**

Опис: Фрагмент – врат и рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со кафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во темнокафена боја. Зачуван долниот дел од мотивот „правоаголно поле“.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**42. инв. бр. Пл.’07/к-597**

Опис: Фрагмент – рамо и мев од сад со топчесто тело. Рачно изработен од добро прочистена глина со ситни примеси од песок, невоедначено портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во темнокафена боја. Видливи се остатоци од две хоризонтални паралелни линии (можеби мотивот „јаже“) под кои се надоврзува мотив кој, по сè изгледа, претставува „висечки триаголник“, во случајов приближно правоаголен и вертикално шрафиран. Наговата вертикална катета е оформена во вид на брановидна линија, а десно од неа се забележуваат три куси вертикални цртки.

Зачувани димензии: шир. 5.9 см, вис. 4.7 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 04.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**43. инв. бр. Пл.’07/к-598**

Опис: Фрагмент од мал сад со топчесто тело и остаток од корен на рачка, најверојатно лентеста. Изработен од прочистена глина со траги од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и окер површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Под двете хоризонтални паралелни линии, од кои горната тенка, а долната дебела, се надоврзува „висечки триаголник“, во овој случај рамнокрак и мрежестошрафиран. Лево од него, со слободен потег е повлечена неправилна вертикална линија до која, најверојатно, се надоврзувал „висечки триаголник“ од кој е видлив само едниот крак.

Зачувани димензии: шир. 3.1 см, вис. 3.5 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 04.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**44. инв. бр. Пл.'07/к-784**

Опис: Фрагмент од сад, можеби длабока чинија – паница со лачна устината. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Под надворешниот раб на устината, чија горна површина е обоена, се наоѓа неправилен мрежест мотив.

Зачувани димензии: шир. 2.7 см, вис. 3.5 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 10.04.2007 год., сектор В, Атриум, кв.F/4-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**45. инв. бр. Пл.’07/к-2176**

Опис: Фрагмент од поголем сад, можеби дел од рамото. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, окер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Во горниот дел на фрагментот видливи две линии, една хоризонтална и една вертикална кои се допираат речиси под прав агол. Под нив се наоѓа хоризонтална дебела линија со куси вертикални цртки на горната површина, налик на запци.

Зачувани димензии: шир. 3.1 см, вис. 3.3 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 07.05.2007 год., сектор В, кв.F/4-4.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**46. инв. бр. Пл.’07/к-2177**

Опис: Фрагмент – рамо од поголем сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, светлопортокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На самиот крај од вратот е видлива долната рамка од мотивот „правоаголно поле“ под кој, на рамото, се надоврзува мотивот „сложен висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 07.05.2007 год., сектор В, кв.F/4-4.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**47. инв. бр. Пл.'07/к-2434**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина, топчесто тело и косо поставена куса дршка која завршува со „рогови". Рачно изработен од глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печен, со сиво јадро и црвена површина. Премачкан од надворешната страна со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Под работ на устината се протегаат три паралелни хоризонтални линии под кои се надоврзува делумно сочуван шрафиран „висечки триаголник". Дршката од горната страна е декорирана со мотив кој огледално се повторува и е составен од коси цртки кои започнуваат од коренот и се шират кон страничните рабови. Со тоа се добиени две приближно триаголни површини поставени под агол во вид на буквата „Λ". На долната страна од дршката е изведен „висечки триаголник" кој започнува од „роговите" и се шири надолу по садот. Тој е рамнокрак и вертикално шрафиран.

Зачувани димензии: шир. 5 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 11.05.2007 год., сектор В, Атриум, кв.Е/4-15, Јама 88.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**48. инв. бр. Пл.’07/к-9281**

Опис: Фрагмент – врат од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен, со сиво јадро и светлокафена површина. Измазнета надворешна површина премачкана со посен кафеавкаст премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена во темнокафена боја. Фрагментот е значително оштетен, но може да се препознае хоризонтален „цикцак“ орнамент омеѓен во долниот дел со три хоризонтални паралелни линии. Составен е од куси, косо поставени елементи во вид на „двојно јаже“. Во долниот десен агол на фрагментот се забележуваат три вертикални паралелни линии и две куси коси цртки „прилепени“ за левата линија.

Зачувани димензии: шир. 6.1 см, вис. 4.4 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.12.2007 год., сектор В, кв.D/2-16, Јама 657.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**49. инв. бр. Пл.’07/к-11565**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Сочуван е средишниот дел од рачката која, поради издолженоста, веројатно припаѓала на амфороиден сад. Изработена од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печена, со сиво јадро и окер површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена во кафена боја. Рабовите на рачката се обоени, а во долниот дел на фрагментот се наоѓаат четири дебели паралелни линии. Над нив има два орнаменти во вид на стрелки со врвот нагоре. Постои помала можност рачката да била обратно поставена, со што „стрелките“ би биле свртени со врвот надолу.

Зачувани димензии: шир. 2.8 см, вис. 6.3 см, деб. на рачката 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.11.2007 год., сектор В, кв.D/3-9, Јама 551.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**50. инв. бр. Пл.’07/к-9279**

Опис: Фрагмент од голем сад, најверојатно питос, со рамна устина со лачен раб, косо извлечена кон надвор и цилиндричен врат. Дијаметарот на отворот, мерено од надворешните рабови, бил о. 25 см. Изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, окер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На горната површина на устината, по должина на рабовите, се повлечени две полни ленти меѓу кои се наоѓа низа од неправилноизведени елементи кои наликуваат на триаголници. Дебели хоризонтални ленти се наоѓаат на врвот и на завршетокот од вратот.

Зачувани димензии: шир. 9.3 см, вис. 9 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.12.2007 год., сектор В, кв.D/3-7, Јама 633.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**51. инв. бр. Пл.'08/к-10521**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, светлоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Нејасен мотив од кој на левата страна се зачувани четири тенки вертикални паралелни линии. Во средината на фрагментот се наоѓа дебела вертикална линија која заедно со две тенки паралелни хоризонтални линии образувала правоаголни површини. Од нив во горната, која е помала, видливи три косо повлечени паралелни цртки.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 2.7 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 27.11.2008 год., сектор B, кв.D/2-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**52. инв. бр. Пл.’08/к-863**

Опис: Фрагмент од длабока чинија - паница со калотест облик, рамна устина и најверојатно рамно дно. Дијаметарот на отворот бил 12 см. Рачно изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печена. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачувани делови од мотивот „гирланда“- варијанта 1, кој се протега под самиот раб на устината. Од внатрешната страна под работ видливи три куси дебелоповлечени вертикални цртки.

Зачувани димензии: шир. 7.2 см, вис. 5.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.03.2008 год., сектор В, кв.D/3-11, Јама 49.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**53. инв. бр. Пл.’08/к-9366**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело со мали димензии. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На рамото од садот е повлечена дебела хоризонтална линија под која е видлив мотивот „сложен висечки триаголник“ кој се повторувал во низа.

Зачувани димензии: шир. 3.4 см, вис. 3.9 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.10.2008 год., сектор В, кв.D/2-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**54. инв. бр. Пл.’08/к-9437**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од прочистена глина со примеси од лискун, невоедначено портокалово печена. Премачкана со кафеав посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На горниот дел од фрагментот видливи три тенки хоризонтални паралелни линии, додека на долниот осум.

Зачувани димензии: шир. на коренот 3.8 см, шир. на рачката 2.7 см, деб. на рачката 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 25.10.2008 год., сектор В, кв.D/2-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**55. инв. бр. Пл.’08/к-970**

Опис: Фрагмент од потковичеста рачка, со неправилен овален пресек, припаѓала на поголем сад. Рачката била косо хоризонтално поставена на садот. Изработена од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видливи три тенки паралелни цртки на горната страна од рачката. Судејќи според дел од црта, зачувана на крајот од фрагментот, тие се повторувале на одредено растојание.

Зачувани димензии: шир. 4.5 см, дол. на фрагментот 6.5 см, деб. на рачката од 1.9 до 2.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 10.04.2008 год., сектор В, кв.D/2-8.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**56. инв. бр. Пл.'08/к-306**

Опис: Два фрагменти од поголем сад? Рачно изработен од прочистена глина со примеси од камчиња, бледоокер печен (боја налик на лушпа од јајце). Надворешната страна е премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декорирани со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На помалиот фрагмент е насликан сложен геометриски мотив кој го нарековме „сложена правоаголна композиција со ромбови" - варијанта 1. На поголемиот фрагмент покрај левиот раб видливи две паралелни линии, а покрај десниот раб, во самиот долен агол, една. Помеѓу нив во долниот и горниот дел се наоѓа по еден полн круг, налик на отисок од прст.

Зачувани димензии на поголемиот фрагмент: шир. 6.2 см, вис. 9 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Зачувани димензии на помалиот фрагмент: шир. 5.3 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 14.03.2008 год., сектор В, кв.D/3-4, Јама 26.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**57. инв. бр. Пл.’08/к-2043**

Опис: Фрагмент од поголем амфороиден сад. Зачувани делови од вратот, рамото и една лентеста рачка со овален пресек. Рачно изработена од прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печена. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Мотивите се значително избледени што ја отежнува точната идентификацијата, особено на централниот мотив. Во горниот дел од рачката видлив хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓаат пет тенки линии. Истиот појас се повторува и во долниот дел од рачката. Ова секако е варијанта на мотивот „правоаголно поле“. Помеѓу нив во средишниот дел е изведен орнамент во вид на „малтешки крст“, составен од косо поставен полн квадрат на чии темиња се надоврзуваат рамнострани полни триаголници. Под долниот крак на крстот видливи две тенки коси линии кои се спуштаат до горната дебела линија на појасот со што образуваат триаголник.

Зачувани димензии: шир. 9.3 см, вис. 13.2 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 07.05.2008 год., сектор B, кв.D/2-11.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**58. инв. бр. Пл.’08/к-304**

Опис: Фрагмент од бокал со засечен врат. Зачуван задниот дел од вратот и лачна благо извлечена устина кон надвор. Дијаметарот на отворот бил о.7 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. По рабовите на садот е насликан појас составен од две паралелни дебели линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии. На појасот кој се наоѓа под работ на устината се надоврзува делумно сочуван „висечки триаголник“, во случајов мрежесто шрафиран. Од внатрешната страна, работ под устината е обоен со подебел потез, а работ на вратот со потенок.

Зачувани димензии: шир. 4.5 см, вис. 4.7 см, деб. на ѕид 0.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.03.2008 год., сектор В, кв.D/3-4, Јама 26.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**59. инв. бр. Пл.’08/к-4517**

Опис: Фрагмент - лентеста рачка со овален пресек која припаѓала на поголем сад. Рачката започнува од самиот раб на устината. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Со хоризонтална дебела линија е назначен работ на устината од кој, по должината на рачката, се спуштаат три вертикални дебели линии.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, зачувана дол. 7.5 см, деб. на рачката 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 11.06.2008 год., сектор В, кв.D/1-11.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**60. инв. бр. Пл.’08/к-4522**

Опис: Фрагмент - лентеста рачка со правоаголен пресек која припаѓала на голем сад. Изработена од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Коси паралелни тенки линии мрежесто се испреплетуваат и образуваат површини во вид на ромбови и триаголници, од кои средишните два ромба се полно обоени.

Зачувани димензии: шир. 4 см, зачувана дол. 8.3 см, деб. на рачката 1.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.06.2008 год., сектор В, кв.D/2-16.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**61. инв. бр. Пл.’08/к-9361**

Опис: Фрагмент - врат од поголем сад со рамна устина. Дијаметарот на отворот бил о.18 см. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под работ на устината е повлечена дебела хоризонтална лента под која се наоѓа мотив во вид на осумкрака ѕвезда.

Зачувани димензии: шир. 7 см, вис. 5.7 см, деб. на ѕид 1.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 13.10.2008 год., сектор В, кв.D/2-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**62. инв. бр. Пл.’08/к-9355**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, невоедначено сиво печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На спојот помеѓу вратот и рамото од садот е насликан хоризонтален појас во чија средина се наоѓа „јаже“ омеѓено со две тенки и две дебели линии. Под него е видлив дел од мотивот „сложен висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 4.5 см, вис. 5.6 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 24.10.2008 год., сектор В, кв.D/2-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**63. инв. бр. Пл.'08/к-9367**

Опис: Фрагмент од сатче, можеби бокалче, со заоблена устина во продолжение на цилиндричен врат и топчесто тело. Рачно изработено од прочистена глина со ситни примеси од песок, окер печено. Декорирано со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На горниот дел од вратот под работ на устината се наоѓа хоризонтален појас составен од две тенки паралелни линии омеѓени со две дебели линии. Истиот мотив се повторува и на рамото од садот под кој се забележуваат одвај препознатливи остатоци, најверојатно, од мотивот шрафиран „висечки триаголник“ прикажани во низа.

Зачувани димензии: шир. 6.1 см, вис. 7 см, деб. на ѕид: од 0.4 до 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 29.10.2008 год., сектор В, кв.D/2-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**64. инв. бр. Пл.’09/к-2600**

Опис: Фрагмент од сад со лачна устина, косо извлечена кон надвор и топчесто тело. Дијаметарот на отворот изнесувал 14 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. На рамото од садот и под работ на устината, од внатрешната страна, видливи траги од сивкаст посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја, која е значително избледена. На рамото од садот е повлечена тенка хоризонтална линија под која се наоѓаат делови од два „висечки триаголника“, во овој случај рамнокраки и косошрафирани од десно кон лево. Во внатрешната страна под самиот раб на устината се забележуваат четири вертикални куси паралелни цртки.

Зачувани димензии: шир. 8.5 см, вис. 6.1 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.05.2009 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.










ВНАТРЕШНА СТРАНА

**65. инв. бр. Пл.’09/к-2598**

Опис: Фрагмент од помал сад со лачна устина, косо извлечена кон надвор и топчесто тело. Рачно изработен од фино прочистена глина со ситни примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На рамото од садот се наоѓа тенка хоризонтална линија под која се видливи делови од два „висечки триаголника“. Левиот е косошрафиран, а десниот се чини бил целосно обоен, но поради нафатените наслаги не може со сигурност да се тврди. Под работ на устината, од внатрешната страна, е изведена низа од полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 4.9 см, вис. 5.7 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.05.2009 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**66. инв. бр. Пл.'09/к-2604**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно дел од врат. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На долниот дел од фрагментот видлив мотивот „двојно јаже". Над него вертикално се надоврзува мотивот „коса шаховска табла". Лево од него е изведен вертикален појас со брановидна линија „во негатив" добиена од две низи со полни триаголници прикажани во „лизгачка рефлексија".

Зачувани димензии: шир. 4.2 см, вис. 4 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 20.05.2009 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**67. инв. бр. Пл.’09/к-3743**

Опис: Фрагмент - горен дел од лентеста рачка со овален пресек, која започнува од самиот раб на устината. Садот бил со помали димензии, најверојатно кантароиден. Изработена од прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печена. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На спојот на рачката со устината (горната површина) е насликан мрежестошрафиран орнамент во вид на буквата „W“. Неговиот врв се допира со теме од ромб - дел од мотивот „коса шаховска табла“ кој најверојатно се протегал по целата должина на рачката. Под спојот на рачката со устината, од левата страна, видливи три коси паралелни линии, а над нив на коренот од рачката - полно обоен ромб.

Зачувани димензии: шир. 3.5 см, вис. заедно со рачката 4.3 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 15.07.2009 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**68. инв. бр. Пл.'09/к-3678**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина, косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На рамото се наоѓа хоризонтална линија под која се видливи остатоци од две паралелни вертикални линии. Во внатрешната страна под обоениот работ на устината е изведена низа од рамнокраки полни „висечки триаголници“ (три делумно сочувани).

Зачувани димензии: шир. 4 см, вис. 6.3 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.F/5-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**69. инв. бр. Пл.’08/к-10894**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со светлокафен посен премаз. На површината видливи траги од горење и пепел. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив мотивот „висечки триаголник“, во случајов рамнокрак и косошрафиран од десно кон лево. Левиот крак е посебно нагласен со три паралелни линии кои косо се спуштаат од лево кон десно. Лево од овој мотив се наоѓаат остатоци од десен крак на триаголник, што значи дека триаголникот се повторувал во низа.

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. 5.8 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 10.11.2008 год., сектор В, Атриум, кв.Е/5-8, F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**70. инв. бр. Пл.’07/к-6883**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и косо извлечена устина кон надвор која директно се поврзува со рамото. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја, значително избледена. Под устината се забележуваат остатоци од декоративен мотив кој, поради степенот на сочуваност, потешко може да се дефинира, можеби мотивот „решетка“. Под него биле присутни „висечки триаголници“ во низа, во овој случај рамнокраки косошрафирани од лево кон десно, делумно сочуван еден.

Зачувани димензии: шир. 5.2 см, вис. 7.5 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.07.2007 год., сектор В, кв.D/4-3.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**71. инв. бр. Пл.’07/к-6916**

Опис: Фрагмент од сад со косо извлечена устина кон надвор на која се надврзува лентеста рачка со овален пресек. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На горната површина од устината се наоѓа мотивот „јаже“, а под него се надоврзуваат хоризонтални низи со полни триаголници поставени една врз друга во редови (на фрагментот сочувани шест низи).

Зачувани димензии: шир. 7.6 см, зачувана дол. на рачката 5.3 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.07.2007 год., сектор В, кв.D/4-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**72. инв. бр. Пл.’07/к-6920**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно, погрубо, изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок и лискун, сиво печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видливи остатоци од мотивот „сложен висечки триаголник“ кој се повторувал во низа.

Зачувани димензии: шир. 8.4 см, вис. 6 см, деб. на ѕид од 1 до 1.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.07.2007 год., сектор В, кв.D/4-3.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**73. инв. бр. Пл.’07/к-7194**

Опис: Фрагмент - врат со цилиндричен облик. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Измазнета надворешна површина и премачкана со кафеавкаст посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлива правоаголна површина со вертикално протегање - мотивот „коса шаховска табла“.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 8.2 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.07.2007 год., сектор В, кв.D/4-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**74. инв. бр. Пл.’07/к-7192**

Опис: Фрагмент од длабока чинија - паница, со рамна косо засечена устина. Дијаметарот на отворот изнесувал о.14 см. Рачно изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Надворешната површина премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под самиот раб на устината се наоѓа „висечки триаголник“, во овој случај мрежестошрафиран. На устината е присутна низа од неправилни полни триаголници со што се добил мотив во вид на „запци“. Лево од него видлив еден полн ромб со што низата е прекината.

Зачувани димензии: шир. 5.7 см, вис. 3.4 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 01.08.2007 год., сектор В, кв.D/4-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**75. инв. бр. Пл.'07/к-10713**

Опис: Фрагмент од сад, можеби врат. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Видлива вертикална дебела линија на чија десна страна се „прилепени" коси цртки во вид на „реси".

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 5 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 05.10.2007 год., сектор В, кв.D/4-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**76. инв. бр. Пл.’07/к-10679**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачуван дел од мотивот „висечки триаголник“, во овој случај рамнокрак и косошрафиран од лево кон десно.

Зачувани димензии: шир. 4.9 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 27.10.2007 год., сектор В, кв.D/4-8.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**77. инв. бр. Пл.’07/к-10682**

Опис: Фрагмент од сад, зачувани делови од вратот и рамото. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На крајот од вратот се наоѓа хоризонтален појас составен од две паралелни дебели линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии. Под него, на рамото од садот, се надоврзува мотивот „гирланда“-варијанта 1, значително избледен.

Зачувани димензии: шир. 5 cм, вис. 4.7 cм, деб. на ѕид 0.8 cм.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.10.2007 год., сектор В, кв.D/4-15.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**78. инв. бр. Пл.'08/к-1192**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Помеѓу два полно обоени хоризонтални појаса се наоѓаат два реда со вертикални куси цртки во вид на „реси". Под оваа композиција видливи две тенки хоризонтални линии.

Зачувани димензии: шир. 4.7 см, вис. 4.4 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 08.03.2008 год., сектор В, кв.G/2-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**79. инв. бр. Пл.’08/к-373**

Опис: Фрагмент - врат од поголем сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско тркало од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја, насликана со потенки потези-потенка четка. Во горниот дел видливи две паралелни вертикални линии на чии надворешни страни се „прилепени“ коси цртки завртени надолу. Станува збор за крајно стилизиран растителен мотив кој го нарековме „дрво“. Негови остатоци се забележуваат и покрај десниот раб на фрагментот. Под нив, на спојот на вратот со рамото, се наоѓа хоризонтален појас составен од три паралелни линии кои се испресечени со куси вертикални паралелни линии - мотивот „двојна решетка“.

Зачувани димензии: шир. 5 см, вис. 4.5 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.03.2008 год., сектор В, кв.G/3-1, G/2-13.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**80. инв. бр. Пл.’08/к-3140**

Опис: Фрагмент - горен дел од сад со цилиндричен врат и косо засечена устина кон внатре. Рачно, погрубо, изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, сиво печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На самиот почеток на вратот видлива хоризонтална линија под која се надоврзува мрежесто шрафирана површина. По должината на левата страна на мотивот „се спушта“ вертикална брадовидна линија.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 3.7 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 08.05.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**81. инв. бр. Пл.’08/к-3162**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Сочуван дел од мотивот „шаховска табла“ изведен во збиена варијанта.

Зачувани димензии: шир. 5 см, вис. 2.6 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.05.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**82. инв. бр. Пл.’08/к-3191**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело, кус цилиндричен врат и лачна устина која се протега во продолжение на вратот. На десниот дел од устината видливо задебелување каде, најверојатно, се прикачувала рачка. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и светлокафена површина. Врз надворешната површина од садот видливи траги од горење. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под самиот раб на устината видлива вертикално ориентирана цикцак линија. На спојот на вратот со рамото се наоѓа мотивот „јаже“, а под него се надоврзува низа од „висечки триаголници“, во случајов приближно рамнострани и мрежесто шрафирани.

Зачувани димензии: шир. 5.7 см, вис. 7.8 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.05.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2, Јама 154.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**83. инв. бр. Пл.’08/к-3192**

Опис: Фрагмент од сад, можеби длабока чинија - паница, со калотесто тело и рамна устина со лачно извиен надворешен раб. Дијаметарот на отворот изнесувал о.11 см. Рачно изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печена. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината се наоѓаат „висечки триголници“ во низа, во случајов рамнокраки и косо шрафирани од лево кон десно. Горната површина на устината е декорирана со паралелни цртки.

Зачувани димензии: шир. 5 см, вис. 3.3 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.05.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-2, Јама 154.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**84. инв. бр. Пл.'08/к-3294**

Опис: Фрагмент од поголем сад. Зачуван дел од рамото на садот и корен од рачка. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и окер површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Мотивите се прилично оштетени од нафатените наслаги. На спојот на вратот со рамото се наоѓа полна хоризонтална линија под која се протегаат „висечки триаголници" во низа. На левата страна од фрагментот е видлив скоро целосно избледен триаголник, а десно од него остатоци од рамнокрак триаголник со дебели краци. Покрај десниот крак се повлечени две тенки паралелни линии, а остатокот од триаголникот е косошрафиран од лево кон десно.

Зачувани димензии: шир. 8.4 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 15.05.2008 год., сектор С, кв.G/1-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**85. инв. бр. Пл.'08/к-3326**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек која припаѓала на голем, најверојатно, амфороиден сад. На коренот од рачката е видлив „трн" со кој била прикачена за садот. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, портокалово печена. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Рабовите на рачката се обоени со што е добиена правоаголна рамка во чиј долен дел се видливи две хоризонтални паралелни дебели линии.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, дол. 10 см, деб. на рачката 1.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 16.05.2008 год., сектор С, кв.G/1-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**86. инв. бр. Пл.'08/к-4708**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина која е во продолжение на вратот. Дијаметарот на отворот изнесувал о. 9 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под работ на устината видлива дебела хоризонтална линија под која се наоѓаат две полукружни полни линии, поставени концетрично. Најверојатно остаток од мотивот „гирланда"- варијанта 1. Самата устина е декорирана со низа од неправилни полни квадрати.

Зачувани димензии: шир. 3.4 см, вис. 3.1 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 01.06.2008 год., сектор В, кв.G/1-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**87. инв. бр. Пл.'08/к-4685**

Опис: Фрагмент од поголем сад со рамно кружно дно. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи вертикални линии кои се спуштаат до дното на садот.

Зачувани димензии: шир. 11.8 см, вис. 12.5 см, деб. на ѕид 1 см, деб. на дно 2.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 12.06.2008 год., сектор C, кв.G/3-15.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**88. инв. бр. Пл.’08/к-6040**

Опис: Фрагмент - рамо од помал сад. Рачно изработен од прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Измазнета надворешна површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив хоризонтално поставен појас составен од две паралелни полни линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии. На горната полна линија се „прилепени“ коси цртки во вид на реси. Под појасот, најверојатно, бил изведен мотивот „сложен висечки триаголник“ во низа.

Зачувани димензии: шир. 3.7 см, вис. 2.8 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 15.06.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**89. инв. бр. Пл.'08/к-6072**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина и конусен врат. Изработен на грнчарско колце од убаво прочистена глина, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја, оштетена од нафатените наслаги. Под работ на устината се наоѓа мрежестоисполнет хоризонтален појас. Истиот мотив се јавува и на рамото од садот.

Зачувани димензии: шир. 3.8 см, вис. 5.4 см, деб. на ѕид 0.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.07.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**90. инв. бр. Пл.’08/к-7194**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Измазнета надворешна површина и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив дел од мотивот „шаховска табла“.

Зачувани димензии: шир. 4.8 см, вис. 3.7 см, деб. на ѕид 1см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**91. инв. бр. Пл.’08/к-7274**

Опис: Фрагмент - врат од поголем сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Насликан сложен геометриски мотив (делумно сочуван), кој го нарековме „сложена правоаголна композиција со ромбови“ – варијанта 2. Бидејќи самата поставеност на фрагментот на садот не е јасна, мотивот може да се протегал и обратно.

Зачувани димензии: шир. 5.3 см, вис. 5.6 см, деб. на ѕид 1.3 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.







**92. инв. бр. Пл.’08/к-7239**

Опис: Фрагмент од потковичеста рачка со триаголен пресек, која била хоризонтално поставена на садот. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина. Измазнета надворешна површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Покрај надворешниот раб од рачката видлива низа од неправилни полни триаголници во вид на „запци“, додека на самиот спој на рачката со садот- појас од три паралелни хоризонтални тенки линии меѓу кои се прикажани две низи од полни триаголници. Над овој мотив се наоѓа остаток од мотивот „јаже“.

Зачувани димензии: 5.3x6 см, деб. на рачката 1.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**93. инв. бр. Пл.’08/к-7240**

Опис: Фрагмент - горен дел од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, светлоокер печена. Измазнета надворешна површина и премачкана со светлоокер посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Прикажани два поврзани рамнокраки „висечки триаголника“ чии краци се изведени како мотивот „јаже“, а основата е тенка линија.

Зачувани димензии: дол. 3.9 см, шир. 3 см деб. на рачката 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 14.08.2008 год., сектор B, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**94. инв. бр. Пл.’08/к-7315**

Опис: Фрагмент од сад со јазичеста дршка со овален пресек која го надвишува отворот. Рачно иработен од прочистена глина со примеси од лискун и ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. На коренот од дршката се наоѓаат три хоризонтални тенки линии, кои на левата страна се скоро споени, а на десната приближно паралелни. Под работ на устината од внатрешната страна видливи три хоризонтални паралелни тенки линии.

Зачувани димензии: шир. 7 см, вис. 3.8 см, деб. на ѕид 1 см; зачувани димензии на дршка: дол. 3.5 см, шир. 3.7 см, деб. 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 26.08.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**95. инв. бр. Пл.’08/к-8074**

Опис: Фрагмент - горен дел од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печена со сиво јадро и окер површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Прикажани два поврзани рамнокраки мрежестошрафирани „висечки триаголника“. Мотивот е слабо видлив од нафатените наслаги на површината. Под триаголниците се наоѓаат четири хоризонтални паралелни тенки линии.

Зачувани димензии: дол. 4.4 см, шир. 2.3 см деб. на рачката 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 02.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.Е/5-4.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**96. инв. бр. Пл.'08/к-8068**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун и ситни камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина. Премачкан со окер посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Делумно зачуван мотивот „шаховска табла", изведен со четири паралелни вертикални тенки линии и неправилно нанесени „црни" полиња.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, вис. 5.9 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 02.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**97. инв. бр. Пл.’08/к-8104**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Зачуван е корен од вертикално поставена рачка. Изработен на грнчарско колце од убаво прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен со измазнета површина, премачкана со окер посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На горниот дел од фрагментот видлива хоризонтална низа од мали полни „висечки триаголници“, во вид на запци. Под нив се наоѓаат остатоци од два „висечки триаголника“, од кои левиот косошрафиран од десно кон лево, а десниот вертикалношрафиран. Триаголниците се одделени со мотивот „скала“.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 5.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 10.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**98. инв. бр. Пл.'08/к-8101**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со неправилен овален пресек, припаѓала на поголем сад. Изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печена со сиво јадро и невоедначена, измазнета, површина која варира од окер до портокалово. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци од два косошрафирани ромба во вертикална низа на чии надворешни темиња се надоврзуваат полни тапоагли триаголници.

Зачувани димензии: дол. 4.5 см, шир. 3.8 см деб. на рачката 1.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 11.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.Е/5-8.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**99. инв. бр. Пл.’08/к-8149**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со неправилен овален пресек, припаѓала на голем сад. Изработена од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Насликани хоризонтални низи од полни, приближно рамнострани, триаголници (зачувани остатоци од три низи). Според степенот на сочуваност на рачката не е можно да се утврди нејзината точна поставеност, а со тоа и ориентацијата на триаголниците, надолу или нагоре.

Зачувани димензии: дол. 4.5 см, шир. 5.7 см деб. на рачката 1.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**100. инв. бр. Пл.’08/к-8165**

Опис: Фрагмент - горен дел од сад со лачна устина која е во продолжение на вратот. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, окер печен со измазнета површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под надворешниот раб на устината е насликан хоризонтален појас составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓа тенка линија. Од внатрешната страна се наоѓа хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓа мотив налик на стесната „шаховска табла“ изведен со три паралелни тенки линии и правоаголни „црни“ полиња.

Зачувани димензии: шир. 3.2 см, вис. 2.9 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.09.2008 год., сектор С, кв.G/1-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**101. инв. бр. Пл.'08/к-8170**

Опис: Фрагмент од хоризонтална потковичеста рачка со овален пресек, од поголем сад. Изработена од прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со кафеав посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачувани две групи од по три тенки зракасто поставени линии - до коренот и кон средината на рачката.

Зачувани димензии: 6.5x8.1см деб. на рачката 1.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 19.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**102. инв. бр. Пл.’08/к-8723**

Опис: Фрамент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На горниот дел од фрагментот видлива полно обоена површина под која косо се спушта мотивот „јаже“. Под него се надоврзува „висечки триаголник“, во случајов рамностран и исполнет со точки. Триаголниците веројатно се повторувале во низа.

Зачувани димензии: шир. 3.8 см, вис. 5.8 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.10.2008 год., сектор С, кв.G/1-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**103. инв. бр. Пл.’08/к-8744**

Опис: Фрамент од сад со топчесто тело, кус врат и благо свиена устина кон надвор, најверојатно дел од кантароиден сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина на која има траги од портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика која е многу избледена. На рамото од садот се наоѓа хоризонтална низа од полни ромбови под кои се наоѓаат остатоци од два „висечки триаголника“ во случајов косошрафирани. Мотивите, се чини, како да се нагласени со гребење, а особено низата од ромбови.

Зачувани димензии: шир. 6.2 см, вис. 7.9 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 13.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**104. инв. бр. Пл.’08/к-8597**

Опис: Фрамент - врат од сад со тенки ѕидови. Рачно изработен од добро прочистена глина, окер печен, премачкан со сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Под самиот раб на садот, кој не е зачуван, насликан густозбиен хоризонтален мрежест мотив составен од подебели и потенки вертикални и хоризонтални линии. Истот мотив се повторува и на долниот дел од вратот.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, вис. 3.6 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.10.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1, Јама 428.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**105. инв. бр. Пл.'08/к-10477**

Опис: Фрамент од бокал со засечен врат. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под горниот раб е насликан појас составен од две паралелни дебели линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии. Истиот мотив се сретнува и на рамото од садот под кој се наоѓа мотивот „сложен висечки триаголник“ кој сигурно се повторувал во низа.

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. 12.6 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.11.2008 год., сектор C, кв.G/1-7, просторија 1А, под насип од камења.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**106. инв. бр. Пл.'08/к-9540**

Опис: Фрамент од сад, зачувани делови од вратот и рамото. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, бледопортокалово печен, со убаво измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На вратот се наоѓа хоризонтален појас налик на скусена „коса шаховска табла", составен од средишна хоризонтална низа од полни ромбови на чии горни и долни темиња се допираат врвови од полни тапоагли триаголници. Под него, на рамото, се протегаат три тенки паралелни хоризонтални линии под кои е видлив остаток од шрафиран „висечки триаголник".

Зачувани димензии: шир. 3.1 см, вис. 4 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 06.11.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**107. инв. бр. Пл.’08/к-9547**

Опис: Фрамент од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и светлоокер површина, налик на лушпа од јајце. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бледоцрвена боја. Зачуван долен дел од мотивот „висечки триаголник“, во случајов мрежестошрафиран.

Зачувани димензии: шир. 7.5 см, вис. 6.1 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.11.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**108. инв. бр. Пл.’09/к-3649**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и косо извлечена устина кон надвор, која се надоврзува директно на рамото, најверојатно дел од кантароиден сад. На левиот дел од фрагментот, работ на устината се проширува, претпоставуваме дека тука се прикачувала рачката. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика која е значително избледена. Под рамото на садот се зачувани делови од два косошрафирани „висечки триаголници“. Под обоениот раб на устината, од внатрешната страна, се наоѓа хоризонтална низа со полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 6.8 см, вис. 4.8 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.Е/5-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**109. инв. бр. Пл.’09/к-3652**

Опис: Фрагмент од сад. Фрагментот е доста рамен, па можеби бил дел од рамна устина извлечена кон надвор. Изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја врз претходно нанесена белузлава енгоба. Видлив дел од мотивот „коса шаховска табла“, прилично оштетен од нафатените наслаги.

Зачувани димензии: шир. 3.4 см, вис. 4.3 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.Е/5-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.









**110. инв. бр. Пл.’09/к-3644**

Опис: Фрамент од длабока чинија - паница со рамна устина. Рачно изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината видлив остаток од мотивот „гирланда“- варијанта 2.

Зачувани димензии: шир. 3.1 см, вис. 5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.F/5-3.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**111. инв. бр. Пл.’09/к-3723**

Опис: Фрамент од сад. Зачувани делови од рамото и устината која е косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на садот се наоѓа рамнокрак триаголник чија внатрешна декорација е недоволно јасна поради нафатените наслаги, веројатно исполнет со ромбични полиња. Под него на рамото од садот видлив дел од мрежестошрафиран „висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 4.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.F/5-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**112. инв. бр. Пл.’09/к-3724**

Опис: Фрамент од сад. Зачувани делови од устина која е косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, бледоцрвено печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината, од внатрешната страна, се наоѓа низа од полни „висечки триаголници“.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 3.9 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, Атриум, кв.F/5-14.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**113. инв. бр. Пл.'10/к-1391**

Опис: Фрамент од сад. Зачувани делови од вратот и устината која е косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината, од внатрешната страна, видлив „висечки триаголник", во случајов разностран и мрежестошрафиран.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 4.5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 31.05.2010 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






ВНАТРЕШНА СТРАНА

**114. инв. бр. Пл.’10/к-1339** или **Пл.’10/к-1340** –направен е превид при обработката на материјалот

Опис: Фрамент од длабока чинија - паница, веројатно со калотест облик и косо засечен раб на устината кон внатре. Рачно изработена од добро прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината, од надворешната страна, видливи остатоци од мотивот „гирланда“- варијанта 1. Самиот горен раб на устината е декориран со паралелни цртки.

Зачувани димензии: шир. 2.6 см, вис. 4.3 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 30.04.2010 год., сектор А, Атриум, кв.F/5-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**115. инв. бр. Пл.’10/к-1349**

Опис: Фрамент од рачка со овален пресек. Изработена од добро прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Во долниот дел од фрагментот се наоѓаат пет хоризонтални паралелни линии кои се омеѓени со вертикални линии. Над нив по целата зачувана должина на рачката се протегаат три вертикални паралелни линии, од нив левите две се доближани, а десната е оддалечена.

Зачувани димензии: дол. 7.3 см, шир. од 3 до 2.8 см, деб. на рачката од 1.2 до 1.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 29.05.2010 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-7.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**116. инв. бр. Пл.’10/к-1354**

Опис: Фрамент од сад. Зачувани делови од рамото и устината која е косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печен и премачкан со темносив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На рамото од садот видлив мал дел од мотивот „висечки триаголник“, во случајов косо шрафиран од десно кон лево. Под самиот раб на устината, од внатрешната страна, се наоѓа низа од неправилни полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 5.2 см, вис. 4.4 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.05.2010 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**117. инв. бр. Пл.’09/к-1802**

Опис: Фрамент од поголем сад, најверојатно кантароиден. Зачувани делови од мевот и долен дел од лентеста рачка со неправилен, скоро правоаголен, пресек. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од ситен песок и лискун, измазнета надворешна површина и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На долниот дел од рачката, на самиот спој со садот, се протега хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓаат три тенки линии. Под него се видливи два „висечки триаголника“ во низа, од кои левиот е косошрафиран од лево кон десно, а десниот мрежесто. На горниот дел од фрагментот (на рачката) се забележува остаток од мотив кој не може со сигурност да се дефинира - можеби „висечки триаголник“.

Зачувани димензии без рачката: шир. 5.1 см, вис. 7.4 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Зачувани димензии на рачката: дол. 4.6 см, шир. 4.2 см, деб. на рачката 1.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.05.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**118. инв. бр. Пл.’09/к-1004**

Опис: Фрамент од поголем сад, најверојатно грне, со топчесто тело и устина која се врзува директно со рамото - таа е лачна и косо извлечена кон надвор. Дијаметарот на отворот бил 27 см. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситни камчиња и лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина, значително оштетена од нафатените наслаги. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На рамото од садот се наоѓа мотивот „јаже“, а под него се протегаат три „висечки триаголници“, во случајов рамнокраки и мрежестошрафирани. Под самиот раб на устината, од внатрешната страна, видлива низа од полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 15 см, вис. 11 см, деб. на ѕид од 1.4 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 23.04.2009 год., сектор А, кв.F/7-13.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**119. инв. бр. Пл.’09/к-2892**

Опис: Фрамент - рамо од поголем сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од песок и поголемо количество лискун, нееднакво печен со сиво јадро и темноокер површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Зачуван дел од мотивот „гирланда“- варијанта 1.

Зачувани димензии: шир. 9.2 см, вис. 8.2 см, деб. на ѕид од 1.2 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 25.07.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“, Јама 105/09.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**120. инв. бр. Пл.’09/к-2782**

Опис: Фрамент од поголем сад. Зачувани делови од вратот и рамото на садот. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и нерамномерно светлокафена површина која е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На вратот видлив дел од мотивот „сложена правоаголна композиција со триаголници“- варијанта 2. На спојот на вратот со рамото се протега хоризонтален појас составен од две паралелни полни линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии, секако долен дел од мотивот „правоаголно поле“. Под него се наоѓаат остатоци од низа составена од „сложени висечки триаголници“.

Зачувани димензии: шир. 10.4 см, вис. 9.4 см, деб. на ѕид од 0.8 до 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.07.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



121. **инв. бр. Пл.'09/к-2820**

Опис: Фрамент од поголем сад. Зачувани делови од вратот и рамото на садот. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и нерамномерно светлокафена површина која е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На горниот дел од фрагментот е видлива долната рамка од мотивот „правоаголно поле" и на десната страна мали остатоци од мотивот „сложена правоаголна композиција"- варијанта 2. Под ова се наоѓа „сложен висечки триаголник". Овој фрагмент, кат. бр. 121, заедно со претходниот, кат. бр. 120, најверојатно се дел од ист сад, но не се спојуваат.

Зачувани димензии: шир. 9 см, вис. 7.5 см, деб. на ѕид од 0.8 до 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 09.07.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А".

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**122. инв. бр. Пл.’09/к-2869**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно кантароиден или можеби шолја со една рачка. Садот е со топчесто тело и косо извлечена устина кон надвор - со оштетен раб. Зачуван е и корен од лентеста рачка со овален пресек, поставен на рамото од садот, која сигурно започнувала на устината од садот. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја со потенки потези. На рамото од садот се наоѓа хоризонтална брановидна линија под која се надоврзува „висечки триаголник“, во случајов рамнокрак и косошрафиран од десно кон лево. Левиот крак на триаголникот е продолжен кон долната површина на садот. Паралелно на него, десно од триаголникот, е повлечена вертикална линија. Десно од коренот на рачката е видлив остаток од уште еден шрафиран „висечки триаголник“. На коренот од рачката се наоѓаат три хоризонтални линии.

Зачувани димензии: шир. 10.9 см, вис. 7.9 см, деб. на ѕид од горе кон долу 0.7, 0.9, 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 29.07.2009 год., сектор А, кв.Е/8-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**123. инв. бр. Пл.’09/к-3090**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Изработен на грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Видлива рамнострана варијанта на мотивот „сложен висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 3.9 см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.05.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**124. инв. бр. Пл.’09/к-881**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, окер печен со измазнета надворешна површина и премачкана со сив посен премаз со примеси од лискун (во самата глина не е присутен). Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со црна боја. На спојот на вратот со рамото се наоѓа подебела линија под која е видлив остаток од шрафиран „висечки триаголник“, повторно изведен со подебели потези.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 3.5 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 15.04.2009 год., сектор А, кв.F/8-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**125. инв. бр. Пл.’09/к-2893**

Опис: Фрагмент од бокал со засечен врат. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под горниот раб се протега појас составен од две паралелни полни линии меѓу кои се наоѓа една тенка линија. Истот појас се повторува и на рамото од садот, а под него се наоѓа одвај препознатлив мотив - најверојатно шрафиран „висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 3.9 см, вис. 6.5 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, кв.D/8-4, Јама 597/07.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**126. инв. бр. Пл.’09/к-2889**

Опис: Фрагмент од мал сад, најверојатно бокалче со засечен врат. Вратот и телото на садот се одвоено моделирани. Вратот е изработен рачно, додека долниот дел е моделиран на грнчарско тркало, по што двата дела се споени заедно. Садот е изработен од добро прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На вратот се наоѓа „правоаголно поле“ од кое во горниот дел е зачувана само една дебела линија, а во долниот дел е омеѓено со појас составен од две хоризонтални паралелни дебели линии меѓу кои се наоѓаат три линии. Во празното поле на вратот, во десниот дел е видлив мотив во вид на „лабрис“, а десно од него коса мрежеста површина. Под вратот од садот се надоврзува „висечки триаголник“, рамнокрак и шрафиран „зрачесто“. Лево од него се наоѓаат три коси куси цртки и мал полн „висечки триаголник“ од чии врв продолжува вертикална линија кон долниот дел на садот.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, вис. 6.5 см, деб. на ѕид 0.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 31.07.2009 год., сектор А, кв.D/8-4, Јама 597/07.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**127. инв. бр. Пл.’09/к-996**

Опис: Фрагмент од сад со цилиндричен врат и лачна устина која е благо косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, печен невоедначено - маслинесто-сиво до окер. На внатрешната страна се забележливи темни наслаги, можеби од содржината со која бил исполнет. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи низи налик на јаже добиени преку повлекување на индивидуални куси коси потези со четката. Под работ на устината се наоѓаат две паралелни хоризонтални низи изведени со потези од десно кон лево. Во долниот дел од вратот се наоѓа уште една, паралелна со горните, која во левата половина е изведена со потези од лево кон десно, а во десната од десно кон лево. Помеѓу овие три хоризонтални низи се наоѓаат остатоци од три идентичноизведени вертикални низи. Од нив една е целосно зачувана, добиена со потези од десно кон лево и две одвај видливи покрај левиот и десниот раб на фрагментот паралелни на првата. Хоризонталните и вертикалните низи образуваат две правоаголни полиња, од кои левото е поголемо и празно, а десното е помало и дополнително омеѓено со две вертикални тенки линии. Во ова помало поле се наоѓа вертикална композиција составена од шрафирани елементи, од горе кон долу - „висечки триаголник“ и два ромба. На спојот на вратот со рамото видливи минимални остатоци од уште еден мотив, можеби шрафиран „висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 6.8 см, вис. 6.3 см, деб. на ѕид од 0.7 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 23.04.2009 год., сектор А, кв.F/7-13, П2 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**128. инв. бр. Пл.’09/к-1750**

Опис: Два фрагмента од поголем сад со цилиндричен врат и рамна устина косоизвлечена кон надвор. Рачно изработен од убаво прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под самиот раб на устината видливи две куси цртки под кои е повлечена дебела хоризонтална линија. Под неа се наоѓа мотивот „дрво“ образуван од дебела вертикална линија- „стебло“ која е во ист правец со двете куси цртки под работ на садот. Од двете страни на „стеблото“ се „прилепени“ куси коси цртки со врвот нагоре.

Зачувани димензии на горниот фрагмент: шир. 6.3 см, вис. 7.2 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Зачувани димензии на долниот фрагмент: шир. 5.4 см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.05.2009 год., сектор А, кв.F/7-13, П2 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





129. **инв. бр. Пл.’09/к-1804**

Опис: Фрагмент од длабока чинија - паница со рамна устина и калотесто тело. Рачно изработена од добро прочистена глина, портокалово печена со измазнета површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под самиот раб на устината е видлив остаток од мотивот „гирланда“- варијанта 2. Горната површина на устината е декорирана со паралелни цртки нанесени со подебели потези, па наликуваат на квадрати.

Зачувани димензии: шир. 3.9 см, вис. 3.6 см, деб. на ѕид од 0.6 до 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.05.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**130. инв. бр. Пл.’09/к-2861**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со неправилен овален пресек која припаѓала на поголем сад. По средината на рачката со алатка е втиснат жлеб со што од предната страна се добил изглед на двојна рачка. Изработена од добро прочистена глина со примеси од песок, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Во горниот дел каде рачката се врзувала за садот се наоѓаат две паралелни хоризонтални линии. По целата должина на „двата дела“ се протегаат вертикални дебели линии. Страничните рабови се обоени.

Зачувани димензии: дол. 5.5 см, шир. 3.4 см, деб. на рачката 1.4 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 29.07.2009 год., сектор А, кв.Е/8-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**131. инв. бр. Пл.’09/к-3099**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Според обликот била дел од поголем амфороиден сад. Изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печена. Горната површина е измазнета и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. По должината на рачката се повлечени три вертикални дебели линии, а страничните рабови се обоени.

Зачувани димензии: дол. 8 см, шир. 4 см, деб. на рачката 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.05.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**132. инв. бр. Пл.’09/к-1177**

Опис: Фрагмент од поголем сад. Зачуван дел од мевот и корен од рачка, најверојатно лентеста со овален пресек. Рачно изработен од добро прочистена глина со ретки примеси од песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја со потенки потези. Лево од коренот на рачката видлив е „висечки триаголник“, во случајов приближно рамнокрак и шрафиран со три линии паралелни на левиот крак, а останатите на десниот. Почнувајќи од средината на десниот крак, во делот под коренот на рачката, се протегаат четири хоризонтални линии. Под нив се надврзува уште еден „висечки триаголник“ налик на претходноопишаниот. На средина во празниот простор помеѓу „триаголниците“ е повлечена тенка вертикална линија.

Зачувани димензии: шир. 8.2 см, вис. 5.2 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.05.2009 год., сектор А, кв.G/8-9, Јама 72/09

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**133. инв. бр. Пл.’09/к-2781**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и лачна устина косо извлечена кон надвор. Дијаметарот на отворот изнесувал 14 см. Рачно изработен од убаво прочистена глина, нееденакво печен со сиво јадро и бледопортокалова површина која е измазнета и премачкана од надворешната страна со сивкаст посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Под работ на устината, кој е обоен, се наоѓа хоризонтална низа од мали триаголници, во случајов приближно рамнострани и косошрафирани од лево кон десно. Под оваа низа е видлив остаток од голем „висечки триаголник“, приближно рамностран и мрежестошрафиран. Под самиот раб на устината, од внатрешната страна, се наоѓаат „висечки триаголници“, приближно рамнострани и мрежестошрафирани.

Зачувани димензии: шир. 4.1 см, вис. 4.2 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.06.2009 год., сектор А, кв.Е/7-16, П1 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**134. инв. бр. Пл.’09/к-990**

Опис: Фрагмент од голем сад со недоволно јасен облик, со лачна устина која е во продолжение на вратот и горен корен од голема рачка со скоро правоаголен пресек, која започнува од самиот раб на устината и го надвишувала отворот. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја, значително избледена. Мотивите се насликани со тенки потези во внатрешниот дел од садот. На спојот на рачката со садот се наоѓа мотивот „јаже“. Над него видливи многу избледени тенки вертикални линии. Под „јажето“ се протега низа од триаголници, во случајов рамнокраки и косошрафирани од десно кон лево.

Зачувани димензии: шир. 10.7 см, вис. заедно со рачката 6.4 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Зачувани димензии на рачката: шир. 6.2 см, деб. 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 23.04.2009 год., сектор А, кв.F/7-13, П2 од објект „А“.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**135. инв. бр. Пл.’09/к-905**

Опис: Фрагмент - цилиндричен врат од поголем сад. Рачно изработен од убаво прочистена глина со поголемо присуство на лискун што на светлина дава отсјај на површината на садот. Светлоокер печен со измазнета површина. Декориран со сложена мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Ликовните елементи можат да се поделат на три дела. На левиот дел од фрагментот се зачувани по една вертикална и хоризонтална дебела линија кои, претпоставуваме, со другите незачувани линии образувале правоаголна површина која е исполнета со мрежест мотив. На десниот дел од фрагментот се наоѓаат остатоци од уште една правоаголна површина во чија средина е изведен недоволно јасен, избледен, мрежест мотив. Помеѓу двете правоаголни површини се наоѓа сложен геометриски мотив. Во правоаголна рамка образувана од две тенки паралелни вертикални линии е сместена композиција во вид на „коса шаховска табла“ составена од следните елементи – покрај бочните страни се протега вертикална низа од полни и празни тапоагли триаголници чии врвови се допираат со страничните темиња на издолжени мрежестошрафирани ромбови во вертикална низа (во средина на композицијата), во останатите ромбоидни полиња е нанесена по една точка.

Зачувани димензии: шир. 8 см, вис. 6 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.04.2009 год., сектор А, кв.Е/8-3, источно од канал Е/8-3.16.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**136. инв. бр. Пл.'09/к-1774**

Опис: Два фрагмента од сад, можеби делови од вратот или поверојатно од рамото на садот. Рачно изработен од добро прочистена глина со ретки примеси од песок и лискун, светлоцрвено печен со измазнета површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Фрагментите не се спојуваат, но јасно се препознаваат ликовните елементи. Помеѓу две дебели хоризонтални линии се наоѓа правоаголен мрежест мотив омеѓен со две вертикални дебели линии. Судејќи според сочуваната дебела вертикална линија покрај десниот раб на фрагментот, овој мрежест мотив најверојатно се повторувал.

Зачувани димензии на фр.1: шир. 6 см, вис. 4.1 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Зачувани димензии на фр.2: шир. 3.8 см, вис. 2.9 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 09.05.2009 год., сектор А, кв.F/7-13, П2 од објект „А".

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**137. инв. бр. к-9892**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со ситни примеси од песок, портокалово печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На вратот се наоѓа делумносочувана правоаголна површина образувана од дебели хоризонтални и вертикални линии. Долниот и поголем дел од оваа површина е празен, а во горниот се наоѓа геометриски мотив омеѓен од долната страна со дебела хоризонтална линија на која се „прилепени“ коси цртки во вид на реси. Во оваа помала правоаголната површина е изведена низа од мрежесто шрафирани ромбови чии горни и долни темиња се допираат со врвовите на празни триаголници. На спојот на вратот со рамото на садот, под правоаголната површина, се протегаат три хоризонтални тенки паралелни линии.

Зачувани димензии: шир. 6.5 см, вис. 6 см, деб. на ѕид од 0.7 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 09.12.2008 год., сектор В, кв.А/4-6.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**138. инв. бр. к-5288**

Опис: Фрагмент - конусен врат од поголем сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со ситни примеси од песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлив мотивот „дрво“. образуван од вертикална накосена дебела линија- „стебло“ на кое од двете страни се „прилепени“ куси коси цртки со врвот нагоре. Под овој мотив на спојот на вратот со рамото се наоѓа хоризонтална дебела линија.

Зачувани димензии: шир. 5.4 см, вис. 8.5 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 04.07.2008 год., сектор А, кв.С/5-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**139. инв. бр. Пл.'08/к-6680**

Опис: Фрагмент - цилиндричен врат од сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со ситни примеси од песок и лискун, портокалово печен, со измазнета површина. Декориран во две хоризонтални зони со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја која е значително избледена. Горната зона, која се наоѓа под оштетениот раб на устината, е составена од две паралелни тенки линии во горниот дел и четири во долниот дел. Помеѓу нив се наоѓа доста избледен мотив со тенки коси линии кој потешко може да се идентификува, можеби цикцак орнамент. Долната зона е составена од три паралелни линии во горниот дел и многу оштетен мотив под нив составен од коси тенки линии.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, вис. 7.1 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 04.08.2008 год., сектор А, кв.С/5-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**140. инв. бр. Пл.’08/ к-2714 и к-5734***

***Се води со два инвентарни броја, но фрагментите се споени.**

Опис: Фрагмент од сад. Зачувани делови од горниот дел на садот - рамо, кус врат и лачна устина косо извлена кон надвор. Дијаметарот на отворот изнесувал о. 24 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која е измазнета од двете страни. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На рамото од садот се протега тенка хоризонтална линија под која се наоѓа еден мрежестошрафиран „висечки триаголник“. Под работ на устината, од внатрешната страна, се препознаваат три различни орнаменти. Еден во вид на „песочен часовник“, составен од две косопресечени тенки линии во вид на „X“, чија горна површина е шрафирана со коси паралелни линии од десно кон лево, а долната од лево кон десно. Од двете страни на орнаментот се наоѓа по еден мотив кој го нарековме „ромб со крилца“, изведен како полн ромб чии две горни страни се продолжени. На самиот лев раб од фрагментот видливи остатоци од недоволно јасен елемент, можеби мотивот „дрво“ кој е составен од тенка коса линија на која од двете страни се „прилепени“ куси коси цртки со врвот надолу.

Зачувани димензии: шир. 9.9 см, вис. 6.8 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 17.05.2008 год., сектор В, кв.А/4-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.










ВНАТРЕШНА СТРАНА

**141. инв. бр. к-5240**

Опис: Фрагмент - лачна устина извлечена кон надвор, припаѓала на поголем сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, светлоокер печен со измазнета површина од двете страни и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На рамото од садот видливи остатоци од нејасен хоризонтален мрежест мотив. Под обоениот раб на устината, од внатрешната страна, се наоѓа мотивот „малтешки крст“, составен од мал полн квадрат на чии темиња се допираат врвовите на полни триаголници. Десно од „крстот“ видливи три паралелни вертикални тенки линии.

Зачувани димензии: шир. 6.2 см, вис. 5.3 см, деб. на ѕид од 1.3 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 01.07.2008 год., сектор А, кв.В/5-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**142. инв. бр. к-5544**

Опис: Фрагмент од сад со цилиндричен врат и рамна устина, благо косо извлечена кон надвор. Во еден дел устината се проширува, најверојатно тука се прикачувала рачка. Дијаметарот на отворот изнесувал о. 13 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од песок и лискун, темноокер печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја која е значително избледена. Под самиот раб на устината се наоѓа мотивот „јаже“. Под него се надоврзува правоаголна композиција составена од две вертикални низи со шрафирани елементи, разделени по средината со тенка вертикална линија. Низите се составени од следните елементи, гледано од горе кон долу: „висечки триаголник“ и два ромба. Сите се косошрафирани од десно кон лево. Оваа композиција е омеѓена со вертикални ленти во вид на „јаже“. На горниот раб од устината се протега низа од полни триаголници во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 6.5 см, вис. 5.4 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.07.2008 год., сектор В, кв.А/4-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**143. инв. бр. Пл.’08/к-6693**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно врат. Рачно изработен од убаво прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен со измазнета надворешна површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видлив мотивот „коса шаховска табла“ изведен во стеснета варијанта со вертикално протегање. Тој е омеѓен со две тенки вертикални линии, а од, условно кажано, десната страна на фрагментот и со полна вертикална линија до која е видлива мрежестоисполнета површина.

Зачувани димензии: шир. 4.2 см, вис. 4.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 05.08.2008 год., сектор В, кв.В/2-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**144. инв. бр. к-5330**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно рамо. Изработен на грнчарско колце од добро прочистена глина, портокалово печен со измазнета надворешна површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Во горниот дел од фрагментот видлива полно обоена површина под која се надоврзува мотив во вид на песочен часовник, составен од две косо пресечени тенки линии во вид на „X". Во средината на горната површина се наоѓаат две паралелни вертикални цртки, а десно и лево од нив започнуваат и косо се шират кон лево и десно по две паралелни линии. Долната површина на мотивот е празна.

Зачувани димензии: шир. 4 см, вис. 3 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 07.07.2008 год., сектор А, кв.С/5-9.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**145. инв. бр. Пл.’08/к-6874**

Опис: Фрагмент - мев од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која е измазнета од надворешна страна. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци од „висечки триаголник“, во случајов рамнокрак и мрежесто-шрафиран со нагласени краци изведени со дебели линии.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 4 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.08.2008 год., сектор А, кв.В/6-3, Јама 361.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**146. инв. бр. Пл.’08/к-6875; пб 25301**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, окер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Под работ на устината се наоѓа остаток од мотивот „гирланда“-варијанта 1. Горната површина на устината е украсена со коси цртки наизменично поставени во огледална рефлексија, со што е добиена низа од елементи во вид на буквата „Λ“.

Зачувани димензии: шир. 3.4 см, вис. 4.5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.08.2008 год., сектор А, кв.В/6-3, Јама 361.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**147. инв. бр. Пл.’08/к-6960**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци од мотивот „малтешки крст“ составен од поголем мрежестошрафиран ромбоид на чии темиња се допираат врвовите на полни разнострани триаголници, од кои делумно се зачувани три.

Зачувани димензии: шир. 5.1 см, вис. 6.1 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.08.2008 год., сектор А, кв.В/6-3, Јама 361.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**148. инв. бр. Пл.'08/к-6708**

Опис: Фрагмент од сад со цилиндричен врат и рамна устина, косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и окер површина која е измазнета од надворешната страна. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под работ на устината видливи две тенки паралелни линии, а под нив дебела линија. Под неа, на левата страна од фрагментот, се наоѓаат две вертикални низи составени од полни елементи, гледано од горе кон долу: „висечки триаголник" и два делумно сочувани ромбоиди. Покрај десната низа присутни две тенки паралелни линии и една дебела линија до која се наоѓа мрежестошрафиран „висечки триаголник". Под него се забележуваат остатоци од мрежест мотив.

Зачувани димензии: шир. 4.9 см, вис. 6.8 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 06.08.2008 год., сектор В, кв.В/2-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**149. инв. бр. Пл.'08/к-7551**

Опис: Фрагмент од сад со лачна устина која е во продолжение на телото на садот. Во левиот дел од фрагментот работ на устината се проширува, најверојатно тука се прикачувала рачка. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен, со измазнета површина која е премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под устината се наоѓа остаток од мотивот „гирланда"- варијанта 1. Од внатрешната страна, под обоениот раб на устината, се протега низа од куси паралелни цртки.

Зачувани димензии: шир. 4.2 см, вис. 5.2 см, деб. на ѕид од 0.6 до 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 23.09.2008 год., сектор В, кв.В/5-8.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**150. инв. бр. Пл.’08/к-7524**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од прочистена глина со ретки примеси од ситни камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлива верикална низа од ромбови, од кои два делумно зачувани, исполнети со точки. Низата е омеѓена со две вертикални полни линии.

Зачувани димензии: шир. 7.6 см, вис. 6.3 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 18.09.2008 год., сектор В, кв.А/2-13.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**151. инв. бр. Пл.'08/к-7413**

Опис: Фрагмент - врат и рамо од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од песок и ситни камчиња, сиво печен, со измазнета површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видливи остатоци, по сѐ изгледа, од мотивот „ гирланда“- варијанта 1.

Зачувани димензии: шир. 3.9 см, вис. 5.8 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 06.09.2008 год., сектор В, кв.А/4-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**152. инв. бр. к-5251**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек, припаѓала на помал сад. Изработена од добро прочистена глина, сиво печена, со измазнета површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Во горниот дел од фрагментот видлив хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓаат три тенки линии. На долниот дел од рачката се наоѓаат остатоци од сличноизведен појас.

Зачувани димензии: дол. 3.5 см, шир. 2 см, деб. на рачката 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 02.07.2008 год., сектор В, кв.А/4-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**153. инв. бр. к-5774**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Тој е цилиндричен, со блага „S“ профилација. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, сиво печен, со измазнета површина и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Во горниот дел од вратот видлив хоризонтален појас составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии, најверојатно горниот раб од мотивот „правоаголно поле“. Под појасот, во целата висина на вратот, е сместена помала правоаголна рамка. Во нејзиниот горен лев агол се наоѓа еден мал „висечки триаголник“, во случајов рамнокрак и косошрафиран од десно кон лево. Под него е насликан еден загадочен мотив налик на буквата „W“. На неговиот лев крак се „прилепени“ три коси цртки кои наликуваат на превртено „Е“, а десниот крак е продолжен и завршува како трозабец.

Зачувани димензии: шир. 4.7 см, вис. 6.5 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 29.07.2008 год., сектор В, кв.А/4-9,10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**154. инв. бр. Пл.’08/к-6778**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и рамно кружно дно. Дијаметарот на дното изнесува 7 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со ситни примеси од песок, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На телото од садот видливи три тенки вертикални линии.

Зачувани димензии: шир. 12.3 см, вис. 8 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.08.2008 год., сектор А, кв.С/5-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**155. инв. бр. Пл.'08/к-6780**

Опис: Фрагмент од сад со зачуван корен од рачка. Рачно изработен од убаво прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Лево од коренот на рачката видлива шрафирана површина со вертикално протегање, најверојатно правоаголна, омеѓена од десно со тенка вертикална линија.

Зачувани димензии: шир. 6.7 см, вис. 5.4 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 12.08.2008 год., сектор А, кв.С/5-10.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**156. инв. бр. Пл.’08/к-6969, к-6970 и к-6971***

***Се води со три инвентарни броеви, но фрагментите се од ист сад.**

Опис: Фрагмент од сад со цилиндричен врат и топчесто тело. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина на која има траги од горење. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На вратот е прикажан мотивот „дрво“ образувано од вертикална накосена линија- „стебло“ на која од двете страни се „прилепени“ куси коси цртки со врвот нагоре. Под „дрвото“ на спојот на вратот со рамото се протега полна хоризонтална линија под која се надоврзува низа од „висечки триаголници“ од која се зачувани два, во случајов рамнокраки и исполнети со „точки“ и куси цртки.

Зачувани димензии: шир. 10.5 см, вис. 12.8 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 20.08.2008 год., сектор А, кв.В/7-3.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**157. инв. бр. Пл.'08/к-7494**

Опис: Фрагмент од мал сад со топчесто тело, цилиндричен врат и остаток од корен на рачка. Изработен на грнчарско колце од убаво прочистена глина со примеси од лискун, светлоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Зачуваните мотиви се наоѓаат десно од коренот на рачката. Во долниот дел од вратот видлив остаток од „правоаголно поле" чиј долен раб е изведен како хоризонтален појас составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓа една тенка линија. Вертикалната линија која го означува левиот раб на полето продолжува надолу по мевот на садот. Под појасот се наоѓа мал „висечки триаголник", во случајов рамнокрак и мрежестошрафиран. Тој е впишан во празен „висечки триаголник" чиј врв не е зачуван.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, вис. 5 см, деб. на ѕид од 0.4 до 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 16.09.2008 год., сектор А, кв.В/6-4.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**158. инв. бр. Пл.'08/к-5172**

Опис: Реконструиран амфороиден сад со две вертикални лентести рачки со приближно правоаголен пресек. Устината е зарамнета, благо извлечена кон надвор, висок конусен врат, заоблен мев и рамно дно. Рачките се дијаметрално поставени и започнуваат од работ на устината, ја надвишуваат и завршуваат на спојот на рамото со мевот од садот. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од песок, светлокафено печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На вратот, почнувајќи од самиот раб на устината до спојот со рамото е насликан мотивот „правоаголно поле". Страничните вертикални линии кои ги дефинираат бочните граници на полето продолжуваат надолу по површината на садот. Приближно во средината на „полето" е изведен мотивот „сложена правоаголна композиција"- варијанта 1. Под „полето" се протега низа од четири рамнокраки „сложени висечки триаголници". Оваа композиција е изведена помеѓу рачките од двете страни на садот. На рачките е насликана стеснета верзија од мотивот „правоаголно поле", а на највисокиот дел од рачката се наоѓа појас составен од една тенка линија врамена со две подебели линии. Приближно на средината од рачката е повлечена дебела хоризонтална линија.

Димензии: висина со рачките 34 см, висина без рачките 30 см, d на устината 13,3 см, d на мевот 24 см, d на дното 11 см

Откриено: лок. „Плаошник", Охрид, 2008 год.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Објавен: Битракова Грозданова, В. 2012, 102, 116 - Сл. 7а; Митревски, Д. 2013, стр. 222, Сл.78 (6); Кузман, П. 2017, стр. 156, TIII, Сл.2.



**159. инв. бр. Пл.’08/к-4290**

Опис: Фрагмент од сад, можеби рамо. Изработен на грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и светлоокер површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Помеѓу две дебели хоризонтални линии се наоѓа брановидна линија. На „горниот“ дел од фрагментот видлива обоена хоризонтална површина.

Зачувани димензии: шир. 5.1 см, вис. 4.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 23.06.2008 год., сектор А, кв.А/6-12.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**160. инв. бр. Пл.’08/к-8560**

Опис: Фрагмент од мал сад - алабастрон со топчесто, благо биконично, тело и хоризонтално поставена „тунелеста“ рачка. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок, невоедначено маслинесто-сиво до окер печено. Декорирано со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На најгорниот дел од фрагментот видлива хоризонтална тенка линија под која, на рамото од садот, се протегаат полни рамнокраки триаголници (видливи четири). На нив, во зоната под рачката, се надоврзуваат уште четири полни рамнокраки „висечки триаголници“, прикажани во „лизгачка рафлексија“, со што триаголниците приближно образуваат цикцак мотив.

Зачувани димензии: шир. 8.1 см, вис. 5.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 26.09.2008 год., сектор В, Атриум, кв.F/5-1.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**161. инв. бр. Пл.’08/к-8863**

Опис: Фрагмент од сатче со топчесто тело и кружна рамна нога. Рачно изработено од прочистена глина со примеси од ситен песок, невоедначено маслинесто-сиво до окер печено. Декорирано со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Видлив еден полн, приближно рамнокрак, „висечки триаголник“ кој започнува од рамото на садот и со врвот завршува до самата нога. Над ногата, која е обоена, е повлечена дебела хоризонтална линија која го сечи врвот на триаголникот.

Зачувани димензии: шир. 7.7  см, вис. 6.6  см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 13.11.2008 год., сектор С, кв.Н/1-5.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**162. инв. бр. Пл.’07/к-1821**

Опис: Фрагмент од сад. Зачувани делови од рамото и устината која директно се надврзува на него. Устината е скоро рамна и благо накосена кон надвор. Фрагментот можеби припаѓал на кантароиден сад. Дијаметарот на отворот изнесувал 15 см. Изработен од добро прочистена глина, светлоокер печен. Површината е оштетена од нафатените наслаги. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со црвена боја. Под устината, на спојот со рамото, се протега хоризонтална линија. Под неа, во левиот дел од фрагментот, се надоврзуваат четири коси паралелни линии повлечени од десно кон лево. На последната, од десно, се надврзува мотив во вид на спирала. Зачуваните ликовни елементи се дел од т.н. „спирала во движење“. Горната површина на устината е украсена со паралелни вертикални цртки.

Зачувани димензии: шир. 7.5 см, вис. 4.1 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Плаошник“, Охрид, 28.04.2007 год., ектор В, Атриум, кв.F/4-14, Јама 59А.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**b. Самоилова Тврдина, Охрид**

**1. инв. бр. к-6026**

Опис: Фрагмент од поголем сад, зачувани делови од вратот и рамото. Рачно изработен од недоволно прочистена глина со примеси од лискун и ситни камчиња, невоедначено сиво печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со окераст посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Кон крајот на вратот се протега хоризонтална линија под која, на спојот со рамото, се наоѓа хоризонтален појас составен од две низи од полни квадрати прикажани во „лизгачка рефлексија“, поставени една врз друга, со што се добил мотив налик на скусена „шаховска табла“.

Зачувани димензии: шир. 7.9 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.

Аналогии






2. **инв. бр. к-7072**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од недоволно прочистена глина со примеси од песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видливи косо поставени „лентести“ елементи, налик на мотивот „јаже“, добиени со повлекување на две тенки паралелни линии меѓу кои се нанесени тенки куси паралелни цртки. Две од „лентите“ се паралелни на едната страна од рачката, а две на другата. Помеѓу нив, во средишниот дел, е насликана уште една „лента“ која завршува шилесто.

Зачувани димензии: дол. 3.4 см, шир. 5.1 см во едниот дел и 4.3 см во другиот, деб. на рачката 1.2 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**3. инв. бр. к-7114**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен со измазнета површина и премачкана со посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлив хоризонтален појас составен од дебела линија под која се наоѓа тенка, а под нив низа од мрежестошрафирани ромбоиди чии горни темиња се допираат со полни тапоагли триаголници.

Зачувани димензии: шир. 4.7 см, вис. 3.9 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид, Бунар, отк.111.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





4. **инв. бр. к-6433**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од песок, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина. Од надворешната страна е премачкан со посен сивкаст премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив остаток од „висечки триаголник“, во случајов рамнокрак и косошрафиран од лево кон десно, односно паралелно на левиот крак кој е изведен со дебела линија, а десниот крак претставува тенка линија.

Зачувани димензии: шир. 9.2 см, вис. 6.4 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.





5. **инв. бр. к-6164 или к-6154***

*Бројот е нејасно напишан на фрагментот.

Опис: Фрагмент - врат од сад, можеби бокал. Рачно изработен од добро прочистена глина, светлоокер печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. На левата страна видлив недоволно јасен мрежест мотив - значително избледен и оштетен од нафатените наслаги. Тој од десно е омеѓен со две паралелни тенки линии. Паралелно на нив е повлечена дебела линија, а десно од неа во горниот дел се забележува, најверојатно, полн „висечки триаголник". Лево од него, аголот кој е образуван со полната линија е мрежесто исполнет. Во долниот дел покрај полната линија се забележуваат остатоци од, по сè изгледа, косошрафиран триаголник.

Зачувани димензии: шир. 3.3 см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**6. инв. бр. к-6318**

Опис: Фрагмент од сад. Зачувани делови од вратот и лачна устина, косо извлечена кон надвор. Според закривеноста, фрагментот можеби бил дел од бокал. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, темноокер печен. Измазнета површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под работ на устината е насликан хоризонтален појас, составен од две паралелни дебели линии помеѓу кои се наоѓаат две тенки линии. Под појасот на горниот дел од вратот видлива дебела хоризонтална линија, а под неа се надоврзува мрежест мотив. На горната површина од устината е изведена низа од полни триаголници. Под самиот раб, од внатрешната страна, е повлечена хоризонтална линија под која се надоврзуваат куси вертикални цртки.

Зачувани димензии: шир. 6 см, вис. 5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





7. **инв. бр. ОК 486**

Опис: Фрагмент од поголем сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од ситен песок, светлоокер печен. Измазнета надворешна површина и премачкана со сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Во горниот дел на фрагментот видливи четири дебели коси линии, од кои најдолната е најдебела. Под нив се забележуваат три, скоро хоризонтални, дебели линии.

Зачувани димензии: шир. 4.2 cм, вис. 6.7 cм, деб. на ѕид 1.1 cм.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**8. инв. бр. ОК 503**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело - зачуван долен дел од телото. Изработен на грнчарско колце од убаво прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци од „висечки триаголник“, во случајов косошрафиран од лево кон десно со подебели потези.

Зачувани димензии: шир. 5.1 cм, вис. 4.2 cм, деб. на ѕид од 0.7 до 0.4 cм.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**9. инв. бр. ОК 514**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун и ситен песок, сиво печен. Со измазнета надворешна површина која е премачкана со сивкаст посен премаз во кој е додаден дробен лискун. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Во горниот дел видлив остаток од низа со полни „висечки триаголници". Под нив се протега хоризонтални линија, под која, најверојатно, се наоѓаат остатоци од два косошрафирани „висечки триаголници".

Зачувани димензии: шир. 5.2 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид од 0.6 до 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**10. инв. бр. ОК 515 и ОК 519***

* Се води со два инвентарни броја, но фрагментите се од ист сад.

Опис: Фрагмент од сад. Зачуван дел од рамна устина која била извлечена кон надвор. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, светлоцрвено печен, со измазнета површина од двете страни и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На долната страна од устината, видливи четири тенки линии групирани по две. Тие се прикажани во огледална рефлексија и образуваат мотив во вид на буквата „Λ“. На горната површина од устината се наоѓа приближно рамностран мрежестошрафиран „висечки триаголник“. Десно од него, до работ, видливи две коси цртки, повлечени од лево кон десно, а во долниот дел две вертикални паралелни цртки на чиј горен дел се наоѓа мал триаголник. Страничниот раб од устината е декориран со испресечени цртки во вид на мрежа.

Зачувани димензии: шир. 5.7 см, вис. 2.6 см, деб. на ѕид 0.5 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**11. инв. бр. ОК 525**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина која е во продолжение на вратот. Рачно изработен од добро прочистена глина, сиво печен. Со убаво, до сјај, измазнета површина од двете страни и премачкана со сив премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под работ на устината се наоѓа појас составен од три хоризонтални паралелни линии, испресечени со вертикални паралелни цртки, со што се добил мрежест мотив во вид на „двојна решетка“.

Зачувани димензии: шир. 5.2 см, вис. 3.5 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**12. инв. бр. к-3111**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печена, со измазнета надворешна површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Покрај рабовите од рачката се наоѓаат вертикални дебели линии, а по средината, дебела линија која завршува во вид на шилец. Тој се допира со горната линија од три хоризонтални паралелни тенки линии, зачувани на дното од рачката. Над нив, и паралелна со нив, се наоѓа дебела линија која ја пресекува средишната вертикална линија.

Зачувани димензии: дол. 5 см, шир. 3.7 см, деб. на рачката 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**13. инв. бр. к-4038**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од недоволно прочистена глина со примеси од песок, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова површина. Горната површина е премачкана со посен окер премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Видливи косопоставени „лентести“ елементи, налик на мотивот „јаже“, изведени со повлекување на две тенки паралелни линии, меѓу кои се нанесени тенки паралелни цртки. Две се паралелни со едната страна на рачката, а две со другата. „Лентите“ се спојуваат во вид на буквата „Λ“. Помеѓу нив, во средишниот дел, е насликана уште една „лента“ која завршува шилесто.

Зачувани димензии: дол. 5.3 см, шир. 3.7 см, деб. на рачката 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**14. инв. бр. к-3093**

Опис: Фрагмент од рачка со приближно правоаголен пресек, припаѓала на поголем сад. На коренот од рачката се забележува „трн“ за нејзино всадување во садот. Изработена од добро прочистена глина, сиво печена. Со измазнета површина и премачкана со сив посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На горниот дел од фрагментот видливи остатоци од три хоризонтални тенки паралелни линии. Во долниот дел од рачката се повлечени седум хоризонтални тенки паралелни линии кои се пресечени со коси тенки паралелни линии, групирани во две групи од по три. Десните три се протегаат од лево кон десно, а левите од десно кон лево. Средишната линија од десната група се допира со врвот на првата линија од левата група, додека средишната линија од левата група се допира, соодветно, со врвот на првата линија од десната група. Со ова се добиени елементи во вид на буквата „Λ“ кои се сечат меѓу себе. Врвовите на овие „Λ“ елементи завршуваат над горната хоризонтална линија, со што се добиле четири мали триаголници.

Зачувани димензии: дол. 6.7 см, шир. 3.7 см, деб. на рачката 1.2 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**15. инв. бр. 3248**

Опис: Фрагмент од рачка со овален пресек, припаѓала на поголем сад. Изработена од прочистена глина, нееднакво печена со сиво јадро и бледоцрвена површина. Со измазнета горна површина и премачкана со окер посен премаз. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлива вертикална низа со ромбови кои со страничните темиња се допираат со врвовите на тапоагли триаголници. Со ова се добил мотив налик на стеснета „коса шаховска табла“. Внатрешноста на ромбовите е исполнета со низи од ромбоиди со што, практично, е повторен мотивот „коса шаховска табла“ во минијатурна варијанта.

Зачувани димензии: дол. 4.4 см, шир. 4 см, деб. на рачката 2 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Објавено:
Кузман, П. 2017, стр. 156, ТIII, Сл.1.








**16. инв. бр. к-2670/1**

Опис: Фрагмент од сад со калотесто тело и рамна устина, косоизвречена кон надвор, можеби дел од длабока чинија - паница. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која од надврешната страна е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На спојот на устината со садот, се наоѓа хоризонтална дебела линија под која се надоврзува мрежестошрафиран „висечки триаголник“. На десниот раб од фрагментот видливи остатоци од уште еден мрежестошрафиран „висечки триаголник“, па може да се претпостави дека мотивот се повторувал на одредено растојание. На горната површина од устината видливи, значително избледени, остатоци од два мрежестошрафирани триаголника поставени, наизменично со врвот надолу и нагоре.

Зачувани димензии: шир. 5.3 см, вис. 4.8 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**17. инв. бр. к-5179**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и косоизвлечена устина кон надвор, која се надоврзува директно на рамото, најверојатно дел од кантароиден сад. Во десниот дел од фрагментот работ на устината се проширува, најверојатно тука се прикачувала рачка. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Под обоениот раб на устината се наоѓаат две паралелни дебели линии поврзани од десната страна со вертикална накосена дебела линија во делот каде се прикачувала рачката. Под нив видливи остатоци, најверојатно, од косошрафиран „висечки триаголник“. Под работ на устината, од внатрешната страна, се протега вертикална цикцак линија.

Зачувани димензии: шир. 5.4 см, вис. 5.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






ВНАТРЕШНА СТРАНА

**18. инв. бр. к-3032**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и лачна устина, косоизвлечена кон надвор, која се надоврзува директно на рамото, најверојатно дел од кантаровиден сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На рамото од садот се наоѓа тенка хоризонтална линија под која се надоврзува косопоставена, од десно кон лево, мрежестошрафирана правоаголна површина. Десно на неа се надоврзуваат две тенки паралелни линии, поставени косо од лево кон десно. Под работ на устината, од внатрешната страна, се протега низа од полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 7.6 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**19. инв. бр. к-5252**

Опис: Фрагмент од сад со топчесто тело и устина, косоизвлечена кон надвор, која се надоврзува директно на рамото, најверојатно дел од кантаровиден сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од песок и лискун, нееднакво печен со сиво јадро и окер површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На рамото од садот се наоѓаат две тенки хоризонтални линии под кои се протега низа од косошрафирани елементи, најверојатно, „висечки триаголници“. Под работ на устината, од внатрешната страна, видлива низа од полни „висечки триаголници“ во вид на запци.

Зачувани димензии: шир. 6.3 см, вис. 7.1 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**20. инв.бр к-1277**

Опис: Фрагмент од сад. Изработен од добро прочистена глина, портокалово печен, со измазнета надворешна површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлив остаток од мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ – варијанта 2.  Постои можност мотивот да бил обратно поставен.

Зачувани димензии: шир. 5.3 см, вис. 3.9 см, деб. на ѕид од 0.4 до 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**21. инв. бр. к-2993**

Опис: Фрагмент од сад, можеби дел од врат. Рачно изработен од добро прочистена глина со примаси на лискун, сиво печен, со измазнета надворешна површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлив остаток од мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ – варијанта 2. Постои можност мотивот да бил обратно поставен.

Зачувани димензии: шир. 4.3 см, вис. 3.8 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**22. инв. бр. к-3056**

Опис: Фрагмент – врат од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, портокалово печен, со измазнета надворешна површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Во долниот дел од вратот, на спојот со рамото, се протега хоризонтален појас составен од две полни паралелни линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии, најверојатно долната рамка од мотивот „правоаголни поле“. Над него се надоврзува мрежестошрафиран, приближно, рамностран триаголник. Лево од него се забележува остаток од уште еден мотив, кој не може со сигурност да се дефинира, веројатно триаголник.

Зачувани димензии: шир. 3.5 см, вис. 4.7 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**23. инв. бр. к-4143**

Опис: Фрагмент - рамо од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На спојот помеѓу вратот и рамото на садот се протега хоризонтален појас составен од две дебели паралелни линии меѓу кои се наоѓа една тенка линија. Под него се надоврзува мрежестошрафиран мотив, можеби дел од поголем „висечки триаголник“.

Зачувани димензии: шир. 5.1 см, вис. 4.5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.






**24. инв. бр. к-4150**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлива вертикална низа со двојно нагласени ромбови (впишани еден во друг) кои со страничните темиња се допираат со врвот на полни триаголници.

Зачувани димензии: шир. 5.6 см, вис. 4.9 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**25. инв. бр. к-4221**

Опис: Фрагмент од сад со рамна устина која е во продолжение на вратот. Дијаметарот на отворот изнесувал 8 см. Рачно изработен од убаво прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина која е измазнета. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја, оштетена од нафатените наслаги. Под обоениот раб на устината се протега хоризонтална дебела линија. Под неа и под прав агол се надоврзува вертикална дебела линија со што се добиени две полиња. Левото, кое е помалку зачувано, се чини било празно, а во десното се наоѓаат остатоци од две вертикални низи составени од полн „висечки триаголник" и мрежестошрафиран ромб. Од лево низите се омеѓени со тенка вертикална линија паралелна на дебелата. Под работ на устината, од внатрешната страна, се наоѓа низа од вертикални цртки.

Зачувани димензии: шир. 5.1 см, вис. 5.2 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








**26. инв. бр. к-5012**

Опис: Фрагмент од сад. Зачуван дел од рамна устина која била косо извлечена кон надвор. Рачно изработен од убаво прочистена глина, сиво печен со измазнета површина од двете страни и премачкана со маслинесто-сив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Под работ на устината, од долната страна, се наоѓа дебела хоризонтална линија. На горната површина е видлив еден мрежесто-шрафиран „висечки триаголник“, а лево од него триаголник чии краци се изведени во вид на мотивот „јаже“. Во внатрешноста на овој триаголник е впишан мал полн триаголник.

Зачувани димензии: шир. 2.8 см, вис. 4 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.









горна површина

**27. инв. бр. к-5146 и к-5251**

Опис: Два фрагменти од сад со топчесто тело кои не се спојуваат, но очигледно е дека припаѓале на ист сад. Изработен на спороротирачко рачно грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. На рамото од садот се протега дебела хоризонтална линија под која се надоврзува низа од шрафирани „висечки триаголници“, во случајов косо и наизменично од десно кон лево и од лево кон десно.

Зачувани димензии: фр.1: шир. 5.9 см, вис. 4.4 см, деб. на ѕид 0.7 см;

Фр.2: шир. 6.3 см, вис. 5 см, деб. на ѕид 0.7 см

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**28. инв. бр. к-5168**

Опис: Фрагмент - врат од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци од мотивот „правоаголно поле“.

Зачувани димензии: шир. 6.9 см, вис. 7 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.



**29. инв. бр. к-5184**

Опис: Фрагмент од погрубо изработен, веројатно, складишен сад. Рачно изработен од недоволно прочистена глина со примеси од камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета од надворешната страна и премачкана со бледокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видлив грубоизведен мрежестоисполнет мотив.

Зачувани димензии: шир. 6.6 см, вис. 5.7 см, деб. на ѕид 1.3 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**30. инв. бр. к-5263**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, портокалово печен со измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со светлокафена боја. Поради малите димензии на фрагментот е невозможно да се утврди точното протегање на мотивите. Видливи две хоризонтални линии, од кои на горната се „прилепени“ коси цртки. Под линиите се наоѓаат остатоци од два мрежести мотива, од кои левиот е позачуван. Составен е од два мрежестоисполнети правоаголни појаса кои се спојуваат под прав агол, можеби остаток од мотивот „меандар“.

Зачувани димензии: шир. 2.9 см, вис. 3.1 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**31. инв. бр. к-5264**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситен песок и лискун, бледоокер печен (боја налик на лушпа од јајце). Измазнета надворешна површина премачкана со темносив посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видливи остатоци од мотив составен од вертикални косопоставени линии. Од левата страна - четири со протегање од лево кон десно, а од десната - три со протегање од десно кон лево. Тие во долниот дел се испреплетуваат мрежесто.

Зачувани димензии: шир. 5.5 см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**32. инв. бр. к-6685**

Опис: Фрагмент од сад. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видливи остатоци, најверојатно, од „висечки триаголник“ со дебели краци, исполнет со „точки“ и куси цртки.

Зачувани димензии: шир. 6.8 см, вис. 7.6 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**33. инв. бр. к-6355**

Опис: Фрагмент од сад. Изработен на грнчарско колце од добро прочистена глина, портокалово печен со измазнета надворешна површина и премачкана со портокалов посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлив долен дел од „висечки триаголник“. На прв поглед изгеда како да е полно обоен, но се чини дека е шрафиран со подебели потези. Триаголникот е омеѓен од лево со две, а од десно со три тенки линии.

Зачувани димензии: шир. 4.8 см, вис. 3.2 см, деб. на ѕид 0.6 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**34. инв. бр. к-4715, к-5182, к-5244 и ОК 526*; ЗМОА- 10904, 10902, 10913 и 10916**

*Се води со четири инвентарни броеви, но фрагментите се од ист сад.

Опис: Фрагменти од кантароиден или амфороиден сад, од кои три се спојуваат. Фрагментот со инв. бр.**ОК 526** не се спојува, но е очигледно дека припаѓа на истиот сад. Садот е со лачна устина, благо извлечена кон надвор, кус цилиндричен врат, лентеста рачка со ушест облик и приближно овален пресек. Таа започнува од рамото го надвишува отворот на садот и завршува на самата устина. Дијаметарот на отворот изнесувал о.10 см. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и бледоцрвена површина која е измазнета и премачкана со светлокафен посен премаз. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На вратот од садот, десно од рачката, видливи остатоци од мотив составен од правоаголни мрежесто-исполнети, „ленти“ кои се омеѓени со тенки линии. Првите две се поставени косо и се допираат на дното во вид на буквата „V“. Третата „лента“ е поставена вертикално и во горниот дел се допира со втората. Покрај основата на третата „лента“, од левата страна видлив е мал косошрафиран триаголник. Истиот мотив е прикажан и лево од рачката, во огледална рефлексија, со тоа што во овој дел е видливо дека мали косошрафирани триаголници се наоѓаат од двете страни на вертикалната „лента“. Прикажаниот мотив на вратот во горниот дел е омеѓен со две тенки хоризонтални линии кои се наоѓаат под самата устина (чиј горен дел е обоен), а во долниот дел со хоризонтален појас составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓаат три тенки линии - изведен на спојот помеѓу вратот и рамото на садот. Под него се наоѓаат остатоци од мотив кој не може со сигурност да се дефинира, најверојатно „висечки триаголник“. Тој е составен од една косопоставена дебела линија (повлечена од лево кон десно) – лево од неа се забележуваат остатоци од три тенки линии паралелни на неа, а десно од седум кои ја допираат под агол. Рачката е декорирана на следниов начин – на спојот со устината се наоѓа издолжен мрежестошрафиран ромбоид на чии странични темиња се надоврзуваат конкавни дебели линии, а од неговото долно теме, надолу по средината и целата должина на рачката се протега дебела вертикална линија.

Зачувани димензии: шир. 12.5 см, вис. заедно со рачката 11 см, деб. на ѕид од 0.9 до 0.7см; шир. на рачката 3.3 см, деб. на рачката 1.3 см. Димензии на фрагментот **ОК 526** кој не се спојува: шир. 3.2 см, вис. 3.7 см, деб. на ѕид 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.

Објавен само фрагментот со инв.бр **ОК 526**: Битракова Грозданова, В. 2017, 15-26, Сл.1, 26.















декоративни мотиви на рачката

**35. инв. бр. к-7070, к-6911, к-7074; ЗМОА- 10909, 10910, 10914 и к-6942***

*Се води со четири инвентарни броеви, но фрагментите се од ист сад.

Опис: Фрагмент од бокал со засечен врат. Зачувани делови од лачна устина која е во продолжение на цилиндричниот врат и рамо. Дијаметарот на отворт изнесувал о.10 см. Рачно изработен од добро прочистена глина, невоедначено сиво до светлоцрвено печен. Со измазнета надворешна површина која варира од светлокафена до маслинесто-сива. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Насликана е целата површина на вратот почнувајќи од самиот раб на устината. Се препознаваат три хоризонтални низи со рамнокраки триаголници. Првата и третата се составени од триаголници во чија внатрешност се впишани мали полни триаголници. Додека втората (средната) низа е составена од триаголници чии краци се образувани од три паралелни тенки цртки. Трите низи се омеѓени со четири хоризонтални појаси. Првите три појаси се составени од две дебели линии меѓу кои се наоѓаат три тенки линии. Последниот (долниот) појас се наоѓа на спојот помеѓу вратот и рамото, а е составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓаат две тенки линии. Под него се надоврзува сложеноизведен мотив во вид на „малтешки крст" составен од мрежестоисполнет ромб на чии темиња се надоврзуваат триаголни површини. Страничните две се изведени како полни, неправилни, триаголници налик на рибина опашка. Горниот триаголник е поделен на два дела со повлекување линија паралелна на левиот крак - левиот дел е трапезоид и е исполнет со тенки линии паралелни на левиот крак, додека десниот е приближно рамностран триаголник исполнет со тенки линии паралелни на десниот крак. Долниот крак на „малтешкиот крст" е слабо сочуван, но може да се насети дека бил идентичен со горниот, изведен огледално. Десно од овој сложен мотив, веднаш под појасот, видлив еден мал косошрафиран „висечки триаголник". До него се надоврзуваат две вертикални тенки линии. Под работ на устината, од внатрешната страна, се наоѓа група од осум вертикални дебели цртки. На самиот лев раб од фрагментот се забележува остаток од уште една црта, па може да се претпостави дека оваа група од осум цртки се повторувала на определено растојание.

Зачувани димензии: **фр.1**: шир. 5.8 см, вис. 6.4 см, деб. на ѕид 1.1 см; **фр. 2**: шир. 4.6 см, вис. 5 см, деб. на ѕид 0.9 см; **фр.3**: шир. 2.7 см, вис. 4.2 см, деб. на ѕид 0.6 см; **фр.4**: шир. 5.3 см, вис. 3 см, деб. на ѕид 0.6 см. Вкупна зачувана висина 13 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**36. инв. бр. ОК 513; ЗМОА- 10917**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек. Изработена од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, светлосиво печена, со измазнета горна површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. Видливи два приближно рамнокраки „висечки триаголника“, исполнети со полни неправилно повлечени паралелни хоризонтални цртки со што се добил изглед налик на „скала“. Рабовите од рачката се обоени.

Зачувани димензии: дол. 5.1 см, шир. 3.6 см, зачувана деб. на рачката 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**37. инв. бр. ОК 485 и к-5557*; ЗМОА- 10918 и 10908**

*Се води со два инвентарни броја, но фрагментите се од ист сад.

Опис: Два фрагмента од сад, можеби кантароиден, со конусен врат и топчесто тело. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и окер измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На вратот од садот се видливи остатоци од приближно правоаголна вертикална површина во која е впишан ромб изведен како „коса шаховска табла“. Останатата површина на правоаголникот е пополнета со тенки линии паралелни, соодветно, на секоја страна на ромбот. Под него, почнувајќи од рамото и кон мевот на садот, се наоѓаат остатоци од два „висечки триаголника“, во случајов косошрафирани од лево кон десно.

Зачувани димензии: **фр.1**: шир. 5.6 см, вис. 4.6 см, деб. на ѕид 1 см; **фр.2**: шир. 4.7 см, вис. 5.6 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**38. инв. бр. к-5170; ЗМОА- 10912**

Опис: Фрагмент од сад, најверојатно рамо. Рачно изработен од добро прочистена глина со ретки примеси од ситен песок, портокалово печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Видлива мрежесто исполнета површина, најверојатно „висечки триаголник“, обрабен од сите страни со дебели линии.

Зачувани димензии: шир. 3.9 см, вис. 5.1 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**39. инв. бр. к-5180; ЗМОА- 10906**

Опис: Фрагмент од сад, можеби рамо. Рачно изработен од добро прочистена глина со ретки примеси од ситен песок, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Зачуван дел од мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ - варијанта 1. Лево од него во горниот дел од фрагментот видлив мал мрежесто шрафиран „висечки триаголник“. Постои можност мотивот да бил обратно поставен.

Зачувани димензии: шир. 6.8 см, вис. 6.5 см, деб. на ѕид 0.7 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**40. инв. бр. к-4118; ЗМОА- 10907**

Опис: Фрагмент од сад со лачна устина која е во продолжение на цилиндричниот врат. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и портокалова површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. Под работ на устината се протегаат три хоризонтални линии на кои се надоврзува вертикална низа од која се зачувани следните елементи: празен „висечки триаголник“, мрежестошрафиран ромб и уште еден шрафиран елемент кој е невозможно да се идентификува дали е ромб или триаголник. Оваа низа е омеѓена од двете страни со три паралелни вертикални линии.

Зачувани димензии: шир. 4.6 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид 0.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**41. инв. бр. к-3948; ЗМОА- 10905**

Опис: Фрагмент од куса рачка со кружен, прстенест, облик и овален пресек. Таа директно се надоврзува на устината. Изработена од добро прочистена глина, нееднакво печена со сиво јадро и светлокафена површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со темнокафена боја. На спојот помеѓу рачката и устината се наоѓа низа од полни неправилни „висечки триаголници“ во вид на запци. Под нив се надоврзуваат два косо-шрафирани „висечки триаголника“ чии врвови допираат до горната од три паралелни хоризонтални линии кои се повлечени по целата ширина на рачката.

Зачувани димензии: вис. 3.7 см, шир. 3.2 см, деб. на рачката 0.9 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**42. инв. бр. к-6788; ЗМОА- 10903**

Опис: Фрагмент од лентеста рачка со овален пресек, припаѓала на голем сад, најверојатно амфороиден. Изработена од прочистена глина со ретки примеси од ситни камчиња, нееднакво печена со сиво јадро и портокалова измазнета површина. Декорирана со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. По должината на рачката се протегаат три дебели вертикални линии. Рабовите на рачката се обоени.

Зачувани димензии: дол. 8.3 см, шир. 5.1 см, деб. на рачката 1.4 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





**43. инв. бр. ОК 484; ЗМОА- 10919**

Опис: Фрагмент од поголем, најверојатно, скифоиден сад со потковичеста хоризонтално-поставена рачка со неправилен овален пресек. Рачно изработен од прочистена глина со примеси од ситни камчиња, нееднакво печен со сиво јадро и внатрешност и бледоцрвена површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со бордоцрвена боја. Зачувани четири групи од по три тенки паралелни линии - радијално распоредени на горната површина на рачката. Над спојот на рачката со садот видливи остатоци од избледена дебела хоризонтална линија.

Зачувани димензии: шир. 13.2 см, вис. 5.5 см, деб. на ѕид 1 см; Димензии на рачката: дол. 13 см, шир. 3.9 см, деб. на рачката 1.8 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина"- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Објавено: Битракова Грозданова, В. 2017, стр. 26, Сл.1; Кузман, П. 2017, стр. 156, TIII, Сл.3.







**44. инв. бр. к-5590; ЗМОА- 10901**

Опис: Фрагмент од поголем сад, најверојатно питос со зарамнета устина - извлечена кон надвор. Дијаметарот на отворот изнесувал о.30 см. Рачно изработен од добро прочистена глина, нееднакво печен со сиво јадро и светлокафена површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На горниот дел од вратот се протега хоризонтална дебела линии под која се наоѓа мотивот „решетка“. Под неа е видлива хоризонтална низа со полни ромбови. Под самата устина, од внатрешната страна, се наоѓа низа од полни „висечки триаголници“ во вид на запци. Во овој случај е јасно дека низата не се протегала по целата површина под устината, туку сигурно се повторувала на одредено растојание.

Зачувани димензии: шир. 10 см, вис. 8.1 см, деб. на ѕид 1.1 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.







**45. инв. бр. к-6936; ЗМОА- 10911**

Опис: Фрагмент од поголем сад, најверојатно рамо. Рачно изработен од добро прочистена глина со примеси од лискун, нееднакво печен со сиво јадро и светлокафена измазнета површина. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На горниот дел од фрагментот видливи остатоци од хоризонтална низа со полни ромбови, омеѓена од долната страна со тенка линија. Под неа се протега хоризонтален појас во вид на „двојна решетка“. Под него видливи остатоци од мотивот „коса шаховска табла“. Во неколку од „темните“ полиња е забележливо присуството на „точка“ со средината. Ова е повеќе или помалку јасно кај одредени полиња, во зависност од дебелината на нанесениот слој боја, но се чини изворната замисла била сите „темни“ полиња да имаат „точка“ во средината.

Постои поголема веројатност овој фрагмент заедно со фрагментот под реден број 45. инв. бр. **к-5590; ЗМОА- 10901** да припаѓале на ист сад.

Зачувани димензии: шир. 6.2 см, вис. 7 см, деб. на ѕид 1 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.








K-5590
K-6936

**46. инв. бр. к-4144; ЗМОА- 10915**

Опис: Фрагмент - цилиндричен врат од поголем сад, можеби амфора. Спојот на вратот со рамото е благо профилиран. Изработен на грнчарско колце од добро прочистена глина со примеси од лискун, светлоцрвено печен. Декориран со мат сликана орнаментика, изведена со кафена боја. На вратот се протегаат пет дебели хоризонтални линии кои биле повлечени додека се вртело колцето.

Зачувани димензии: шир. 5.3 см, вис. 6.5 см, деб. на ѕид 1.2 см.

Откриено: лок. „Самоилова Тврдина“- Охрид.

Сопственост: НУ Завод и Музеј – Охрид.

Необјавено.





# IV. Анализа на орнаментиката на мат сликаните садови од Охрид

### 1. Орнаментика: елементи и структури (композиции) на мат сликаните садови од Охрид

Поделбата која следува е направена врз основа на обработениот керамички материјал од локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина во Охрид. Таа се однесува на оние мотиви кои можеа да се идентификуваат или со поголема сигурност да се реконструираат. Мотивите ги поделивме во три групи и тоа: **„основни ликовни мотиви“**, **„помошни ликовни мотиви-орнаменти“** и **„логограми-идеограми“**. Термините кои ги предлагаме, во извесен дел се веќе во употреба во археолошките кругови, а некои од нив само делумно се изменети и дополнети. Се обидовме да воведиме унифицирана и јасна номенклатура која, се надеваме, во иднина ќе биде од корист за појасно и попрецизно дефинирање и идентификување на мотивите на мат сликаните садови воопшто.

#### а. Основни ликовни мотиви

Под називот „основни ликовни мотиви“ ги подразбираме оние мотиви кои се доминантни, односно, „носечки“ елементи на целата иссликана структура т.е. композиција на садот. За нив ја предлагаме следнава поделба и терминологија:

1. **„Висечки триаголник“**

Под терминот „висечки триаголник“ подразбираме „превртен“ триаголник, односно поставен со врвот надолу. „Висечкиот триаголник“ **(Сл. 12.)** го претставува најчестиот ликовен мотив на мат сликаните садови од железното време во Охрид и општо земено во Македонија. Поради честата употреба на овој мотив во најразлични варијации, како и поради нашето убедување дека непотребно ќе се усложни опишувањето на овој мотив преку воведување на различни негови варијанти и подваријанти, одлучивме за сите да се користи терминот „висечки триаголник“ со соодветен опис на разликите. Исклучок е направен само во еден случај, заради честата застапеност и карактеристичност на дадениот мотив. Него го нарековме „сложен висечки триаголник“ и тој е опишан под реден број **2**.

„Висечките триаголници“ најчесто се прикажани на телото од садот, односно почнувајќи од рамото кон неговиот долен дел и скоро без исклучок, се изведени во низи.

Во најголем број од случаите овој мотив претставува приближно рамнокрак триаголник **(Сл. 12: а, б, в, д, ѓ, е, ж, ѕ, и, ј)**. Многу поретко се сретнува како рамностран **(Сл. 12: ѓ1, ѓ2, з, ѕ1)**, а само во еден случај, во обработениот материјал, е прикажан како правоаголен триаголник **(Сл. 12: г)**. Внатрешноста на триаголниците е вообичаено исшрафирана преку повлекување тенки линии. Шрафирањето може да биде: косо од лево кон десно **(Сл.12: а, а1)** и од десно кон лево **(Сл. 12: б-б3)**; мрежесто **(Сл. 12: ѓ-ѓ2, е, ж, з)**; рамно, односно вертикално **(Сл. 12: в, г)** и „зрачесто" **(Сл. 12: д)**. Се јавува и варијанта кај која триаголникот е исполнет со „точки" и куси цртички, кој може да биде со рамнокрак **(Сл. 12: ѕ)** и рамностран облик **(Сл. 12: ѕ1)**. На крајот, како последни типови ги издвојуваме следните: издолжен полн триаголник **(Сл. 12: и)** и полн триаголник чии краци се нагласени со повлекување на паралелни линии, три на десниот крак и две на левиот, при што вториве се пократки и не ги сечат првите линии, туку само ги допираат **(Сл. 12: ј)**.

Левошрафираните триаголници се јавуваат во две варијанти, од кои една е основна **(Сл. 12: а)** и претставува прв и најчесто користен мотив кој е евидентиран во 16 случаи, додека, изведената варијанта претставува рамнокрак триаголник со полни краци и десен крак кој е дополнително нагласен преку повлекување на две тенки паралелни линии **(Сл. 12: а1)**.

Десношрафираните триаголници се јавуваат во четири варијанти, од кои една основна **(Сл. 12: б)** и три изведени. Првата подваријанта се разликува со тоа што левиот крак е дополнително нагласен преку повлекувње на три тенки паралелни линии **(Сл. 12: б1)**, додека кај втората е повлечена една паралелна линија **(Сл. 12: б2)**. Третата изведена варијанта се разликува од основната поради левиот продолжен крак **(Сл. 12: б3)**.

Рамно, односно вертикално шрафирање се сретнува во два случаја и тоа првиот е рамнокрак триаголник **(Сл. 12: в)**, а вториот правоаголен чија што вертикална катета е оформена во вид на брановидна линија **(Сл. 12: г)**.

Мрежестото шрафирање е добиено по пат на пресекување на линии кои се паралелни на левиот и на десниот крак. Основната варијанта претставува рамнокрак триаголник **(Сл. 12: ѓ)**, првата изведена е рамностран триаголник **(Сл. 12: ѓ1)**, а втората подваријанта повторно е рамностран триаголник, но со продолжен врв **(Сл. 12: ѓ2)**. Следна варијанта со мрежесто шрафирање претставува рамнокрак триаголник со дебели краци во кој е впишан мрежесто исполнет триаголник **(Сл. 12: е)**. Потоа следува, мрежесто исполнет рамнокрак

триаголник со дебели страни **(Сл. 12: ж)**, а како последна варијанта се издвојува рамностраниот триаголник со дебели страни во кој е впишан мрежесто исполнет триаголник **(Сл. 12: з)**.




**Сл. 12.** Видови на „висечки триаголници“ присутни на мат сликаната керамика од Охрид.

## 2. „Сложен висечки триаголник“

Од причините кои беа наведени погоре, оваа варијанта ја издвоивме како посебен мотив и таа го носи називот „сложен висечки триаголник“ **(Сл. 13.)**. Тој претставува втор најчестокористен мотив кој на локалитетот Плаошник е евидентиран во 14 случаи. Овој мотив, без исклучок, се јавува на телото од садовите, протегајќи се од рамото надолу, и тоа прикажан во хоризонтална низа.

Мотивот е изведен како рамнокрак триаголник со дебели краци, кој може да е со кратка или со издолжена форма **(Сл. 13: спореди а со а1 и б со б1)**. Во него е впишан полн триаголник, а останатиот простор е исполнет со повлекување на тенки линии, најчесто по три од двете страни, кои се паралелни на краците. Во првата подваријанта линиите се допираат, со што се добива изглед на „бесконечна“ слика, односно триаголник во триаголник **(Сл. 13: а, а1)** додека во втората, се пресекуваат при врвот со што овој дел добива изглед на мрежесто исполнет ромб **(Сл. 13: б, б1)**. Бројот на повлечени тенки

линии може да варира од две до пет. Понекогаш бројот на овие тенки линии не е ист од едната и од другата страна. Тешко е да се каже дали оваа појава има одредено значење или претставува случајност, со оглед на фактот што, главно, мотивот е фрагментарно сочуван, а само во еден случај низата е делумно зачувана и тоа на реконструираниот амфороиден сад од локалитетот Плаошник **(кат. бр. 159/Пл)**.

Последен вид на „сложен висечки триаголник“ е рамностраниот триаголник со дебели страни во кој четири пати е впишан триаголник. Првиот е со тенки краци, вториот со дебели, третиот со тенки, а последниот е полн триаголник. Со тоа повторно се добива впечаток на „бесконечна“ слика **(Сл. 13: в)**. Овој мотив делумно го рекоструиравме, па поради тоа постои можност, макар и мала, да изгледал малку поинаку **(Сл. 13: в1)**.




**Сл. 13.** Мотивот „сложен висечки триаголник“ присутен на садовите од Плаошник, Охрид.

### 3. „Шаховска табла“ и „коса шаховска табла“

Мотивот „шаховска табла“[139] и „коса шаховска табла“ **(Сл. 14.)** скоро без исклучок се сретнува на вратот од садовите, а во еден случај на рачка **(види кат. бр. 15/СТ)**. Во досегашните македонски археолошки трудови, доминантно се користи изразот „шах поле“ или „шаховско поле“. Во овој труд го предлагаме називот „шаховска табла“, од проста причина, што под терминот „поле“ се подразбираат засебните, поделени површини на таблата, односно „црно и бело поле“.

Првата варијаната на „шаховската табла“ **(Сл. 14: а, б, в)**, се изведува во квадратна или правоаголна рамка, најпрво преку повлекување на хоризонтални и вертикални паралелни линии со чие пресекување се добиваат полињата на таблата, кои можат да бидат квадратни **(Сл. 14: а)** или правоаголни **(Сл. 14: б, в)**. Потоа полињата наизменично се пополнувани со боја. Ова е доминантниот начин на изведба на овој мотив, но евидентиравме уште два начина на негово сликање. Во еден случај се повлечени само вертикални паралелни линии, додека „црните“ полиња се нанесувани слободно **(види кат. бр. 96/Пл)**. Во вториот случај сите „црни“ полиња се слободно нанесувани без претходно формирање мрежа **(види кат. бр. 90/Пл)**. Кога мотивот е изведен правоаголно, тој може да биде и со вертикално протегање **(Сл. 14: в)**.

Втората варијаната – „коса шаховска табла“ **(Сл. 14: г, д, ѓ)** се изведува на истиот начин како и првата, со таа разлика што се повлекуваат коси паралелни линии, при што се добива мрежа од ромбоидни полиња. „Таблата“ може да е во форма на ромб **(Сл. 14: г)** или на правоаголник **(Сл. 14: д, ѓ)**.




**Сл. 14.** Мотивот „шаховска табла“ присутен на садовите од Охрид.

[139] Во трудовите објавени на англиски јазик, за истиов мотив се сретнува и подеднакво соодветниот термин - “checkerboard”– односно „табла за дама“.

## 4. „Гирланда“

Мотивот „гирланда“ **(Сл. 15.)** се сретнува исклучиво кај два вида садови. Од една страна, под работ на устината кај калотестите длабоки чинии-паници и од друга – на рамото на садови чиј облик засега не може со сигурност да се утврди но, судејќи според засега познатите садови **(види стр. 412, Сл. 128.)**, секако се работело за кантароидни или амфороидни примероци. Овој мотив се јавува во две варијанти.

**- „Гирланда“- варијанта 1**

Оваа варијанта се состои од следните елементи: хоризонтална дебела линија под која се изведува низа од двојни „венци“ преку повлекување на две концентични полукружни линии чиј облик варира од кружен до елипсоиден **(Сл. 15: а, б, в, г)**. Кај одредени фрагменти, помеѓу „венците“ е забележлива вертикална линија **(Сл. 15: а, со предложен начин на повторување)**. Поради степенот на сочуваност на фрагментите, тешко е да се каже дали оваа вертикална линија била присутна и на останатите садови кај кои се сретнува овој мотив.

**- „Гирланда“- Варијанта 2**

Варијантата 2 се сретнува исклучиво кај калотестите чинии-паници, а се состои од дебела хоризонтална линија под која е изведена низа од единечни „венци“ и тоа со повлекување на полукружни линии **(Сл. 15: д)**.




**Сл. 15.** Варијанти од мотивот „гирланда“ присутни на садовите од Охрид.

**5. „Сложена правоаголна композиција со триаголници“**

Мотивот „сложена правоаголна композиција со триаголници“ **(Сл. 16.)** се појавува исклучиво на вратот од садот и тоа сместен во рамката на помошниот мотив „правоаголно поле“ **(Сл. 21.)**. Евидентиран е само на лок. Плаошник, а се јавува во две варијанти.

**- Варијанта 1**

Во вертикално поставено правоаголно поле се изведени четири низи од триаголници одделени со три појаси составени од две дебели линии меѓу кои се наоѓа уште една тенка. Низите се составени од четири триаголници долж чија средина е повлечена вертикална линија која ги дели на два дела. Прикажани се наизменично, во огледална рефлексија, од кои долната низа е со „исправени“ триаголници, а горната со „висечки“ **(Сл. 16: а)**.

**- Варијанта 2**

Оваа варијанта е фрагментарно сочувана **(Сл. 16: б)** и се состои од две низи триаголници од кои долната е со „исправени“ триаголници, а горната со „висечки“. Во долниот ред, првиот и третиот триаголник од лево се поделени на половина, а на основата на вториот и четвртиот е повлечена кратка вертикална цртка. Според видливите остатоци, горната низа била со „висечки триаголници“ поделени на половина. Двете низи се разделени со појас составен од три тенки линии. Под долната низа се повторува истиот појас, а под него има низа од мали полни триаголници. Целата композиција е од двете страни омеѓена со по една тенка вертикална линија која ги сече појасите со три линии, а до нив се наоѓаат дебели линии на кои се „прилепени“ коси дебели цртички – „реси“, завртени со врвовите нагоре. За некогашниот целосен изглед на овој мотив приложуваме две можни решенија **(Сл. 16: б1, б2)**.




**Сл. 16.** Мотивот „сложена правоаголна композиција со триаголници“ присутен на садовите од Плаошник.

**6. „Сложена правоаголна композиција со ромбови“**

Мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ **(Сл. 17.)**, во најголем број од случаите е изведен на вратот од садот, а се сретнува и на Плаошник и на Самоилова Тврдина.

Мотивот се состои од централна правоаголна рамка која се протега вертикално, во чија внатрешност се испреплетуваат коси паралелни линии, со што се добиваат ромбоидни и триаголни полиња, односно низи составени од овие елементи. Ромбовите се секогаш мрежесто шрафирани, а триаголниците полно обоени. Паралелно со бочните страни на правоаголната рамка, повлечена е по една тенка линија, додека од двете страни целата композиција е омеѓена се полни вертикални линии на кои се „прилепени“ коси дебели цртки – „реси“, за чиј врв не може со сигурност да се тврди дали бил завртен нагоре или надолу. Поради тоа, понудени се двете можни решенија **(Сл. 17.)**. Евидентиравме две варијанти од овој сложен мотив.

**- Варијанта 1**

Оваа варијанта може со поголема сигурност да се рекоструира **(Сл. 17: а, в)**, а се состои од сите горепспомнати елементи, со тоа што централната правоаголна рамка е поделена на два дела. При тоа, во секој од нив по двапати се повторува истата вертикална низа составена од два триаголника поставени со основата ориентирана кон горната или долната страна и ромб помеѓу нив. На примерокот од Плаошник двата дела се разделени со две тенки хоризонтални линии **(Сл. 17: а)**, додека на оној од Самоилова Тврдина – со една **(Сл. 17: в)**. Друга забележлива разлика е тоа што првата композиција е изведена позбиено, а втората поразвлечено.

**- Варијанта 2**

Сè што беше кажано во основниот опис за овој мотив, важи и за оваа варијанта, со напомена дека, во овој случај, не е можна негова целосна реконструкција, односно не може со сигурност да се утврди целосното протегање на низата од ромбови. Средишниот дел на композицијата се состои од верикална низа со ромбови чии странични темиња се допираат со врвовите на тапоаголни триаголници. Оваа варијанта се сретнува на Плаошник **(Сл. 17: б)** и на Самоилова Тврдина **(Сл. 17: г)** и тоа изведена скоро на идентичен начин. Единствена разлика е тоа што на примерокот од Плаошник, низата е

дополнително одвоена од страничната рамка со тенки вертикални линии при што „ресите“ се подебели.

Истиот мотив се јавува на уште еден фрагмент од лок. Самоилова Тврдина, и тоа изведен на сличен начин како кај оној од Плаошник, со таа разлика што тука средишната низа е изведена само од ромбови т.е. косо поставени квадрати, при што „ресите“ се нанесени со потенки потези **(Сл. 17: спореди б со д)**.




**Сл. 17.** Варијанти од мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ присутни на садовите од Охрид.

На еден фрагмент од Плаошник, евидентиран е мотив сроден на оваа композиција, но со хоризонтално протегање, повторно изведен на вратот од садот. Тука, во подебела правоаголна рамка е прикажана низа од ромбови, всушност косо поставени квадрати, кои од горе и од долу се допираат со врвовите на мали празни триаголници. На долната и на горната страна од правоаголната рамка се нижат „реси“ оформени од коси цртки **(Сл. 18.)**.



**сл. 18.** Мотив од фр. **137/Пл**, Плаошник, Охрид.

### 7. „Дрво“

Мотивот „дрво“ се јавува исклучиво на вратот од садовите. Претставува крајно стилизиран растителен мотив образуван од полна или тенка линија која се протега вертикално или косо нагоре, а го означува „стеблото“ кое од двете страни е дополнето со цртки ориенитирани нагоре **(Сл. 19: а, б, в)** или надолу **(Сл. 19: г)**. Во еден случај „стеблото“ е изведено со две тенки паралелни линии кои се протегаат вертикално, а се оформени од коси цртки ориентирани надолу **(Сл. 19: г)**.




**Сл. 19.** Мотивот „дрво“ присутен на садовите од Плаошник, Охрид.

### 8. „Малтешки крст“

„Малтешки крст“ **(Сл. 20.)** претставува композитен крстобразен мотив составен од повеќе елементи. Од него издвоивме четири варијанти а, за разлика од претходно спомнатите мотиви за кои постоеше строго правило за местото на изведба, овој мотив го идентификувавме на најразлични делови од садот.

Првиот тип се јавува на средишниот дел од рачка на амфора и е составен од полн ромб т.е. косо поставен квадрат на чии темиња се надоврзуваат рамнострани полни триаголници **(Сл. 20: а)**. Вториот е изведен под внатрешниот раб на устината и е составен од мал полн ромб на чии темиња се допираат врвовите на разнострани полни триаголниции **(Сл. 20: б)**. Третата варијаната, која делумно ја реконструиравме, е прикажана на врат од сад и е образувана од ромбоид, мрежесто исполнет, на чии темиња се допираат врвови на полни разнострани триаголници со што се добива впечаток на

динамика (движење), поради што овој мотив се доближува со изгледот на свастика **(Сл. 20: в)**. Четвртиот тип се наоѓа на рамото од сад (бокал со засечен врат) и е составен од косо поставен квадрат  кој е мрежесто исполнет, на чии темиња се надоврзуваат триаголни полиња. Страничните две се изведени како полни неправилни триаголници налик на рибина опашка. Горниот триаголник е поделен на два дела преку повлекување на линија паралелна на левиот крак. Левиот дел е трапезоид и е исполнет со тенки линии паралелни на левиот крак, додека десниот е рамностран триаголник исполнет со тенки линии паралелни на десниот крак. Долниот крак на „малтешкиот крст“, кој го реконстуиравме, е изведен како огледална рефлексија на горниот **(Сл. 20: г)**.




**Сл. 20.** Варијанти од мотивот „малтешки крст“ присутни на садовите од Охрид.

**b. Помошни ликовни мотиви-орнаменти**

Под категоријата „помошни ликовни мотиви-орнаменти“ ги подразбираме оние елементи кои, според наше мислење, немаат примарен стасус во рамки на самата композиција, туку имаат функција да ја разграничат, обрамат и да ја „дообјаснат“ целата структура. За нив ја предлагаме следната поделба:

**1. Дебела и тенка линија**

Дебелата и тенката линија **(Сл. 22: а)** се најбазичните помошни „орнаменти“, чија цел е очевидна и се состои во разграничуваањето т.е. дефинирањето на зоните на садот или одделните орнаментни целини.

**2. „Правоаголно поле“**

Помошниот мотив „правоаголно поле“ **(Сл. 21.)**, без исклучок се изведува на вратот од садот – од самиот раб на устината до рамото, најмногу на садовите со две рачки и тоа кантароидни и амфороидни, или пак со една рачка во форма на бокали со засечен врат. При тоа, во вториот случај, мотивот ги следи контурите на садот поради што се губи неговиот правоаголен облик. Тој никогаш не продолжува под рачките, туку од двете страни на садот се изведени посебни „полиња“. Овој мотив претставува „рамка“ во која се слика некој од основните ликовни мотиви. Стеснетата варијанта често се изведува и на рачките. „Правоаголното поле“ е заградено со бочни дебели линии и горен и долен хоризонтален појас. Горниот се состои од две дебели линии меѓу кои се наоѓа уште една тенка, додека долниот е составен од две дебели линии меѓу кои се наоѓаат три тенки. Иако ова е најчестата варијанта, бројот на тенки линии во двата појаса може да варира, но никогаш не е повеќе од пет. И во овој случај, поради фрагментираноста, не сме во можност да утврдиме некаков шаблон или правило на изведба на наведените појаси.



**Сл. 21.** Помошниот мотив „правоаголно поле“ присутен на садовите од Охрид.

### 3. Триаголник

При користењето на терминот „триаголник“ вообичаено го подразбираме „исправениот“ триаголник поставен со врвот нагоре. Овој помошен мотив може да е рамностран или рамнокрак, а се јавува како празен, полн, шрафиран (косо или мрежесто) и впишан еден во друг **(Сл. 22: б)**. Тој се јавува на различни делови од садот, најчесто групиран во хоризонтални или вертикални низи, еднородни или во комбинација со ромб, и тоа како дел од композиција, а поретко и како самостоен.

### 4. Ромб

Ромбот може да е поставен вертикално или хоризонтално, понекогаш со приближно еднакви страни, така што потсетува и на косо поставен квадрат. Во некои случаи е изведен неправилно – во вид на ромбоид. Се јавува како празен, полн, шрафиран (претежно мрежесто, а поретко косо), исполнет со „точки“ или со куси цртки, а пак во еден случај – впишан еден во друг **(Сл. 22: в, г, д)**. Ромбот се јавува на различни делови од садот, најчесто во низи и тоа хоризонтални или вертикални, еднородни или во комбинација со триаголник. Најчесто е во состав на посложени композиции, а поретко и самостоен.




**Сл. 22.** Основни помошни мотиви присутни на сликаните садови од Охрид.

## 5. „Јаже“

Помошниот мотив „јаже“ е изведуван под самиот раб на устината, на вратот од садовите и на спојот на вратот со рамото. Неговата функција е да разграничува, односно, дефинира. Се сретнува и во дуплирана варијанта за која го користиме изразот „**двојно јаже**“ **(Сл. 23: а1)**. Составен е од две хоризонтални или вертикални паралелни тенки линии чиј меѓупростор е исполнет со куси паралелни цртки **(Сл. 23: а, а2)**.

## 6. „Решетка“ и „скала“

Со поимите „решетка“ и „скала“ практично се именува ист елемент, со таа разлика што, кога е хоризонтално поставен го користиме терминот „решетка“ **(Сл. 23: б, в)**, а ако е вертикален – „скала“ **(Сл. 23: б1, в1)**. Како што беше случај со мотивот „јаже“, функцијата на овие елементи се стои во разграничувањето. Овие орнаменти се составени од две хоризонтални или вертикални паралелни тенки линии чиј меѓупростор е исполнет со куси паралелни цртки **(Сл. 23: б1)**. Се јавува и во двојна хоризонтална варијанта за која го користиме изразот „**двојна решетка**“ **(Сл. 23: б)**, или пак како низа од полни квадрати **(Сл. 23: в, в1)**.




**Сл. 23.** Помошните мотиви „јаже“, „решетка“ и „скала“ присутни на сликаните садови од Охрид.

**с. „Логограми-идеограми“**

Со поимот „логограми-идеограми“ **(Сл. 24.)** се опфатени ограничен број орнаменти кои се сретнуваат на мат сликаните садови од локалитетот Плаошник во Охрид. Констатирани се во девет случаи, односно на девет фрагменти. Доминантно се присутни на вратот од садовите и тоа во пет случаи **(Сл. 25: а, в, г, д, е)**, двапати на рачки **(Сл. 25: ѓ, ж)**, еднаш меѓу спојот на хоризонталната рачка со телото од садот **(Сл. 25: б)** и под внатрешниот раб од устината на садот **(Сл. 25: з)**. Се јавуваат и самостојно, навидум без поврзаност со останатите прикажани мотиви, значително отскокнувајќи од вообичаениот репертоар на орнаменти. Поради овој факт, но и поради самиот изглед кој потсетува на писмени знаци од различни писмени системи од Стариот свет, на мислење сме дека, можеби овие „знаци“ претставуваат логограми, односно, идеограми кои прикажуваат збор, идеја/концепт, симбол, можеби и буква **(за ова види стр. 351-355)**. Досега идентификувавме десет различни знаци и тоа: „**ѕвезда**“ **(Сл. 24: а)**; „**W**“ (**Сл. 24: б)**; „**развиено W**“ **(Сл. 24: в)**; „**брановидна црта**“ **(Сл. 24: г)**; „**двојна вертикална брановидна црта**“ **(Сл. 24: д)**; „**стрелка**“ **(Сл. 24: ѓ)**; „**лабрис**“ **(Сл. 24: е)**; „**дрво**“ односно „**елово гранче**“ **(Сл. 24: ж)**; „**ромб со крилца**“ **(Сл. 24: з)** и „**песочен часовник**“ **(Сл. 24: ѕ)**.

И покрај постоењето сомнеж во однос на ориентацијата на знакот „стрелка“, сепак, поради степенот на сочуваност на фрагментот (рачка), поголема е веројатноста дека бил завртен со врвот нагоре. Знакот „лабрис“ е евидентиран во две варијанти – „празен“ и „полн“. Во наредните редови ја наведуваме бројната застапеност на посочените знаци: „ѕвездата“, „брановидната црта“, „развиеното W“, „двојната вертикална брановидна црта“, „дрвото“ односно „еловото гранче“ и „песочниот часовник“ се јавуваат по еднаш на шест различни садови **(Сл. 25: а, в, г, д, з, ѕ)**; „стрелката“ – двапати на истиот фрагмент од рачка која припаѓала на сад **(Сл. 25: ѓ);** „ромбот со крилца“ – двапати на ист сад и тоа под внатрешниот раб на устината **(Сл. 25: з)**; знаците „W“ **(Сл. 25: б, в)** и „лабрис“ **(Сл. 25: е, ж) –** во два случаја, односно на два фрагменти од различни садови. Два различни знаци на ист сад се присутни само во еден случај и тоа „W“ и „брановидна црта“ **(Сл. 25: в)**, а три – повторно во еден случај и тоа „дрво“ односно „елово гранче“, „ромб со крилца“ и „песочен часовник“ **(Сл. 25: з).**




**Сл. 24.** „Логограми-идеограми“ присутни на садовите од Плаошник, Охрид.




**Сл. 25.** Садови од Плаошник, Охрид, со логограми-идеограми (истакнати со црна боја).

## 2. Анализа на стилот и на ликовните мотиви и композиции на мат сликаните садови од Охрид

### а. Стилска анализа

Општо земено, стилот со кој биле сликани садовите од оваа категорија, може да се нарече геометриска апстракција. За разлика од синхроната хеленска геометриска керамика, каде геометриските мотиви се користени како зони за раздвојување помеѓу кои се сликаат стилизирани човечки, животински и растителни претстави, на мат сликаната керамика од раното железно време не се прикажувани слики од живиот свет. Овие карактеристики важат и за садовите од Охрид. Единствен исклучок од ова правило се крајно стилизираните растителни претстави кои се сретнуваат на четири фрагменти од

лок. Плаошник, Охрид, а ги нарековме мотив „дрво“ **(види: стр. 296 и Сл. 26: а)** и на нив многу сличните изведби од лок. Малиќ, Бобушти (Платанија), Вица **(Сл. 26: б, в, г)**, како и еден постар пример од крајот на доцното бронзено време од долното Повардарие (лок. Вардарофца/Аксиохори) **(Сл. 26: д)**. Прикажувањето на човечки претстави на мат сликаните садови е исклучително ретко, така што, од целокупниот репертоар ни е позната една крајно стилизирана тријада од човечки претстава од Пелагонија – лок. Бел Камен, с. Живојно **(Сл. 27. - лево)** и уште една таква претстава од блиската Корчанска Котлина – лок. Малиќ **(Сл. 27. - десно).**[140] Мотивите на мат сликаните садови се скоро без исклучок праволиниски. Од криволиниските мотиви единствено се јавува брановидната линија, евидентирана само во еден случај, на фрагмент од лок. Плаошник - **кат. бр. 122/Пл** и нешто почесто мотивот „гирланда“ **(види: стр. 292)**.




**Сл. 26.** Мотивот „дрво“: **а** – Плаошник, Охрид, Македонија; **б** – Малиќ, Корча, Албанија; **в** – Вица, Епир, Грција; **г –** Бобушти (Платаниа), Кожани, Грција; **д** – Вардарофца (Аксиохори), Кукуш, Грција.

[140] Andrea, Zh. 2005, 57, TAB.XVI – 1.



**Сл. 27.** Стилизирани човечки претстави: **лево-** лок. Бел Камен, с. Живојно, Битола, Македонија; **десно-** фр. од населбата Малиќ, Корча, Албанија.

Сликањето на садовите се изведувало со четка и тоа со слободна рака, без употреба на шаблон, линеар или каков и да е друг помошен прибор. Од стилски аспект, цртежот не се одликува со некоја особена прецизност, но и покрај овој недостаток, крајниот резултат изгледа складно и е пријатен за око. Според анализата на орнаментиката презентирана во претходниот дел од текстот, може да се каже дека, во најголем дел, сликањето на садовите е проследено со јасни правила т.е. канони, кои биле спроведувани прилично стриктно. Тоа значи дека одредени мотиви се појавувале секогаш на истите делови од садот и тоа во логична, „органска“ врска со неговиот облик. И покрај големата фрагментираност, кај садовите од Охрид може да се насети симетричност во изведбата и распоредувањето на орнаментите. Овој принцип го потврдуваат и целосно зачуваните мат сликани садови од поширокиот регион. Сепак, во поретки случаи, се сретнуваат и примери со несиметрични композиции.

### b. Анализа на ликовните мотиви и композиции

Во ова поглавје се презентирани резултатите од извршената идентификација, класификација и реконструкција на мотивите изведена според зачуваните елементи (во случаи каде за тоа имаше можност) или врз основа на споредбени анализи (синхрониски и дијахрониски) со соодветни археолошки и етнографски аналогии. Класификацијата на мотивите подразбира нивна распределба според местото што го зафаќаат во рамки на садот. Изведено е и утврдување на фреквентноста на нивното појавување и определување на кој дел од садот има најголема разноликост на мотиви. Кога се користи терминот

„садот“, се мисли во општа смисла, бидејќи, поради големата фрагментираност, во најголема мера, не беше можно да се направи идентификација на обликот на садовите, поради што сите мотивите се опфатени во заеднички табеларен преглед. Иако дел од овие анализи веќе беа на извесен начин спомнати во претходната глава, тука тоа ќе биде направено подетално и попрецизно, преку опфаќање на сите апострофирани аспекти. Поради поголема прегледност, се решивме мотивите од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина да ги обработиме посебно, па поради тоа тие се претставени во посебни табели. Во нив се опфатени орнаменти од двете претходно спомнати категории - „основни ликовни мотиви“ и „помошни ликовни мотиви-орнаменти“ и тоа поделени во седум категории според местото (зоните) на садот во кои се јавуваат. Во една табела се опфатени следните зони: „**горен дел од садот (под устината)**“, „**врат**“, „**рамо**“ и „**тело (од рамото надолу)**“, додека во друга – зоните „**под внатрешниот раб на устината**“, „**горната површина на устината**“ и „**долната површина на устината**“. Иако мотивите од категоријата „логограми-идеограми“ не се вклучени во табеларниот преглед, на дел од нив им е сепак обратено посебно внимание **(види стр. 351-355)**. Истото важи и за орнаментите кои не можеа да се реконструираат, како и оние за кои, поради степенот на сочуваност, не можеше да се утврди на кој дел од садот припаѓале. Но, дел од овие мотиви сепак ќе бидат посебно разгледани.

**- Преглед на ликовните мотиви присутни на Плаошник**

На лок. Плаошник, најголема разноликост на мотиви е идентификувана на вратот од садовите и тоа вкупно 29 различни мотиви **(види Таб. 2: втора колона)**:

- 4 варијанти од мотивите „шаховска табла“;
- 4 варијанти од мотивот „дрво“;
- 2 варијанти од мотивот „сложена правоаголна композиција со триаголници“ и
- 19 индивидуални мотиви.

На второ место според бројноста на мотивите е телото на садовите (од вратот надолу) со вкупно 22 **(види Таб. 2: четврта колона)**:

- 18 варијанти од мотивите „висечки триаголник“;
- две варијанти од мотивот „сложен висечки триаголник“ и
- два индивидуални мотива.

На трето место е рамото со вкупно 15 примери **(види Таб. 2: трета колона):**

- две варијанти од мотивот „јаже“;
- две варијанти од мотивот „решетка“;
- две варијанти од мотивот „гирланда“ и
- 9 индивидуални мотиви.

Најмалку мотиви се идентификувани во горниот дел од садот под устината и тоа вкупно 11 **(види Таб. 2: прва колона)**:

- 4 варијанти од мотивот „гирланда“ и
- 7 индивидуални мотиви.




**Таб. 2.** Мотиви присутни на садовите од Плаошник, Охрид.

За мотивите присутни на устината може да се каже следново:

- Најмногу различни мотиви се идентификувани во делот под внатрешниот раб на устината, вкупно 9 **(види Таб. 3: прва колона)**;
- Следува горната површина на устината со 7 **(види Таб. 3: втора колона)**;
- Додека, на долната површина од устината е потврден само еден пример на присутво на декоративен мотив **(види Таб. 3: трета колона)**.




**Таб. 3.** Мотиви присутни на устината од садовите од Плаошник, Охрид.

**- Преглед на ликовните мотиви присутни на Самоилова Тврдина**

На лок. Самоилова Тврдина најголема разноликост на мотиви е идентификувана на вратот од садовите и тоа вкупно 13 различни мотиви **(види Таб. 4: втора колона).**

На второ место според бројноста на мотивите е телото од садовите (од вратот надолу) со вкупно 8 **(види Таб. 4: четврта колона)**:

- 6 варијанти од мотивот „висечки триаголник“ и
- два индивидуални мотива.

На трето место е рамото со вкупно 4 различни мотиви **(види Таб. 4: трета колона)**.

Најмалку мотиви се идентификувани во горниот дел од садот под устината и тоа вкупно 2 **(види Таб. 4: прва колона)**.




**Таб. 4.** Мотиви присутни на садовите од Самоилова Тврдина, Охрид.

За мотивите присутни на устината може да се каже следново:

- Најмногу различни мотиви се идентификувани во делот под внатрешниот раб на устината, вкупно 5 **(види Таб. 5: прва колона)**;
- Следува горната површина на устината со 4 **(види Таб. 5: втора колона)**;
- Додека, на долна површина на устината декоративен мотив е потврден само во еден случај **(види Таб. 5: трета колона)**.

| Под внатрешниот раб на устината | Горната површина на устината | Долната површина на устината |
|---|---|---|
|  |  |  |
|  |  | |
|  |  | |
|  |  | |
|  | | |

**Таб. 5.** Мотиви присутни на устината на садовите од Самоилова Тврдина

**- Општи заклучоци од анализата на орнаментиката**

Од приложениот преглед на мотивите од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид, можат да се донесат неколку заклучоци. Прво, судејќи според сличните вредности на процентуална застапенот на разните орнаменти присутни на различни делови од садот **(види Граф. 1. и 2.)**, може да се каже дека постоело одредено „правило“ за сликање на одделните зони на садот. За дел од нив важела поголема „слобода“, односно поголема разновидност при изборот на орнаментите, што особено се однесува на вратот, додека за другите делови, како на пример телото (почнувајќи од рамото надолу), изборот на мотиви е поограничен. Во последниов случај тоа е сосема јасно, бидејќи овој простор е

резервиран за носечкиот мотив присутен на мат сликаните садови во Охрид и Македонија, а тоа е „висечкиот триаголник“. Неговата доминација е јасна и според богатството на варијации (18 на Плаошник и 6 на Самоилова Тврдина) и вкупно 22 различни варијанти во Охрид. Доминантниот карактер на овој орнамент е особено очевиден кога ќе се наведе неговата процентуална застапеност. Имено, од вкупно 158 раножелезнодобни фрагменти од Плаошник, тој е евидентиран на 88, односно приближно на 55.5% од нив, додека на Самоилова Тврдина, од вкупно 45 фрагменти евидентиран е на 28 или приближно на 61%.




**Граф. 1.** Процентуална застапенот на различните мотиви во однос на делови на садот.




**Граф. 2.** Процентуална застапенот на различните мотиви во однос на делови на садот.

Веќе беше истакнато дека поради високиот степен на фрагментираност на садовите од Охрид, кај најголем дел од нив не е можно да се направи идентификација на обликот. Таквата состојба воедно не дозволува изведување заклучоци и во однос на специфичната застапеност на одредени орнаменти кај одделните форми на садови. Но, и покрај овој хендикеп, сепак, може да се извлечат неколку општи заклучоци. Така, на пример, од осум фрагменти за кои претпоставуваме дека припаѓале на длабоки калотести чинии-паници **(види стр. 416-417)**, четири од нив се декорирани на ист начин **(кат. бр. 52, 110, 114, 129/Пл.)** при што под работ на устината се протега мотивот „гирланда“ **(види Сл. 28.)**. Според тоа, може да се претпостави дека ова бил доминантниот начин за декорирање на овој вид садови.




**Сл. 28.** Длабоки чинии – паници од Плаошник, Охрид.

Уште една јасна ситуација може да се согледа кај декорирањето на вратот од бокалите со засечен врат. Од четирите евидентирани фрагменти на лок. Плаошник **(кат. бр. 58, 105, 125, 126/Пл)** кај сите примероци, по рабовите на вратот е изведена бордура налик на мотивот „правоаголно поле“ **(види стр. 298 и Сл. 29.)**. Слично изведена рамка е присутна и кај единствениот со сигурност потврден бокал со засечен врат од лок. Самоилова Тврдина **(кат. бр. 35/СТ)**, иако во овој случај таа не доаѓа толку до израз поради густо насликаниот мотив **(види Сл. 29.)**.




**Сл. 29.** Бокали со засечен врат од Охрид.

Се чини дека помошниот мотив „правоаголно поле“ бил наменет и за вратот на кантароидните и амфороидните садови, при што во него се сликал главниот мотив. Како пример може да послужи реконструираниот амфороиден сад од Плаошник **(кат. бр. 158/Пл)**, како и неколку фрагменти од Плаошник и Самоилова Тврдина **(кат. бр. 34, 41, 120, 121/Пл и 28/СТ) (Сл. 30.)**.




**Сл. 30.** Мотивот „правоаголно поле“ на вратот од садови од лок. Плаошник (лево и средина) и Самоилова Тврдина (десно).

Мотивот „јаже“ **(види стр. 300)** е најчест на рамената од садовите, и тоа во функција на разделувач на композицијата на вратот од онаа на мевот. На лок. Плаошник е регистриран во десет случаи **(кат. бр. 6, 10, 12, 15, 28, 42, 62, 66, 118, 127/Пл) (Сл. 31.)**.




**Сл. 31.** Мотивот „јаже“ на фр. од лок.Плаошник, Охрид.

Веќе беше споменато дека најчестиот мотив на мевот од садовите (поточно кажано во зоната што се протега од нивните рамена надолу) е „висечкиот триаголник“ и тоа косошрафиран од лево кон десно.

Како последен заклучок од оваа анализа, може да се наведе дека кај садовите од обата локалитети (без разлика на нивната форма) доминантен концепт за декорирање на горната површина од устината, и особено делот под нејзиниот внатрешен раб, се состоел во хоризонтално редење на низа од мали полни „висечки триаголници“, која малку наликува на запци **(кат. бр. 65, 108, 116, 118, 142/Пл и 18, 19, 41, 44/СТ) (Сл. 32.)**.




**Сл. 32.** „Запци“ под внатрешниот раб на устината на фр. од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина.

**- Анализа на мотиви кои не се вклучени во табеларниот преглед**

Во овој дел се претставени мотиви присутни на фрагменти од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина за кои, поради степенот на сочуваност, не беше можно да се утврди на кој дел од садот припаѓале, како и мотиви или композиции кои не можеа да се реконстуираат во целост.

**Плаошник**

Фрагмент со **кат. бр. 23/Пл**, кој припаѓал на поголем сад, можеби дел од мевот. На него е видлив праволиниски мотив кој можеби прикажувал концентрични квадрати или меандар **(Сл. 33.)**.



**Сл. 33.** Фр. од Плаошник **(23/Пл)**.

Фрагментот со **кат. бр. 44/Пл**, орнаментиран под работ на устината. На него е прикажан неправилен мрежест мотив за кој не пронајдовме аналогии **(Сл. 34.)**.



**Сл. 34.** Фр. од Плаошник **(44/Пл)**.

Фрагменти со **кат. бр. 45 и 75/Пл**, од кои првиот можеби е дел од рамо, додека вториот – врат на сад. На нив се видливи остатоци од неправилен мотив изведен со повлекување на куси црти во низа (хоризонтална и вертикална) во вид на реси, прилепени на полна линија. Како најблиска аналогија можат единтсвено да се приложат фрагменти од мат сликани садови од доцното бронзено време, пронајдени во праисториските слоеви од Олинт на Халкидик **(Сл. 35.)**.




**Сл. 35.** Споредба на мотивот од фрагментите од Плаошник **(45 и 75/Пл)** со фр. од праисториски Олинт, Халкидик, Грција.

Сличен мотив со „реси“, изведени во два хоризонтални реда, се наоѓа на фрагментот со **кат. бр. 78/Пл** кој припаѓал на рамо од сад. Како приближна аналогија може да се посочи фрагмент од лок. Кастанас, од слојот 12, што одговара на преодниот период од бронзеното во железото време (1150 – 1050 пред н.е.) **(Сл. 36.)**.[141]






**Сл. 36.** Споредба на орнаментот присутен на фр. од Плаошник **(78/Пл)** со фр. од лок. Кастанас (десно).

За двата фрагмента со **кат. бр. 56/Пл**, не само што не може да се утврди на кој дел од садот припаѓале, туку не може со сигурност да се тврди ни дека воопшто биле дел од сад. Надворешната површина им е изведена според вообичаениот манир за мат сликаните садови – измазнета и премачкана со премаз на кој е изведено сликањето. Но, збунува бојата на печење налик на вар и внатрешноста која е необично груба и нерамна (се забележуваат дури и жлебови) **(Сл. 37.)**. Ова нѐ наведува на помислата дека можеби станува збор за „оплата“ изведена врз грубо плетена подлога од гранчиња или трска, односно дел од ѕидна или друг вид на архитектонска декорација. За оваа појава не успеавме да пронајдеме аналогија, која евентуално би ја поткрепила претходната констатација. Сепак, не е исклучено да се работи за необично грубо обликуван сад. На помалиот фрагмент е изведен мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ (**види стр. 294-295 и Сл. 38.)**, кој делумно го реконструиравме.

[141] Weninger, B., Jung, R. 2009, 404-405, Tab. 4a и 4b.



**Сл. 37.** Профил и внатрешност на фр. **56/Пл**.





**Сл. 38.** реконструкција на мотивот присутен на фр. **56/Пл**.

Фрагментот со **кат. бр. 134/Пл** припаѓал на голем сад, чиј облик не може да се определи. Имал голема вертикална рачка со овален пресек која е зачувана во горниот дел, кај нејзиниот спој со устината (ширина 6.2 см). Во овој случај мат сликаната декорација е изведена во внатрешниот дел од садот **(Сл. 39.)**.



**Сл. 39.** Фр. од Плаошник **(134/Пл)**.

Фрагмент од врат на поголем сад со **кат. бр. 135/Пл** на кој, во средината, е прикажан правоаголен вертикален мотив, налик на „коса шаховска табла“, чии централни ромбични полиња се исполнети со шрафирање, а страничните триаголни полиња се полно обоени. На средината од необоените ромбоидни полиња се наоѓа по една точка. Од обете бочни страни на овој централен геометриски мотив се видливи остатоци од мрежесто-исполнети орнаменти кои не можат да се реконструираат. Донекаде сличен мотив на ромбови со „точки“, но, се чини со хоризонтално протегање, е присутен на фрагментот од лок. Малиќ, Корча **(Сл. 40.)**.[142]



**Сл. 40.** Фр. од Плаошник **135/Пл** (лево) и Малиќ (десно).

Последниот фрагмент од Плаошник, опфатен во оваа анализа, е со **кат. бр. 144/Пл**, а најверојатно припаѓал на рамо од сад. На него е видлив остаток од мотив во вид на песочен часовник **(Сл. 41.)**.



**Сл. 41.** Фр. од Плаошник **144/Пл**.

[142] Andrea, Zh. 2005, 50, TAB. IX – 5.

**Самоилова Тврдина**

Три фрагменти, од кои првите два со **кат. бр. 5 и 6/СТ** припаѓаат на горен дел од сад, а третиот, со **кат. бр. 30/СТ** – на неодреден дел од садот и исто така со неизвесно протегање на мотивот. На сите три се видливи остатоци од мрежести мотиви, од кои првите два се прилично нејасни, додека третиот можеби бил дел од меандар. Како аналогии можат да се приложат следните три примери: слично мрежесто изведен меандар од лок. Бобушти (Платанија); мрежест мотив од фрагмент на сад пронајден во населбата Малиќ, Корча;[143] меандар на фрагмент од лок. Вардарофца (Аксиохори) од крајот на доцното бронзено време **(Сл. 42.)**.




**Сл. 42.** Мрежести мотиви од Самоилова Тврдина, Охрид, Македонија (горе); меандар од лок. Бобушти (Платанија), Кожани, Грција - (долу лево); мрежест мотив – Малиќ, Корча, Албанија (среде); меандар и „дрво“ од лок. Аксиохори (Вардарофца), Кукуш, Грција (десно).

Фрагментот со **кат. бр. 7/СТ**, припаѓал на поголем сад со непознат облик и нејасно место на протегање на мотивот кој е некарактеристичен – криволиниски, поради што датирањето е неизвесно. Иако за него не успеавме да пронајдеме аналогии, приложуваме негова можна делумна реконструкција **(Сл. 43.)**.

[143]Andrea, Zh. 2005, 43, TAB. II – 4.



**Сл. 43.** Фр. од Самоилова Тврдина **7/СТ**.

За фрагментот со **кат. бр. 20/СТ** не е можно да се одреди на кој дел од садот припаѓал, а исто така е неизвесно и протегањето на мотивот. За него нудиме делумна претпоставена реконструкција според која тој би припаѓал на категоријата „сложена правоаголна композиција со ромбови“ (**види стр. 294-295 и Сл. 44.)**.



**Сл. 44.** Фр. од Самоилова Тврдина **20/СТ**.

Фрагментот со **кат. бр. 31/СТ** припаѓал на непознат дел од садот, при што е неизвесно и протегањето на мотивот. Според остатоците може да се претпостави, макар и прилично резервирано, дека се работело за варијанта на „висечки триаголник“ за чиј изглед нудиме две можни решенија **(Сл. 45.)**.



**Сл. 45.** Фр. од Самоилова Тврдина **31/СТ**.

Последниот фрагмент од Самоилова Тврдина, со **кат. бр. 39/СТ**, можеби припаѓа на дел од рамо на сад. Видливи се остатоци од мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“, за кој нудиме можна реконструкција **(види стр. 294-295 и Сл. 46.)**.



**Сл. 46.** Фр. од Самоилова Тврдина **31/СТ**.

### - Анализа на ликовните мотиви присутни на рачките

Во овој преглед се презентирани сите фрагменти од рачки опфатени во каталогот (вертикални – лентести и прстенести, хоризонтални – потковичести) од локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид. Нивната анализа покажа големо богатство и разновидност на изведените мотиви, кои во најголем дел се триаголници, ромбови и нивни комбинации), потоа праволиниски мотиви (вертикални и хоризонтални), а поретко и криволиниски. За дел од нив, поради малиот степен на сочуваност на рачката, постои извесно двоумење во однос на протегањето на мотивот при што се понудени две решенија **(за Плаошник види Сл. 47. и 48., а за Самоилова Тврдина Сл. 49., напомена: фрагментите се подредени според каталошкиот редослед и не се во ист размер)**.




**Сл. 47.** Вертикални рачки од Плаошник.




**Сл. 48.** Хоризонтални рачки од Плаошник.




**Сл. 49.** Рачки од Самоилова Тврдина.

Во врска со декорирањето на рачките на мат сликаните садови е изнесена следната констатација: „ ... разновидноста на нивното украсување покажува дека овој процес не бил спореден, односно не станува збор за случаен, туку напротив, за свесен избор на орнаменти со јасни естетски критериуми, насочен кон постигнување на симетричен и елегантен резултат.“[144] Според наше мислење, оваа констатација е особено точна во однос на сликањето на верикалните лентести рачки на амфороидните и кантароидни садови. Орнаментиката присутна на нив го следи целокупниот концепт на декорирање на садот, односно рачките се гледаат како заедничка, органска, целина со садот и целата композиција која е на него изведена. Ова може да се илустрира преку единствениот целосен (реконструиран) амфороиден сад од Плаошник **(кат. бр. 158/Пл)** каде мотивот „правоаголно поле“, присутен на вратот, не продолжува под рачките, туку е насликан на самите нив **(Сл. 50: лево)**. Дека ова не е изолиран случај потврдува и фрагментот од кантароиден сад од Плаошник **(кат. бр. 25/Пл)**, а истото може да се насети и на други послабо сочувани фрагменти, како и оние на кои бојата им е доста избледена **(кат. бр.**

[144] Tsonos, A. 2018, 102.

**34/Пл)**. Декорацијата изведена на кантароидниот сад од лок. Марта, с. Зовиќ е можеби најдобрата потврда дека рачките се доживувале како важен дел од садот. Овој случај е особено интересен не само поради богатата орнаментика на рачките, туку и поради тоа што мотивите прикажани на нив претставуваат пресликување, во збиена форма, на целокупниот ансамбл насликан на истиот сад **(Сл. 50: десно, види и стр. 58-59)**.





**Сл. 50.** Орнаменти присутни на рачки: Плаошник **(лево)**; Марта, Зовиќ **(десно)**.

**- Уникатни орнаменти присутни на мат сликаните садови од Охрид**

За дел од насликаните орнаменти присутни на садовите од Охрид не успеавме да пронајдеме соодветни, дури ни приближни, аналогии. Согласно нашите денешни сознанија и сегашниот степен на истраженост, тие претставуваат локални обележја на мат сликаната керамика од Охрид. Станува збор за неколку мотиви. Како прв го наведуваме мотивот на **„сложена правоаголна композиција со триаголници – варијанта 1**“ кој се јавува само во еден случај – на амфороидниот сад од Плаошник **(158/Пл)** и тоа заедно со уште еден уникатен мотив – „**сложен висечки триаголник**“ **(Сл. 51: а)**. Треба да се напомене дека последниов е регистриран на вкупно 14 фрагменти – сите од Плаошник. Мотивот „**сложена правоаголна композиција со триаголници – варијанта 2**“ е регистриран само во еден случај, на фрагмент од поголем сад од Плаошник **(120/Пл) (Сл. 51: б).** Мотивот „**висечки триаголник“ исполнет со точки** се сретнува во три случаи, од кои на два од Плаошник **(102/Пл и 156/Пл)** и на еден од Самоилова Тврдина **(32/СТ) (Сл. 51: в)**. Мотивот **ромб исполнет со точки**, прикажан во хоризонтални или вертикални

низи е регистриран во пет фрагменти од Плаошник **(4/Пл, 8/Пл, 14/Пл, 30/Пл и 150/Пл) (Сл. 51: г)**.




**Сл. 51.** Уникатни сликани мотиви од Охрид.

* * *

Според сите изнесени анализи за начинот на декорирање на мат сликаните садови од раното железно време од Охрид, може да се направи една генеричка реконструкција, заснована на најчестозастапените мотиви кои се појавуваат на одредени делови од садот **(Сл. 52.)**. Описно тоа би изгледало вака:

1. горната површина на устината е целосно обоена;
2. под внатрешниот раб на устината – мали полни „висечки триаголници“ во низа, во вид на запци;
3. врат – врамен во „правоаголно поле“, а во него изведен мотивот „шаховска табла“ (делот под рачките не се слика);
4. рамо – мотивот „јаже“;
5. мев – „висечки триаголници“ во низа, косо шрафирани од лево кон десно и
6. рачки – скусена варијанта на „правоаголно поле“ како продолжение на мотивот изведен на вратот.




**Сл. 52.** Генерички изглед на мат сликана декорација на сад од Охрид.

### 3. Компаративна анализа на орнаментиката на мат сликаната керамика од Охрид со синхрони керамички традиции

#### а. Мат сликана керамика од западен Балкан

Во овој преглед е опфатена споредбената анализа на орнаментиката присутна на охридската мат сликана керамика со географски најблиските региони на западниот Балкан. Веќе беше кажано дека јадрото на производство и дистрибуција на мат сликаната керамика во раното железно време се наоѓа западно од реката Вардар – по текот на р. Бистрица (Халиакмон) и во југозападната (езерска) област на географска Македонија (Охридско, Големо и Мало Преспанско, Островско, Костуско Езеро и некогашното, денес исушено, езеро Малиќ во Корчанската Котлина), како и северен Епир.

На прво место да го спомнеме најчестоизведуваниот мотив на охридската мат сликана керамика – косо шрафираниот „висечки триаголник“ и тоа доминантно со линии кои се протегаат од лево кон десно. Општо земено, тој е најкористениот мотив во целокупната продукција на балканската мат сликана керамика **(Сл. 53.)**. Од стилски аспект, според нашата анализа, најслична на изведбата на овој орнамент од охридската керамика се наоѓа во географски блискиот Корчански Регион и тоа најмногу во населбите Совјан, Малиќ и Трен **(Сл. 53. и 54.)**.




**Сл. 53.** Мотивот- косошрафиран „висечки триаголник“ од различни балкански региони.



**Сл. 54.** Споредба на мат сликана керамика со мотивот „висечки триаголник“ од Трен (Мала Преспа), Албанија - **лево** и Плаошник – **десно**.

Орнаментот мрежестошрафиран „висечки триаголник“ многу често се јавува на мат сликаната керамика од Охрид и тоа во две варијанти – рамнокрак и приближно рамностран **(Сл. 55.)**. Негова дирекна паралела може да се најде на кантароидниот сад од лок. Марта, Зовиќ каде што тој е сместен на телото од садот **(Сл. 56: Марта, Зовиќ)**. Мрежестошрафирани „висечки триаголници“ со форма идентична на примерите од Охрид се присутни и на мат сликаните садови од локалитетите по долината на Халиакмон, Кожани и Бер (Верија) **(Сл. 56: Кожани и Бер (Верија)**. Географски најблизок, слично изведен пример се сретнува во Малиќ **(Сл. 56: Малиќ)**. Слично изведени триаголници се

присутни и на лок. Вица во Епир и тоа на рамото од садот (амфора-урна), но и на локалитетите Совјан и Трен во Корчанската Котлина, поместени на горната површина од устината од садовите **(Сл. 56: Совјан, Трен, Вица)**. Мотивот насликан на фрагментот од Плаошник **- 12/Пл**, а најверојатно и **140/Пл**, е скоро идентичен со „висечките триаголници“ присутни на садот од Зовиќ и Бер (Верија) **(спореди Сл. 55: 12/Пл и 140/Пл со Сл. 56: Марта, Зович и Бер (Верија)**. Како за споредба, во Македонија мрежесто-шрафираниот „висечки триаголник“ се појавува и на постарите мат сликани садови од доцното бронзено време **(види стр. 384, Сл. 107: а, б)**, а што е уште поинтересно, и на железнодобната мат сликана керамика од северозападен Иран **(види стр. 446, Сл. 154. и стр. 447, Сл. 155.)**.




**Сл. 55.** Мотивот- мрежестошрафиран „висечки триаголник“ на фрагменти од Охрид (прв ред- Плаошник, втор ред- Самоилова Тврдина).




**Сл. 56.** Мотивот- мрежесто шрафиран „висечки триаголник“ на садови и фрагменти од поширокиот регион.

Следен честозастапен мотив на мат сликаната керамика е „шаховската табла“. Во Охрид, како и во другите региони, тој се сретнува во две варијанти – нормална и коса „шаховската табла“, изведен во пошироко правоаголно поле или во вид на појас (хоризонтален или вертикален). Најчесто се јавува на вратот од садовите, но исто така и на рамото, горната површина на устината, а поретко и на подолните зони од телото на садот **(Сл. 57.)**. На фрагментите од Плаошник **(9/Пл)** и Самоилова Тврдина **(45/СТ)** се сретнува „коса шаховска табла“, за која слични аналогии наоѓаме во Совјан, Малиќ и Трен **(Сл. 57: спореди 9/Пл и 45/СТ со Совјан а, Малиќ г и Трен б)**. Секое од темните полиња на фрагментот од Самоилова Тврдина е дополнето со по една точка, за што како паралели можат да се приложат примери од блискиот локалитет Малиќ **(Сл. 57: спореди 45/СТ со Малиќ б, в)**. За „шаховската табла“ изведена на фрагментот (врат од сад) од Плаошник **(90/Пл)** како најблиска аналогија може да се земе онаа од садот (бокал со засечен врат) од Ајани, Кожани **(Сл. 57: спореди 90/Пл со Ајани)**. Мотивот „коса шаховската табла“ како и останатите орнаменти присутни на фрагментот (рамо од сад) од Плаошник **(106/Пл)**, наоѓаат блиски аналогии со скоро исто изведените примери од лок. Трен, речиси

идентичните од лок. Малиќ, како и двата наоди од Корчанската Котлина **(Сл. 57: спореди 106/Пл со Малиќ а, делумно б и Трен а)**. На фрагментот (врат од сад) од Самоилова Тврдина **(37/СТ)** е насликана „коса шаховска табла“ во форма на ромб. Изведба најслична на неа наоѓаме на два сада од кои првиот е од лок. Марта, Зовиќ, а вториот од Арниса на Островското Езеро **(Сл. 57: спореди 37/СТ со Марта, Зовиќ и Арниса)**.




**Сл. 57.** Мотивот „шаховска табла“ од различни балкански региони.

Мотивот „гирланда“ е евидентиран само на фрагменти од лок. Плаошник **(види стр. 292)**. Како тип, наречен од наша страна, „гирланда“ – варијанта 1, односно двојна гирланда, тој се јавува под надворешниот раб на устината на калотестите паници **(Сл. 58 г)** и на рамото од садови со различна големина **(Сл. 58: в, д)** чијашто форма не може со сигурност да се утврди. Како тип „гирланда“ – варијанта 2, односно единечна гирланда, се изведувал под надворешниот раб на устината од калотести паници **(Сл. 58: а, б)**. Примери насликани на начин идентичен со варијантата 2, се сретнуваат на лок. Вица во Епир и тоа на рамената од садовите (амфора-урна и кантароиден сад) **(Сл. 59: а, б)** и на бокалите со засечен врат **(Сл. 59: в, г)**. Скоро идентично декориран бокал со засечен врат како оној од Вица **(Сл. 59: в)** е пронајден и во Ајани, Кожани **(Сл. 59: д)**. Судејќи според необјавениот

труд на Т. Крапф (T. Krapf), идентични изведби на двете варијанти од овој мотив се јавуваат на мат сликаната керамика од блискиот лок. Совјан во југозападна Албанија.[145]




**Сл. 58.** Фрагменти од Плаошник на кои е прикажан мотивот „гирланда“.




**Сл. 59.** Мат сликани садови од Вица, Епир, Грција- **а, б, в, г** и Ајани, Кожани, Грција- **д**.

Мотивот „малтешки крст“ е евидентиран на четири фрагменти (три од Плаошник **(57, 141, 147/Пл)** и еден од Самоилова Тврдина **(35/СТ)**. Во сите случаи е изведен различно **(Сл. 60: горен ред)**. Првиот, кој се чини дека го претставува основниот тип „малтешки крст“, е прикажан на рачка од поголем сад, најверојатно амфороиден, од Плаошник **(57/Пл)**. Блиски, па дури и скоро идентични аналогии за него можат да се најдат во населбите од јужна Албанија, лоцирани во Малиќ и Совјан во Корчанската

[145] Трудот беше јавно презентиран на 28. 05. 2022 год. во Охрид, а во рамките на третата меѓународна конференција на *PEBA*, под наслов *Settlement Patterns in Albania at the turn from the Bronze to the Iron Age*.

Котлина и во еден гроб од тумулот во Љофкенд близу р. Војуша (Аоос)[146] **(Сл. 60: спореди 57/Пл со Малиќ, Совјан и Љофкенд)**. Најважно е што во сите случаи мотивот е изведен на рачка од сад. Вториот вид „малтешки крст" е присутен под работ на устината (од внатрешната страна) на сад чиј облик не може да се утврди **(Сл. 61: в)**. Многу слична изведба наоѓаме на фрагменти од Платанија (Бобушти), Костур, Грција **(Сл. 61: а, б)**, со таа разлика што нивните краци не се полни, како што е примерот од Плаошник, туку мрежесто исполнети.[147] Сличноста оди до таму што на едниот фрагмент од Бобушти (судејќи според достапната фотографија, можеби изведен на истиот дел од садот како кај оној од Плаошник) **(Сл. 61: б)**, покрај страничниот крак се прикажани три тенки вертикални линии, што ги наоѓаме и на примерокот од Плаошник **(Сл. 61: в)**. За обата примероци може да се понуди идејна реконструкција **(Сл. 60: спореди 141/Пл со Платанија (Бобушти)**. Се чини дека последните два типа на „малтешки крстови", делумно реконструирани, **(147/Пл и 35/СТ) (Сл. 60.)** можеме засега да ги определеиме како уникатни изведби во рамките на охридската мат сликана керамика. За нив не успеавме да пронајдеме соодветни, макар и приближни, аналогии.




**Сл.60.** Мотивот „малтешки крст" присутен на мат сликаните садови во Охрид и поширокиот регион.

---

[146] Pevnick, S., Agolli, E. 2010.
[147] Heurtley, W. A. 1939, 229, Fig. 101 j,k.




**Сл. 61.** „Малтешки крстови“ присутни на фрагменти од Бобушти (а, б) и Плаошник (в).

Во претходните поглавја веќе беше презентиран начинот на декорирање на горната површина од устината на садовите и особено делот под нејзиниот внатрешен раб **(стр. 309, Таб. 3. и стр. 312, Таб. 5.)**. На ова место се презентирани само ваквите примери од охридската керамика за кои пронајдовме блиски и речиси идентични аналогии. Станува збор за фрагменти кои потекнуваат од населбите Малиќ, Совјан и Трен во Корчанскиот Басен **(Сл. 62.)**.




**Сл. 62.** Споредба на орнаментите присутни на устината на садови од Охрид и Корча.

Следат паралели за ликовните мотиви присутни на рачките од садовите (вертикални и хоризонтални). Повторно најголема блискост во изведбата на овие елементи наоѓаме во материјалот од корчанско: Малиќ, Совјан и Трен **(Сл. 63.)**.




**Сл. 63.** Мотиви присутни на рачките од Охрид и Корча.

На крајот, да спомeнеме и неколку поединечни орнаменти за кои можат да се најдат соодветни аналогии.

За првите презентирани примери се пронајдени паралели кои се речиси идентични на нив според изгледот и пропорциите. Станува збор за два мотива присутни на фрагменти од Плаошник **(73/Пл и 155/Пл)** за кои директна аналогија е пронајдена на фрагментите од локалитетот Малиќ **(Сл. 64: а, б)**. При тоа, фрагментот од Плаошник **(73/Пл)** и споредбениот од Малиќ **(Сл. 64: б)** се декоририрани на истиот дел од садот (вратот) и најверојатно припаѓале на ист вид сад **(за ова види стр. 420, Сл. 139.)**. Слично изведен мотив наоѓаме и на уште еден сад од истиот Корчански Регион, овој пат од локалитетот Куч и Зи и тоа повторно насликан на вратот **(Сл. 64: спореди 73/Пл со б, в)**.




**Сл. 64.** Споредба на мотиви од Плаошник **(155/Пл, 73/Пл)** и Корча- Малиќ **(а, б)**, Куч и Зи **(в)**.

За мотивот кој го нарековме „сложена правоаголна композиција со ромбови“ **(стр. 294-295)** пронајдовме само една аналогија и тоа од лок. Дреново, Корча. На вратот од сад, од типот амфора-урна, помеѓу рачките се изведени правоаголни мотиви налик на „коса шаховска табла“ омеѓени странично со „реси“. Особено сличен со примерите од Плаошник и Самоилова Тврдина **(91/Пл и 21/СТ)** е орнаментот кој на приложената слика се наоѓа десно од рачката. При тоа единствената разлика е тоа што во овој случај ромбовите во средната низа се полно обоени, додека на примероците од Охрид се мрежестошрафирани **(Сл. 65: спореди 91/Пл и 21/СТ со мотив десно од рачката)**.




**Сл. 65.** Споредба на мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ со сад од Дреново, Корча.

На фрагмент од Плаошник **(1/Пл)**, кој припаѓа на врат од сад, видливи се полни коси линии кои најверојатно образувале низа од „триаголници“ распоредени наизменично со врвот нагоре и надолу. За предложената реконструкција на мотивот, како многу блиска аналогија може да се земе двојниот сад од лок. Барч, Корча на кој, повторно на вратот, е изведена хоризонтална низа со наизменично распоредени „триаголници“ **(Сл. 66.)**.




**Сл. 66.** Споредба на мотивот присутен на фр. од Плаошник **1/Пл** со сад од лок. Барч, Корча (десно).

На фрагментот од Плаошник **(48/Пл)**, кој претставува горен дел од вратот на сад чиј облик е тешко да се определи, во долниот десен агол е видлив слабо зачуван мотив. Тој се наоѓа под три хоризонтални линии, а се состои од три вертикални паралелни линии и две куси коси цртки („реси“) „прилепени“ за левата страна. Се чини дека ова е горен дел од некоја вертикална композиција. Идентичен мотив е евидентиран на врат од фрагментиран бокал со засечен врат од лок. Метаморфосис, Кожани. Во овој случај очевидно станува збор за долниот дел од иста композиција. Таа се протега вертикално над појас од четири хоризонтални линии, што наредени долж рамената на садот. И овој пат е составена од три вертикални паралелни линии, на чија лева страна се „прилепени“ две групи со три коси цртки т.е. „реси“ **(Сл. 67.)**. Поради оштетеноста на овој дел од садот, но и поради лошиот квалитет на достапната фотографија, не е сосема јасно како изгледала десната страна од овој мотив. Сепак, во тој дел може да се насетат низи од ромбови и триаголници, поради што претпоставуваме дека оваа композиција била сродна на мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ **(види Сл. 65.)**.




**Сл. 67.** Споредба на фр. од Плаошник **48/Пл** со мотив присутен на сад од лок. Метаморфосис, Кожани, Грција.

Да спомнеме и уште еден карактеристичен пример, но не поради сликаната орнаментика, туку поради пластично изведените испакнувања во вид на „рогови“ кои се на него присутни. Станува збор за фрагмент од Плаошник **(47/Пл)** на чија дршка се наоѓаат овие додатоци. Садови со испакнувања во вид на рогови/брадавици се сретнуваат и во Корчанскиот Регион, по долината на Халиакмон, како и во Епир **(Сл. 68.)**.




**Сл. 68.** Споредба на фр. од Плаошник **- 47/Пл** со садови на кои се присутни испакнување во вид на рогови/брадавици: **а** - Барч; **б** - Куч и Зи; **в** - Бер (Верија), Грција; **г**- Лиатовуни - Коница, Епир.

Компаративните анализи презентирани во ова поглавје покажаа голем степен на сродност на мотивите изведувани на мат сликаната керамика од Охрид со оние од поширокиот регион на западниот Балкан. Сепак, од сите претставени примери е сосема јасно дека најблиските паралели, како на ниво на употребените мотиви, така и на ниво на нивната изведба, потекнуваат од југоисточна Албанија и тоа поконкретно – од населбите Совјан, Малиќ и Трен. Треба да се нагласи дека оваа сродност не се однесува само на планот на сликаната орнаментика, туку и на типологија на садовите **(види стр. 416-420)**. Впрочем, овие паралели се сосема очекувани, ако се земе предвид географската блискост и истите геоморфолошки карактеристики на овие локалитети во однос на Охридскиот Регион.[148]

### b. Фригиска мат сликана керамика

Споредено со другите небалкански синхрони мат сликани традиции, од стилска гледна точка, а до одреден степен и на ниво на самите изведувани мотиви, мат сликаната керамика од Охрид покажува поголема блискост со фригиската мат сликана керамика. Таа особено се однесува на пораната фригиска керамика (која скоро без исклучок е рачно работена), како и онаа декорирана со чисто геометриски мотиви, на која не се стретнуваат фигурални претстави. И на оваа керамика, во најголем дел, мотивите се сликаат рачно со четка, без користење на помошни алатки, спротивно на веќе спомнатата хеленска геометриска керамика. Но, за разлика од мат сликаната керамика од Македонија каде до самиот крај на нејзината употреба се присутни, скоро без исклучок, геометриски мотиви, на фригиската, особено почнувајќи од средината на 8. век пред н.е., се забележуваат одредени новини.[149] Во овој период е карактеристично сликањето на разни зооморфни претстави и тоа на реални и на фантастични животни **(види Сл. 71.)**. Овој феномен е споредлив со сличните текови присутни во хеленската уметност, особено од крајот на 8. и почетокот на 7. век пред н.е., односно доцногеометрискиот и ориентализираниот стил. За последниов е карактеристично скоро целосното напуштање на геометриските орнаменти за сметка на зоомофните и фитоморните елементи при што од стариот геометриски стил е

[148] За врските на Охриско-корчанскиот регион во 1. милениум пред н.е., особено во економска смисла, види: Eftimovski, I. 2022, 261-286.
[149] Опширно за стиловите и развојот на фригиската керамика види: Pamuk, S. 2021, 60 -170.

задржано само зонското распределување на мотивите.[150] Спротивно на ова, кај фригиската мат сликана керамика, паралелно со новините, продолжува кристењето геометриски мотиви, особено „шаховски табли“, „висечки триаголници“, низи со ромбови, меандри и сл.[151] Хеленскиот ориентализиран стил, како што и самото име имплицира, претставува стилска мешавина на традиционалните источни елементи – хетитски, асирски и египетски.[152] Сосема е оправдано да се смета дека, барем, дел од овие елементи дошле до хеленската култура со посредство на фригиската. Како што е истакнато, во текот на 8. и 7. век пред н.е. хеленската цивилизација била под силни влијанија на фригиската култура.[153] Ова мислење наоѓа поткрепа во новата ревидирана фригиска хронологија, која ги поместува границите на датирање дури и до сто години station наназад.[154]

Во однос на прашањето за можното влијание на хеленската геометриска керамика врз мат сликаната од Македонија, како што беше кажано претходно, постојат одредени мотиви кои се слично изведени во обете традиции. Најсличен е мотивот на т.н. „шаховска табла“ **(види Сл. 69: б, в, г)**, а и начинот на изведба на низите од ромбови **(види Сл. 69: а)**. Но, и во двата случаи е сосема различна позицијата на мотивите, како и начинот на нивното вклопување во композицијата. Заеднички се и шрафираните триаголици, но при тоа кај хеленската се сосема ретки т.н. „висечки триаголници“. Изведувани се поврзани во низа и омеѓени во појаси и тоа на разни делови од садот **(види Сл. 69: б, в, г)** што е сосема спротивно во однос на мат сликаните садови, каде што „висечкиот триаголник“ е главниот мотив кој се прикажува на највидливиот дел од садот – мевот при што не е омеѓен во појас. Според наше мислење, овие формални сличности не се доволен аргумент за докажување на понепосредните врски меѓу овие стилови, односно постоењето на некакво посуштествено влијание на едниот стил врз другиот. Како што ќе видиме во последниот дел на трудот (посветен на семиотичката анализа на мат сликаната керамика од Македонија), паралелите помеѓу мат сликаната и хеленската геометриска керамика можат повеќе да се однесуваат на идеолошко отколку на стилско ниво.

[150] Gavela, B. 2002, 130.
[151] Конкретни примери види: Pamuk, S. 2021, 484-488.
[152] Повеќе за особеностите на овој стил види: Cook, R.M. 1997, 41-66.
[153] Петрова, Е. 1996, 212.
[154] Pamuk, S. 2021, 34.




**Сл. 69.** Хеленска геометриска керамика: **а-** LPG кратер од Тесалија- Мармариани, **б-** атичка LGI амфора- дипилон стил, **в-** атичка LGIb чинија со поклопец, **г-** атичко LGIIa оинохое.

Навраќајќи се кон претходноспоменатата тема, сакаме да укажеме на обидот на Е. Петрова за поврзување на двете синхрони традиции на мат сликаната керамика – балканската и фригиската (Е. Петрова, 1996). Во наредните редови ќе се обидеме, преку неколку конкретни примери, да ги поткрепиме овие релации.

Во рамки на компаративната анализа на орнаментите присутни на мат сликаната керамика од Охрид и фригиската сликана керамика е идентификуван одреден број мотиви кои покажуваат голем степен на сродност. Тоа се мотивите „шаховска табла“ (и тоа во

повеќе варијанти), вертикалните низи составени од триаголници и ромбови, како и мотивите „малтешки крст“ и „дрво“ **(Сл. 70.)**. Оваа сродност главно се однесува на ниво на самите мотиви, додека нивното вклопување во посложените композиции или во целосниот насликан „ансамбл“ на садовите во овие две традиции е во најголема мера различен.




**Сл. 70.** споредба на фригиски (лево) и мотиви од Охрид (десно).

Веќе спомнавме дека на фригиската керамика се присутни голем број стилизирани животински и растителни претстави. Забележлива е нивната изведба на вратот од садовите и тоа врамени во правоаголна рамка во чиј горен лев агол е присутен мал „висечки триаголник“ **(Сл. 71.)**.[155] На сличен начин се врамувани и мотивите присутни на вратот на некои садови од Плаошник, повторно со присуство на мал „висечки триаголник“ во горниот лев агол **(Сл. 72.)**.

[155] Pamuk, S. 2021, 439, Levha 143 – a.



**Сл. 71.** Мотиви присутни на вратот од бокал од „Tumulus - P“ во Гордион, о. 770 пред н.е.




**Сл. 72.** Мотиви (делумно реконструирани) присутни на вратот од садови од Плаошник.

„Висечкиот триаголник“ во низа, прикажан на мевот на садот (кој е главен начин на декорирање на мат сликаните садови од Охрид и Македонија) се сретнува поретко на фригиската керамика. Сепак, познати се одредени примери кои наликуваат на македонските, како на пример бокалот од Коња, лок. Кучукишла Хујук (крај на 7. век пред н.е.).[156] На мевот од овој сад е прикажана низа од мрежестошрафирани „висечки триаголници“, со таа разлика што во овој случај низата е врамена и од долната страна. Овој вид на „висечки триаголник“ е мошне чест на садовите од Охрид, а во особено слична форма е евидентиран на фрагментот од лок. Плаошник со **кат. бр. 145/Пл (спореди Сл. 73.)**. Кај истиот бокал, на горната површина од устината, е изведена низа од наизменично поставени мрежестошрафирани и „двојни“ рамнострани „висечки триаголници“. Многу слични мрежестошрафирани „висечки триаголници“, поставени на истиот дел од садот, се присутни и на фрагментот од лок. Плаошник со **кат. бр. 133/Пл (спореди Сл. 73.)**.

[156] Pamuk, S. 2021, 186 – 187, 534, Levha 238 - a (долу).




**Сл. 73.** Бокал, Конја, лок. Кучукишла Хујук, Турција (горе) и мотиви на фр. од Плаошник (долу).

На еден фрагмент од сад пронајден во Анкара, под устината, од надворешната страна е изведен венец идентичен на мотивот „гирланда“ – варијанта 2[157] присутен на два фрагменти од Плаошник со **кат. бр. 110 и 129/Пл (спореди Сл. 74: а со Сл. 75: 110/Пл и 129/Пл)**. На фрагментот од фригиски сад пронајден во Баликесир, антички Даскилеион, датиран во последната четвртина на 8. век пред н.е., е прикажан мотивот „коса шаховска табла“.[158] Слично изведен таков мотив се сретнува на вратот од еден сад пронајден на лок. Плаошник со **кат. бр. 73/Пл (спореди Сл. 74: б со Сл. 75: 73/Пл)**.

[157] Pamuk, S. 2021, 173, 511, Levha 215 - a.
[158] Ibid, 191, 539, Levha 243 - b.




**Сл. 74.** Сликани мотиви на фрагменти од фригиска керамика: **а-** Анкара, Турција; **б-** Баликесир, антички Даскилеион, Турција.




**Сл. 75.** Мотивот „гирланда“ – варијанта 2 и „коса шаховска табла“ на фр. од Плаошник.

На рамото од една амфора со широка устина, откриена во урнатинскиот слој на Гордион (околу 800 г. пред н.е.) е прикажана хоризонтална низа составена од наизменични „малтешки крстови“ и „X“- мотиви **(Сл. 76: а)**.[159] Овие „малтешки крстови“ се споредливи со мотивот присутен под внатрешниот раб на устината на еден фр. од Плаошник со **кат. бр. 141/Пл (спореди Сл. 76: а со 141/Пл)**. Забележливо е дека, покрај страничните краци на крстовите од фригискиот сад, се наоѓаат по две или три тенки вертикални линии. Се работи за уште еден елемент заеднички со охридската керамика каде што, покрај десниот крак на крстот, се зачувани три тенки линии**.** Следна карактеристика која може да се спореди со примерот од Плаошник е изведбата на страничните краци од крстот кои се исполнети со низи од полни ромбови, со што се добива изглед на „коса шаховска табла“. На идентичен начин е пополнета и површината

[159] Pamuk, S. 2021, 79, 361, Levha 65 - d.

на ромбовите присутни на еден фрагмент од вертикална лентеста рачка од лок. Самоилова Тврдина, со **кат. бр. 15/СТ (спореди Сл. 77.)**. Мотивот „малтешки крст“ на фригиската керамика се јавува и во доцниот 7. век пред н.е. – период кога мат сликаната керамика во Македонија и Балканот веќе е излезена од употреба или е сосема ретко застапена. Пример за тоа е еден бокал од Конја, лок. Карапинар Хујук, датиран околу 620 г. пред н.е. **(Сл. 76: б).**[160] Под рамото на садот е изведена низа од „малтешки крстови“ слични со примерот од Плаошник (**кат. бр. 141/Пл**), а скоро идентични со оние присутни на фрагментите од садови пронајдени на лок. Бобушти (Платанија) **(Сл. 76: спореди Плаошник-Конја-Бобушти)**.




**Сл. 76.** Мотивот „малтешки крст“ присутен на садови од Македонија и Фригија.

[160] Pamuk, S. 2021, 187, 535, Levha 239 - a.



Гордион



15/СТ

**Сл. 77.** Споредба на мотив од Гордион и Самоилова Тврдина.

На горниот дел од еден фрагмент кој претставува рамо од керамички сад најден во Гордион, датиран во 8. век пред н.е., е прикажана хоризонтална низа од ромбови исполнети со точки.[161] Идентично изведени низи од ромбови со точки (со хоризонтално и вертикално протегање) се најдени на Плаошник **(Сл. 78. спореди 8, 14, 150/Пл со слика лево)**. Интересно е дека на истиот фрагмент од Гордион, под низата со ромбови, во четирите агли од правоаголното поле во кое е изведена претстава на птица, присутни се „малтешки крстови“ идентични на гореспомнатиот пример од Плаошник и на оние од јужна Албанија **(спореди стр. 336, Сл. 60. десен ред со Сл. 78. - лево)**.





8/Пл



14/Пл



150/Пл

**Сл. 78. лево –** Фр. од сад, 8. век пред н.е., Гордион; **десно –** Фр. од Плаошник **8, 14, 150/Пл**.

[161] Pamuk, S. 2021, 486, Levha 190 – b, 488, Levha 192 – a.

На еден фрагмент од Самоилова Тврдина **(45/СТ)** е прикажан мотивот „коса шаховска табла“ чии темни полиња се исполнети со точка **(Сл. 79: 45/СТ – дополнително нагласени со црна боја)**. Мошне слично изведени „шаховски табли“ се многу чести на фригиската мат сликана керамика, со таа разлика што во овој случај, во сите полиња, се наоѓа точка **(Сл. 79: спореди 45/СТ со б)**. Примери скоро идентични на фригиските среќаваме на фрагменти од локалитетот Малиќ, Корча **(Сл. 79: спореди б со а – особено со фр. десно)**.




**Сл. 79.** Споредба на мотивот „коса шаховска табла“ исполнета со точки присутен на фр. од Самоилова Тврдина **45/СТ**: **а-** фрагменти од Малиќ, Корча; **б-** фрагменти од садови, Гордион, 8. век пред н.е.

Обработката на мат сликаната керамика од Охрид понуди и еден, искрено речено, не сосема очекуван момент со кој, според нашето мислење, на непосреден начин се поврзува Охридскиот Регион со малоазиските Фригијци. Станува збор за идентификувањето на неколку мотиви – „знаци“ (спомнати претходно) кои ги сместивме

во категоријата „логограми – идеограми“ **(види стр. 301-302)**. Дел од нив излегуваат од рамките на оваа квалификација, бидејќи се идентични со графемите т.е. буквите од фригиската азбука **(Сл. 80.)**.[162] За волја на вистината, освен со фригиската, откриените знаци можат во одреден степен да се доведат во врска и со синхроната хеленска писмена традиција **(Сл. 81.)**.[163] Но, сепак, мора да се нагласи дека директни аналогии за сите идентификувани знаци успеавме да пронајдеме само во рамки на фригиските писмени знаци.

| No. | Dextroverse | Sinistroverse | Transcription | Phoneme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A | A | *a* | /a/ /aː/ |
| 2 | B 8 | ꓭ 8 | *b* | /b/ |
| 3 | Γ | ꓶ | *g* | /g/ |
| 4 | Δ Λ | Λ Δ | *d* | /d/ |
| 5 | E E | Ǝ Ǝ | *e* | /e/ /eː/ |
| 6 | F | ꟻ | *v* | /w/ |
| 7 | I | I | *i* | /i/ /iː/ |
| 8 | K Ψ Ψ Ψ | ꓘ Ψ Ψ | *k* Ψ Ψ Ψ | /k/ |
| 9 | ↾ | ↿ | *l* | /l/ |
| 10 | M | M | *m* | /m/ |
| 11 | N | И | *n* | /n/ |
| 12 | O | O | *o* | /o/ /oː/ |
| 13 | Γ | ꓶ | *p* | /p/ |
| 14 | P | ꟼ | *r* | /r/ |
| 15 | ≷ ξ ξ ξ | ≷ ξ | *s* | /s/ |
| 16 | T | T | *t* | /t/ |
| 17 | Y | Y | *u* | /u/ /uː/ |
| 18 | ʅ X | ʃ ʅ | *y* | /j/ |
| 19 | ↑ Φ ↰ T | ↑ | ↑ Φ T | /z/ [zd] ? |

**Сл. 80.** Фригиската азбука, според Cursach (2018).

[162] Pamuk, S. 2021, 152, Tablo 5.
[163] Coldstream, J.N. 2005, 280, FIG. 94.




**Сл. 81.** Споредба помеѓу феникиско и ранохеленско писмо од втората половина на 8. век пред н.е., според Coldstream (2005)

За два од овие знака, кои ги нарековме „**развиено W**" и „**стрелка**" **(Сл. 82.)**, со голема сигурност може да се каже дека претставуваат писмени знаци, додека за другите три – „**W**", „**брановидна црта**" и „**двојна вертикална брановидна црта**" **(Сл. 83.)**, мора да бидеме порезервирани. Првиот знак – „развиено W", всушност, е изведен во вид на лигатура која може да се расчлени на три одделни букви од фригиската азбука со гласовна вредност „**е**", „**д**" и „**к**" **(Сл. 82. и Сл. 84. – горен ред; спореди ги знаците од Плаошник**

**со фригиските букви лево**). Знакот „стрелка“ наоѓа аналогија во фригиската буква за која се претпоставува дека имала гласовна вредност „**з**“ или „**ѕ**“ **(Сл. 82. и Сл. 84. – среден ред, спореди го знакот од Плаошник со фригиската буква лево)**. Додека, знаците „W“, „брановидна црта“ и „двојна вертикална брановидна црта“, можеби имаат гласовна вредност „**с**“ **(Сл. 84. - долен ред, спореди ги знаците од Плаошник со фригиските букви лево и со Сл. 85: а, б)**. Во првиот случај – „лигатурата“, судејќи според начинот на кој е изведена, согласно прифатената методологија за читање на фригиското писмо, би се читала од десно кон лево и би гласела „**кде**“.




**Сл. 82.** Писмени значи на фр. од Плаошник.




**Сл. 83.** Можни писмени значи на фр. од Плаошник.




**Сл. 84.** Споредба на знаците откриени на фрагменти од садови од лок. Плаошник, Охрид (средина) со фригиски (лево) и ранохеленски букви од втората половина на 8. век пред н.е (десно).




**Сл. 85.** Натписи врежани на керамика - „графити" од: **а** - Гордион, 8. - 7. век пред н.е и **б** - Кутахија, лок. Сејитомер Хујук, Турција.

Како за споредба, во најраната хеленска писмена традиција, не успеавме да пронајдеме аналогии за два од прикажаните знака **(Сл. 84. – десно)**. Десниот дел од „лигатурата", според раното хеленско писмо, би одговарал на буквата „хи" и би имал гласовна вредност „**х**", а левиот со „епсилон", односно „**е**" **(Сл. 84. – горен ред, спореди ги знаците од Плаошник со хеленските букви десно)**. За средниот дел од „лигатурата" не е пронајдена аналогија. Знакот кој го нарековме „**стрелка**" не се сретнува во хеленското писмо, додека знаците – „**W**", „**брановидна црта**" и „**двојна вертикална брановидна црта**" имаат најблиски аналогии со буквата „сигма" со гласовна вредност „**с**" **(Сл. 84. – долен ред, спореди ги знаците од Плаошник со хеленските букви десно)**.

На ова место би требало да се спомне уште еден пример кој директно ја поврзува мат сликаната керамика од Македонија со писмените традиции на Фригија. На вратот од

сад од типот амфора-урна, најден како гробен прилог на лок. Бел Камен, Живојно, Битола, е насликана стилизираната претстава на родилка **(повеќе за садот види стр. 64-65)**. За неа е посочено дека соодветствува на фригиската лигатура која се смета дека ја означувала фригиската Божица Мајка.[164]



**Сл. 86. а-** Фригиска лигатира која ја означува *Божицата Мајка*; **б-** Сликан мотив присутен на вратот од керамички сад, 8.-7. век пред н.е., Бел Камен, Живојно, Битола.

Во врска со прашањето за можното датирање на оваа појава на Плаошник, треба да се спомне фактот дека појавата на фонетско писмо од овој тип во Мала Азија, односно во Фригија, се врзува за 8. век пред н.е.[165] Во овие хронолошки рамки целосно се вклопува и садот од Живојно кој е датиран во крајот на 8. или почетокот на 7. век пред н.е. Исто така, најраната појава на адаптираното феникиско писмо во хеленската култура се сретнува во облик на графити, врежани на геометриските садови, од кои ниту еден не е постар од 750 г. пред н.е.[166] Според тоа, датирањето и оваа појава секако треба да се смести во втората половина на 8. или почетоците на 7. век пред н.е. Како потврда за ова датирање, а исто така и како доказ дека ова не е изолирана појава на лок. Плаошник, може да послужи и претходноспомнатиот фрагмент со стилизирана човечка претстава од лок. Малиќ (**Сл. 87.)**. Според начинот на изведба на претставата, тој бил споредуван со доцногеометриската фигурална уметност (8. – 7. век пред н.е.).[167] Во долниот десен агол на фрагментот се забележливи остатоци од недоволно јасен „орнамент“, кој е

[164] Чаусидис, Н. 2017, 797 и заб. 41; за лигатурата: Баюн, Л. С., Орел, В. Э., 1988.
[165] Pamuk, S. 2021, 156.
[166]За појавата и развојот на хеленското писмо види: Coldstream, J.N. 2005, 277 – 284.
[167]Andrea, Zh. 2005, 29 – 30.

идентификуван како остаток од цикцак мотив.[168] Но, според наше мислење, тој многу повеќе наликува на натпис во кој можат да се идентификуваат три писмени знаци **(Сл. 87. – долу)**. И во овој случај, соодветни аналогии за сите знаци се пронајдени само во фригиската писмена традиција. Според фригискиот гласовен систем, гледано од лево кон десно, првиот знак би имал гласовна вредност „**ј**“, вториот „**д**“, а третиот „**л**“ **(Сл. 87. – средина)**. Од друга страна, според начинот на кој е изведен третиот знак, а врз основа на прифатената методологија за читање на фригиското писмо, би се читал од лево кон десно, односно би гласел „**јдл**“.

Од друга страна, споредбите со најраната хеленска алфабетска традиција, даваат резултат само за два знака. Првиот од лево е идентичен со буквата „хи“, со гласовна вредност „**х**“, а третиот е сличен, но во огледална рефлексија, на буквата „ламбда“, односно „**л**“ **(Сл. 87. - горе)**.




**Сл. 87.** Фрагмент со натпис од лок. Малиќ.

Ако е точна нашата констатација дека станува збор за ран облик на фонетски писмени знаци, тогаш се наметнува прашањето – од каде дошла оваа традиција? Во оваа прилика може да се заклучи единствено следното.

---

[168] Andrea, Zh. 2005, 29. Согледувањата што ги претставуваме подолу се прелиминарни и треба да се прифатат со одредена резерва, сé додека не бидат потврдени преку непосредна и детална опсервација на елементите насликани на посочениот фрагмент.

Ограниченоста на овие наоди не дозволува со сигурност да се одговори на ова прашање, така што засега останува неизвесно дали тоа се случило со посредство на хеленската или на фригиската култура. Сепак, фактот што само во фригиската писмена традиција се пронајдени соодветни аналогии за сите знаци и од лок. Плаошник и Малиќ, наведува на помислата дека можеби одговорот треба да се бара во овој правец. Од друга страна, дел од знаците присутни на фрагментите од Плаошник наоѓаат директна аналогија и со буквите од феникиската азбука. Тука пред сѐ е „**лигатурата**“ чиј лев дел е идентичен на феникиското „***Hē***“, додека десниот – на „***Kapp***“ **(Сл. 81.)**. Знакот што го нарековме „**W**“ пак е идентичен на феникискиот „***Šin***“ **(Сл. 81.)**. На ова место е соодветно да се спомне и „натписот“ од Малиќ за кој не е можно да се знае дали е целосен, или претставува само дел од подолга целина. На него е воочливо отсуството на самогласки, што нѐ наведува на помислата за можна врска со семитската писмена традиција. И покрај овие факти, засега сѐ уште не може аргументирано да се зборува за некакво директно феникиско присуство во овој континентален дел од Балканот. Сепак, таквата можност не треба сосема да се отфрла бидејќи таа добро се вклопува во митските дејствија поврзани со феникиецот Кадмо кој меѓу другото фигурира и како основач на Лихнид (Охрид).

Сѐ на сѐ, оваа проблематика излегува од рамките на овој труд, но и нашите стручни компетенции. Главни услови за нејзино подетално истражување е откривањето во идните истражувања на многу повеќе конкретни наоди од ваков вид и нивна сериозна палеографска анализа.

### c. Јужноиталска мат сликана керамика

Уште одамна, во науката се забележени очевидните релации меѓу мат сликаната керамика од Балканот и онаа од Јужна Италија (К. Килиан 1976). Поконкретно, станува збор за примерите од југоисточна Албанија (Девол) и од северниот Епир и нивните сличности, особено со т.н. ојнотриска мат сликана керамика од областите Јужна Кампанија и Базиликата, како и со јапигиската мат сликана керамика од Тарентскиот Залив. Овие релации не се однесуваат само на ниво на сликаните орнаменти, туку и на формите на садовите кои, патем, се појавуваат во Јужна Италија почнувајќи од доцниот 8. век пред н.е. Мошне е индикативно што во посочениот период се забележени и други сличности во материјалната култура на двата региони и тоа најмногу во рамки на

бронзениот накит и култните предмети, но и сферите на култот и обредите. Според К. Килиан, овие блискости не можат едноставно да се објаснат како последица на трговските контакти помеѓу двата региони, туку можеби се должат на доселувањето на одредени популации од Балканот (југоисточна Албанија, северен Епир и западна Македонија) во јужна Италија. Треба да се нагласи дека во овој период започнува и хеленската колонизација на овие простори.[169] Е. Петрова (1996) оди чекор натаму, идентификувајќи ги овие балкански доселеници во Јужна Италија со Бригите, меѓу другото, поткрепувајќи го ова свое тврдење и со одредени историски извори.[170] Целосно спротивно мислење изнесува Ј. Вокотопулу (1986). Како што веќе беше кажано, таа смета дека во протогеометрискиот и геометрискиот стил на западна Грција се одразени силни влијанија на мат сликаната керамика и (како што истакнува), се чини дека овие елементи биле натаму пренесени на запад кон јужна Италија од страна на коринтските трговци.[171]

На мат сликаната керамика од Охрид, евидентиравме одредени орнаменти кои покажуваат блискост со оние од јужноиталската керамика. Во оваа прилика ги презентираме само оние кои покажуваат најголем степен на сличност **(Сл. 88.)**, без да навлегуваме во подетални анализи, кои би изискувале едно посебно и посериозно истражување.

---

[169] Kilian, K. 1976, 195 -196.
[170] Петрова, Е. 1996, 164-168, Т. XVI.
[171] Vokotopoulou, I. 1986, 366.



**Сл. 88.** Споредба на геометриски мотиви од јужна Италија (лево) и Охрид (десно), мотивот заграден со црвено е од Пелагонија - лок. Бел Камен, с. Живојно, Битола.

Во оваа прилика сакаме да спомнеме и два мат сликани сада со италско потекло, едниот најден во Незакциј на Истра, а вториот во Нин, северна Далмација, Хрватска.[172] На нив се присутни хоризонтални низи од ромбови со точки, идентични со гореспомнатите примери од Плаошник и Фригија **(види стр. 350, Сл. 78. и спореди со Сл. 89.)**. На овие садови се јавува и мотивот „коса шаховска табла“ во вид на ромб со „темни“ полиња исполнети со точки. Сличен мотив е присутен на еден фрагмент од Самоилова Тврдина (**37/СТ**), а скоро идентичен орнамент е присутен и на садовите од лок. Марта, Зовиќ, Битола и Арниса на Островското Езеро, Грција **(Сл. 89: спореди а, б со г, д)**.

[172] Praistorija Jugoslavenskih zemalja V, T XXXII – 1, T XXXIX – 8.




**Сл. 89. а -** Мат сликан сад, 7. век пред н.е., истарска група, Незакциј, Истра, Хрватска; **б -** Мат сликан сад, 6. век пред н.е., либурнска група, Нин, Задар, Хрватска; **в -** Мотив од фр. од Плаошник **8/Пл; г -** Мотив од фр. од Самоилова Тврдина **37**/СТ; **д -** Мотив присутен на мат сликаните садови од Зовиќ, Битола и Арниса на Островското Езеро, Грција.

### 4. Споредба на мат сликаните орнаменти со мотиви изведувани во други медиуми

### а. Мотиви преземени од текстилни предлошки

Голем дел од ликовните елементи, односно композициите, кои се присутни на мат сликаната керамика од Охрид (како и, општоземено, на мат сликаната керамика од Македонија), составен од ромбови, триаголници, цикцак мотиви и сл., неодоливо потсетуваат на ткаени, везени или плетени орнаменти **(Сл. 90.)**. Според тоа, со право може да се заклучи, дека тие влечат инспирација од мотиви изведувани во текстил. Како поткрепа за оваа наша претпоставка може да послужи фактот дека до истата констатација

дошле и неки проучувачи на синхроната, фригиска сликана керамика,[173] како и на хеленската геометриска керамика. При тоа се наведува дека, покрај мотивите од текстилот, во нејзиното украсување зеле учество и оние од кошничарството, односно од вештините на плетење кошници и рогозини.[174] Ова ќе се обидеме да го илустрираме преку конкретни примери на ретки сочувани текстилни остатоци од поблискиот и подалечниот регион, кои од хронолошки аспект донекаде соодвествуваат на мат сликаната керамика од Македонија. Во оваа постапка ќе вклучиме и стилизирани антропоморфни претстави прикажани на синхрони керамички садови, на кои се забележуваат делови од облека со слична орнаментика, како и етнографски примери од поблиското минато.[175]




**Сл. 90.** Мотиви, можеби, инспирирани од ткаени орнаменти, присутни на мат сликаните садови од Охрид.

---

173 Pamuk, S. 2021, 25.
174 Boardman, J. 1998, 23.
175 Како етнографски споредбен материјал главно користевме примери од македонската народна традиција. Овој избор не се должи на некои однапред преферирани компаративни релации, туку на нашиот подобар увид во оваа граѓа. При тоа не ја исклучуваме можноста, такви (а можеби и уште посоодветни) паралели да се присутни и во другите балкански и светски етнографски традиции.

При ископувањата на една издвоена населбинска тераса во Гордион, кој вообичаено се смета за центар на малоазиската фригиска држава, во рушевинскиот слој (датиран околу 800 г. пред н.е.), е откриен необично голем број тегови за разбој, пршлени за вретена, како и повеќе фрагментирани остатоци од текстил. Според добиените податоци, се претпоставува дека на тоа место, во дадениот период, во текстилните дејности биле вклучени околу 300 жени.[176] Во дадениот период, вакво масовно и специјализирано, текстилно производство не е регистрирано никаде на Блискиот Исток, ниту пак на јужниот Балкан, поради што Гордион се издвојува како значаен раножелезнодобен центар за произвотство на текстил во Источниот Медитеран.

Првиот пример кој го претставуваме во оваа споредбена анализа, се два фрагмента кои припаѓале на иста ткаенина, а се пронајдени во споменатиот рушевински слој во Гордион **(Сл. 91: а и б)**.[177] На нив се препознаваат неколку геометриски мотиви, од кои за два можат да се најдат аналогии со сличноизведени орнаменти на мат сликани садови од Охрид **(Сл. 91: спореди а со а1 и б со б1 и б2)**, како и етнографски пример на дезен од чорапи од Прилепско Поле **(Сл. 91: спореди б со б1, б2 и б3)**.




**Сл. 91.** Споредба на орнаменти: **а, б -** фрагменти од ткаенина, Гордион; **а1 -** мотив од Самоилова Тврдина **(26/СТ)**; **б1, б2 -** мотиви од Плаошник **(29/Пл и 140/Пл)**; **б3 -** Чорапи, Прилепско Поле (детаљ).

[176] *Textile* 2022.
[177] Pamuk, S. 2021, 25.

На еден керамички фрагмент пронајден во Гордион, несигурно датиран кон крајот на 7. век пред н.е., се прикажани стилизираниженски фигури (видливи две но, според остатоците, придружени со уште најмалку две), фатени за раце во танц т.е. оро.[178] Фигурите се облечени во стилизирана облека со геометриска декорација во вид на „коса шаховска табла", чии полиња се исполнети со точки нанесени со црвена боја **(Сл. 92: а)**. Според расположливите податоци добиени од откриените делови за разбој и текстилните фрагменти од Гордион, кои ги спомнавме погоре, направена е раконструкција на разбој кој се користел во ова време, како и ткаен мотив на него **(Сл. 92: б)**. Предложената реконструкција на ткаениот мотив е скоро идентична со онаа присутна на спомнатиот фрагмент **(Сл. 92: спореди а со б).** Многу сличен орнамент е откриен на фрагмент од лок. Самоилова Тврдина со **кат. бр. 45/СТ**. И на него е видлив мотивот „коса шаховска табла" во чии темни полиња е нанесена точка **(Сл. 92: д)**. Слични орнаменти со „точки" се откриени и на блискиот лок. Малиќ, Корча **(Сл. 92: ѓ)**.[179] Следен пример кој дава дополнителна поткрепа на претпоставката дека ова бил мотив присутен на облека, е претставата изведена на протогеометриски питос најден во Кносос на Крит.[180] Горниот дел од прикажаната човечка фигура е изведен во вид на мрежестошрафиран „висечки триаголник", на половината се прикачени свиткани „змии". Во долниот дел, фигурата носи здолниште со правоаголен скутник, мрежесто шрафиран во вид на „шаховска табла", во чии полиња се наоѓаат точки **(Сл. 92: в)**. Мотивот на „скутникот" е многу сличен со претходноопишаните **(Сл. 92: спореди а – в – д)**. Слично изведени стилизирани претстави на жени, прикажани во танц т.е. оро, се присутни на вратот од доцногеометриска амфора од Еретија, на островот Евбеја.[181] Горниот дел од нивното телото е повторно изведен во вид на мрежесто шрафиран „висечки триаголник", половината им е опашана со долг појас кој се спушта до земјата, а долниот дел од телото, односно здолништето, е изведено во вид на мрежесто шрафиран трапез кој завршува со реси **(Сл. 92: г)**. Трите примери на облека **(Сл. 92: а, в, г)**, иако крајно стилизирани, сигурно прикажуваат реални геометриски мотиви присути на текстилот од раното железно време. Овие примери, во најопшти рамки ја охрабруваат претпоставката дека одреден дел од орнаментите на мат сликаните садови

---

[178] Pamuk, S. 2021, 168, 496 Levha 199 - f.
[179] Andrea, Zh. 2005, 50, TAB. IX – 6, 17, 19.
[180] Boardman, J. 1998, 78, fig. 146.2; Coldstream, J. N. 2003 , 47, fig. 21 (a-b).
[181] Boardman, J. 1998, 58, fig. 84.

биле инспирирани од орнаментите изведувани во текстил, во случајов – варијантата на мотивот „коса шаховска табла“ **(Сл. 92: спореди д со а, б, в)**.




**Сл. 92.** Споредба на мотиви: **а-** фр. од Гордион; **б-** реконструкција на разбој иткаен мотив од Гордион; **в-** мотив од протогеометриски питос од Кносос, Крит; **г-** мотив од доцногеометриска амфора од Еретија, о. Евбеја; **д-** фр. од Самоилова Тврдина **(45/СТ)**; **ѓ-** фрагменти од Малиќ, Корча.

Во 2019 год. во рудникот за сол во Халштат, Австрија, е пронајден фрагмент од ткаенина во вид на лента (веројатно украс за ракав од кошула) **(Сл. 93. – лево)**. Датиран е помеѓу средината на 8. и почетокот на 7. век пред н.е.,[182] што значи синхроно со мат сликаната керамика. На него се препознаваат ткаени геометриски орнаменти за кои можат да се најдат аналогии меѓу мотиви изведени на мат сликаните садови од Охрид. Првиот ткаен мотив од лентата е формиран слично на орнаментот од фрагментот откриен во Самоиловата Тврдина, со **кат. бр. 26/СТ(Сл. 93: спореди ткаен мотив (лево – горе) со 26/СТ - десно)**. За вториот мотив од Халштат може да се каже дека е скоро идентичен со орнаментот на фрагментот со **кат. бр. 28/Пл** од лок. Плаошник **(Сл. 93: спореди ткаен мотив /лево – долу/ со 28/Пл - десно)**.




**Сл. 93.** Споредба на ткаени мотиви од Халштат, Австрија (лево) и мотиви од Охрид **(26/СТ и 28/Пл)**.

Дел од мотивите, изведени во вид на посложени композиции составени од повеќе геометриски елементи, потсетуваат на дел од женска облека и тоа конкретно – скутник **(Сл. 94.)**. Сличностите меѓу овие елементи не се однесуваат само на ниво на нивната основна контура (правоаголна или трапезна) туку и присуството на уште некои ситни детали. Тука пред сé мислиме на бочните коси црти кои наликуваат на реси **(Сл. 94: 120, 56/Пл и 39/СТ)**, кои се чест додаток на скутниците **(Сл. 96: г, д, ѓ)**. За скутникот како значаен дел од женската облека во раножелезнодобните, но и постарите култури на Балканот и Источниот Медитеран индиректно дознаваме од разните скулптурални и сликани претстави **(Сл. 96: а, б, в, г)**. Меѓу најстарите такви примери на кои јасно се препознава скутник (поставен врз фустан) се двете познати среднобронзенодобни,

[182] Grömer, K. - Reschreiter, H, 2020, 269, 270 Abb.3; (Во истата статија се наведени повеќе примери за споредба на мотиви изведени на различни медиуми – керамика, метал, текстил).

фајансни статуетки на т.н. „змиски божици“, кои припаѓале на минојската култура на островот Крит **(Сл. 95: а, б)**.[183] Скутник е присутен и на уште една слична статуета, стилски мошне сродна на претходните, но овој пат изведена во камен – стеатит. Дел е од збирката на музејот во Балтимор (САД) без податоци за наоѓалиштето.[184] Во овој случај, тој е со речиси правоаголен облик, исполнет со мрежест мотив налик на „коса шаховска табла“, при што во секое поле се наоѓа по една точка **(спореди Сл. 95: в со Сл. 92: а, в)**. По рабовите на скутникот се наоѓаат реси, што е споредливо со орнаментите од Охрид **(спореди Сл. 95: в со Сл. 94: 120/Пл, 56/Пл и 39/СТ)**, како и со етнографски примери на скутници кои припаѓале на невестинска носија од Прилепско Поле (со нагласена геометриска орнаментика со ромбови со „точки“) **(Сл. 96: д)** и од Мариово **(Сл. 96: ѓ)**.[185]

---

[183] Vasilakis, A. 84 -85.
[184] *Minoan snake goddess figurines* 2022. За оваа статуета постои мислење дека можеби е фалсификат, но и да е тоа точно, елементите присутни на неа се препознатливи и на автентични артефакти од бронзеното и раното железно време во Источниот Медитеран.
[185] Повеќе етнографски примери на скутници со геометриска декорација, пред сè, со ромбични орнаменти, види: Чаусидис, Н. 2005, Том I , 129, Том II, Б12: 3, 6-11.



120/Пл



158/Пл



56/Пл



39/СТ



37/СТ

**Сл. 94.** Мотиви налик на скутник, присутни на мат сликаната керамика од Охрид.



а



б



в

**Сл. 95.** Фигурини на „змиски божици“: **а, б-** Кносос, Крит, Археолошки Музеј, Ираклион, Крит, Грција; **в-** непознат локалитет, Музеј на Балтимор, САД).




**Сл. 96.** Споредба на „скутници“: **а -** детал од беотска LG амфора, Археолошки Музеј, Атина, Грција; **б -** мотив од протогеометриски питос од Кносос, Крит, Грција; **в -** мотиви од PGb питос од Кносос, Крит, Грција; **г -** мотив од доцногеометриска амфора од Еретија, о. Евбеја, Грција; **д -** невестинска носија, Прилепско Поле, Македонија; **ѓ -** невестинска носија, Мариово, Македонија.

Иако последниот пример што го презентираме во оваа споредбена анализа не е пронајден на фрагментите од Охрид, сметаме дека тој оди во прилог на тезата дека дел од мотивите на мат сликаните садови се преземени од реални елементи присутни на облеката. Орнаментот за кој станува збор е изведен на вратот од сад (амфора-урна), најден во некрополата Куч и Зи во блиската Корчанска Котлина **(Сл. 97: а)**.[186] Се состои од два рамнострани триаголника споени со врвовите во вид на песочен часовник и исполнети со шаховско поле. Паралелно со крациите на триаголниците се протегаат ленти во вид на мотивот „јаже“ при што целата композиција, од бочните страни е врамена со тенки вертикални линии на кои е изведена низа од коси црти т.е. „реси“. Најинтригантниот детаљ се наоѓа на основата од долниот триаголник на кој се „прикачени“ три орнаменти кои наликуваат на пискули **(Сл. 97: а1)**. Пискулите (реси врзани во сноп), во етнографски документираните заедници на Балканот и пошироко, се чест украс на разни делови од облеката (главно женска), како на пример украсите за глава, појасите, ракавите од кошулите и сл. Во овој случај, како споредбен материјал ги користиме фрагментите од еден бронзенодобен појас откриен во Ирска (ткаен со едноставен цикцак мотив), чии краеви завршуваат со пискули **(Сл. 97: б)**, како и еден етнографски пример на невестински украс со пискули од с. Галичник, Македонија **(Сл. 97: спореди а1 со б, в)**.




**Сл. 97.** Споредба на „пискули“: **а-** амфора-урна од Куч и Зи, Корча и **а1-** детаљ од истиот сад; **б-** остатоци од бронзенодобен ткаен појас од Ирска; **в-** невестински украс, Галичник, Македонија.

[186] Andrea, Zh. 1976, 222, TAB VII – V.35, 2.

### b. Споредба на мат сликаните орнаменти со мотиви изведени на метални предмети

Дел од орнаментите присутни на мат сликаната керамика наоѓаат блиски аналогии со орнаменти изгравирани на метални предмети од железното време, главно изработени од бронза. Вакви паралели за прв пат се појавуваат на метални предмети кои хронолошки соодветствуваат на крајната фаза од траењето на мат сликаната керамика, односно доцниот 8. и 7. век пред н.е. Такви примери се сретнуваат на локалитетите од скопско-кумановскиот, велешкиот и брегалничкиот регион (токи, пафти, фибули, „макари“). При тоа се застапени следните мотиви: косо шрафирани „висечки триаголници“, „јаже“, „малтешки крст“, „дрво“ и др. **(Сл. 99.)**. Бронзени предмети декорирани со геометриски мотиви наоѓаме и посеверно – во рамки на гласиначкиот културен круг. Таму се присутни хоризонтални низи од ромбови и триаголници, „шаховска табла“, „малтешки крст“ и сл., изведувани на разни предмети, меѓу другото и оклопи за гради и дијадеми **(Сл. 98.)**.



**Сл. 98.** Бронзени дијадеми со геометриски мотиви, 7. век пред н.е., Гласинац, Босна и Херцеговина.




**Сл. 99.** Бронзени предмети од македонското железно време со изгравирани геометриски мотиви: **а, г, д-** Бразда, скопско; **б-** Бел Брег, Кумановкса бања, Куманово; **в, е-** Куново Чуки, Оризари, кочанско, **ѓ-** Криви Дол, Радање, штипско.

И во досегашните публикации е укажувано на директните врски меѓу орнаментите присутни на бронзените предмети од Гласинац (главно од 7. век пред н.е.) и оние од мат сликаната керамика. Изнесени се предлози дека тие се појавиле под влијание на нејзината орнаментика, и тоа конкретно од „Деволска керамика“ од југоисточна Албанија.[187] За мотивите присутни на бронзените предмети и керамиката од североисточна Македонија

[187] Čović, B. 1984, 24-25.

(особено шрафираниот „висечки триаголник“ и „малтешкиот крст“, вообичаено датирани во 7. век пред н.е.), е изнесено мислење дека се типични претставници на „Басараби“ стилот, односно дека се настанати под влијание на истоимената железнодобна култура од Карпатско-подунавскиот дел на Романија.[188] Иако не можат да се негираат евентуалните влијанија од посочениот регион, сепак тоа не е единственото место од каде што тие можеле да доспеат до Македонија. Сосема е јасно дека регионот каде се пронајдени спомнатите бронзени предмети е географски поблизок, а може да се каже и етно-културно многу посличен, со подрачјето каде што е распространета мат сликаната керамика. Точно е дека природната траса Дунав – Морава – Вардар е артеријата која го поврзува овој регион со посеверните области на Балканот и дека преку неа се остварувале контактите и размената на културни влијанија од север кон југ и обратно. Но, зошто да не се земат предвид и други можни коридори низ кои исто така можеле да се остварат овие процеси. При тоа ги имаме предвид трасите со насока од запад кон исток и поточно кон североисток и конкретно од Охридско-корчанскиот Регион, преку Пелагонија, до долините на Вардар, Брегалница и Пчиња. Овие претпоставки можат пoсликовито да се илустрираат преку конкретни примери на керамички садови од 7. век пред н.е. пронајдени во северна Пелагонија, средното Повардарие,[189] горното Повардарие и брегалничкиот регион. Сметаме дека преку нив прилично јасно се отсликува предложената географска врска. На овие садови не само што е претставен најчестиот мотив присутен на мат сликаната керамика – низата од косошрафирани „висечки триаголници“, туку и обликот на садовите на кои е тој прикажан, нè доведува во врска со спомнатата керамика. Имено, станува збор за бокали со засечен врат кои, согледани заедно со наведената орнаментика, поттикнуваат непосредни асоцијации со аналогни примери од мат сликаната керамика **(Сл. 100. и Сл. 101.)**.

[188] Георгиев, З. 1993, 87.
[189] На лок. Сопот, Дабици, велешко е откриена идентична бронзена тока како онаа од лок. Куново Чуки, Оризари, кочанско **(Сл. 99: в)**.




**Сл. 100.** Бокали со засечен врат од северна Пелагонија, средно и горно Повардарие: **а -** Касарните, Прилеп; **б -** Сопот, Дабици, велешко; **в -** Дубиче, Волково, скопско.




**Сл. 101.** Бокали со засечен врат и керамички фрагменти од локалитети од брегалничкиот регион: **а-** Криви Дол, Радање, штипско; **б -** Горно Поле и Орлови Чуки, Стар Караорман, штипско; **в -** Куново Чуки, Оризари, кочанско.

### c. Орнаменти присутни на дрвени предмети

Не е тешко да се претпостави дека слични геометриски мотиви, како оние од мат сликаната керамика, биле изведувани и на други полесно распадливи материјали, како што е на пример дрвото. Како поткрепа за оваа претпоставка може да послужи примерот од халштатскиот културен круг. Имено, при анализата на одредени керамички садови е забележано дека нивната декорација многу потсетува на дрворезба, но и дека одредени форми на керамика претставуваат имитација на дрвени садови.[190] Во отсуство на автентични синхрони примери од раното железно време, ни преостанува само да презентираме етнографски материјал од дрво на кој се резбани мотиви слични на оние од мат сликаната керамика. Станува збор за три предмети од 19. век, сопственост на НУ Завод и Музеј – Охрид (изложени во постојаната поставка на охридскиот Народен музеј – „Куќата на Робевци").

Првиот се ноќви (ношви) од Охрид **(инв. бр. ЗМО-Е-3484)** на кои се препознаваат неколку мотиви типични и за мат сликаната керамика од истиот регион: мрежесто-шрафирани „висечки триаголници" исто така прикажани во низа **(Сл. 102: в)**, „малтешки крст" многу слично изведен како на еден пример од Плаошник, а скоро идентичен со оној од Бобушти (Платанија) и примерите од Фригија **(спореди Сл. 102: б со д)**. На истиот предмет се присутни и други геометриски орнаменти – „песочен часовник" **(Сл. 102: в)**, „пеперутка" (составена од два бочно поставени триаголника кои се допираат со врвовите) **(Сл. 102: г)**. Покрај фригиската, многу слично насликани орнаменти се сретнуваат и на хеленската геометриска керамика. Ова особено важи за мотивот „пеперутка", често присутен во оваа традиција, изведен на идентичен начин[191] **(спореди Сл. 102: г со ѓ)**. Последниов орнамент е доста фраквентен и на италската мат сликана керамика **(види стр. 360, Сл. 88.)**.

Вториот предмет е гребен (чешел) за коноп од с. Бороец, струшко **(инв. бр. ЗМО-Е-2938)** на чија глава, од надворешната страна, е изрезбан орнамент идентичен на мотивот „дрво" **(спореди Сл. 103: б со в, г)**. Слично изведен мотив се сретнува и на третиот предмет – фурка, повторно од с. Бороец, струшко **(инв. бр. ЗМО-Е-2968)**, но, вакви фурки

[190] Gralak, T. 2017, 49.
[191] Coldstream, J.N. 1975, Plate 22-b.

се користеле и во градот Охрид.[192] Мотивот се јавува на горниот дел од рачката кој се всадува во главата на фурката **(Сл. 103: а, а1)**. Ни се чини интересен уште еден елемент (присутен на ноќвите од Охрид и на фурката од Бороец) кој наоѓа паралели со фригиската орнаментика. Тоа е т.н. словенски „громов знак" (колско тркало) или шестокрак крст (розета) кој е често присутен на дрвените етнографски предмети од Балканскиот Полуостров и во рамките на источнословенската народна култура.[193] Иако овој орнамент се сретнува во култури со различна географска и хронолошка провиниенција, за нас е интересен фактот што е чест и во фригиската култура. Таму се појавува на мат сликаната керамика, на керамиката декорирана во техника на втиснување, па дури и на мозаичните композиции од Гордион, сите датирани во 8. век пред н.е.[194] **(спореди Сл. 103: а со д, ѓ, е)**. Шестокраката розета е исто така присутна и на некои антички предмети од Македонија **(Сл. 104.)**.

[192] За податокот, како и за отстапените предмети и благодарам на Оливера Мишева, етнолог кустос во НУ Завод и Музеј, Охрид.
[193] Чаусидис, Н. 1994, 409; Ibid. 2017, 455, 751.
[194] Pamuk, S. 2021, 485, Levha 189- a; 496, Levha 200-  g.




**Сл. 102. а-** Дрвени ноќви, 19. век, Охрид; **б, в, г-** Детали од истите ноќви; **д-** Мотивот „малтешки крст" присутен на мат сликаната керамика од Македонија (горе) и Фригија (долу); **ѓ-** Детаљ од сликан мотив на аргоски раногеометриски скифос, Навплион, Грција.




**Сл. 103. а-** Дрвена фурка, детаљ од главата, с. Бороец, струшко; **а1-** Детаљ со мотивот „дрво“од истата фурка; **б-** Дрвен гребен (чешел) за коноп, детаљ со мотивот „дрво“, с. Бороец, струшко; **в, г,- б-** Мотивот „дрво“ присутен на фр. од Плаошник **138/Пл; в- 156/Пл**; **д-** Фрагменти од мат сликани садови од Гордион, 8. век пред н.е.; **ѓ-** Фрагмент од сад со втисната декорација, Гордион; **е-** Детаљ од мозаик, Гордион, 8. век пред н.е.



а



б

**Сл. 104.** Шестокрак крст или т.н. „громов знак“ присутен на антички предмети од Македонија: **а-** Мотив изделкан на камена архитектонска пластика, рана антика, Билазора („Градиште“), Кнежје, Св. Николе; **б-** фрагмент од коскена дршка за нож, доцна антика (4.- 6. век), Плаошник, Охрид.[195]

* * *

Презентираните примери на геометриски орнаменти присутни на разни предмети од текстил, метал и дрво нѐ водат до дилемата кој бил првичниот материјал во кој се создавале и развивале посочените орнаменти? Етнологијата како научна дисциплина ја има привилегијата да може да ги проучува сите медиуми, односно сите материјали во кои траеле и се развивале одредени ликовни мотиви и врз основа на тоа да донесува генерални заклучоци за историјата, естетиката, функцијата и значењето на тие ликовни елементи, па и нивното место во дадената култура. Во споредба со неа археологијата, во најголем број случаи, е во многу понеповолна положба. Таа, најчесто е ограничена во проучувањето само на неколку материјали – керамика, метал и камен, додека во лесноразградливите материјали како што е текстилот, дрвото, кожата и коската има сосема ограничен увид. Поради овој недостаток, не може со сигурност да се тврди дали некој конкретен мотив е преземен од еден или од друг медиум или дали истовремено се изведувал врз повеќе материјали. Во овој поглед, секако, од најголема помош е етнографијата. Ако во најголем број од случаите е нејасна релацијата на движење на мотивите, кога станува збор за керамиката и текстилот, тогаш сметаме дека предност треба му се даде на текстилот бидејќи веруваме дека приложените паралели покажуваат оти тие биле преземени од

[195] Коскената дршка е изложена во постојаната поставка на охридскиот народен музеј – „Куќата на Робевци“ и е со **инв. бр. ЗМО-А-10868**.

ткаените или везените орнаменти, а не обратно. Во најголем број од случаите тоа го потврдува и етнографијата.

**5. Орнаментика на мат сликаните садови од Македонија во доцното бронзено време и преодниот период**

Орнаментика на мат сликаните садови од доцното бронзено време и преодниот период не е во фокусот на ова истражување, но сметаме дека заслужува најосновна анализа, сметајќи ја за прототип од кој продолжува да се развива раножелезнодобната мат сликана керамика. Во оваа прилика ќе ја презентираме само декорацијата присутна на доцнобронзенодобната мат сликаната керамика објавена во македонските научни трудови.

Во Македонија, почнувајќи со првичното бело и темно сликање во неолитот и графитното во енеолитот, после долг временски хијатус, повторно се појавува сликање на садовите во доцното бронзено време, манифестирано на т.н. мат сликани садови. На нив, декорацијата доминантно се сретнува на горниот дел од садот, т.е. вратот, рамото и на најширокиот дел- мевот, а поретко на долниот дел од телото. Се слика и горната површина на устината или под нејзиниот внатрешен раб и горната површина на рачките. Сликањето се изведува со боја која има земјени тонови, а варираат од црвеникави до кафени. Споредено со железното време, репертоарот на изведуваните орнаментите е поскромен, а се состои од линеарни (праволиниски и криволиниски) и геометриски мотиви.

**а. Линеарни мотиви**

**- Полна линија**

Основниот мотив на доцнобронзенодобната мат сликаната керамика од Македонија е хоризонталната полна линија, која пред сѐ има функција да ги разграничува и дефинира зоните на сликање на садовите **(Сл. 105: б)**. Но, во одредени случаи таа се јавува како единствен декоративен елемент **(види стр. 43, Драгоево, Гладно Поле, Штип)**. Паралелните вертикални линии засега се евидентирани само во еден случај, на вратот од алабастронот од лок. Димов Гроб – Уланци **(види стр. 49, 12. Гроб бр. 40)**.

**- „Јаже“**

Мотивот „јаже“, составен од две тенки паралелни линии, чиј меѓупростор е исполнет со куси паралелни црти **(Сл. 105: в, г, д)** се стретнува и во тројна варијанта, која ја нарековме „тројно јаже“ **(Сл. 105: а)**. Тој секогаш се протега хоризонтално, освен во еден случај во кој е ориентиран вертикално **(види стр. 49, 9. Гроб бр. 17)**. Евидентиран е на садови-алабастрони од лок. Димов Гроб – Уланци, Градско **(види стр. 49, 16. Гроб бр. 115)** и на фрагменти од садови од лок. Скопско Кале, чија форма не може да се одреди **(види стр. 40)**.

Во еден случај се јавува хоризонтален праволиниски мотив, кој не го издвоивме во посебна категорија, а претставува појас составен од две линии помеѓу кои се наоѓа хоризонтална низа од куси црти **(Сл. 105: ѓ)**. Изведен е на најширокиот дел од еден алабастрон од лок. Димов Гроб – Уланции, Градско и тоа меѓу рачките **(види стр. 49, 16. Гроб бр. 115)**.




**Сл. 105.** Праволиниски мотиви.

**- „Цикцак прекршена лента“**

Мотивот, кој го нарековме, „цикцак прекршена лента“ се јавува на кантароидни садови, изведен на нивните рамена и на мевот, а е застапен со три варијанти **(Сл. 105-а.)**. Првата е составена од две дебели линии на чија горна и долна страна се додадени куси вертикални цртки во вид на „реси“ **(Сл. 105-а: а)**. Оваа варијанта се сретнува на локалитетите Димов Гроб – Уланци, Градско и Бежанија – Криви Дол, Штип. Втората варијанта е составена од тенки паралелни линии **(Сл. 105-а: б)**, при што нивниот број варира, од четири на локалитетите Водовратски Пат – Градско и Мали Дол – Неготино, до шест на локалитетот Димов Гроб. Третата варијанта на овој мотив се состои од две дебели линии помеѓу кои се протегаат други потенки и паралелни на нив **(Сл. 105-а: в)**. Бројот на тенките линии варира и изнесува, три (на локалитетите Столот – Уланци, Градско и Церје – Говрлево, Скопје) и пет (на Вардарски Рид – Гевгелија). Сите варијанти на овој мотив се јавуваат на кантароидни садови, освен на лок. Церје, каде што е изведен на алабастрони. Поради малите димензии на садовите, овој мотив кај последниве примери се јавува во скусена верзија, во вид на буквата „Λ“ **(види стр. 41)**.




**Сл. 105-а.** Мотивот „цикцак прекршена лента“.

**- „Спирала во движење“**

Под терминот „спирала во движење“ се подразбира криволиниски мотив составен од спирала т.е. кружна концентрично свиена линија и неколку коси паралелни линии, поставени покрај нејзината лева или десна страна. Овој мотив е евидентиран во три варијанти **(Сл. 106.)**. Првата се јавува на фрагмент од сад од лок. Столот – Уланци, Градско **(Сл. 106: а)** а втората на фрагмент од кантароиден сад од Вардарски Рид – Гевгелија **(Сл. 106: б).** Последната варијанта **(Сл. 106: в)** е евидентирана на алабастрон од лок. Димов Гроб – Уланци, Градско и на еден фрагмент, најверојатно од кантароиден сад, пронајден на лок. Плаошник – Охрид **(162/Пл)**.




**Сл. 106.** Мотивот „спирала во движење“: **а.** Столот - Уланци; **б.** Вардарски Рид; **в.** Плаошник - Охрид и Димов Гроб - Уланци.

## b. Геометриски мотиви

### - Триаголник

Триаголникот се јавува во две варијанти – „исправен“, односно поставен со врвот нагоре и „висечки“, поставен со врвот надолу, групиран во хоризонтални низи од рамнострани или рамнокраки триаголници. Може да биде и полн (целосно обоен), празен, косо или мрежесто шрафиран **(Сл. 107.),** нареден во еднородни или комбинирани низи.




**Сл. 107.** Триаголни мотиви: **а.** Стрновац- Долинац, Куманово; **б.** Столот- Уланци, Градско; **в.** Вардарски Рид, Гевгелија; **г.** Манастир- Чашка, Велес; **д.** Мрдаја- Стар Дојран; **ѓ.** Димов Гроб- Уланци, Градско.

**- Ромб**

Хоризонтална низа од полни ромбови, омеѓена со дебели хоризонтални линии, засега е евидентирана само со еден случај и тоа на фрагмент од сад со неизвесен облик, пронајден на лок. Столот – Уланци, Градско **(Сл. 108: а)** и тоа изведен во горниот дел – под устината.

**- „Шаховска табла“**

Мотивот „шаховска табла“ се сретнува на два фрагмента, најверојатно од истиот сад, пронајдени на лок. Скопско Кале, изведен на вратот од садот **(Сл. 108: б)**.




**Сл. 108.** Геометриски мотиви: **а.** Столот - Уланци; **б.** Скопско Кале.

**с. Декорирање на рачките**

Декорирањето на рачките е присутно единствено кај кантароидните садови, каде што нивната горна површина, покрај двата раба, е исликана со низа од коси црти **(Сл. 109.)**. Во повеќето случаи, страничните површини на рачката се обоени.



**Сл. 109.** Мат сликана орнаментика на рачките од доцнобронзенодобни кантароидни садови.

# V. Технологија на производство

Во ова поглавје се изнесени податоци стекнати исклучиво преку директна обработка на археолошкиот материјал од локалитетите Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид, односно оној материјал со кој бевме во директен контакт и за кој може да ги изнесеме нашите непосредни согледувања.

## 1. Моделирање на садовите

Најголем дел од садовите се рачно изработени и тоа: 87.5% на локалитетот Плаошник и 89% на локалитетот Самоилова Тврдина **(види Граф. 3.)**. Моделирани се од добро прочистена глина со ретки примеси, кои се состојат од ситни кристали на лискун, односно мика и/или песок, а многу ретко „камчиња“. При изработката на поголемите садови е употребувана глина со поголемо присуство на „камчиња“. Ова можеби се должи и на самиот производствен процес на овие садови, пред сè со складишна намена. Како потврда на оваа претпоставка, може да послужи податокот дека, калцити се додаваат за „калење“ на глината од која се произведуваат садови за складирање и транспорт на храна.[196] Од друга страна, присуството на лискун во глината, забележано во поголемиот дел од фрагментите, сметаме дека не е случајно, за што ќе стане збор во следното подпоглавје.

Помал дел на обработените фрагменти од садови се изработени на грнчарско колце и тоа: 12.5% на локалитетот Плаошник и 11% на Самоилова Тврдина **(види Граф. 3.)**. Во најголем број случаи станува збор за помали садови. Карактеристично е што, на оние фрагменти кои беа доволно сочувани, се забележува дека долниот дел им е изработен на колце, а горниот е рачно моделиран, после што двата дела биле споени **(види: кат. бр. 126/Пл)**. Бидејќи, засега, ова се најраните почетоци на употреба на грнчарско колце во овие краишта, се наметнува прашањето дали комбинираната изработка на садовите е намерна или е резултат на недоволно умеење и совладување на техниката. Остава впечаток третирањето на надворешната површина на садот, која повторно е измазнувана, според вообичаено воспоставена практика, со што се добива впечаток дека садот е изработен рачно **(Сл. 110. и Сл. 111.)**. Што е уште позанимливо, садовите (т.е. фрагментите) работени на колце со ништо не отскокнуваат од останатиот обработен

[196] Iordanidis, A. et al. 2007, 1801-1802.

материјал, ни по квалитетот на глината или печењето, ниту по начинот на декорирање. Според тоа, претпоставуваме дека станува збор за локален производ. Во отсуство на поконкретни податоци, на мислење сме дека оваа појава треба да се датира широко во 8. век пред н.е., период кога мат сликаната керамика го достигнува својот максимален развој.




**Граф. 3.** Процентуална застапеност на рачно и на колце работената мат сликана керамика од Охрид.




**Сл. 110.** Фрагмент од сад изработен на грнчарско колце од лок. Плаошник.




**Сл. 111.** Фрагмент од сад изработен на грнчарско колце од лок. Самоилова Тврдина.

Овие наши претпоставки добиваат валидна поткрепа во археометриските анализи, односно извршената рентгенска флуоресцентна спектроскопија, на фрагменти од мат сликани садови од истиот период (9. – 7. век пред н.е.) пронајдени во блискиот и сроден Корчански Регион.[197] Поточно, станува збор за керамика од пештерната населба Трен, во близина на Малото Преспанско Езеро на која (фрагменти од мат сликани садови, изработени рачно и на грнчарско колце) е изведена анализа. При тоа, е утврдено дека во двата случаи, за производство на садовите е употребен сличен извор на глина, иако со анализите не е утврдено точното нивно лежиште. При тоа е докажано дека, за декорирање на садовите од двете категории е користен сроден пигмент со висока концентрација на железо. Според заклучоците на истражувачите станува збор за убедливи докази кои потврдуваат дека керамиката изработена на грнчарско колце е локално произведувана и дека таа претставува иновативна верзија која се развивала во рамките на богатата раножелезнодобна традиција на рачна изработка на садови. На садовите кои се работени на колце се забележува истата естетика карактеристична и за нивните претходници.[198] Авторите на истражувањето не нудат можно датирање на оваа појава, туку само ја одбележуваат како феномен во рамки на раното железно време, односно од 9. до 7. век пред н.е. На крајот, заклучуваат дека поради ограничените количини на мат сликана керамика изработена на колце (во однос на рачноизработената),[199] не може да се зборува за замена или унапредување на технолошкиот процес во грнчарското производство. Можеби на оваа појава треба да се гледа како на изолиран експеримент на неколкумина

[197] Agolli, E. et al. 2020, 82-101.
[198] Ibid, 94-96.
[199] За жал, авторите не ја наведуваат процентуалната застапеност на едната категорија во однос на другата.

грнчари (или можеби на еден), во обидот да се испроба еден нов начин на изработка, кој битно не влијаел на воспоставеното грнчарско производство.[200]

Последново би можело да се однесува и на оние примероци од Охрид кои се изработени на грнчарско колце. Како што погоре наведовме, застапеноста на мат сликаните садови работени на грнчарско колце е ≈ 12%, што не е за занемарување. Но, факт е дека оваа технологија, во поширокиот регион на Македонија, започнува да доминира или, поточно речено, да го заменува рачното производство, дури кон крајот на железното време, односно во втората половина на 6. век пред н.е. Во ова време се појавува култура со доцноархајски белези која, меѓу другите новини, е означена и со појавата на локална керамика работена на колце.[201] Исклучок во оваа смисла е долновардарската окер печена керамика која го одразува пораното прифаќање на грнчарското колце, почнувајќи од 7. век пред н.е.[202]

## 2. Употреба на лискун во технолошкиот процес

Лискуните, нарекувани и микашисти, се група на силикатни минерали кои се сретнуваат во составот на магматските и метаморфните карпи, а некогаш, во помали количини, и во седиментните карпи. Нивна главна карактеристика е тоа што многу лесно се цепат на тенки еластични „листови“ кои се хемиски инертни, имаат диелекрички, изолаторски, рефлективни својства, отпорни се, еластични и флексибилни, истрајни и лесни. Многу се стабилни при изложеност на електрична енергија, светлина, влага и екстремни температури до 900°C. Поради овие карактеристики, лискунот се користи во многу индустрии – во електронската, во производството на огноотпорно стакло, а поради својството да спречува пукање, собирање и да ја зголеми водоотпорноста, се користи во производство на градежни материјали, особено готови гипсени ѕидни платна, т.н. гипскартон плочи, покривни керамиди и за многу други примени.[203]

Присуството на лискун во глината од која се изработени мат сликаните садови е забележено во 51% од фрагментите на Плаошник и 50% на оние од Самоилова Тврдина. Неговото додавање во глината, по наше мислење, не е случајно и се должи, меѓу другото,

[200] Agolli, E. et al. 2020, 98-99.
[201] Митревски, Д. 1997, 172-173; Ibid, 2013, 233; Saripanidi, V. 2017, 86.
[202] Митревски, Д. 2013, 226.
[203] *Mica* 2022.

на својството на овој минерал да издржува високи температури, што на глината ѝ дава поголема термостабилност и е идеален за примена при техники за печење на керамика кои користат пониски температури[204] кои не надминуваат 1200°C. Тука треба да се спомне и светлосниот ефект, односно, отсјај што ситните кристали на лискунот го даваат на светлина **(види: Сл. 113. - споредба помеѓу мат сликан сад и современа покривна керамида)**. Поради оваа негова карактеристика, бил ползуван во многу култури низ светот за најразлични цели, а се користи и денес за глазирање на керамика, во производството на бои и во козметичката индустрија за добивање на светликав ефект на шминките.[205] Најраната употреба на лискун е забележена во доцниот палеолит (40.000-10.000 пред н.е.) за изработка на бои со кои се сликале пештерите. Користен е во многу култури и цивилизации низ светот, од Медитеранот до Персија и Јапонија, а и исто така и во Новиот Свет. Дробен лискун се употребувал (и сè уште се употребува) за декорација на традиционалните глинени садови за вода во Индија, Пакистан и Бангладеш, а тој бил вклучен и во процесот на изработка и декорација на грнчаријата на Пуебло Индијанците од Ново Мексико.[206]

### 3. Печење на садовите

Кога станува збор за печењето на садовите, може да се заклучи дека тие се добро печени, но обично со различна боја на површината и јадрото. Многу ретко се постигнува нивно рамномерно печење, а ако тоа е присутно, се јавува претежно кај помалите садови. Поради тоа, садовите се најчесто со сиво јадро и светлокафена, портокалова, поретко бледоцрвена, маслинесто-сива и најретко сива површина. Во изолирани случаи варира и бојата на самата површина на садот. Не е доволно јасно дали тоа се должи на самото печење или на различните почвени услови во кои се наоѓале фрагментите. Како за споредба, на еден фрагмент може да се сретнат нафатени наслаги врз површината, а на друг, од истиот сад – не, што повторно може да се должи на почвените услови во кои тие се наоѓале бидејќи, во одредени случаи, фрагменти од ист сад се откривани на сосема различни локации. Се разбира, тоа се должи на долготрајното користење на ограничениот простор на наоѓалиштата, а секако и на ерозивните процеси на почвата. Оваа разлика

[204] *Mica in pottery and ceramics* 2022.
[205] *Uses* 2021.
[206] *Early history* 2021.

може да е производ и на дополнителни термички влијанија по печењето на садовите, за што постојат и јасни примери **(види: кат. бр. 157/Пл)**. Од друга страна, бојата на печење на садовите е доста индикативна така што, според неа, може да се заклучи дека садовите биле печени на температура, приближно, помеѓу 800 до максимум 1100°C **(види Таб. 6.)**.[207] Како потврда за оваа претпоставка, дека овие температури, навистина, се постигнувале, може да послужи анализата на мат сликаната керамика од Ајани – Кожани, Грција, од доцното бронзено време. Според добиените резултати, а во врска со присуството или отсуството на одредени минерали кои реагираат на различна температура, заклучено е дека дел од керамиката се печела на најмалку 900°C, а дел на пониска тампература, генерално на температура од 800 до 850 °C.[208] Претходно беше споменато дека, најголемиот дел од садовите се нерамномерно печени, односно имаат црвеникава површина и сиво јадро. Тоа се објаснува со престојот на садовите во оксидирачка атмосфера, односно, присуство на кислород, нивно постепено загревање и подолго задржување во овие услови. Самата „сендвич“ структура на керамиката е карактеристична за предмети печени во грнчарски печки.[209]

Сите погоре изнесени заклучоци во врска со мат сликаната керамика од Охрид се базирани врз визуелна и тактилна опсервација на авторот и останува да се потврдат или отфрлат со евентуална идна лабораториска анализа.

| ТЕМПЕРАТУРА НА ПЕЧЕЊЕ | БОЈА НА САДОТ |
|---|---|
| 600-852°C | почнува да се гледа бледоцрвена боја |
| 884-923°C | бледоцрвена до бордоцрвена |
| 956-1046°C | бордоцрвена до портокалова |
| 1060-1162°C | портокалова до жолтеникаво-портокалова |
| 1168-1240°C | жолтеникаво-портокалова до бледожолта |
| 1263-1305°C | бледожолта до белузлава |

**Таб. 6.** Температури на печење керамика и која боја се постигнува.

[207] *Firing temperatures* 2021.
[208] Iordanidis, A. et al. 2007, 1801.
[209] Ibid.

## 4. Третирање на површината на садовите

Површината на садовите, а поретко и внатрешноста, во повеќето случаи е убаво измазнета и понекогаш премачкана со светлокафен, портокалов или маслинесто-сив посен премаз. Измазнувањето на површината и користењето на премаз, чија боја варира од жолтеникава, светлокафена до црвеникава, врз кој потоа се сликало, е забележано и во југоисточна Албанија, односно Корчанската Котлина.[210] Само во еден случај, на фрагмент од лок. Плаошник (**кат. бр. 109/Пл**), е забележено премачкување на површината на садот со белузлаво-кремаста енгоба, врз која е извршено сликањето со темнокафена мат боја **(Сл. 112.)**. Истата појава е констатирана на мат сликани садови од лок. Малиќ во блиската Корчанска Котлина.[211]

На неколку фрагменти, покрај присуството на ситни кристали од лискун во глината, забележливо е додавањето на ситно дробен лискун и во премазот со кој се премачкува надворешната површина на садот. Со ова, на дневна светлина се добивал дополнителен светлосен ефект т.е. блескање на површината **(види кат. бр. 36/Пл и Сл. 113. - лево)**. Користењето на лискунот на овој начин наоѓа паралели во различни култури низ светот, што веќе беше спомнато погоре. Поради овој светлосен ефект, употребата на лискунот можеби имала и своја симболична, религиска страна, што ќе биде предмет на дополнително разгледување **(види стр. 468)**.



**Сл. 112.** Фр. од мат сликан сад со енгоба, од лок. Плаошник.

[210] Петрова, Е., 1996, 39.
[211] Andrea, Zh. 2005, 8; 9; 15; 44, TAB. III – 2.



**Сл. 113.** Лискун во структурата на мат сликан сад од Плаошник **(лево)** и современа покривна керамида **(десно)**.

**5. Сликање на садовите**

Сликањето на садовите, по сè изгледа, е изведувано пред нивното печење. Со тоа е постигната поголема трајност на самата боја. Оваа претпоставка ја темелиме врз фактот што истата пракса е забележана и потврдена во хронолошки и културолошки блискиот регион на југоисточна Албанија.[212] Постарите албански истражувачи зборуваат за прва фаза на појава на мат сликана керамика во која прво се печел садот, а потоа се сликал. Тоа се одразувало на квалитетот на сликањето кое при подолготрајна употреба на садот избледувало. Во помладата фаза, пак, сликањето се изведувало пред печењето, со што бојата станувала потрајна. Со подоцнежните хемиски анализи овие претпоставки се покажале како неточни, односно, сликањето на садовите во сите случаи се изведувало пред печењето, а разликата во квалитетот на боењето е резултат на лошо нанесување на бојата,[213] како и на различната температура на печење на садовите.[214] Во отсуство на хемиска анализа, претпоставуваме дека е користен ист природен земјен пигмент – окер (охра), чија нијанса варира во зависност од бојата на печење или од премазот на садот. Дека нијансата е условена од премазот, е сосема јасно видливо на фрагментот од рачка со **кат. бр. 131/Пл**, на која горната површина е премачкана со маслинесто-сив посен премаз, па врз него изведената декорација изгледа црно, а на страничните рабови, каде нема премаз, се гледа дека користената боја е кафена. Па така, на садовите со светлокафена површина нијансата е кафена или темнокафена, на оние со портокалова или бледоцрвена е

[212] Tsonos, A. 2018, 100 и заб. 68.
[213] Петрова, Е. 1996, 39 и 40.
[214] Andrea, Zh. 2005, 36.

бордоцрвена, додека на садовите со маслинесто-сива или сива површина обично е темнокафена. Оваа разлика на нијанси е забележана и во југоисточна Албанија,[215] како и во северозападна Грција.[216]

Окерот (охрата) е природен земјен пигмент, мешавина од железни оксиди и различни количини на глина и песок. Неговата боја варира и може да биде со жолта, црвеникава, виолетова, кафена или црна нијанса. Бојата зависи од железниот оксид кој е присутен во земјата, па така окер-жолтата, нарекувана и окер-златна, е со присуство на хидриран железохидроксид (лимонит) – $FeO(OH)\cdot nH_2O$; окер-црвената ја добива својата боја од нехидриран железоксид (хематит) – $Fe_2O_3$; додека кафената се добива од делумно хидриран железоксид (гетит) – FeO(OH).[217] Сметаме дека е важно да се спомне дека на Охридскиот Рид најраните слоеви од доцното бронзено и железното време се наоѓаат во земја-црвеница со црвеникаво-кафенеста нијанса. Црвениците се глинести почви кои својата боја ја должат на оксидите на железо и алуминиум присутни во нив.[218] Повторно, во отсуство на хемиски анализи, може само да ја презентираме можноста оваа земја да се користела во процесот на изработка на бојата за сликање на садовите. Во оваа прилика, како екскурс, сакаме да ја изнесеме нашата претпоставка, дека етимологијата на топонимот Охрид, не е поврзана со старословенскиот корен *хридъ* (рид, брег) со кој тој вообичаено се поврзува,[219] туку, можеби, е изведена од старогрчкото *ὤχρα* (со значење окер боја, од *ὠχρός, ōkhrós* – блед,[220]) кое би ја означувало бојата на почвата од која е составен ридот. Присуството на земја-црвеница не е изолирана појава само на Охридскиот Рид. Таа се сретнува и на блискиот рид Чекоштина северозападно од Охрид и источно – на падината на планината Петрино во месноста Рача, како и на други поблиски и подалечни локации.[221]

---

215 Tsonos, A. 2018, 100.
216 Romiopoulou, K. 1971, 351.
217 *Ochre: Prehistory* 2022.
218 *Crvenica* 2021.
219 Илиевски, П. Х. 1988, 502 – 507; Пјанка, В. 1970, 103, 275.
220 *Ochre: Prehistory* 2022.
221 *Основна геолошка карта на СФРЈ - Охрид*, 1977.

На крајот, како потврда на тоа дека за сликањето на садовите од Охрид навистина е користен земјен пигмент кој се базира на железо, може да послужи веќе спомнатата анализа на керамиката од Трен, Албанија.[222]

### 6. Обликување на садовите

Обликувањето на садовите е внимателно изведено со тренденција кон запазување на симетријата помеѓу нивните делови. Телото, повеќе или помалку, е топчесто т.е. мешесто, а некогаш биконично и издолжено по вертикала или по хоризонтала, зависно од типот на садот. На садовите со рачки, нивната поставеност може да е вертикална или хоризонтална, повторно зависно од типот т.е. функцијата на садот. Подолгите вертикални рачки се лентести, а пократките се „тунелести“, при што двата вида се со приближно овален пресек, а поретко со скоро правоаголен и „бубрежест“ пресек **(Сл. 114.)**. Хоризонталните рачки се со потковичест облик и кружен, овален, неправилен, а многу ретко и со триаголен пресек **(Сл. 115.)**.

Фиксирањето на рачката за садот се изведувало на два начина. Кај помалите садови таа е прилепувана додека глината била влажна, додека кај поголемите примероци е забележлива употребата на „трн“ за всадување во самиот сад **(Сл. 116.)**. Оваа пракса се сретнува и во блискиот Корчански Регион, на локалитетот Совјан,[223] со напомена дека таму прикачување со „трн“ е забележано во доцното бронзено, а прилепувањето – во железното време. Сметаме дека користењето на двете техники нема врска со периодот на настанување на садот, туку е условено од неговите димензии.

---

[222] Agolli E. et al. 2020, 94.
[223] Gori, M., Krapf, T. 2016, 97 и 101 Сл.3.




**Сл. 114.** Облици на вертикални рачки присутни на садовите од Охрид.



**Сл. 115.** Облици на хоризонтални рачки присутни на садовите од Охрид.



**Сл. 116.** Рачка со „трн“ за всадување.

Употребата на дршки е забележлива на три типа садови **(види: кат. бр. 16, 47 и 94/Пл)**. Од нив само онаа со **кат. бр. 94/Пл** може во вистинска смисла да се нарече дршка, односно можела да служи за држење на садот **(Сл. 117: в)**, а донекаде и фрагментот со **кат. бр. 47/Пл**, иако тој повеќе наликува на декоративна апликација **(Сл. 117: б)**. Од друга

страна, „дршката“ на фрагментот со **кат. бр.16/Пл** повеќе изгледа како копчеста апликација **(Сл. 117: а)**. Според предложената делумна реконструкција, претпоставуваме дека на двете „дршки“ се врзувало јаженце, така што садот можел да виси **(Сл. 118.)**.




**Сл.117.** Видови на дршки, Плаошник.




**Сл. 118.** Можна, делумна, реконструкција на изгледот на садот - фр. **16/Пл**.

Дното на садовите вообичаено е кружно и рамно **(Сл. 119: а)**, а само во еден случај констатиравме прстенесто дно **(Сл. 119: б)**.




**Сл. 119.** Видови на дна од садови.

* * *

Може слободно да се каже дека мат сликаната керамика е производ на строги, „канонизирани“ норми и правила на производство, односно на специјализирани грнчарски работилници. Во извесен степен дури би можело да се работи и за стандардизација на производството. Ова го темелиме врз фактот што фрагментите од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина, кои дозволуваат реконструкција на формата на садот на кој припаѓале, покажуваат голема блискост во однос на пропорциите кај сродните садови **(види: стр. 417, Сл. 134. и Сл. 135., стр. 418, Сл. 136.)**. Во прилог на ваквиот заклучок оди и повторувањето на приближно истите четири дебелини на ѕидот на фрагментите од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина **(види: Граф. 4. и Граф. 5.)**. Доколку садот би бил целосно сочуван, дебелините секако би варирале, во зависност од делот на кој припаѓале. Но, фактот што овие измерени просечни дебелини се повторуваат на истите делови од садови (на пример вратот, рамото или мевот), повторно го поткрепува ова тврдење. Стандардизација на грнчарското производство во Македонија е забележана за прв пат уште во неолитот,[224] па не гледаме причина зошто тоа не би било можно и во раното железно време.




**Граф. 4.** Дебелина на ѕид на садовите од лок. Плаошник.

[224] Фиданоски, Љ. 2017, 109-159.




**Граф. 5.** Дебелина на ѕид на садовите од лок. Самоилова Тврдина.

Во раното железно време се издвојуваат повеќе јадра т.е. центри на производство, сите со одредени локални карактеристики, од кои може да ги издвоиме следните: долина на р. Бистрица (Халиакмон) - регионот околу градот Кожани; североисточен Епир, со наоѓалиштето Вица како центар; долина на р. Девол, односно Корчанската Котлина. Кон оваа група може да се приклучи и Охрид кој по многу карактеристики на мат сликаната керамика се издвојува како засебен центар на производство. Последнава констатација, барем засега, во отсуство на подетални податоци, треба да се прифати со доза на резервираност.

Овие процеси на професионализација на грнчарското производство, во средишните делови на Балканот, особено западните делови од регионот Македонија, северен Епир и југоисточна Албанија започнале уште во доцното бронзено време преку силните импулси од „микенскиот“ југ. Станува збор за период во кој за прв пат се појавуваат специјализирани локални грнчарски работилници, но и комуникациски т.е. трговски рути за нивна дистрибуција. Овие процеси се датираат главно по 12. век пред н.е., а се придружени со крупни промени, како што е прифаќањето на железото, појавата на утврдени населби лоцирани на ридови, ширењето на „геометризмот“ и употребата на

погребни могили-тумули.[225] Голем дел од промените, карактеристични за овој период, се забележани и во Охрид, кога Охридскиот Рид ќе биде заселен за прв пат **(за ова види стр. 31-32)**.

Како за споредба, во врска со претходно кажаното, процесите на професионализација на грнчарското производство, секако во малку поинакви услови, можат да се следат дури и порано преку примерот од локалитетот Тумба, с. Радобор, Пелагонија, кој географски е во фокусот на нашиот интерес. На овој локалитет се откриени големи грнчарски печки кои временски припаѓаат на крајот од средното бронзено време, односно 15. век пред н.е., а се дел од локалната Пелагониска-Арменохори културна група и го претставуваат врвот на нејзиниот развиток. Откриените печки **(Сл. 120.)** со својот капацитет и карактер упатуваат на вистинска керамичка „индустрија“. Во неиспразнетите печки од последното печење се откриени стотина неупотребени садови, со различни облици, димензии и намена, што зборува за големите потреби на локалните заедници.[226]



**Сл. 120.** Остатоци од грнчарска печка на лок. Тумба, Радобор, Битола (лево) и нејзина можна реконструкција (десно).

На крајот од овој преглед на технологијата на грнчарското производсто од железното време во Охрид, може да се заклучи дека таа дозволувала изработка на садови со најразлични димензии, од најмали со висина од околу 10 см **(види: стр. 426, Сл. 145: в)** до најголеми, со претпоставена висина од близу 1 м **(види: стр. 427, Сл. 148: б)**. Преку претходно приложената статистика за просечната дебелина на ѕидот на садовите од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина **(Граф. 4. и Граф. 5.)**, може приближно да се прикаже и

[225] Tsonos, A. 2018, 106.
[226] Митревски, Д. 2013, 176.

процентуалната застапеност на садовите според нивната големина. Според тоа, најчести се садовите со средна големина чија дебелина на ѕидот, во средишниот дел од садот т.е. мевот, одговара на категоријата од 0.6 до 0.7 и од 0.8 до 0.9 см. Тоа се пред сѐ амфороидни и кантароидни садови, шолји со една рачка и бокали со засечен врат **(Сл. 121: б)**. На второ место би дошле големите садови, чија просечна дебелина на ѕидот одговара на категоријата од 1 до 1.2 см. Во оваа група влегуваат длабоките скифоидни садови со две рачки и питосите **(Сл. 121: в)**. Најмалку се застапени садовите со мали димензии чија дебелина на ѕидот се движи од 0.4 до 0.5 см, а тоа се пред сѐ бокалчиња со засечен врат **(Сл. 121: а)**.




**Сл. 121.** Димензии на раножелезнодобните мат сликани садови од Охрид.

## VI. Типологија на мат сликаната керамика од раното железно време од Македонија и западниот Балкан

Во претходните поглавја беше укажано на еден проблем присутен во проучувањето на мат сликаната керамика кој се состои во непостоењето на унифицирана хронологија, односно општ консензус околу датирањето на мат сликаните садови од поширокиот регион. Кога станува збор за типологијата на оваа кремика, може слободно да се каже дека таа практично не постои.[227] При тоа, како дополнителна тешкотија се наметнува и користењето на различни регионални термини за еден ист облик, што исто така го усложнува проучувањето на оваа категорија предмети.[228] Како што и претходно, при анализата на орнаментиката на мат сликаните садови, предложивме адаптирана или целосно нова терминологија за опишување на орнаментите присутни на мат сликаната керамика и во овој случај предлагаме називи за керамичките форми за кои сметаме дека се најсоодветни.

Во досегашните трудови, скоро без исклучок, мат сликаната керамика се разгледува во рамките на глобалната керамичка продукција на раното железно време. [229] Според наше мислење, ваквивот пристап не создава услови за посветување доволно внимание на самите облици на сликаните садови поради што се губат и значајни податоци кои, евентуално, би се однесувале на културно-општесвените или култно-религиските сфери на нејзината употреба. Најголем дел од објавените мат сликани садови од западниот Балкан (поконкретно од западните делови на географскиот регион Македонија и северниот Епир) припаѓаат на некрополи, додека на мат сликаната керамика пронајдена во населби ѝ е посветено значително помало внимание. Секако, тоа се должи на едноставниот факт што населбинската керамика обично е многу полошо сочувана, односно, истражувачите главно се соочуваат со фрагменти за кои, во најголем број од случаите, е тешко или невозможно да се утврди обликот на садот на кој припаѓале. Во тој поглед е сосема јасно дека најголема помош во нивната идентификација можат да дадат нејзините споредби со гробната керамика. Од тие причини, пред да биде презентирана

[227] Единствва публикација во која, до извесна мера, е преземена споредбена типолошка анализа на мат сликани садови од поширокиот регион (географска Македонија, Албанија и Епир) е трудот на грчкиот археолог А. Цонос (Tsonos, A. 2018, 91-113).
[228] За споредбата на разните термини користени при описот и типологијата на железнодобната керамика во југоисточна Албанија, види: Krapf, T. 2018a, 67-81.
[229] Andrea, Zh. 2005; Krapf, T. 2018a.

типологијата на мат сликаните садови од Охрид, приложуваме типолошкиот преглед на најчестите облици на мат сликани садови од западниот Балкан пронајдени во некрополите од раното железно време.

## 1. Типолошки преглед на основните форми на мат сликани садови пронајдени во некрополите од горепосочените региони:[230]

### a. Кантароиден сад

Кантароидниот сад го претставува најчестоупотребуваниот облик во раното железно време, а неговиот развиток во Македонија може да се следи низ сето бронзено време.[231] Оваа форма е со кус цилиндричен врат, топчесто-мешесто тело (понекогаш и благо биконично), слабо нагласено дно и две вертикални лентести рачки кои започнуваат од самиот раб на устината, ја надвишуваат и завршуваат на рамото или на мевот од садот. Големината на овие садови варира така што, понекогаш, помалите варијанти во литературата се нарекуваат „кантароидни шолји“,[232] а може да се сретне и збунувачкиот хибриден израз „кантароиден скифос“.[233] Оваа категорија садови најчесто се именува со терминот „кантарос“.[234] Според наше мислење, најсоодветен термин за поголемите примероци од оваа категорија би бил „кантароиден сад“, а за помалите го прифаќаме изразот „кантароидна шолја“.

[230] Напомена: Во споредбениот преглед кој следи, садовите не се дадени со соодветни пропорции едни наспроти други, од причина што во поголем дел од трудовите од кои се преземени, нажалост, не е приложен размер.
[231] Митревски, Д. 1997, 110; Mitrevski, D. 2006, 87, Fig.1; Митревски, Д. 2013, 221 -222; Папазовска Санев, А. 2015, 158 – 159.
[232] Митревски, Д. 1997, 110.
[233] Romiopoulou, K. 1971, 354, 8.
[234] Папазовска Санев, А. 2015, 163; Krapf, T. 2018, 125.




**Сл. 122.** Мат сликани кантароидни садови: **1-** Барч, Корча, Албанија; **2-** Куч и Зи, Корча, Албанија; **3-** Бобушти (Платанија), Кожани, Грција; **4-** Марта, Зовиќ, Битола, Македонија; **5-** Вица, Епир, Грција.

### b. Бокал со засечен врат

Овој тип садови се со конусен или цилиндричен врат, косо засечен на задната страна, високо извлечен изливник во вид на „клун“, топчесто тело и најчесто ненагласено дно. Рачката е лентеста, започнува од задниот дел на устината (горниот дел од вратот), а завржува на рамото од садот. Се сретнуваат варијанти каде таа го надвишува „клунот“ на садот или е поставена пониско од него. И овој сад се развива од облик користен во бронзеното време, а карактеристичното засекување на вратот го добива во доцното бронзено време.[235]

[235] Митревски, Д. 1997, 110; Mitrevski, D. 2006, 87, Fig.1; Митревски, Д. 2013, 221 -222; Папазовска Санев, А. 2015, 158 – 159.




**Сл. 123.** Бокали со засечен врат: **1-** Бобушти (Платанија), Кожани, Грција; **2-** Бел Камен, Живојно, Битола, Македонија; **3-** Вица, Епир, Грција.

### c. Амфора-урна

Овој тип се развива од керамички облик кој е најзастапен во т.н. „Брњичка културна група“ (Косово и јужна Србија) од бронзеното време, а за прв пат се појавува во Повардарието во преодниот период помеѓу бронзеното и железното време. Користен е во населбите како сад за чување течности, но најчесто во некрополите – како кремациона урна.[236] Во раното железно време ја добива својата мат сликана варијанта. Во литературата се сретнува под името „амфороиден сад“, „амфора“, „урна“ или „амфора-урна“.[237] Поради неговата двојна намена – од една страна како сад за чување течности и од друга како урна, сметаме дека терминот „амфора-урна“ е најсоодветен. Овие садови се со устина која е лачно свиена нанадвор (со рамна горна површина), конусен врат кој се надоврзува на биконичното тело и рамно дно. Вообичаено е придружен со две или три вертикални рачки со лентест или прстенест облик, распоредени на рамото **(Сл. 124: 2, 3,**

[236] Митревски, Д. 1997, 47-48; Папазовска Санев, А. 2015, 102.
[237] Папазовска Санев, А. 2015, 102-103.

**6)**, но се јавуваат и варијанти со лентести рачки кои започнуваат на вратот, а завршуваат на мевот од садот **(Сл. 124: 4, 7)**. Познати се, исто така, и примероци со две хоризонтални потковичести рачки, како што е примерот од Бел Камен, Живојно **(Сл. 124: 1)** и Ајани, Кожани, во вториот случај дополнети со две дршки во вид на макари **(Сл. 124: 5)**, многу слични на „макарите“ присутни на рачките од кантароидниот сад од Марта, Зовиќ **(спореди Сл. 124: 5 со Сл. 122: 4).**




**Сл.124.** Амфори-урни: **1-** Бел Камен, Живојно, Битола, Македонија; **2-** Барч, Корча, Албанија; **3-** Куч и Зи, Корча, Албанија; **4-** Дреново, Корча, Албанија; **5-** Ајани, Кожани, Грција; **6, 7-** Вица, Епир, Грција.

### d. Мал амфороиден сад

Овој облик многу наликува на кантароидните садови (според големината најблизок на категоријата „кантароидни шолји“), поради што во трудовите не се прави разлика помеѓу нив. Главната разлика што ги раздвојува е тоа што, оваа категорија има потесен отвор на устината, обично не повеќе од половина дијаметар од најширокиот дел на садот, додека кај кантароидните садови тој е поширок и изнесува повеќе од половина од дијаметарот на најширокиот дел од садот. Друга карактеристика која ги разликува амфороидите од кантароидите садови е нивното поиздолжено, а некогаш и биконично тело.



**Сл. 125.** Мали амфороидни садови: **1-** Сарај, Брод, Битола, Македонија; **2-** Куч и Зи, Корча, Албанија.

## е. Шолја со една рачка

Овој облик е многу сличен со категоријата кантароидни шолји, при што од нив се разликува според присуството на само една рачка. Садот е со цилиндричен или конусен кус врат, топчесто тело и вертикална лентеста рачка која ја надвишува устината **(Сл. 126: 1, 2, 3, 4, 5, 6)**. Освен сликаната орнаментика, кај овој тип некогаш се јавуваат и пластични додатоци во вид на брадавици или рогови **(Сл. 126: 2, 3, 6)**.

Во рамките на овој тип може да се издвои и подкатегорија која се сретнува многу ретко, во вид на шолја, со една рачка, поставена на издигната нога **(Сл. 126: 7 и 8)**. Примерокот од лок. Љофкенд, јужна Албанија,[238] се издвојува по тоа што рачката не му е лентеста туку прстенеста **(Сл. 126: 8)**.

---

[238] Papadopulos, J. K. et al. 2007, 120, Fig.12, a.




**Сл. 126.** Шолји со една рачка: **1, 2-** Барч, Корча, Албанија; **3-** Куч и Зи, Корча, Албанија; **4, 8-** Љофкенд, Фиер, Албанија; **5, 7-**Ајани, Кожани, Грција; **6-** Вица, Епир, Грција.

## f. Двојни и тројни садови

Станува збор за карактеристичен облик, образуван од две или три сатчиња со топчесто тело и кус цилиндричен врат, поврзани преку „нишки" изведени на различен начин и заедничка лачно свиткана **(Сл. 127: 1, 2, 4)** или кружна дршка **(Сл. 127: 3, 5)**. На мевот на некои од сатчињата се наоѓаат испакнувања во вид на брадавица или рог **(Сл. 127: 3, 4, 5)**. Развојот на овој тип може да се следи уште од раното бронзено време на територијата на централниот Балкан,[239] а најрано се јавува во Анадолија и тоа кон крајот на 4. милениум пред н.е.[240]




**Сл. 127.** Двојни и тројни садови: **1, 2-** Барч, Корча, Албанија; **3, 4, 5-** Лиатовуни-Коница, Епир, Грција

[239] Митревски, Д. 2019, 74, Сл. 38.
[240] Srejović, D. 1997, 425.

Во овој преглед беа опфатени само најчестите облици на садови присутни во некрополите од западниот Балкан, односно западните делови на географска Македонија и северен Епир. Напоменуваме дека постојат и поретки примери на садови со облици кои не можат да се сместат во ниту една од горенаведените категории (таков е, на пример, фрагментот од Плаошник **(47/Пл)** со дршка која завршува со „рогови“). Сметаме дека овие исклучоци не ја менуваат битно зацртаната типолошка рамка.

### 2. Типологија на мат сликаните садови од Охрид

Погоре веќе нагласивме дека керамичкиот материјал од локалитетите Плаошник и Самоилова тврдина, Охрид, е остаток од населбински активности. Во тој контекст, при извршената споредба со претходната типолошка поделба на мат сликаните садови пронајдени во некрополи од поблискиот или поширокиот регион, забележена е извесна разлика, односно отсуство или присуство на одредени форми. Се разбира, поради високиот степен на фрагментираност на поголемиот дел од садовите, изведените заклучоци не можат да се сметаат за конечни. Засега сепак не може со сигурност да се зборува за јасна и недвосмислена разлика помеѓу мат сликаните садови вклучени во погребните сфери и оние користени во населбите – поврзани со најразличните аспекти од од секојдневниот живот. До овој момент, во балканската археологија отсуствува една продлабочена анализа за овој проблем.

Судејќи според дел од зачуваните фрагменти од Охрид, чиј степен на сочуваност дозволуваше да се направи реконструкција, може со поголема сигурност да се зборува за формите на садовите и начинот на нивно обликување. Врз основа на нашите согледувања, во наредните пасуси ја претставуваме типолошката поделба на раножелезнобните мат сликаните садови од Охрид **(Сл. 128.)**, проследена со соодветен опис за секој облик и негова споредба со слични или исти садови од поширокиот регион на западниот Балкан.[241]

[241] Напомена: Во споредбениот преглед кој следи, садовите, во најголем дел, не се дадени со соодветни пропорции едни наспроти други, од причина што во поголем дел од трудовите од кои се преземени не е приложен размер.




**Сл. 128.** Типологија на мат сликаните садови од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

a. **Амфороидни садови**

Се работи за садови со цилиндричен или благо конусен врат, издолжено, слабо-нагласено биконично тело, рамно кружно дно и две вертикални лентести рачки кои започнуваат од самиот раб на устината, ја надвишуваат и обично завршуваат на рамото од садот **(Сл. 129.)**.




**Сл. 129.** Спредба на амфороидни садови: **а -** Плаошник, Охрид, Македонија; **б -** Сарај, Брод, Битола, Македонија; **в -** Куч и Зи, Корча, Албанија; **г -** Пателе (Аг. Пантелејмон), Грција.

b. **Кантароидни садови**

Овие садови се со кус цилиндричен врат, топчесто-мешесто тело, слабо нагласено дно и две вертикални лентести рачки кои започнуваат од самиот раб на устината, ја надвишуваат и завршуваат на рамото или на мевот од садот **(Сл. 128: в)**. Евидентиравме уште една помала варијанта – кантароидна шолја со топчесто тело, која е без врат, односно устината директно се надоврзува на телото, рачките се вертикални со кружен-прстенест облик, поставени меѓу рамото и мевот на садот **(Сл. 128: г)**.




**Сл. 130.** Споредба на кантароидни садови: **а, б-** Плаошник (можен изглед); **в-** Малиќ; **г-** Барч; **д-** Куч и Зи; **ѓ-** Бобушти (Платанија); **е-** Арниса (Острово); **ж-** Вица.

### b1. Шолји со една рачка

Во врска со последната спомената варијанта на кантароиден сад **(Сл. 128: г)**, постои можност фрагментот со **кат. бр. 12/Пл** да не бил дел од ваков сад, туку, можеби припаѓал на шолја со една рачка **(Сл. 128: д)**. Неа ја издвојуваме како подгрупа **b1**. Слични мат сликани садови на предложенава категорија наоѓаме на територија која не е матична за мат сликаната керамика – во населбата Термос, Аетолија (Етолија), Грција, **(Сл. 131: спореди 12/Пл, 122/Пл – со садовите од долниот ред)**.[242] Аналогија многу блиска според изгледот и пропорциите со фрагментот од Плаошник **(12/Пл)** е пронајдена на локалитетот Љофкенд, јужна Албанија, во форма на сад-шолја со прстенеста нога. Врз основа на тоа предлагаме и друга можна рекострукција **(Сл. 132.)**. Дека меѓу мат сликаните садови од Охрид постоеле и такви со прстенесто дно, сведочи фрагментот од Плаошник **(22/Пл)**. Напоменуваме дека за потребите на овој труд беа обработени ограничен број фрагменти, при што нивната количина е значителна. Оттука, не е

[242] Tsonos, A. 2018, 97, Εικ. 6. **δ**.

исключено постоењето на оваа форма или на други со прстенесто дно, кои би се потврдиле со евентуалната идна доообработка на останатиот депониран материјал.




**Сл. 131.** Шолји со една рачка: Плаошник- можен изглед **(горе)**; Термос, Етолија, Грција **(долу)**.




**Сл.132.** Шолја на нога: Љофкенд, јужна Албанија **(лево)**; Плаошник- можна реконструкција **(десно)**.

## c. Бокали со засечен врат

Бокалите се со цилиндричен врат, косо засечен на задната страна, високо извлечен изливник во вид на „клун“ и топчесто тело. За жал, на ниту еден од обработените фрагменти не е сочувана рачка. Поради тоа нудиме четири можни решенија за нејзината поставеност **(Сл. 128: ѓ, е, ж, з)**. Овие садови се јавуваат во поголемо и помало издание, односно во вид на бокали **(Сл. 128: ѓ, е и Сл. 133: а, 125/Пл)** и бокалчиња **(Сл. 128: ж, з и Сл. 133: а, 126/Пл)**.




**Сл. 133.** Споредба на бокали со засечен врат: **а -** Плаошник (можен изглед); **б -** Бел Камен, Живојно, Битола; **в -** Бобушти (Платанија), Костур, Грција; **г -** Вица, Епир, Грција.

## d. Длабоки чинии- паници

Паниците се помали длабоки садови со калотестото тело, неиздвоена лачна устина и рамно дно **(Сл. 128: ѕ)**. Фрагменти од садови со идентичен облик и пропорции, споредено со оние од Плаошник, Охрид, се откриени на локалитетите Совјан и Малиќ во блиската Корчанска Котлина **(Сл. 134.)**.




**Сл. 134.** Длабоки чинии- паници: **а-** Плаошник, Охрид; **б-** Совјан, Корча, Албанија; **в-** Малиќ, Корча, Албанија.

### е. Длабоки садови со две рачки, односно, скифоидни садови

Претставуваат длабоки садови со широк отвор и длабок реципиент. Имаат устина лачно свиена нанадвор, биконично тело или тело со „S“ профилација и две хоризонтални, „потковичести“, рачки поставени на мевот од садот **(Сл. 128: и)**. Фрагменти од садови со идентичен облик и пропорции, споредено со оние од Плаошник, Охрид, се откриени на локалитетот Совјан во блиската Корчанска Котлина **(Сл. 135.)**.




**Сл. 135.** Скифоидни садови: **а-** Плаошник (можна реконструкција); **б-** Совјан, Корча, Албанија.

## f. Грништа

Садовите од оваа категрија се со широк отвор и развлечено топчесто т.е. „мешесто“ тело кое директно се надоврзува на лачната устина која е косо извлечена нанадвор. Дното, најверојатно, било рамно и слабо нагласено. Грништата се евидентирани во две варијанти – големи, со дијаметар на отворот до околу 27 см **(Сл. 128: ј)** и помали, со дијаметар на отворот од околу 15 см **(Сл. 128: к)**. Фрагменти од садови со идентичен облик и пропорции, споредено со оние од Плаошник, Охрид, се откриени на локалитетите Совјан и Малиќ во блиската Корчанска Котлина **(Сл. 136.)**.[243]




**Сл. 136.** Грништа: **а-** Плаошник; **б-** Малиќ, Корча, Албанија; **в-** Совјан, Корча, Албанија.

## g. Питоси

Меѓу обработените фрагменти, два се издвојуваат според своите димензии. Претставуваат горен дел од големи садови, најверојатно, питоси. Имаат конусен врат и устина која е лачно свиена нанадвор **(Сл. 128: л, љ)**. Се обидовме да направиме реконструкција на нивниот изглед, со запазување на соодветните пропорции во однос на сочуваните остатоци и користење како аналогии слични садови од доцното бронзено и железното време од Македонија и средниот Балкан. Врз основа на овие споредби може да

[243] Andrea, Zh. 2005, 13; 48, TAB. VII – 8, 9.

се претпостави дека го имале карактеристичниот биконичен облик на телото.[244] Засега успеавме да пронајдеме само една аналогија на фрагмент од мат сликан питос од крајот на доцното бронзено време од лок. Кастанас **(Сл. 137: в)**.[245] Поради слабата сочуваност, предложените реконструкции треба да се прифатат со одредена резерва. Фрагментот од Плаошник со **кат. бр. 50/Пл** би припаѓал на питос со дијаметар на отворот од околу 25 см и претпоставена висина од околу 48 см **(Сл. 138: лево)**, додека фрагментот од Самоилова тврдина (со **кат. бр. 44 и 45/СТ**) би имал дијаметар на отворот од околу 30 см и висина од околу 96 см **(Сл. 138: десно)**.




**Сл. 137.** Фрагменти од питоси: **а-** Плаошник; **б-** Самоилова Тврдина; **в-** Кастанас, Кукуш, Грција.




**Сл. 138.** Реконстуирани питоси.

[244] Ристов, К., 2020, стр.103, 104 и 163, Т III, Сл.2.
[245] Tsonos, A., 2018, стр. 97 и Εικ 6, στ.

## h. Амфора-урна

За обликот амфора-урна, кој беше опишан погоре, постојат најмали докази дека бил присутен меѓу керамичките форми во Охрид, поради што не го вклучивме во типолошкиот преглед **(Сл. 128.)**. Но, судејќи според неколку фрагменти од лок. Плаошник, а особено фрагментот **(73/Пл)**, може да се претпстави дека бил застапен и во Охрид. Оваа претпоставка ја темелиме врз фактот кој беше претходно спомнат **(стр. 338-339)**, дека зачуваниот мотив на фрагментот е скоро идентичен со оној изведен на фрагмент од лок. Малиќ, за кој постои голема веројатност да припаѓал на сад од овој тип, како и многу сличен на орнаментите присутни на целосно сочуваната амфора-урна од лок. Куч и Зи **(Сл. 139: спореди а со б, в2)**. Вториот аргумент е дека овој фрагмент, според пропорциите и начинот на кој вратот под агол се врзувал со устината, сосема одговара на изгледот на целосно сочуваниот сад од овој тип, со помали димензии, повторно, од лок. Куч и Зи **(Сл. 139: спореди а со в1)**.




**Сл. 139.** Фрагменти: **а-** Плаошник и **б-** Малиќ споредени со **в-** амфори-урни од Куч и Зи, Корча, Албанија.

На крајот треба да се спомне дека, во најголем број од случаите, при изведбата на предложените реконструкции, најпрво ја изработувавме можната реконструкција на обликот на садот, па дури потоа за неа баравме соодветни аналогии. Тоа што поголем дел од добиените реконструкции, според изгледот и пропорциите се покажале како идентични или многу слични со садовите од регионот, особено со оние од блиската Корчанска Котлина, сметаме дека е потврда за валидноста на предложените реконструкции. Фактот

што поголемиот дел од добиените форми се скоро идентични по изглед и пропорции, може да зборува за регионалната стандардизација на грнчарското производството во овој регион во текот на раното железно време.

# VII. Реконструирани садови

Во оваа глава ги презентираме поединечно сите садови за кои е изработена реконструкција, од кои поголемиот дел беа вклучени и во типолошкиот преглед. За дел од нив е изработена и делумна реконструкција на сликаната орнаментика.

## 1. Амфороидни садови

Реконструкцијата се однесува на фрагмент од сад од лок. Самоилова тврдина со **кат. бр. 34/СТ**. Постои голема веројатност фрагментот да припаѓал на кантароиден сад за кој, повторно, нудиме можна реконструкција на изгледот **(види долу Сл. 141: б)**. За споредба е даден реконструираниот амфороиден сад од Плаошник со **кат. бр.158/Пл (Сл. 140.)**.




**Сл. 140.** Амфороидни садови: Плаошник **158/Пл -** лево; Самоилова Тврдина **34/СТ** (можен изглед)-десно.

## 2. Кантароидни садови

Можни реконструкции на четири кантароидни садови, од кои вторите два припаѓаат на категоријата кантароидни шолји:

- Реконструиран кантароиден сад според фрагмент најден на локалитетот Плаошник со **кат. бр.25/Пл (Сл. 141: а)**;

- Реконструиран кантароиден сад според фрагмент најден на локалитетот Самоилова тврдина со **кат. бр. 34/СТ (Сл. 141: б)**;
- Реконструкција на кантароидна шолја според фрагмент најден на локалитетот Плаошник со **кат. бр. 12/Пл (Сл. 141: в)**. Постои можност фрагментот да припаѓал на шолја со една рачка **(види долу а. Шолји со една рачка Сл. 143: а)**.
- Реконструкција на кантароидна шолја според фрагмент најден на локалитетот Плаошник со **кат. бр. 122/Пл (Сл. 141: г)**. Постои можност фрагментот да припаѓал на шолја со една рачка **(види долу а. Шолји со една рачка Сл. 143: б)**.




**Сл. 141.** Кантароидни садови: **а-** Плаошник **25/Пл**; **б-** Самоилова Тврдина **34/СТ**; **в-** Плаошник **12/Пл**; **г-** Плаошник **122/Пл**.

За фрагментот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)** нудиме и делумна реконструкција на орнаментиката **(Сл. 142.)**.




**Сл. 142.** Делумна реконструкција на орнаментите на фр. **34/СТ**.

### а. Шолји со една рачка

Реконструкции на два сада-шолји со една рачка од лок. Плаошник со **кат. бр.12/Пл**, со реконструкција на орнаментиката (реконструкција – **Сл. 143: а)** и **кат. бр.122/Пл** (реконструкција – **Сл. 143: б)**.




**Сл.143.** Шолји со една рачка: **а-** Плаошник **12/Пл**; **б-** Плаошник **122/Пл**.

Веќе беше кажано дека фрагментот од Плаошник со **кат. бр. 12/Пл** можеби припаѓал на шолја поставена на тенка и извишена нога, за што нудиме реконструкција на можниот изглед **(Сл. 144.)**.




**Сл.144.** Хипотетичка реконструкција на сад од Плаошник **12/Пл**.

**3. Бокали со засечен врат**

Можна реконструкција на обликот и делумна реконструкција на орнаментиката на два сада од лок. Плаошник: бокал со засечен врат – **кат. бр. 125/Пл** и бокалче - **кат. бр. 126/Пл**. За првиот нудиме две можни решенија за поставеноста на рачката бидејќи, според степенот на сочуваност на фрагментот, не е доволно јасно како тоа било изведено **(Сл. 145: а, б)**. За бокалчето, според остатоците, е сосема јасно дека рачката не започнувала од горниот раб на устината **(Сл. 145: в)**.




**Сл. 145.** Бокали со засечен врат: **а, б-**Плаошник **125/Пл в-** Плаошник **126/Пл**.

**4. Длабоки чинии- паници**

Рекострукција на длабока чинија - паница според фрагмент од локалитетот Плаошник со **кат. бр. 52/Пл (Сл. 146.)**.




**Сл. 146.** Паница, Плаошник **52/Пл**.

**5. Скифоидни садови**

Можен изглед на два скифоидни сада, односно, длабоки садови со две хоризонтални рачки од лок. Плаошник, од кои првиот е со **кат. бр. 8/Пл (Сл. 147: а)**, а вториот со **кат. бр. 19/Пл (Сл. 147: б)**.




**Сл. 147.** Скифоидни садови: **а-** Плаошник **8/Пл**; Плаошник **19/Пл**.

### 6. Питоси

Можен изглед на два големи сада – питоси, првиот од лок. Плаошник со **кат. бр. 50/Пл (Сл. 148: а)**, а вториот од лок. Самоилова тврдина со **кат. бр. 44** и **45/Ст (Сл. 148: б)**. За нив нудиме и делумна реконструкција на ликовните мотиви.




**Сл. 148** Питоси: **а-** Плаошник **50/Пл; б-** Самоилова Тврдина **44** и **45/СТ**.

# VIII. Етно-културна определба на носителите на мат сликаната керамика

## 1. Доминантни теории

Во врска со проблемот за етничката припадност на носителите на мат сликаната керамика на средишниот Балкан, во доцното бронзено и раното железно време, до сега се изнесени повеќе мислења и ставови. Од нив можат да се издвојат три главни гледишта, односно на грчките, албанските и македонските истражувачи. Во продолжение се наведени нивните главни поенти.

Во грчката археологија доминира ставот за поврзување на мат сликаната керамика со среднохеладската традиција, а како носители се спомнуваат протомакедонците кои, во овие области, се доселиле од југ (односно Пелопонез), во доцното бронзено време.[246] Ова мислење се однесува на керамиката пронајдена во Горна Македонија, т.е. денешна северозападна Грција. Во однос на Епир, појавата на мат сликаната керамика се поврзува со доселувањето на Молосијците во 12. век пред н.е.,[247] при што е забележлива тенденцијата за изедначување или ставање на знак равенство помеѓу македонските и молосиските племиња.[248]

Од друга страна, за албанските автори е карактеристично многу раното датирање на мат сликаната керамика од југоисточна Албанија и нејзиното карактеризирање како „целосно автохтона и оригинална“ и како сведоштво за раната илирска култура во таа област, којашто тие ја поврзуваат со Дасаретите.[249] Според зборовите на познатиот албански археолог и академик Ф. Пренди, мат сликаната керамика пронајдена по долината на р. Девол, го претставува континуираниот автохтон развој на Илирите и ѝ претходи на мат сликаната керамика од Македонија и Епир, а во овие области се појавува како влијание од Албанија.[250] Со овие гледишта во целост се согласувала и некогашната југословенска археологија.[251] Денес, ваквите ставови во голема мера се напуштени, барем во поглед на хронологијата и потеклото на овој тип керамика.[252] При разгледувањето на

[246] Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[247] Tsonos, A. 2018, 106; Петрова, Е. 1996, 44, види и заб. 22.
[248] Петрова, Е. 1996, 45.
[249] Ibid, 44; Prendi, F. 1975, 128-129; Prendi, F. 1982, 214 - 219.
[250] Horejs, B. 2007.
[251] Čović, B. 1984, 21 – 22.
[252] Krapf, T. 2018, 125.

хронологијата на мат сликаната керамика **(стр. 36)** спомнавме дека со ревизијата која ја прави албанскиот археолог Ж. Андреа, се покажало дека „деволската“ мат сликана кермика не се појавила порано од доцниот 12. век пред н.е., односно преодниот период.[253] Но, при тоа, посочената авторка не пропушта да нагласи дека присуството на мат сликана керамика секаде треба да се поврзе со илирските популации.[254]

Од македонските научници, по ова прашање најдетално се произнела Е. Петрова, користејќи мултидисциплинарен, историски, археолошки и лингвистички пристап при проучувањето на палеобалканската популација на Бригите. Меѓу останатото, таа прави обид за поврзување на мат сликаната керамика со традициите на овој етнос. Главни аргументи врз кои го темели ова тврдење се следните: на просторот на централниот Балкан бригиската популација е посведочена во многу историски извори, од најрани времиња, односно времето на Тројанската војна; од раното бронзено, па сè до железното време, во овој регион постоела една стабилна култура со заеднички културни белези, без регистрирани поголеми продори од страна; промените во раното железно време не предизвикале битни промени во етничката структура на централнобалканските етноси;[255] Бригите, како постара од останатите среднобалкански популации, влегува во етногенезата на вториве и таа дефинитивно завршува во железното време. Овие заклучоци Е. Петрова ги темели врз основа на повеќе аргументи, од кои најважни се лингвистичките докази, според кои заклучува дека поголемиот дел од именскиот материјал од пајонската и македонската територија има бригиски корени, а истото се однесува и на другите популации од централниот Балкан.[256] Според неа Бригите биле составен дел на подоцнежните етнички заедници на античките Македонци, Дасаретите, Едонците, Мигдонците и Пајонците. Иако се смета за потврдено дека Пајонците носат обележја на постара бронзенодобна популација, таа укажува на нивните неоспорни врски со Бригите, што се докажува преку пајонската ономастика и друга лексика во која се содржани голем број глоси и имиња со бригиски корен.[257]

Мат сликаната керамика од доцното бронзено време и преодниот период пронајдена на локалитетите по текот на р. Вардар Е. Петрова ја поврзува токму со

---

[253] Andrea, Zh. 2005, 35.
[254] Ibid, 36.
[255] Петрова, Е. 1996, 45.
[256] Ibid, 70.
[257] Петрова, Е. 1996, 213.

Пајонците,[258] наведувајќи дека во ова време во регионот на Повардариeто и Долна Македонија јасно е посведочено нивното присуство.[259] Таа ги отфрла квалификациите за мат сликаната керамика од југоисточна Албанија како „илирска“, а онаа од Горна Македонија како „македонска“, поврзувајќи ги и обете со Бригите.[260]

Меѓу многуте елементи посочени од страна на оваа авторка како аргументи во прилог на бригиското присуство на цетралниот Балкан т.е. Македонија е и поврзувањето на хидронимот Халиакмон со фригискиот месец Акмонија, теонимот Акмон и истиот антропоним.[261] Со тоа, според неа, се воспоставува јасна врска меѓу Бригите (Фригијците) и Македонците, односно јадрото на нивното подоцнежно кралство кое, воедно, кореспондира и со јадрото на употреба на железнодобната мат сликаната керамика во овој дел на Македонија.

На крајот, Е. Петрова заклучува дека, можеби, во рударската вештина и трансхуманото сточарење на Бригите, меѓу другото, треба да се бара објаснување за појавата на бригиски енклави надвор од изворниот простор на нивно населување **(за трансхуманото сточарење види стр. 22-23)**. Во тој контекст, во можна врска со Бригите ги доведува и наодите од локалитетот Вица во Епир кој, според Ј. Вокотопулу – главниот проучувач на ова наоѓалиште, бил летно одредиште на сточарите.[262]

Говорејќи за поврзувањето на Бригите со други среднобалкански популации, треба да се спомне и мислењето на Н. Проева според која, во бригиската група племиња, освен пајонските, се вбројуваат и Енгеланите/Дасаретите, како и едонско-мигдонската група, како подгрупа на пајонската, која била составена од Едонци, Крестонци и Ситонци. На крајот, таа заклучува дека бригиската група племиња била главна компонента во етногенезата на античките Македонци.[263]

[258] Петрова, Е. 1997, 39 - 40.
[259] Ibid, 1996, 60.
[260] Ibid, 44-45.
[261] Ibid,212.
[262] Ibid, 213.
[263] Проева, Н. 2004, 97; за врските помеѓу Бригите, Пајонците и античките Македонци види и: Petrova, E. 1997, 159-166.

## 2. Анализа на теориите

Изнесените теории се во најголема мера противречни, а дел од нив дури може да се наречат и тенденциозни затоа што навлегуваат во доменот на дневната политика[264] и национализмот. Општ е впечатокот дека во балканската археологија имало и има тенденција (барем кај дел од истражувачите), остатоците од материјалната култура да се издвојуваат и поистоветуваат, односно идентификуваат со современите државни граници и нации,[265] што во основа, никогаш не соодветствува со фактичката археолошка реалност.

Според тоа, во ставовите изнесени од грчките археолози може да се препознае обидот за „хеленизирање“ на мат сликаната керамика и културата која ја произвела, со називи како „дорска керамика“ и нејзиното поврзување со протомакедонците кои (според нивните претпоставки) во оваа област се доселиле од југ (Пелопонез) во доцното бронзено време.[266] Ставот кој генерално е присутен во грчката наука за хеленското, односно дорско, потекло на древните Македонци и нивниот јазик, главно се базира на кажувањата на Херодот.[267] Но, постојат и многу други историски извори кои одат во полза на спротивната теза – за нехеленското или различното потекло на древномакедонскиот јазик и античките Македонци.[268] Сепак, до денешен ден не е разрешено ова прашање и нема задоволителен одговор во врска со нивното потекло.[269] Дури и некои грчки научници се согласни дека е проблематично поврзувањето на античките Македонци со Хелените, особено во поранииот период.[270] Друг проблем, за кој до денес не постои согласност, е и прашањето за времето на појавување на Македонците на овој простор. Генерално е прифатено мислењето на Н. Г. Л. Хамонд (1972), дека формирањето на македонското кралство се случило кон крајот на првата половина на 7. век пред н.е., но, според него македонските популации исто така биле присутни во областа помеѓу Олимп и р. Халиакмон (Пиерија), уште во средното бронзено време. Ова рано присуство го оспорува Е. Борза (1992), а во поново време е изнесено мислење дека, формирањето на

[264] Петрова, Е. 1996, 44.
[265] Gori, M. 2012.
[266] Karamitrou-Mentessidi, G. 2007.
[267] Херодот I. 56.
[268] Проева, Н. 2004, 76 – 80.
[269] Ibid, 75.
[270] Saripanidi, V. 2017, 73.

македонското кралство настанало во доцниот 11. и раниот 10. век пред н.е. (С. Пабст 2009).[271]

Од друга страна, во некои антички извори се наведени информации кои одат во прилог на предложеното поврзување на античките Македонци и Епирците. На пример, Страбон кажува дека Епирците според начинот на стрижење на косата, според говорот и носијата биле исти со Македонците. Понатаму додава дека некои Епирци биле двојазични, односно, покрај својот јазик, го говореле и хеленскиот.[272] Исто така, многу често во класичните хеленски извори тие, како и древните Македонци, се нарекувани „барбари“,[273] што посредно укажува на нехеленскиот статус на обата народи. Добро е познато дека значењето на овој хеленски ономатопејски збор не е „нецивилизиран“ или оној кој не припаѓа на хеленската култура, туку оној кој не зборува хеленски.[274] Следствено на ова, изнесено е мислење според кое, епирското племе Молосијци, со кое се поврзува мат сликаната керамика од Епир, изворно не биле Хелени при што, почнувајќи од 5. век пред н.е., или нешто порано, хеленскиот јазик го употребувале како јазик на културата.[275] Оваа појава, преку историските извори, е потврдена и кај древните Македонци. На пример, во епизодата за судењето на Филота од страна на Александар III Македонски, опишана од Квинт Куртиј Руф, е очевидна двојазичноста на Македонците, која важеше и за Епирците. При тоа недвосмислено се вели дека, за сметка на „родниот“, т.е. македонскиот јазик, хеленскиот е прифатен како јазик за меѓународна комуникација.[276]

Во врска со ставовите на албанските археолози околу илирското потекло на мат сликаната керамика и најзиното поврзување со Дасаретите, може да се каже следното. Дасаретите за прв пат во историските извори се појавуваат во 3. век пред н.е. Најран податок за нив наоѓаме кај Хекатеј кој вели дека, Дасаретите (Сасаретите) порано се нарекувале Енхелеи.[277] До денес во науката не е разрешено прашањето дали Дасаретите треба да се поистоветуваат со Енхелејците.[278] Изнесена е можноста тие да го добиле овој

---

[271] Saripanidi, V. 2017, 73, види заб. 1.
[272] Katičić, R. 1971, 378.
[273] Ibid, 375, заб. 3.
[274] Проева, Н. 2004, 69.
[275] Douzougli, A., Papadopoulos, J. 2011, 7.
[276] Квинт Куртиј Руф VI, 10, „Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик, дека сум се грозел од обичаите на Македонците ... Уште порано, оној, родниот јазик беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик.“
[277] Битракова Грозданова, В. 2017, 17.
[278] Delev, P. 2018, за Енхелејци види: 159-161, а за Дасарети 161-162.

етноним според областа што ја населувале (Дасаретија), а не обратно.[279] Од друга страна, називот „Енхелеи“ се смета за хеленизирана форма на домородното „Енгелани“.[280]

До денес, во науката нема консензус и конечен одговор во однос на потеклото и припадноста на Енхелејците, впрочем како и за повеќето други палеобалкански популации.[281] Постојат мислења дека се Хаонско (северноепирско) племе,[282] што би соодветствувало на горепосочените врски помеѓу епирските и македонските племиња. Во оваа теорија добро би се вклопил и заклучокот изнесен врз основа на остатоците на материјалната култура од Охрид и поширокатa околина. Според него, почнувајќи од раното железно време, археолошкиот материјал од овој регион (и тоа пред сѐ мат сликаната керамика) покажува силни културни врски со епирско-македонскиот културен круг.[283]

Постојат историски извори кои Енхелејците ги доведуваат во врска со Бригите. Страбон, во пописот и описот на племињата лоцирани зад Епидамнос сé до Кераунските Планини ги спомнува и Бригите, додека Псевдо Скимнос, лоцирајќи ги Бригите во истиот регион, кажува и дека над нив живееле Енхелејците со кои некогаш владеел легендарниот Кадмо.[284] Како што беше кажано погоре, Бригите се сметаат за главна компонента во формирањето на подоцнежните етнички заедници од централниот Балкан, меѓу кои и Дасаретите. Исто така беше изнесено и мислењето според кое, тие се дел од бригиската група племиња **(види заб. 263)**.

„Илирската“ припадност на мат сликаната керамика од југоисточна Албанија, а посредно и онаа од соседниот Охридски регион, може да се отфрли, судејќи според констатираните разлики во раножелезнодобната културата од овој регион и културната група Гласинац-Мати, лоцирана северно од нив, која традиционално се врзува за овој етнос.[285] Ширењето на илирските популации јужно од р. Мат до Епир, се случило подоцна, со јакнењето на овие заедници и тоа главно во 7. и 6. век пред н.е.,[286] кога оваа керамика веќе не била во употреба. Уште од одамна К. Килиан ги воочил разликите во

[279] Битракова Грозданова, В. 2017, 15.
[280] Проева, Н. 2004, 88; Proeva, N. 2018, 153.
[281] Митревски, Д. 1997, 217-221; Проева, Н. 2004, 88; Delev, P. 2018, 159-161.
[282] Митревски, Д. 1997, 219.
[283] Битракова Грозданова, В. 2017, 18.
[284] Митревски, Д. 1997, 222-223; Proeva, N. 2018, 153.
[285] Петрова, Е. 1996, 205-206; Митревски, Д. 1997, 218.
[286] Петрова, Е. 1996, 211.

материјалната култура на раното железно време помеѓу јужна и северна Албанија, од една страна и блискоста на јужна Албанија со Епир и Македонија, од друга.[287]

На крајот од оваа сумарна анализа за етничката припадност на носителите на мат сликаната керамика од доцното бронзено и раното железно време распространета на централниот Балкан, би сакале да ги изнесеме и нашите ставови. Сметаме дека постои поголем консензус дека во посочениот период регионот на средното и долно Повардарие било населено со пајонски популации. Од друга страна, за западните делови на централниот Балканот (западните делови од географска Македонија) не може да се каже дека постои согласност во однос на ова прашање. Во оваа прилика не би сакале да даваме свое мислење по ова прашање кое би се однесувало на целата балканска територија на која се јавува мат сликаната керамика. Тоа би можеле да го направиме единствено во однос на Охридско-Корчанскиот регион кој, според многу параметри, се покажува како една сродна целина, која ги зема предвид дури и аргументите на трите горепосочени теории. Макар и со одредена доза на претпазливост, сметаме дека овој регион, во текот на горепосочените периоди треба да се доведе во врска со Бригите.

[287] Kilian, K. 1976.

# IX. „Геометризмот“ како феномен на раното железно време

Раното железно време е одбележано со една компонента, заедничка за повеќето археолошки култури распространети на еден поширок простор кој ја опфаќа Европа, Медитеранот и Азија. Се работи за феноменот, во науката наречен „геометризам“, особено јасно манифестиран во материјалната култура, кој се состои во доминацијата на геометриската орнаментика и воопшто на концептот на геометризација. Во науката тој често се зема како индикатор на разни форми на поврзување на културите во кои тој бил присутен.

Овој феномен не се појавува одеднаш, туку е последица на многу постари контакти, остварени во бронзеното време (најрано во 18. век пред н.е.), иницирани од трговски потреби. Во овој период, меѓу другото, интересот на источномедитеранските цивилизации е насочен кон еден редок и ценет ресурс од европскиот север (особено присутен на јужниот брег од Балтичкото Море) – килибарот. Првенствено поради него, со текот на времето, се формира т.н. „пат на килибарот“[288] кој, покрај трговска комуникација помеѓу северот и југот, станува и траса по која, во обата правци, се одвива жива културолошка размена на искуства и идеи. Предложено е дека во доцното бронзено време може да се зборува за извесно „коине на идеи“ во кое учествуваат поголем дел од културите на праисториска Европа, заедно со цивилизациите од Егејот и Источниот Медитеран.[289] Ова бронзенодобно „коине“ му претходи на „геометризмот“ од раното железно време, а во извесна смисла е основата врз која тој ќе се надоградува и развива.

„Геометризмот“ или геометрискиот стил, претставува особено истраен и впечатлив феномен на раното железно време кој ги поврзува културите од Источниот Медитеран, Балканот, како и делови од Централна и Северна Европа. Негов најлесно препознатлив белег е употребата на геометриски орнаменти, но феноменот не е ограничен само во доменот на уметноста.[290] За негово извориште се смета Блискиот Исток, од каде започнале да се шират културните влијанија кои, меѓу останатото, ги опфаќале: технологијата за производство и употреба на железо, антропоморфни претстави, модуларна геометриска

[288] Bouzek, J. 2018, 205 – 208.
[289] Ibid, 205. Поопширно за врските и односите помеѓу праисториска Европа и цивилизациите од Источниот Медитеран во бронзеното време, види: Bouzek, J. 1985.
[290] Луристан, во северозападен Иран, е истакнуван како област каде е констатирана најрана употреба на геометриска декорација во бронзеното време (Gralak, T. 2017, 49).

декорација и најверојатно идеологијата поврзана со нив.[291] Но, исто така, во научните трудови кои се занимаваат со оваа проблематика, се истакнува дека, потеклото на некои од главните обележја на геометрискиот стил (пред сè соларните симболи и верувања карактеристични за евроазиските култури од раното железно време) треба да се бара во северна и централна Европа, во доцнобонзенодобната Култура на полиња со урни (Urnfield).[292] Последново уште еднаш го потврдува впечатокот дека, во човековата историја ретко кој културолошки феномен е еднострана појава. Основните карактеристики на геометрискиот стил се „геометризацијата" и модуларниот начин на изразување и размислување, односно користење на модуларни парадигми,[293] што јасно се рефлектира врз материјалната и духовната култура. Овој културолшки феномен е нагласен со употребата на железото како нов материјал за изработка на оружје и орудија. Може да се каже дека неговите посупериони карактеристики, во споредба со бронзата или бакарот, доведуваат до големи промени во начинот на војување и производство кои, на крајот, резултираат со промена на самиот начинот на размислување и уредување на општествата. Овој нов светоглед, односно, парадигма е основата врз која се развива „геометризмот" – феномен кој, како што спомнавме, не е ограничен само на уметничко ниво, туку се одразува на сите рамништа од човековото делување и творење, до тој степен што може да се зборува за постоење на „геометриски ум".[294] Ваквиот нов начин на размислување и творење Ј. Боузек го дефинира како „геометриско коине" или „раножелезнодобно коине на геометриски стилови". Според него, тоа опфаќа голема територија од Иранската Висорамнина до рабовите на западна Европа, вклучувајќи ги геометриските стилови на Балканот,[295] Мала Азија, Етрурија (културата Виланова), Сардинија, па дури и карпестата уметност на Скандинавија и Алпите.[296] На исток ги опфаќа Северниот Понт, Кавказ, Закавказјето и Луристан а, според некои карактеристики, дури и Сибир и Северна Кина.[297]

Геометрискиот стил од раното железно време е најлесно препознатлив преку декорирацијата на керамичките садови и на металните предмети, како потрајни

[291] Gralak, T. 2017, 49
[292] Bouzek, J. 2017, 42.
[293] Gralak, T. 2017, 49 – 61.
[294] Bouzek, J. 2018, 212.
[295] Иако во изворниот текст стои „геометриските стилови на Грција", сметаме дека овој термин не е соодветен, па затоа тука е заменет со „геометриските стилови на Балканот".
[296] Bouzek, J. 2017, 41.
[297] Ibid. 2018, 212.

материјали кои полесно стигнуваат до нашето време, но секако дека бил применуван и во ткаењето и дрворезбарството чии производи се леснораспадливи. Последново може да се поткрепи со веќеспомнатите примери од халштатскиот културен круг каде е забележана декорација на керамички садови која потсетува на дрворезба, како и облици на керамика кои претставуваат имитација на дрвени садови.[298] Користењето на геометриски мотиви во ткаењето е потврдено преку ретки, но сепак доволно индикативни, примери на сочувани текстилни фрагменти од овој период.[299] Веќе зборувавме за врските помеѓу орнаментите изведувани врз мат сликаните садови и слични или исти присутни во други медиуми **(стр. 361-380)**. Истата врска е забележена и при анализата на халштатската култура, во која особено се истакнуваат сличностите помеѓу орнаментите присутни на текстилот и оние на предметите изработени од бронзен лим, за кои се претпоставува дека подражаваат ткаени мотиви. Во истата анализа, се подвлекува дека ткајачката техника, сама по себе, ја наметнува геометризацијата на мотивите, бидејќи е многу потешто да се изведат криволиниски мотиви. Врз основа на овие согледувања се наметнува како сосема логична претпоставката дека декорацијата на халштатските керамички садови претставува имитација на ткаени мотиви што, меѓу другото, се поткрепува и со фактот дека во индоевропските јазици е забележано лексичко поклопување помеѓу зборови кои означуваат ткаење и грнчарија.[300]

Во рамките на детската психологија се истакнува дека преминот од криволиниски во праволиниски цртежи означува важна фаза од развој на детето која води кон апстрактното размислување. Оттука, се добива впечаток дека и на поглобално културно рамниште употребата на геометриски стилови означува чекор напред кон позрел ум и размислување.[301] Во овој контекст е дури изнесено и мислење дека раножелезнодобното „геометриско коине“ во Европа и големи делови на Азија претставува период на премин од „предфилософски во философски ум“[302] и е основата врз која подоцна се развива класичната хеленска, но исто така и индиската и кинеската философија.[303] Друг аспект од

[298] Gralak, T. 2017, 49.
[299] Gralak, T. 2017, 51, Fig. 25; Grömer, K. - Reschreiter, H, 2020, 270 Abb.3, 273 Abb.6, 274 Abb.7; Pamuk, S. 2021, 25.
[300] Gralak, T. 2017, 49 - 50.
[301] Bouzek, J. 2017, 41; Ibid. 2018, 212.
[302] Bouzek, J. 2017, 41.
[303] Ibid. 2018, 212. За конкретни примери на класична философија инспирирана од модуларната геометриска перцепција види: Gralak, T. 2017, 53 – 61.

нематеријалната култура на кој геометрискиот израз оставил траги се музиката и танцот. За жал, овој дел од духовното наследство на поголемиот дел од културите на Европа и Евроазија останува сосема недостапен поради непостоењето на пишани или какви било други непосредни извори. И покрај овој недостаток, во него може до извесен степен да се проникне преку компарирање со подоцнежниот етнографски материјал и најмногу преку споредби со синхроната хомеровска епика. За неа може да се каже дека е налик на самото геометриско сликарство кое е модуларно, со строги норми и правила на повторување на елементите. Таа се одликува со нормиран израз, користење на готови обрасци, повторливост и редунданција, прекубројност на различни и навидум непотребни изрази за да се опише еден ист настан или лик. Се покажува дека оваа карактеристика била особено важна во процесот на полесно запомнување на самиот текст. Истакнато е дека во културите каде е отсутна или крајно ограничена употребата на писмото, какво што е, всушност, раното железно доба (т.е. хомеровото време) во античка Грција, ваквиот начин на модуларно „геометриско“ изразување претставувало најлесен начин за да се зачува и да му се пренесе на следното поколение стекнатото знаење и традиции.[304] Исто така, во процесот на меморирање се клучни и ритамот на рецитирање на поезијата и музиката која него го придружува. Така, при изведбата на хомеровската епика, секогаш се користела истата метричка стапка – хексаметар, односно, секој стих е составен од шест дактилски стапки со точно одредена и повторлива должина на звукот. Се смета дека и слушателите на овие епови, поттикнати од ритмичноста на изведбата и музиката, се приклучувале на овие изведби со танцување т.е. оро (*χορεία*). Концептот на сликање присутен на хеленските геометриски вази преку поделбата во фризови и сложениот ритам на наредните подподелби на вертикални ленти и полиња, некои истражувачи ја споредуваат со хомерскиот хексаметар.[305] Оваа модуларност и ритмичност во изразот е карактеристична и за законските формулации и владетелските декрети, па не е ни чудно што еден ист збор (*νόμος*) се користел за да се означи и „песна“ и „закон“.[306] На крајот, може да се рече дека „геометризмот“ се одразил и на самиот начин на градење, односно архитектурата. Врз основа на анализите за начинот на градење, во полскиот дел на Шлезија, во раното железно време (Халштат С), е заклучено дека таму градбите биле

[304] Gralak, T. 2017, 50.
[305] Boardman, J. 1998, 23.
[306] Gralak, T. 2017, 52.

изведувани во склад со тековната парадигма, која вклучувала употреба на модуларниот систем.[307]

Од сите разгледувани аспекти на „геометризмот“, за нашето истражување е, се разбира, најважен најочигледниот израз на овој феномен – геометриската декорација на садовите. Во Македонија, таа е претставена преку орнаментите присутни на мат сликаните садови кои, скоро без исклучок, се геометриски. Оваа категорија предмети, како што покажавме претходно, може да се поврзе со повеќе синхрони керамички традиции од други региони при што е одличен репрезент на „коинето на геометриски стилови“. Во тој контекст, Ј. Боузек издвојува неколку јадра на дистрибуција на мат сликаната керамика: западен дел на Балканот (односно југозападен Балкан според Ј. Боузек) со „бригиската“ мат сликана керамика; делови од Италија и Далмација каде е присутна т.н. апулиска керамика и други сродни на неа типови; Анадолија со фригиската керамика; керамиката на Тепе Сијалк во северен Иран **(види: Сл. 149.)**.[308] Но, сродна мат сликана керамика не е присутна само во Тепе Сијалк **(види: Сл. 154.)**, туку и на една поширока територија во денешен северозападен Иран која ги опфаќа регионите од јужните брегови на Каспиското Море на север, заклучно со областа Луристан на југ. Изразено е мислењето дека сличноста во изразот, присутна во спомнатите области, се должи на мигрирање на дел од бригиската популација во Фригија, како и на Ерменците во Закавказјето.[309]




**Сл. 149.** Дистрибуција на мат сликаната керамика во железното време, според Ј. Боузек: **1-** „бригиска“ керамика; **2-** апулиска керамика и сродни на неа; **3-** фригиска керамика; **4-** керамика од Тепе Сиалк- В.

[307] Gralak, T. 2017, 47, 48.
[308] Bouzek, J. 2017, 42, 47 Fig.1.
[309] Ibid, 42.

## 1. „Геометризмот“ во традициите на Блискиот Исток

Пред да ја презентираме железнодобната мат сликана керамика од северозападен Иран, соодветно е да се спомне за најраната мат сликана керамика од овој регион на која, меѓу другите, се јавуваат и геометриски орнаменти. Станува збор за садови од 5. и 4. милениум пред н.е. на кои се сретнуваат доста слични геометриски мотиви со мат сликаната и геометриската керамика од раното железно време, кои вклучуваат шрафирани триаголници, „шаховски табли“, низи од ромбови и сл. **(Сл. 150.)**. Највпечатлив е начинот на изведба на човечките претстави кој многу потсетува на древнохеленската геометриска уметност **(спореди Сл. 150. – горе со Сл. 151.)**.



**Сл. 150.** Мат сликана керамика од Тепе Сиалк, Иран, 5. – 4. милениум пред н.е.



**Сл. 151.** Сцена од рано-протогеометриски кратер од Кносос, Крит (горе); сцена од доцногеометриска амфора – дипилон стил (долу).

На територијата на денешен Иран, керамика насликана со геометриски мотиви се сретнува и во 2. милениум пред н.е. Станува збор за т.н. Шогна и Калех керамика (Shogha and Qaleh ware)[310] карактеристична за југоиранската провинција Фарс, јадрото на подоцнежното Персиско Царство. На неа се препознаваат мноштво мотиви карактеристични за мат сликаната керамика од Македонија, како и за древнохеленската геометриска и за фригиската керамика. Како најкарактеристични орнаменти ги издвојуваме следните: низи со мрежестошрафирани ромбови, ромбови со точка во средината, „коса шаховска табла“, мотив налик на „песочен часовник“, мотивот „дрво“, како и стилизирани претстави на птици, мошне слични на оние од геометриската керамика на Грција и мат сликаната на Фригија **(Сл. 152.)**.

[310] Haerinck, E., Overlaet, B. 2003, 198, fig. 16.7.



**Сл. 152.** Избор на фрагменти од т.н. Шогна и Калех керамика насликани со геометриски мотиви од лок. Тал и Калех (Хасанабад), провинција Фарс, Иран, 2. милениум пред н.е.

Во доцното бронзено време (вториот милениум пред н.е.) керамика сликана со геометриски мотиви се сретнува и во Левант, поконкретно на територијата на денешен Израел. На примероците пронајдени на локалитетите Аџул, Лахиш и Мегидо (Ajjul, Lachish, Megiddo),[311] повторно се препознаваат мотиви многу блиски на оние присутни на мат сликаната керамика од Македонија и Фригија, како и на геометриската керамика од Грција. Во оваа прилика ги издвојуваме следните: „шаховска табла“ и „коса шаховска табла“, мрежестошрафирани правоаголни мотиви, мотивот „лабрис“ и „пеперутка“, цикцак орнамент и брановидна линија **(Сл. 153: а, б, в, г)**. За обележување е сцената „дрво на животот“ опкружено со животни, карактеристична за керамиката од овој регион која, изведена скоро на идентичен начин, се појавува подоцна (од 8. век пред н.е) на фригиската и на хеленската геометриска керамика **(Сл. 153: а, б, в, г)**. На Левантот, истата традиција на исликување на садовите продолжува и во раното железно време **(Сл. 153: д)**.

[311] Kahane, P.P. 1973, 118-120.




**Сл. 153.** Геометриски мотиви присутни на керамиката пронајдена во Израел: **а-** Доцно бронзено време I (1550-1400 пред н.е.) **б, в, г-** Доцно бронзено време II (1400-1200 пред н.е.); **д-** Железно време I (1200-1000 пред н.е.).

Спомнувајќи го железното време, треба да се истакне дека железнодобната мат сликана керамика од северозападен Иран, особено онаа од областа Луристан,[312] покажува висок степен на сличност во изборот и начинот на изведба на орнаментите, споредено со онаа од Балканот или, поконкретно, од западните делови на географскиот регион Македонија **(Сл. 155. и Сл. 156.)**. При анализата на мат сликаната керамика од северозападен Иран, паѓа во очи тоа што шрафираниот „висечки триаголник“ како носечки елемент на балканската мат сликана керамика, на иранската се појавува подоцна, односно, според локалната хронологија, во железно време III (8. – 7. век пред н.е.).[313] Тоа нè наведува на помислата дека овој елемент е донесен од запад, можеби под влијание на бригиската/фригиската популација. Фригија и регионот на денешен северозападен Иран покажуваат поголем степен на блискост во повеќе аспекти на материјалната култура, но тоа излегува од рамките на овој труд и, во овој случај, нема да биде допирано. Во оваа прилика, како доказ за „геометриското коине“ од раното железно време и културолошките врски помеѓу овој азиски простор и Европа, споменуваме само еден, според наше мислење доста јасен пример кој можеби треба да се третира и на идеолошко, а не само материјално ниво.

[312] За керамиката од Луристан види**:** Hasanpur, A., Hashemi, Z., Overlaet, B. 2015, 171 – 212, особено Pl. 16 и Pl. 18.
[313] За иранската хронологија на железното време види: *Archeology of the migration* 2022– табела на стр. 3.



**Сл. 154.** Мат сликана керамика од Тепе Сиалк, Иран, некропола B.




**Сл. 155.** Мат сликана керамика од железното време од северозападен Иран.



**Сл. 156.** Мат сликана керамика од железното време од Луристан, Иран.

Станува збор за керамички сад (дел од збирката на музејот Лувр во Париз) откриен во познатото депо од Зивије, северозападен Иран, датирано околу 700 г. пред н.е.[314] На садот, кој може да се нарече бокал, изливникот е пластично изведен во вид на протом од водна птица – патка **(Сл. 157: а)**. Декорацијата е изведена со плитко врежување, при што, под работ на устината се наоѓа фриз од концентични кругови **(Сл. 158: а, нагласени со црвена боја;** на сликата не се доволно видливи бидејќи овој дел од садот е делумно реконструиран**)**. На рамото се изведени три хоризонтални низи со триаголници, од кои горните две се од празни триаголници поставени во огледална рефлексија во заеднички појас, додека долната низа е образувана од косошрафирани „висечки триаголници“ **(Сл. 158: а)**. Садот од Зивије, според применетата концеција, потсетува на различни предмети од европското бронзено и железно време на кои се исто така прикажани водни птици **(Сл. 157.)**.[315] Исто така, и самата орнаментика многу наликува на плитковрежаната декорација присутна на бронзените предмети од бронзеното и особено од железното време од Балканот и пошироко од Европа **(спореди: концентрични кругови – Сл. 158: а со б, в, ѓ; триаголници – Сл. 158: а со г, д)**.

[314] *Ziwiye hoard* 2022.
[315] Повеќе примери како и толкување за садовите во вид на водни птици, види: Чаусидис, Н. 2017, 7 – 15.




**Сл. 157.** Споредба помеѓу садот од Зивије, Иран – **а** и предмети од европското бронзено и железно време: **б** – Дупљајската количка, Србија, средно бронзено време; **в** – керамички сад од Ватин, Србија, средно бронзено време; **г** – бронзено сатче, Радање, Македонија, 7. век пред н.е.; **д** – бронзено сатче, бронзено време, Унгарија.




**Сл. 158.** Споредба помеѓу садот од Зивије, Иран – **а** и железнодобни бронзени предмети од Балканот: **б** – висулец – птица, Перахора, Грција; **в** – сатче, Радање, Штип, Македонија; **г** – фибула, Радање, Штип, Македонија; **д** – тока, Бразда, Скопје, Македонија; **ѓ** – тока, Оризари, Кочани, Македонија.

## 2. „Геометризмот“ во европските праисториски култури

Иако главно преовладува мислењето дека геометриската орнаментика во раното железно време е во најголем дел инспирирана од Истокот (поточно од денешниот северозападен Иран), според нашите сознанија, постојат јасни примери кои до определен степен го негираат ова тврдење. Тоа може да се поткрепи со конкретни (а според нас и недвосмислени) примери кои укажуваат на можноста, макар дел од геометриските мотиви од раното железно време на Балканот, да се инспирирани од предлошки кои припаѓаат на европското бронзено време. Станува збор за исклучителни предмети изработени од златен лим – ѓердани со карактеристичен облик, налик на полумесечина, поради што се и наречени „лунули“.[316] Карактеристични се за северозападна Европа, со најпознати примероци најдени во Ирска, а се јавуваат во раното бронзено време (околу 2400 – 2000 г. пред н.е.). Тешко е да се поверува дека во дадениот период и регион нивната појава можела да биде инспирирана од некакви влијанија од Блискиот Исток. На нив, во техника на гравирање, се изведени геометриски орнаменти, многу слични (а може да се каже и скоро идентични) со оние присутни на јужниот Балканот во раното железно време. На лунулите се прикажани редови од косо и мрежесто шрафирани ромбови и триаголници, меѓу кои и „висечки триаголници“ **(Сл. 159.)**. Можноста дека и овие орнаменти можеле да бидат преземени од ткаени предлошки се согледува преку експериментални примери на современа ирска ткаена облека инспирирана од мотивите прикажани на овие предмети **(Сл. 160.)**.

[316] *Lunula* 2022.




**Сл. 159.** Бронзенодобни лунули: **а** – Национален Музеј на Ирска, Даблин; **б** – British Museum, Лондон.



**Сл. 160.** Современа ткаенина со геометриски мотиви од Ирска.

Според наше мислење, врската која ги спојува орнаментите присутни на бронзенодобните лунули од северозападна Европа и геометриските мотиви присутни на јужниот Балкан во раното железно време (меѓу кои и оние од мат сликаната керамика), се бронзенодобните масивни, полно (ретко шупливо) леани бронзени белегзии, т.н. шакасти гривни или гривни од тип Јухор.[317] Главно се датираат во средното бронзено време, помеѓу 17. и 14. век пред н.е., а присутни се во Подунавјето односно на територијата на Србија, источна Хрватска, Романија, Унгарија и Словакија. Јадрото на нивната

[317] *Шакасте гривне* 2022.

дистрибуција е територијата на денешна Србија – Подунавјето и Поморавјето.[318] До сега се откриени вкупно 52 примерока, од кои само 14 вон територијата на Србија (податокот е од 1993 год.). Две гривни од овој тип се најдени и во Македонија, една од Кратово (денес во Народниот Музеј во Белград) и една од околината на Битола.[319] Орнаментите им се врежани и скоро без исклучок геометриски, при што доминираат косо или мрежесто-шрафираните ромбови и триаголници, а присутни се и кругови, како и мотивот „малтешки крст“ **(Сл. 161. и Сл. 162., спореди ги и орнаментите на Сл. 161. со Сл. 159.)**.



**Сл. 161.** Шакасти гривни – Народен Музеј, Белград, Србија.

[318] Mitrović, J. et al. 2022, 17. Станува збор за резиме на сè уште необјавен труд кој се занимава со технолошкиот процес на производство на овој тип гривни, презентиран на 26. 05. 2022 год. во Охрид, во рамките на третата меѓународна конференција на *PEBA.*
[319] *Шакасти гривни* 2022.



**Сл. 162.** Мотиви присутни на шакастите гривни.

Подоцна, во железното време, во истиот регион, во рамки на веќеспомнатата Басараби култура се сретнува орнаментика скоро идентичка на гореспосочената **(спореди Сл. 161. и 162. со Сл. 163: а, б, г)**. Оваа култура се поврзува со Карпатско-подунавскиот дел на Романија и Савско-дунавскиот дел на Србија, но нејзини елементи се јавуваат на многу поширок регион – во централниот и северниот Балкан, сè до Корушка во јужна Австрија.[320] Спомнатата орнаментика се сретнува и врежана на керамички садови. Како најкарактеристични мотиви ги издвојуваме следните: „малтешки крст“, шрафиран триаголник, низи со шрафирани ромбови на чии странични темиња се допираат триаголници, орнамент во вид на „песочен часовник“, но и мотивот „гирланда“ и „дрво“. Орнаментите изведени на ваков начин многу потсетуваат и на оние присутни на примерите од Охрид. Ова е особено точно за мотивот „малтешки крст“ **(види стр. 297, Сл. 20: а)**, низите од ромбови на чии странични темиња се допираат триаголници **(види стр. 474, Сл. 170: 24/СТ)**, како и мотивот „гирланда“ кој, како што рековме, е евидентиран и на лок. Вица во Епир, како и на мат сликаната керамика од долината на Халиакмон **(види стр. 292, Сл.15: б; стр. 335, Сл. 59.)**.

[320] Metzner-Nebelsick, C. 1992, особено 353, Abb.2: a. Ibid, 2002, 100, Abb. 32: 2,4; 102, Abb. 32: 1; 104, Abb. 34:1. Ibid, 2002a, Tafel 3: 10, Tafel 54: 1, Tafel 113: 1.




**Сл. 163.** Керамика од железното време со „басараби“ орнаментика: **а -** Метлика Броштек, Словенија; **б -** Сад од централниот гроб на Тумул „К“, Фрух (Frög), Корушка, Австрија; **в -** Даљ Краљевац, Осијек, Хрватска; **г** - Батина, Осијек, Хрватска; **д-** Бијело Брдо?, Осијек, Хрватска; **ѓ -** Војводина, Србија.

Во истиот централнобалкански и подунавски регион (или поконкретно во тромеѓето меѓу Србија, Романија и Бугарија) е забележлива и појавата на геометриски орнаменти слични со оние од мат сликаната керамика од Македонија и од хеленската геометриската керамика. Станува збор за керамички садови и фигурини (т.н. „идоли“) од културната група Дубовац-Жуто Брдо[321] (во поновите трудови во употреба е називот култура Жуто Брдо-Грла Маре/Žuto Brdo-Gârla Mare),[322] која припаѓа на средното и доцно бронзено време. Садовите се декорирани со врежани и отиснати мотиви (инкрустирани со бела боја), од кои дел се геометриски и тоа: шрафирани, обични и „висечки“ триаголници во низа, меандар, концентрични кругови, а поретко свастика и ромб **(Сл. 164: а, б)**.[323] Керамичката пластика е декорирана на истиот начин, при што главно се сретнуваат концентични кругови и шрафирани „висечки“ триаголници во низа **(Сл. 164: в, г, д)**.[324] Меѓу ваквите примери се најпознати Дупљајската количка и Кличевачкиот идол (уништен за време на Првата светска војна) кој бил богато украсен со геометриска орнаментика **(Сл. 164: в, д)**.

[321] За оваа група види: Garašanin, M. 1983, 520 – 535, T. LXXXI - LXXXIV.
[322] Palincaş, N. 2013.
[323] Garašanin, M. 1983, 529 -530.
[324] Ibid. 530 -533.




**Сл. 164.** Предмети од културата Дубовац – Жуто Брдо – Грла Маре: **а** – керамички сад, Корбово, Србија; **б** – урна Корбово, Србија; **в** - Дуплјајската количка, Србија; **г** – теракота, Ватин, Србија; **д** – цртеж на уништениот Кличевачки идол, Србија.

Во првата глава на нашиов труд веќе беше спомнато можното влијание на среднохеладската мат сликана керамика врз појавата на мат сликаната керамика во Македонија во доцното бронзено време. При тоа беше посочен и фактот дека дел од нејзините мотивите, кои се главно геометриски (косо и мрежесто шрафирани триаголници и ромбови, мотивот „коса шаховска табла“ и сл.), покажуваат голем степен на блискост со оние од доцнобронзенодобната мат сликана керамика од Македонија, но и со онаа од раното железно време **(Сл. 165.)**. Според тоа, постои веројатност среднохеладската традиција да е уште еден од многуте фактори кои ја инспирирале појавата на „геометризмот“ во раното железно време.




**Сл. 165.** Среднохеладска мат сликана керамика: **а-** Егинска керамика од Аспис, Арголида, Грција; **б-** садови од Ламиа, Фтиотида, Грција; **в-** аскос од Теба, Беотија, Грција; **г-** садови од Евтресија, Беотија, Грција; **д-** мат сликани фрагменти од Аспис, Арголида, Грција.

Крајот од бронзеното време на јужниот Балкан е означено, најпрво, со пропаста на микенските центри на Атика и Пелопонез во доцниот 13. и раниот 12. век пред н.е., како и со уривањето на населбите по текот на р. Вардар кон крајот на 12. и почетокот на 11. век пред н.е.[325] Ова е период кога во материјалната култура на просторот од Јужна Морава, односно т.н. Брњичка култура, долината на Вардар и на југ сè до Пелопонез, се појавуваат повеќе северни елементи чие потекло се следи до Подунавјето. При тоа, главно се работи за специфични керамички форми, нов начин на декорирање и појава на погребувања со кремација во урни.[326] Причината за овие разурнувања и промени во материјалната култура се гледа во постоењето на неколку последователни миграциони бранови на попуции од северот кон југ,[327] во литературата етикетирани како „Егејски преселби“ или „Дорска инвазија“. Наспроти овите интерпретации, во поново време се развиваат дијаметрално спротивни теории кои категорично се противат на постоењето на масовни преселби или инвазии од север кон југ.[328] На културните и економски промени, во посочениот период, се гледа како процес на внатрешна трансформација на заедниците, предизвикани од развојот на ново општествено опкружување кое се прилагодува на принципите на мобилност. Иако, во текот на овие промени, доаѓало и до одредени придвижувања на популациите од јужна Панонија, преку централниот Балкан до Егејот, во никој случај не станувало збор за интензивни миграции, туку поверојатно за помали поместување на населението налик на „домино-ефект“, т.е. верижна реакција при која поместувањето на една заедница кон југ предизвикувала натамошни поместувања во иста насока и на оние кои биле во нејзино непосредно соседство. Причините за евидентните разурнувања на населбите во овој период, се бараат во внатрешните конфликти предизвикани од наглите општествени промени, по што следел период на смирување и консолидација.[329] Од овие согледувања се извлекува заклучокот дека крајното одредиште на овие раздвижени популации не бил Егејот туку речните долини од средниот Балкан (Јужна Морава и Вардар со притоките).[330]

[325] Mitrevski, D. 2007, 459; Митревски, Д. 2015, 192.
[326] Mitrevski, D. 2007, 448.
[327] Ibid. 447.
[328] Bulatović, A., Molloy, B., Filipović, V. 2021, 61 – 105.
[329] Ibid, 86 - 87.
[330] Ibid, 61.

Имајќи предвид дека спомнатиот проблем на миграционите движења на Балканот во доцното бронзено време не е во фокусот на овој труд, во оваа прилика ќе наведеме само неколку факти поврзани со него, без од тоа да изведуваме натамошни заклучоци. Во рушевинските слоеви на населбите по текот на р. Вардар е откриено оружје од севернобалканско потекло, како на пример на лок. Манастир, Чашка каде за прв пат се евидентирани секири – келтови.[331] Спомнавме дека во овој период за прв пат, на потегот од р. Вардар па сè до Пелопонез, се појавуваат погребувања со кремација во урни. За разлика од Македонија, каде кремацијата како погребен обичај брзо се напушта и во железното време практично не постои,[332] на југ, во Атика и на Пелопонез, таа станува доминантен начин на погребување. Како што е познато, меѓу погребувањата од истиот регион во среднохеладскиот период и микенското време единствен ритуал била инхумацијата и тоа вообичаено во гробови цисти.[333] Исто така, во населбите и некрополите од протогеометрискиот период, изградени врз урнатините на микенските центри, се појавуваат нови елементи – т.н. „варварска керамика“ и керамички фигурини изведени во истиот стил и технологија.[334] Еден од најкарактеристичните такви елементи е мотивот меандар, практично непознат во егејското бронзено време, кој сега станува една од најпрепознатливите компоненти на геометрискиот стил во Грција. За сите овие нови елементи се наоѓаат аналогии на север во Подунавјето, односно во т.н. културна група Жуто Брдо-Грла Маре **(спореди го мотивот меандар – Сл. 166: а со б, в)**.[335]

[331] Митревски, Д. 2015, 192.
[332] Ibid, 194.
[333] Mylonas, E. G. 1966, 89 - 90.
[334] Mitrevski, D. 2007, 448.
[335] Garašanin, M. 1983, 529 – 530. Во овој труд се нагласува идентичноста на меандарот од дубовачко-жутобрдската култура и оној присутен на геометриската керамика во Грција при што се додава: „Богатството на орнаменти кои смислено ја покриваат површината на садовите (се мисли на оние од дубовачко-жутобрдската култура - н.з.) и не му оставаат на окото празна површина, покажуваат стремеж кон познатиот horror vacui, типичен за грчкиот геометриски стил.“




**Сл. 166.** Споредба помеѓу сад со меандар од средното бронзено време и геометриски садови од Грција: **а-** керамички сад, Корбово, Србија; **б-** атички MG I кратер, Лефканди, Грција; **в-** атичка LG I амфора- дипилон стил.

*** 

На крајот од ова поглавје посветено на корените на „геометризмот“ како раножелезнодобен феномен, може да се изнесе заклучокот (на кој укажуваат сите наведени примери) дека не станува збор за еднострана и едноставна појава чие дефинирање би можело така лесно да се оствари. Ако го анализираме врз основа на неговите базични карактеристики, тој добивава карактер на општочовечка појава. Но, ако го согледуваме врз основа на ареалот што го опфаќа (Евроазија) и трагите што ги оставил врз материјалната и духовната култура на популациите од овој простор, во него, се чини, доаѓаат во преден план обележјата што го определуваат како феномен со некаков поширок (можеби индоевропски) предзнак.

# X. Семиотичка анализа на мат сликаната керамика од Македонија

При целосно отсуство на пишани извори, како што е случај со раното железно време, увид или проникнување во духовната култура, верувањата и другите аспекти на носителите на мат сликаната керамика може да ни понуди само семиотичката анализа на нивната материјална култура. При обидот за една таква анализа се поаѓа од основната претпоставка дека артефактите, покрај својата примарна утилитарна димензија, содржат во себе и симболичка вредност. Се работи за тнр. „семиотички парадокс“ т.е. феноменот во кој материјалната култура во исто време фигурира и како технологија и како знак.[336] Истото може да се каже и за орнаментирањето на предметите, односно, декоративните елементи и мотиви кои се паралелно користени и како украси и како симболи со многу подлабоко значење. Искажано е мислење дека голем дел од нефигуралните претстави од праисторијата се поврзани со натприродни битија и магиско-религиски верувања. Тоа се поткрепува со фактот што геометриските облици од минатото па до денес се користат за приказ на религиски концепти, замисли и верувања експлицитно потврдени во етнографски документираните заедници.[337] Честа е појавата дури и наједноставните симболи да носат длабоко и сложено значење или да ги претставуваат најсуштестевните начела на едно верување т.е. религија. Најпознат и најјасен пример за ова е секако христијанскиот крст – еден толку едноставен симбол, составен од само две прекрстени линии, во кој е содржано целото христијанско поимање за животот, смртта и воскресението. Се разбира, овој универзален симбол не е ограничен само во сферите на христијанството. Комплексноста на неговата симболичка вредност е дополнета и преку неговото богато предхристијанско значење.

Мора да се признае дека семиотичката анализа на археолошките предмети често може да изгледа произволно и спекулативно. Но, исто така е добро познат фактот дека голем број од орнаментите и нивните комбинации, присутни на најразлични предмети, почнувајќи од праисторијата па сè до етнографски посведочените култури, покажуваат голем степен на заемна сличност и сродност. Последново зборува за нивниот општочовечки, трансвременски и архетипски карактер што, само по себе, барем за нас, е доволен аргумент во одбрана на семиотичкиот пристап во археологијата кој може до

[336] Olsen, B. 2002, 167.
[337] Mithen, S. 1998, 99.

извесна мера да нè приближи до тие дамнешни, навидум недофатливи и неразбирливи, времиња.

Горекажаното претставува поткрепа и појдовна точка од која тргнува и нашата семиотичка анализа на орнаментиката на мат сликаната керамика од Македонија. За оваа категорија предмети чијашто површина е покриена со богата и сложена евокативна орнаментика, како за ретко која друга, може да се каже дека е особено податлива за семиотичка анализа. Како што видовме претходно, при анализата на орнаментиката, начинот на сликање на мотивите, нивните комбинации, како и точниот распоред на нивно изведување врз садот, ја поткрепуваат според наше мислење претпоставката дека не станува збор за обични декоративни елементи. Напротив, претпоставуваме дека овие орнаменти во себе содржат и пренесуваат една подлабока кодирана порака, во која се содржани основните начела за светогледот на луѓето од раното железно време, односно нивните митско-религиски идеи. Согласно анализата што ја претставивме во поглавјата што следат, овие пораки не се еднозначни туку се повеќеслојни, при што тие не означуваат различни концепти туку се тесно поврзани меѓу себе и претставуваат различни симболички елементи на некаква обединувачка парадигма, односно единствен митско-религиски систем.

Пред да започнеме со семиотичката анализа на мат сликаната керамика, сметаме дека најпрво е неопходно да се разгледаат времето и околностите, односно условите под кои таа се појавува и употребува. Како што беше погоре образложено, нејзината појава во Македонија се врзува за доцното бронзено време и особено за преодниот период и раното железно време и навидум претставува радикална промена во ликовното изразување, која пред тоа не е посведочено, берем не во таков формат. Тешко е да се каже дали тоа е навистина така, ако се земат предвид и другите медиуми погодни за „уметничко“ изразување. Тука пред сè мислиме на органските материјали (дрво, кожа, текстил) кои исклучително ретко доаѓаат сочувани до нашето време. Во Охридскиот регион, кој е во фокусот на нашиот интерес, а како што видовме и во блиската Корчанска Котлина, мат сликаната керамика се појавува во преодниот период, односно во доцниот 12. век пред н.е. Во поширокиот регион, како и во целиот источен Медитеран, овој период е означен со пропаста или осиромашувањето на големите бронзенодобни цивилизации, за што како главна причина се наведува миграцијата на разни популации, меѓу кои и т.н. Морски

Народи. Се смета дека, покрај другите фактори, нивното раздвижување или расселување, било поттикнато од големите климатски промени кои предизвикале долготрајни суши[338] и студено време кое се стабилизирало околу 900-та г. пред н.е.[339] Како што беше кажано претходно, последиците кои настанале како резултат на раздвижувањето на овие популации, за разлика од другите делови на Македонија (на пример во Повардарието), се чини дека не довеле до драстични промени во западниот дел на Македонија, а со тоа и во охридскиот крај. Овие процеси се воедно проследени со период на постепен преод т.е. транзиција од бронзеното кон железното време. И покрај тоа, не е можно спомнатите климатски промени да не оставиле далекусежни последици и во овој регион. На нив се надоврзуваат и драматичните настани предизвикани од посочениот голем сеизмички настан кој предизвикал долготрајно поплавување на Охридското Поле, напуштање на сите палафитни населби во охридскиот крај и, за прв пат, населување на околните ридови. Во вакви услови на драстична промена на начинот на живот, за првпат се појавува и мат сликаната керамика. Сигурни сме дека овие настани предизвикале „уривање на светот“ на тогашната популација која го населувала охридскиот крај и на нивниот дотогашен поредок, оставајќи при тоа длабоки последици или „генерациски трауми“ во колективната меморија.

Во рамки на оваа анализа ќе се обидеме што поаргументирано да ја поткрепиме претпоставката дека ликовните мотиви на мат сликаната керамика од Македонија, во најголем дел претставуваат една кодирана макрокосмичка слика т.е. репрезент на светогледот на тогашниот човек. Во контекст на претходноспомнатите настани од охридскоит регион, може да се претпостави дека изведбата на овие космолошки слики било нивен начин за воспоставување ред и поредок во светот/вселената, можеби поврзано со култовите на плодноста и/или обновувањето на природата. Во тој контекст треба да се земе предвид и претпоставката дека станува збор за доминантно земјоделски заедници кои имале мешовито агропасторално стопанство, т.е. комбинирање на полјоделство и сточарство. Исто така, треба да се земе предвид и просечниот животниот век на припадниците на железнодобните популации кој ретко ја надминувал возраста од 35

[338] Hošek J. et al. 2021, 1.
[339] Bouzek J. 2018, 207.

години, а бил проследен и со висок степен на смртност кај малите деца.[340] И покрај овој суров факт, потполно се согласуваме со изнесената констатацијата дека материјалната култура на балканските популации во железното време, а со тоа и на оние од Македонија, „укажува на високиот степен на духовност на припадниците на овие култури и насоченоста на нивните митско-религиски феномени не само кон простото преживување и голиот опстанок, туку и кон една страствена „филозофска“ заинтересираност за големите метафизички прашања поврзани со почетокот, настанокот, поредокот, функционирањето и смислата на вселената, на животот во неа и на човекот како највисок репрезент на тој живот“.[341]

Како главен аргумент за докажување или, подобро да се рече, за илустрирање на предложеното толкување на насликаните мотиви, користиме две групи мат сликани садови. Првата ја сочинуваат два целосно сочувани сада од Пелагонија, со подеднакво целосно сочувана орнаментика. Првиот е од лок. Марта, Зовиќ, а вториот од лок. Бел Камен, Живојно – и двата во битолско. Втората група е составена од два сада од Охрид, од кои едниот е од лок. Плаошник и претставува реконструиран сад **(158/Пл)**, додека другиот е фрагмент од сад од лок. Самоилова Тврдина **(34/СТ)**, за кого нудиме мошне веројатна делумна реконструкција на орнаментиката и целосна реконструкција на изгледот. За сите четири случаи е изработен цртеж на насликаната орнаментиката и тоа во вертикална и во хоризонтална проекција. Исто така, во анализата, како компаративен материјал, се користени синхрони и дијахрони археолошки примери од географски блиски или подалечни подрачја, како и одредени етнографски паралели.

### 1. За „женскиот карактер“ на мат сликаната керамика

Поистоветувањето на садот со човечкото тело, особено со женското, е добро документирано и познато преку бројни примери од разни култури мошне оддалечени меѓу себе во простор и време, што говори за архетипскиот т.е. транскултурен и трансисториски карактер на овој феномен.[342] Некогаш тоа е недвосмислено нагласено кога садовите се изработени во облик на човечка фигура. Но, и тогаш кога не станува збор за

---

[340] Вељановска, Ф. 2000, 52-66. Станува збор за обработени скелетни остатоци од повеќе некрополи со временска припадност од 8. век пред н.е. до раната антика.
[341] Чаусидис Н. 2017, XXVI.
[342] Ibid, 76-91.

антропоморфни садови, нивното поврзување со човечкото тело е јасно изразено преку именувањето на неговите делови според деловите од телото. Оваа традиција е зачувана до денешен ден во многу јазици, како и во современиот македонски јазик **(Сл. 167.)**. Тенденција да се антропоморфизира садот преку користење на термини поврзани со човечкото тело е забележана и од други проучувачи.[343] Се разбира, нивната употреба можеби произлегла од чисто практични причини, но тоа, само по себе, не се коси со можното симболичко значење кое самите називи го имплицираат.




**Сл. 167.** Термини кои се користат во современиот македонски јазик за опис на делови од садовите.

Конкретно, во случајот со мат сликаните керамички садови, сметаме дека тие имаат нагласен женски карактер, и тоа не само на ниво на поистоветување на садот со жената, туку и на ниво на самите користени орнаменти, како што ќе се обидеме да покажеме подолу. Спомнавме дека најраното појавување на оваа керамика во Македонија се врзува за доцното бронзено време. Како за пример, во доцнобронзенодобната некропола Уланци, Димов Гроб кај Градско, мат сликаните садови скоро без исклучок се наоѓани во гробови со женски покојници.[344] Истата ситуација е регистрирана и во југозападна Албанија, во

[343] Boardman, J. 1998, 14.
[344] Видески, З. 2022, 192, 195-196.

гробовите од раното железно време од некрополата Барч, корчанско,[345] лоцирана во регион кој е од географски и културолшки аспект близок на Охридска Котлина. Овие податоци секако одат во прилог на изнесената претпоставка за женскиот карактер на мат сликаната керамика. Бројни археолошки и етнографски примери го нагласуваат и потврдуваат значењето на жената, не само како продолжувач на родот, односно, на генетското наследство, туку и на културното наследство, изразено во традициите и практикувањето на верските обреди. Во анализата што следи ќе се обидеме да покажеме дека ова изедначување на жената со *Божеската Мајка* е содржано и во симболиката на орнаментите присутни на мат сликаната керамика. Впрочем, и во најраните гробови во кои таа се сретнува, без исклучок женски, за прв пат се јавуваат и двојните секири[346] – култниот симбол на критската *Голема Мајка*. Таа традиција во Македонија продолжува и во раното железно време, кога мат сликаната керамика го достигнува врвот на своето производсто и израз. И во овој период двојната секира е исклучиво присутна во женските гробови.[347] Во следниот период на железното време (полното железно време), кога мат сликаната керамика излегува од употреба, може да се насетат истите религиски концепти кои беа изразени преку нејзината орнаментика. Типичниот претставник на овој период – култните *македонски бронзи*, во својата најрана фаза (8. и ран 7. век пред н.е.), синхрона на мат сликаната керамика (барем на нејзината последна етапа на употреба), покажуваат голем степен на сличност на идејно и симболичко ниво со нејзините орнаменти.[348] Во оваа прилика само го одбележуваме овој феномен истакнувајќи ја потребата за негово идно потемелно истражување.

Во насока на потврдување на женскиот карактер на мат сликаната керамика, сакаме да ја истакнеме претпоставката дека и самите садови биле изработувани и сликани од страна на жени. Ваква претпоставка е дадена и за керамиката од неолитот, а постојат и етнографски забележани примери од Балканот за изработка на глинени садови, односно на т.н. „женска керамика“, исклучиво од жени.[349] Постои и друга можност, садовите да биле изработувани т.е. моделирани од мажи, додека нивното сликање да го изведувале жени. За последново согледување наоѓаме недвосмислена потврда во македонската народна

[345] Петрова Е. 1996, 201.
[346] Митрески, Д. 2013, 186.
[347] Ibid, 221.
[348] Опсежна анализа за симболиката и намената на култните *македонски бронзи*, види: Чаусидис, Н. 2017.
[349] Чаусидис, Н., Николов, Г.  2006, 97-98.

традиција, зачувана до денешни дни во грнчарското село Вранештица, кичевско.[350] Оваа наша претпоставка наоѓа поткрепа во сличните претпоставки изнесени за хеленската геометриска керамика во чие производство веројатно биле вклучени мажите, додека жените можеби во процесот на нивното сликање.[351] Значајно е тоа што во архаичните култури грнчарството се сметало за женски занает.[352] Тоа, се разбира, произлегува од јасното поврзување на материјалот од кој се изработуваат садовите – глината т.е. земјата со жената, изедначени во своите функции на плодност и раѓање. Во оваа насока, во делот во кој се обработуваше технологијата на производство на мат сликаните садови, спомнавме дека на значителен процент од обработените керамички фрагменти од Охрид е забележливо присуство на кристали од лискун во глината, а поретко дури и измешан во пигментот со кој се сликало **(види стр. 392)**.[353] Исто така, беше искажано мислење дека во многу култури низ светот, уште од најрани времиња, ситните кристали на лискун биле додавани во глината како декоративно средство – поради светлосниот ефект т.е. отсјајот што го даваат. Самото негово интернационалното име – *мика*, може да се доведе во врска со латинското *micere* со значење *свети, блеска*. Поради овој факт, а исто така и поради неговите рефлектирачки светлосни својства, мислиме дека лискунот може да се доведе во симболична врска и со *сонцето* и тоа како целосен антипод на глината, односно, *земјата*. Поради тоа, ја изнесуваме претпоставката дека користењето на лискун во производствениот процес, освен поради технички причини, се изведувало можеби и од симболични или, подобро речено, од религиски причини, базирано на неговите асоцијации со светлината. Според ваквото толкување лискунот, заедно со глината како негова спротивност, може да се приклучи на категоријата типични бинарни опозиции, врежани во свеста и потсвеста на архаичниот човек (земја – небо/сонце; жена – маж; живот – смрт; раѓање – умирање). Како што е речено, човековото размислување е засновано на поделба на светот на контрасти, односно бинарни спротивности.[354]

[350] Самиот обичај е посведочен во документарниот филм во продукција на МРТ. Види во библиографија: *Вранештица* 2022.
[351] Boardman, J. 1998, 23.
[352] Ibid.
[353] Заклучоците кои беа приложени во однос на технолошките процеси се базираат врз нашата тактилна и визуелна опсервација и, како што веќе напомнавме, ќе мора во иднина да се потврдат (или отфрлат) преку лабораториски анализи. Истото се однесува и во однос на присуството на лискун во глината.
[354] Olsen, B. 2002, 180.

Последнава претпоставка нè води до нашата основна хипотеза во врска со орнаментиката на мат сликаната керамика од Македонија. Сметаме дека во најголем дел, преку неа е предадена митско-симболичката парадигма за *светиот спој (брак)*, односно, *хиерогамијата* на *Земјата* (застапена преку глината на садот) и *Небото или Сонцето* (присутно преку блескавиот лискун). Постојат бројни митолошки примери од „Стариот Свет" во кои е присутен овој митски концепт.[355] Во нив, преку антропоморфизираниот поглед кон космосот, земјата се доживува како жена, а небото како маж, кои стапуваат во сојуз (брак), односно во полов чин (коитус). Значајно е тоа што концептот за светиот брак бил присутен и кај древните популации на Балканот и конкретно во Македонија, како и кај Фригијците, каде што Божицата-Мајка стапува во брак со Атис (со значење „татко").[356]

## 2. Семиотичка анализа на поединечни мотиви

Пред да пристапиме кон анализирање на конкретните примери, со кои ќе се обидеме што поаргументирано да ја поткрепиме гореспомнатата хипотеза, сметаме дека е нужно најпрво да бидат поединечно обработени најчестите мотиви присутни на мат сликаната керамика од Македонија, со акцент на онаа од Охрид. Некои од орнаментите се подетално анализирани во наредните поглавја, додека за дел од нив се приложени само најосновни согледувања поради тоа што се подетално обработени во четвртиот дел од оваа глава.

### а. Триаголник

Во повеќе наврати нагласивме дека триаголникот, поточно т.н. „висечки триаголник" (завртен со врвот надолу), е носечкиот и најчестоупотребуваниот орнамент на мат сликаната керамика во Македонија. Како што беше истакнато, тој на садовите од Охрид, споредено со останатите орнаменти, се јавува во најмногу варијанти и тоа дури во дваесет и две. Во оваа прилика издвојуваме четири и тоа: косошрафиран триаголник со две подваријанти – насочени од лево кон десно (почесто) и од десно кон лево **(Сл. 168: а, а1)**; мрежестошрафиран триаголник **(Сл. 168: б)**; триаголник исполнет со „точки" за кој истакнавме дека, според нашите сознанија, е уникатен за мат сликаната керамика од Охрид **(Сл. 168: в)** и како последен, триаголникот кој го издвоивме во посебна категорија

[355] За примери види: Чаусидис, Н. 2005, Том I, 374-376.
[356] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 375.

– „сложен висечки триаголник“ како уште еден мотив уникатен за мат сликаната керамика од Охрид **(Сл. 168: г, г1; за останатите варијации подетално види стр. 287 – 290, 305 – 312)**.




**Сл. 168.** Основни видови на „висечки триаголници“ присутни на мат сликаната керамика од Охрид.

Триаголникот е еден од најуниверзалните симболи, користен уште од палеолитот. Се поврзува со жената (конкретно со пубичната зона), со *Големата Мајка-родилка*, како и со водата, т.е. нижите зони на вселената.[357] Ова особено се однесува на триаголникот завртен со врвот надолу, односно „висечкиот триаголник“ кој, низ бројни примери од целиот свет, е потврден како типичен женски симбол, додека триаголникот поставен со врвот нагоре вообичаено се смета дека го симболизира машкиот пол и огнот.[358] Последново значење секако не е без исклучоци, така што неговото определување е условено од контекстот во кој е употребен овој геометриски симбол.

[357] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 95.
[358] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 1033, Biderman, H. 2004, 407.

На мат сликаната керамика „висечките триаголници“ се најчесто поврзани во хоризонтални низи кои се протегаат на највидливиот дел од садот, почнувајќи од рамото надолу кон неговиот мев. Во овој контекст треба да се спомне мислењето според кое триаголникот, освен значењата поврзани со сферите на жената (вулва, плодност, раѓање), уште од праисторијата добил значење на идеограм на земјата со сите нејзини макрокосмички аспекти и функции. Според тоа, неговото повторување во низи или појаси имало за цел да ја прикаже земјата, но и пошироко – нижните зони на вселената (подземјето, земните води) во сета нивна непрегледност и мултиплицирана (неизмерна) плодност.[359]

За шрафирањето на триаголниците, а особено за мрежестото, е предложено дека може да се протолкува како „*живототворна вода*“ која се излева врз земјата.[360] Слично значење може да им се припише и на точките или на кусите цртки со кои е исполнета површината на триаголникот (или на ромбот). Сметаме дека е логично да се претпостави дека точките прикажуваат капки дожд или семе кои ја оплодуваат земјата **(за ромб исполнет со точка види стр. 477)**.

Ако добро се погледне најкарактеристичниот триаголен мотив присутен на мат сликаната керамика од Охрид – „сложениот висечки триаголник“ **(Сл. 168: г)**, се забележува дека кај него е постигнат изглед на „бесконечна слика“, односно триаголници сместени еден во друг. Според посочените значења на триаголникот, тоа може да се интерпретира како мултиплицирање на женските гениталии (претстави на една вулва сместена во друга, а таа во трета) што би подразбирало нивно раѓање една од друга т.е. на бесконечната плодност **(повеќе види стр. 515)**.

Би сакале тука да ја наведеме и нашата претпоставка дека во рамките на хоризонталната проекција на садовите, „висечките триаголници“ прикажан во низа можеле да ги претставуваат и сончевите зраци. Ваквото толкување е директно поврзано со изнесената хипотеза дека на орнаментиката на мат сликаните садови од Македонија била кодирана хиерогамијата меѓу Небото или Сонцето и Земјата, при што триаголниците што се спуштаат на мевот од садот би ги претставувале плодоносните зраци на Богот-Сонце кои продираат во утробата на Мајката-Земја. Интересно е што, скоро без исклучок,

[359] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 96-97.
[360] Толкувања на М. Гимбутас (според: Чаусидис, Н. 2017, 686).

„висечките триаголници“ прикажани на мат сликаните садови се рамнокраки. Во таа насока можеби не е безначајно да се спомне дека во рамки на симболиката на триаголникот, рамнокракиот триаголник се изедначува со огнот.[361]

Последното толкување на мотивот „висечки триаголник“, на прв поглед е контрадикторно и е целосно спротивно на претходнопосочените значења. Односно, според нашите интерпретации, следи дека триаголниците во исто време носат две сосема различни значења, од една страна ја симболизираат земјата во нејзините женски аспекти, а од друга сончевите зраци во нивниот еминентно машки контекст. Сметаме дека не само што едното значење не го исклучува второто, туку и дека тие се комплементарни и целосно се вклопуваат во рамките на предложеното толкување на орнаментиката, што е образложено подолу во текстот **(види повеќе стр. 515-516)**. На ова место, а во контекст на оваа дихотомија, би можел да се спомне еден пример кој хронолошки и културолошки не е поврзан со мат сликаната керамика. Имено, во рамките на културата на Маите од Средна Америка, триаголникот бил знак (глиф) со кој се означувале сончевите зраци, но во исто време се поврзувал и со пченката.[362] Добро е познато дека таа била најважната земјоделска култура на предколумбовските култури и цивилизации, а се верувало дека од пченка бил направен и првиот човек.[363] Како што е истакнато, преку поврзувањето на триаголникот со Сонцето и со пченката, тој всушност станува двоен симбол на плодноста.[364]

### b. Ромб

Мотивот „ромб“ е доста често застапен на мат сликаната керамика од Охрид, при што се појавува во бројни варијанти. Се сретнува во хоризонтални низи кои можат да бидат еднородни **(Сл. 169: 4, 8, 30, 103/Пл и 44, 45/СТ)** и групирани во низи во кои ромбовите со своето горно и долно теме се допираат со врвот од триаголник **(Сл. 169: 106, 137/Пл и 3/СТ)**.

[361] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 1034.
[362] Ibid, 1033.
[363] Ibid, 839.
[364] Ibid, 1033.




**Сл. 169.** Ромб во хоризонтални низи на керамиката од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

Ромбот како мотив се сретнува и во вертикални низи: еднородни **(Сл. 170: 127 и 150/Пл)**; низи во кој е алтерниран со триаголник **(Сл. 170: 14, 142, 148/Пл и 25, 40/СТ)**; низи во кои до темињата на ромбот се претставени кругови **(Сл. 170: 15, 37/Пл)** и низи во кои ромбовите со страничните темиња се допираат со врвот на триаголник **(Сл. 170: 135/Пл и 24, 40/СТ)**.




**Сл. 170.** Ромб во вертикални низи на керамиката од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

Ромбот се јавува и како дел од композитниот мотив кој го нарековме „сложена правоаголна композиција со ромбови“ и тоа како дел од вертикални низи **(Сл. 171.)**.




**Сл. 171.** Мотивот „сложена правоаголна композиција со ромбови“ на керамиката од Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

Познати се и посебни ромбични мотиви – „ромб со крилца“ кој го сместивме во категоријата „логограми-идеограми“ **(Сл. 172: 140/Пл)** и ромб изведен како „коса шаховска табла“ **(Сл. 172: 37/СТ)** кој е посебно обработен **(види стр. 527-535)**.




**Сл. 172.** Посебни ромбични мотивина керамиката од Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

Ромбични мотиви се сретнуваат и на рачките од мат сликаните садови од Охрид **(Сл. 173)**. На еден од нив, присутен на рачка од фрагмент од сад пронајден на Самоилова Тврдина **(Сл. 173: 34/СТ)** му е посветено посебно внимание **(види стр. 547-550)**.




**Сл.173.** Фрагменти од рачки со ромбични мотиви, Плаошник и Самоилова Тврдина, Охрид.

Ромбични полиња се сретнуваат и во рамките на мотивот кој го нарековме „коса шаховска табла“, како и во средината на мотивот „малтешки крст“, кои се посебно претставени подолу.

Ромбот, како и триаголникот (особено „висечкиот“ – со врвот надолу), е уште еден еминентен симбол со женски предзнак,[365] поврзан со нижите зони на вселената, односно земјата. За разлика од триаголникот, кој обично го претставува целиот пубичен појас на жената, во конкретниот случај ромбот е знак на родницата т.е. вулвата или поконкретно на отворената вулва, раширена во момент на породување или коитус. Во општа смисла тој го претставува женскиот создавачки принцип, додека во космолошка смисла е симбол на земјата и на нижните зони на вселената. Според тоа, ромбот е и симбол на животот, поврзан со божиците на плодноста и на создавањето.[366] Тоа што беше истакнато за триаголникот, односно повторувањето во низи, важи и за ромбот, со што и тој го добива значењето на симбол на земните пространства и нивната енормна плодност.[367]

Од посочените примери е евидентно дека ромбичните мотиви многу често се косо или мрежесто шрафирани. Како што се истакнува, шрафираниот ромб е симбол кој ја означува земјата **(види и стр. 486, како и стр. 527-535).**[368] Но, воедно може да асоцира и на оплодената земја,[369] или пак на изораната нива.[370] Постојат индиции дека во одредени култури ваквиот ромб имал карактер на еден вид идеограм кој ја претставувал земјата.

Ако во ромбот изедначен со земјата се прикаже една точка **(Сл. 170: 135/Пл; види и „коса шаховска табла“ со точки на стр. 485-486)** или повеќе точки **(Сл. 169: 4, 8, 30/Пл и Сл. 170: 14, 150/Пл)**, тој добива значење на засеана т.е. оплодена земја.[371] Истото значење секако би можело да им се припише и на горепосочените примери на „висечки триаголници“ исполнети со точки.

Посебно интересен е ромбичниот мотив составен од два косошрафирани ромба поврзани во вертикална низа, на чии темиња се надоврзуваат кругови (делумно реконструиран пример – **Сл. 170: 15, 37/Пл**). Може да се претпостави дека овој мотив означувал макрокосмичка слика на светот во вертикална проекција, во која горниот ромб би ја претставувал земјата, а долниот – подземјето. Круговите кои го придружуваат

[365] Шевалие, Ж, Гербран, А, 2005, 862.
[366] Чаусидис, Н. 2005, Том I,99.
[367] Ibid, 97, 426.
[368] Ibid, 48, 103.
[369] Ibid, 81.
[370] Ibid, 113.
[371] Ibid, 106.

горниот ромб би соодветствувале на дневниот циклус на сонцето (изгрев, зенит и залез) додека долните – на неговото „патување“ во подземниот свет.[372]

На крајот, го издвојуваме посебниот ромбичен мотив кој го нарековме „ромб со крилца“, сместен во категоријата „логограми-идеограми“ **(Сл. 172: лево)**. Тој се сретнува два пати на фрагмент од сад, според нашата класификација грне, откриен на Плаошник **(кат. бр. 140/Пл)**. Надворешната површина на садот била декорирана со низа од мрежестошрафирани „висечки триаголници“ **(види стр. 212)**, додека орнаментот за кој станува збор е претставен под внатрешниот раб на устината на садот. Прикажан е во хоризонтална низа во која се присутни уште два орнамента од истата категоријата „логограми-идеограми“ **(види стр. 301-302)**. Редоследот на насликаните орнаменти, гледано од лево кон десно, е следниот: „дрво“ односно „елово гранче“, „ромб со крилца“, „песочен часовник“ и повторно „ромб со крилца“ **(Сл. 174.)**.

Во продолжение следува анализа за орнаментот „ромб со крилца“, додека останатите орнаменти се обработени посебно **(за „дрво“/„елово гранче“ види стр. 488-496; за „песочен часовник“ види „лабрис“ на стр. 498-500; види и сумарен преглед на стр. 511-514)**.



**Сл. 174.** Орнаменти присутни под внатрешниот раб на устината на керамички фрагмент најден на Плаошник, Охрид **(кат. бр. 140/Пл)**

[372] Спореди: Чаусидис, Н. 2005, Том I, 115-117.

Орнаментот „ромб со крилца“ присутен на спомнатиот фрагмент од Плаошник многу наликува или е скоро идентичен со идеограмите користени во разни култури, меѓу себе неповрзани хронолошки и просторно, кои го означуваат поимот *риба* **(Сл. 175.)**. Според тоа, постои поголема веројатност и мотивот од Плаошник – „ромб со крилца“ да го имал истото значење.[373]




**Сл. 175.** Идеограми кои го означуваат поимот *„риба“*.

За да проникнеме во можното значење на идеограмот, како и на рибата, во продолжение ќе презентираме неколку примери на кои се јавуваат претстави на риба, кои се во најголема мера синхрони на мат сликаната керамика.

Првиот пример претставува сцена насликана на рамото од беотска доцно-геометриска амфора. На неа доминира женски лик со кренати раце во поза на оранта, опкружена со разни животни, според што таа може да се окарактеризира како божица од типот *Potnia Theron*. Оваа сцена ќе ја обработиме подетално поради тоа што содржи мноштво симболички елементи, но и затоа што во овој труд е спомената во повеќе наврати. Во овој случај, најважниот детаљ во неа е рибата прикажана на здолништето,

[373] За изедначувањето на схематизираниот мотив „риба“ (идеограм) со ромбот види: Чаусидис, Н. 2005, Том I, 123; Ibid, Том II, Б30: 16, 17.

односно скутникот на божицата **(Сл. 177: г)**. Вака прикажаната риба на долниот дел од телото, конкретно на скутникот, чија главна функција е покривањето на пубичната зона од женското тело, побудува доста јасни асоцијации. Во конкретниот контекст, може да се каже дека таа, како и ромбот, е знак кој ја претставува матката (утерусот), а уште повеќе родницата (вулвата).[374] Во општа смисла рибата е симбол на женскиот создавачки принцип, додека во космолошка смисла – симбол на земјата и на нижите зони на вселената.[375] И самиот трапезоиден облик на скутникот на кој се наоѓа рибата може да се протолкува како приказ на земјата, односно на нижите зони на вселената.[376] На испружените раце на божицата се чини како да се застанати водни птици **(Сл. 177: г)**. Тие со своето однесување претставуваат посредници помеѓу различните зони – небото, земјата и водата, а можат да се сфатат и како пренесувачи (на водата, сонцето, човекот итн.) меѓу овие космички зони.[377] Поставувањето на водните птици врз испружените раце на божицата може да се протолкува како момент при кој „*Големата Божица, со своите раце, им ја подава на луѓето животоносната течност од небото*."[378] Вака прикажаното божество ја надминува класификацијата *Господарка на ѕверовите,* а многу повеќе се доближува до *Големата Божица Мајка,* од рангот на Инана/Иштар или Матар/Кибела – дарителка на животот и гарант на космичкиот поредок. Со тоа, телото на прикажаната божица може да се спореди со *оската на светот*, при што долниот дел од нејзиното тело станува репрезент на нижите зони на космосот, а раширените раце – приказ на небото. Макрокосмичкото значење на сцената е дополнително нагласено преку присуството на свастиките како симболи на динамичното небо, а посредно и на Сонцето **(за свастиката види стр. 504-505)**.

На крајот, треба да се спомне уште едно толкување за сцената, според кое на неа е прикажана божица опкружена со животните на земјата (претставени преку биковата глава и задна нога од бик, насликана спротивно од неа), на водата (рибата прикажана на здолништето од божицата), на небото (птиците застанати на нејзините раце), а двата лава се протолкувани како придружници на божицата.[379]

---

[374] Чаусидис, Н. 2005,Том I,98, 145.
[375] Ibid, 99.
[376] Ibid,158.
[377] Ibid, 2017, 114.
[378] Ibid.
[379] Kahane, P.P. 1973, 125-126.

Прикази на риби се сретнуваат и на синхроната фригиска сликана керамика. Конкретно, на два фрагмента од различни садови, од 8. век пред н.е., најдени во Гордион, Фригија, се препознаваат претстави на риби.[380] И на двата примери тие се комбинирани со грaблива птица, а се јавуваат и други придружни елементи споредливи со мат сликаната керамика од Охрид: „малтешки крст", низа со ромбови исполнети со точки, и мотивот „шаховска табла" во чии полиња се наоѓа точка **(Сл. 176: в, г, д; посебно за овие примери види стр. 486-487 и стр. 503-504)**. На првиот фрагмент, се чини рамо од сад, сцената е повторена двапати, во правоаголни полиња раздвоени од бочните страни со рамка налик на рибина коска. На овој приказ грабливата птица во клунот држи крајно стилизирана претстава на риба која може да се спореди со спомнатите идеограми **(спореди Сл. 176: в со Сл. 175)**. На вториот фрагмент птицата е претставена со раширени крила, при што рибата е покрај неа, веројатно фатена во нејзините канџи **(Сл. 176: г)**. Под десното крило се прикажани концентрични кругови, можеби соларен идеограм[381] кои, заедно со раширените крила на птицата, асоцираат на одвивањето на сцената на небото **(Сл. 176: г)**. Според откриените фрагменти кои припаѓале на истиот сад, сцената со орел и риба се повторувала во хоризонтален појас на рамото од садот, што наведува на помисла за постоењето на одредено правило за местото на сликање на оваа сцена **(Сл. 176: д)**. Инаку, орелот се смета за еден од атрибутите на фригиската Божеска Мајка – Матар кој таа обично го држи во раката **(види Сл. 182: в1)**.[382] Од друга страна, приказот на лов на риба од страна на орел може да се доведе во врска со многу митови во кои се јавува мотивот на грабнување, обично на смртна жена од некој бог, често прикажан во зоо-антропоморфен облик, проследено со нивен полов однос. Според тоа, и грабнувањето на рибата од орелот може да се протолкува како симбол за сексуална доминација и коитус. Неговото спуштање од небото до земјата, односно водата, проследено со заедничко вивнување во небесата, го означува чинот на нивно поврзување т.е. соединување, односно

[380] Pamuk, S. 2021, 484, Levha 188- d; 486, Levha 190- b; 488, Levha 192- a.

[381] Орнаментот во вид на концентрични кругови е многу чест на фригиската сликана керамика, најчесто насликан како ги опкружува животинските претстави, но исто така и стилизираните растителни претстави **(види Сл. 181: а, б)**. Претпоставуваме дека преку него се нагласува некаков нематеријален елемент, односно, апстрактен концепт, можеби присуството на божјиот дух, на самото божество. Не помалку веројатно е дека го означува Сонцето и сончевата светлина, аналогно со свастиките од беотската амфора со претстава на божица со раширени раце. За идентификацијата на кругот како небесен симбол, види: Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 541; Чаусидис Н. 2017, 600-608.

[382] Pamuk, S. 2021, 22.

хиерогамијата на Небото и Земјата.[383] При тоа, сосема јасно, орелот е репрезент на машкиот и небесен принцип, а рибата на женскиот и земски принцип. Во многу култури рибата е симбол на животот и плодноста, поради нејзината навидум чудесна способност на размножување и бескрајниот број јајца (икри). Но, исто така, рибата често се доведува во релација со ромбот,[384] како што, впрочем, и нејзиниот идеограм е во облик на ромб кој, како што беше наведено, е *par excellence* женски и земски симбол. Рибата, исто така, во многу од древните религии била доведувана во врска со божицата на љубовта и плодноста.[385] Според философот Анаксимандар од Милет (Јонија), кој живеел во крајот на 7. и првата половина на 6. век пред н.е., *„рибата е татко и мајка на сите луѓе...“*[386]

Во оваа прилика заслужува да се спомне уште еден елемент од фригиските примери. Тоа е постапката на исполнување со точки на полињата од мотивот „шаховска табла“ и тоа кај првиот фрагмент **(Сл. 177: а; за ова види стр. 486-487)**, како и на хоризонталните низи со ромбови кај вториот **(Сл. 177: б)**. Овие низи од ромбови се идентични со примерите од Плаошник **(спореди Сл. 176: г, д со Сл. 169: 4, 8, 30/Пл и Сл. 170: 14, 150/Пл)**. Според расположливите фрагменти кои припаѓале на садот, јасно се гледа дека тие се употребени за раздвојување на неговите зони **(Сл. 176: д)**. Една од нив се наоѓа под работ на устината, а другите две низи ги омеѓуваат сцените со орелот и рибата, прикажани на рамото. На вратот од садот орнаментирањето е изведено со мултиплицирани ромбови и триаголници исполнети со точки кои, се чини, биле прикажани во неколу засебни полиња раздвоени со мотивот „шаховска табла“ **(Сл. 176: д)**. Сметаме дека е мошне веројатно орнаментот со мултиплицираните ромбови да се идентификува како симбол поврзан со женскиот репродуктивен орган, конкретно родницата (вулвата), а неговото повторување означува континуирана плодност и мултиплицирање на плодноста која настанува како резултат на светиот спој. Ваквото толкување може да се поткрепи и со бројни етнографски примери на скутници, претежно од балканскиот ареал, со нагласена ромбична орнаментика, кои исто така имале функција да ја означат и нагласат плодноста на жените што го носеле.[387]

---

[383] Слични примери види: Чаусидис, Н. 2005, Том I 1, 175; Ibid, Том II, В28 – 2, 2а, 5.
[384] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 854.
[385] Ibid, 854.; Biderman, H. 2005, 326.
[386] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 854.
[387] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 129, Том II, Б12: 3, 6-11.



**Сл. 176. а**-Орел-рибар (Pandion haliaetus) во лов; **б-** Орел-рибар (Pandion haliaetus) вивнат во воздухот со својот плен; **в -** Фрагмент од фригиски сад, 8. век пред н.е., Гордион, Турција; **г -** Фрагмент од фригиски сад, 8. век пред н.е., Гордион, Турција; **д -** Фрагменти од фригиски сад, 8. век пред н.е., на кои припаѓал и претходниот, Гордион, Турција.

Според нашите сознанија, најран пример споредлив со фригискиот е сцената насликана на еден доцноминојски керамички алабастрон (изведен во тнр. „палатен стил“), на која е присутна птица која во канџите држи риба.[388] И во овој случај сцената се одвива на небото, означено преку раширените крила на птицата, како и прикажаните „сонца“ кои ја опкружуваат рибата, што повторно го нагласува небесниот амбиент. Од друга страна, водата од која е грабната рибата е означена преку брановидните линии претствени на

[388] Vasilakis, A. 108.

левата страна од композицијата **(Сл. 177: в, спореди б со в)**. Сцената е омеѓена со „шаховски табли“, типичен симбол кој ја означува земјата **(види повеќе стр. 486)**.




**Сл. 177. а-**Фрагмент од фригиски сад, 8. век пред н.е., Гордион, Турција; **б-**Фрагмент од фригиски сад, 8. век пред н.е., Гордион, Турција; **в-** Доцноминојски керамички алабастрон (палатен стил), детаљ, Крит, Археолошки музеј, Ираклион, Крит, Грција; **г-**Детаљ од беотска доцногеометриска амфора, Археолошки Музеј во Атина, Грција.

Овој навидум непотребен екскурс со мотивот птица и риба го приложивме тука поради тоа што сметаме дека го дополнува и појаснува значењето на мотивот ромб и конкретно релацијата риба – ромб. Евидентно е дека на посочените примери се сретнуваат и други оранаменти присутни на мат сликаната керамика од Македонија и конкретно од Охрид („шаховска табла“, „малтешки крст“, „брановидна линија“, обработени во продолжение на текстот), за кои сметаме дека одат во прилог на предложените толкувања на орнаментиката на мат сликаната керамика.

### с. Шаховска табла

Според нашата класификација, мотивите „шаховска табла“ на мат сликаната керамика од Охрид се сретнуваат во две основни варијанти – „нормална шаховска табла“[389] (кога шаховските полињата се квадратни или правоаголни – **Сл. 178: а – г)** и „коса шаховска табла“ (кога тие се во вид на ромб или квадрат поставен на своето теме – **Сл. 178: д – ж; повеќе за овој мотив види на стр. 291 и 333 - 334)**. Напоменуваме дека, поради лошата зачуваност на фрагментите, во најголем дел од случаите не е возможно да се определи целосното протегање на мотивот. Мотивот „коса шахоска табла“ се сретнува и во посебна варијанта (во вид на ромб) на фрагментот од Самоилова Тврдина **(37/СТ – Сл. 178: е)**, која веќе ја спомнавме меѓу посебните ромбични орнаменти, а наоѓа блиски аналогии со слични мотиви од поширокиот регион **(види стр. 334)**. Посебна варијанта на „коса шахоска табла“ се јавува на уште еден фрагмент од Самоилова Тврдина **(45/СТ)**, на која во темните полиња се наоѓа точка **(Сл. 178: ж)**. Како што истакнавме, слични шаховски мотиви со точки се сретнуваат на мат сликаната керамика од Девол, Албанија и на фригиската керамика **(види стр. 351)**, за кои посебно ќе стане збор подолу.




**Сл. 178.** Шаховски мотиви присутни на мат сликаната керамика од Охрид (Плаошник и Самоилова Тврдина).

[389] За овој мотив низ целиот текст во употреба е терминот „шаховска табла“.

Мотивот „шаховска табла“, низ бројни примери е потврден како еминентен земски симбол при што, конкретно – во космолошка смисла, тој е репрезент на земната плоча.[390] Може да се додаде дека тој како симбол се поврзува со женски хтонски божества од типот *Голема Мајка*, а секако и со жената како нејзин еквивалент на микрокосмичко ниво. Ова ќе се обидеме појасно да го илустрираме преку наредните примери.

На мноштво претстави присутни на различни предмети кои се синхрони или хронолошки блиски на мат сликаната керамика од Македонија, облеката која ја носат прикажаните женски ликови наликува на мрежа од ромбови, односно, на мотивите „шаховска табла“ и „коса шаховска табла“, при што дел од нив се пополнети со точки **(Сл. 179. види и стр. 366-369)**. Прикажаните женски претстави можат да се идентификуваат на два начини. Од една страна може да се работи за божици-покровителки на плодноста и на животните циклуси во природата, но и прикази на самата „Мајка-Земја“.[391] Но, од друга, дел од нив можат да прикажуваат жени посветени на нивниот култ или негови свештенички, при што облеката која ја носат можела да носи симболика на плодноста и изобилието, или пак да ја означува засеаната т.е. оплодената почва.[392] Оваа претпоставка добива и своја поткрепа доколку наведените примери се споредат со многу помладите етнографски скутници на кои доминираат слични ромбични мотиви, што беа спомнати погоре **(види стр. 369)**. Како што веќе наведовме, скутникот, наспроти утилитарна функција, примарно имал магиско-апотропејска улога поврзана со нагласувањето на плодноста на жената, но и обезбедувањето и заштитата на бременоста и раѓањето на новиот живот.[393] Во овој контекст може да се спомне и фрагментот од фригискиот сад на кој се јавува сцената со граблива птица (орел) и риба, над која е присутен мотив налик на „шаховска табла“ со точки **(Сл. 177: а)**. И во овој случај наведениот мотив би бил насочен кон потенцирањето на плодноста и тоа, според наша претпоставка, како резултат на хиерогамијата помеѓу Небото и Земјата, претставени преку орелот и рибата.

---

[390] Акимова, Л. И. 1988; Чаусидис, Н. 2005,Том I, 104, 105; Ibid, 2017, 734.
[391] Чаусидис, Н. 2005,Том I, 153.
[392] Ibid, 106.
[393] Ibid, 130.




**Сл. 179. а -** Релјеф од слонова коска, раноархајски период о. 660 пред н.е., светилиште на Артемида Ортиа, Спарта, Археолошки музеј, Атина, Грција; **б -** Релјеф на врат од питос, Теба, почеток на 7. век пред н.е.,

Археолошки Музеј во Атина, Грција. **в-** Пароска чинија, 675 – 600 пред н.е., Археолошки музеј, Миконос, Грција; **г-** Мотив од протогеометриски питос од Кносос, Крит, Грција; **д-** Оловна фигурина на крилата божица, доцен 7. ран 6. век пред н.е., музеј Метрополитен, Њујорк, САД; **ѓ-** Мотив од доцногеометриска амфора од Еретија, о. Евбеја, Грција;**е-** Мотив присутен на фрагмент од сад, 7. век пред н.е., Гордион, Турција.

### d. Дрво

Веќе истакнавме дека на мат сликаните садови од Охрид, и тоа конкретно на оние од Плаошник, мотивот кој го нарековме „дрво“, се јавува на вратот од садовите **(Сл. 180: а, б, в, г; види стр. 296)**. Нагласивме и дека слични па и скоро идентични примери се сретнуваат на мат сликаната керамика од поширокиот регион **(види стр. 302 – 303)**. Иако, поради степенот на сочуваност на фрагментите од Плаошник, не може да се раконструира евентуалната пословена композиција на овој мотив, сепак се чини дека тој бил изведуван самостојно. Сличен на него е и орнаментот „дрво“ или „елово гранче“, присутен на фрагментот од Плаошник **(кат. бр. 140/Пл)**, кој го класифицираве во категоријата „логограми-идеограми“ **(Сл. 180: д)**.

Начинот на изведба на мотивот „дрво“ многу потсетува, а во одредени случаи е и скоро идентичен, со мотивите присутни на синхроната фригиска и хеленска геометриска керамика. Кај второве тој се јавува и во пословени композиции, најчесто симетрични, со животни претставени од двете страни на дрвото. Ваквата сцена, скоро без сомнеж, својата инспирација ја влече од постарите идентични претстави присутни на доцно-бронзенодобните садови од Блискиот Исток **(види и стр. 443-444)**, каде што мотивот *дрво на животот* бил особено популарен.[394]

Се чини дека кај мат сликаната керамика од Охрид овој мотив бил изведуван самостојно, што дополнително го нагласува неговото симболичко значење. Одредени факти упатуваат на можноста дека мотивот „дрво“, покрај значењето на *дрво на животот*, поврзано со некоја женска божица,[395] можел да ја носи и функцијата на идеограм кој ја претставувал *Божицата-Мајка*. Во наредните редови ова ќе се обидеме да го илустрираме низ неколку примери.

Од симболична гледна точка, со самото тоа што овој крајно стилизиран мотив наликува на зимзелено (иглолисно) дрво (бор, елка) или негово гранче, тој може да се

[394] За разни примери види: Чаусидис, Н. 2022, 136-140 и натаму.
[395] Чаусидис, Н. 2022, 138.

смета и за симбол на постојаноста и бесмртноста на божицата која го означува своето присуство дури и во кратките зимски денови кога природата е замрена. Може да се рече дека тоа дополнително ја одразува и нејзината поврзаност со планината и непристапните шуми. За нас е важен фактот што идентични мотиви се јавуваат и на фригиската сликана керамика **(Сл. 181: а, б)**, или пак врежан на други керамички садови како самостоен орнамент, што секако ја потенцира важноста на овој симбол **(Сл. 181: в)**. Бројни слични изведби на мотивот „дрво“ се јавуваат и на синхроната хеленска геометриска керамика, како и на разни предмети со различна хронолошка и културолошка припадност на кои се препознаваат женски претстави кои можат да се идентификуваат како божици поврзани со земјата и плодноста **(Сл. 182.)**.




**Сл. 180.** Мотивот „дрво“ присутен на фрагменти од Плаошник: **а - 128/Пл; б - 138/Пл; в - 156/Пл; г - 79/Пл и д -** „логограмот-идеограм“ – „дрво“ или „елово гранче“ **(140/Пл)**.




**Сл. 181. а-** Мотив присутни на вратот од бокал од од Тумулот Р во Гордион, о. 770 пред н.е.; **б-** од рушевинскиот слој во Гордион, о. 800 пред н.е; **в-** Врежан графит на керамички сад (динос) од Тумулот ММ во Гордион, о. 740 пред н.е.

Како хронолошки најстар пример може да се спомне еден предмет кој припаѓа на кикладската култура, датиран во 3. милениум пред н.е. Станува збор за керамички сад од категоријата „кикладски тави“, кој на долниот дел е декориран со геометриска орнаментика. Како што е истакнато, богатата орнаментика на предметот носи обележја на „женското“ и „макрокосмичното“.[396] Во конкретниов случај, за нас најинтересниот детаљ се наоѓа на долниот дел од садот. Тој е изведен во вид на долен дел од стилизирана женска фигура, а на него е поставен идеограм на вулва – „пубичен триаголник“, придружен со два мотива налик на стилизирано дрво или гранчиња. Начинот на кој се тие изведени е скоро идентичен со мотивите присутни на фрагментите **128/Пл, 138/Пл, 156/Пл** од Плаошник **(спореди Сл. 180: а, б, в со Сл. 182: а1)**, а воедно е многу близок и на фригиските примери **(спореди Сл. 181: а, б со Сл. 182: а1)**.

Вториот пример, приближно синхрон на кикладскиот, е предмет од минојската култура кој на повеќе нивоа може да се доведе во врска и со самата мат сликана керамика, а не само со конкретниот мотив „дрво“. Се работи за антропоморфен сад кој претставува стилизирана женска фигура, пронајден во Миртос, Крит, датиран во раноминојскиот период (2500 – 2300 пред н.е.), наречен „Божицата од Миртос“ **(Сл. 182: б)**.[397] Претставата е со долг врат и мала глава (многу слично на неолитските фигурини), ѕвонолико тело без нозе, нагласени гради, а во издолжените раце држи бокал со засечен врат (положба која потсетува на држење бебе). Површината му е исслликана со геометриска орнаментика. Не постои согласност околу идентификацијата на овој предмет, дали претставувал божица или обична жена, што во конкретниов случај и не е толку важно, бидејќи и едната и другата ја имаат истата симболика: плодност, давање живот, божица/жена-макрокосмос. За нас е важна симболиката што ја носи предметот и, конкретно, насликаниот орнамент на боковите од садот кој е скоро идентичен со мотивот на дрво присутен на фрагментот **79/Пл (спореди Сл. 182: б1 со Сл. 180: г)**. Останатата орнаментика на садот се состои од осум мрежестошрафирани правоаголни површини со различна големина, протолкувани како облека,[398] но, може да се определат и како земни пространства. Бидејќи се одвоени едни од други и со различна големина, можеби ги означувале обработените, оплодени ниви. При тоа, еден мрежестошрафиран „висечки триаголник“ е поставен под градите

[396] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 150.
[397] *Goddess of Myrtos* 2023.
[398] Ibid.

секако како означувач на пубичната зона. Вториот важен детаљ присутен на предметот е бокалот со засечен врат што го држи фигурата, а е украсен со низа од косошрафирани „висечки триаголници“ **(Сл. 182: б)** – основниот орнамент на мат сликаната керамика од Македонија. Познати се бројни реални примероци на бокали од ваков вид најдени на Крит, а декорирани на идентичен начин како и бокалчето присутно во рацете на „божицата“. Тие припаѓаат на раноминојскиот период **(Сл. 183.)**, а постојат и порани примероци од 4. милениум пред н.е.[399] Најважно е тоа што овој сад е еден од водечките облици на керамика во раното железно време во Македонија и една од основните мат сликани форми. Многу е индикативен фактот дека ваков бокал држи и фригиската *Божеска Мајка* - *Матар* на еден релјеф од 7. век пред н.е **(Сл. 182: в, в1)**. Во прилог на „женскиот карактер“ на бокалот со засечен врат оди и добропознатиот факт дека минијатурните бронзени бокалчиња со засечен врат, главно датирани во 7. век пред н.е. (и едни од најкарактеристичните претставници од групата „македонски бронзи“), се поврзуваат за женски погребувања, сметани дури и за „свештенички“.[400] Ако прифатиме дека садот од Миртос претставувал божица, бокалот кој го држи во раката може да се протолкува како *живототворната вода од небесата со која се оплодува земјата* (претставена низ мрежестошрафираните правоаголни површини). Преку наредните примери ќе пробаме да покажеме дека оваа претставата навистина би можела да се определи како *божица*.

Следниот пример е веќе користен во неколку наврати. Се работи за сликаниот мотив присутен на еден раногеометриски питос, повторно пронајден на Крит и тоа конкретно во Кносос. На него, во две засебни полиња, се прикажани женски претстави кои можат да се идентификуваат како божици **(Сл. 182: ѓ, ѓ1)**. Првата е малку нејасна, бидејќи се чини како да има четири раце. При тоа, со едните – кренати нагоре држи птици (или можеби станува збор за некаков статив зад божицата), додека другите ѝ се положени врз мевот. На главата носи капа во вид на кошница, декорирана како „шаховка табла“. Горниот дел од телото ѝ е изведен како превртен триаголник, а долниот како правоаголник кој претставува здолниште со скутник, декориран со два централно поставени верикални полни правоаголника и куси хоризонтални паралелни цртки долж

[399] Vasilakis, A. 47, 49.
[400] Митревски, Д. 1999; Mitrevski, D. 2007а; Повеќе примероци на бокалчиња види: Видески, З. 2003, кат. бр. 146-158. За можната намена на бронзените бокалчиња види: Чаусидис, Н. 2017, 185-188.

бочните рабови. Ликот е поставен врз правоаголна платформа со две тркала која можеби означува кола. Божицата е омеѓена со две стилизирано изведени дрвја. На врвот од левото дрво е присутна птица која, поради долгите нозе, може да се определи како водна птица (штрк, чапја) **(Сл. 182: ѓ)**. Втората женска претстава е скоро идентична на претходната, но оштетена во горниот дел **(Сл. 182: ѓ1)**. Поголема разлика се забележува во изведбата на нејзиниот скутник кој е украсен во две зони од крстовидни елементи кои наликуваат на свастики, разделени со ценtален појас изведен како „шаховска табла“ **(Сл. 182: ѓ1)**. Во овој случај, женскиот лик, во рацете кои се спуштени надолу, држи птици при што е фланкиран од две стилизирани дрвја изведени скоро идентично со мотивот од Плаошник **79/Пл; спореди Сл. 180: г со Сл. 182: ѓ1)**.

Следниот пример според својот иконографски концепт многу потсетува на претходноопишаната претстава. Станува збор за керамичка фигурина, од доцно-геометриската епоха (околу 700 г. пред н.е.) пронајдена во беотска Теба. Повторно е прикажана женска претстава која може да се нарече божица **(Сл. 182: д, д1)**. Според начинот на изведба, со долгиот врат, малата глава и ѕвоноликото тело, многу потсетува на критската „Божица од Миртос“, и покрај нивната скоро двомилениумска хронолошка разлика. За разлика од претходната, кај оваа се назначени и нозете **(спореди Сл. 182: б со д)**. И површината на оваа фигурина е исликана со геометриски мотиви. Целиот преден дел е покриен со вертикално правоаголно поле составено од концентрични правоаголници во чие средиште се наоѓа мрежестошрафирана површина (поле од ромбови) омеѓена со веритални брановидни (цикцак) линии. Како што е истакнато, ваквиот правоаголен приказ припаѓа на типичните хоризонтални геометриски проекции на космосот, согласно концептот на концентрично расчленување при што брановидните линии би соодветствувале на земните води.[401] На вратот од фигурината е насликан ѓердан со привrзок што се спушта меѓу градите, кои се испакнати и дополнително нагласени со два насликани концентрични круга. Над нив се присутни две развиени свастики со осум краци. Рацете на фигурата се пластично изведени, спуштени надолу, припиени за телото и со стегнати тупаници кои како да држат нешто. На рамената и подлактиците се наоѓаат свастики. Покрај рацете, од внатрешната страна, се насликани стилизирани претстави на зимзелени дрвја (со гранките насочени нагоре) или пак гранки со иглички устремени

[401] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 153.

нагоре. Овие мотиви се прилично слични на оние од Плаошник **(спореди Сл. 182: д со Сл. 180: а, б, в)**, како и со фригиските **(спореди Сл. 182: д со Сл. 181)**. Под тупаниците се насликани водни птици, можеби штрк или чапја, кои во клунот најверојатно држат змија изведена како вертикална брановидна линија, што можеби е приказ на земните води.[402] Брановидната вертикална линија на претставата се толкува и како *вода на животот*[403] која истекува од клуновите на птиците. Како што беше наведено, барските (т.е. водните) птици се доживуваат како посредници меѓу небото и земјата и пренесувачи на *небесните води* до земјата. Поради местото на сликање на гранките и птиците, постои можност замислата била да се прикаже како фигурата ги држи првите **(спореди Сл. 182: д со е)** или вторите **(спореди Сл. 182: д со ѓ1)** или пак, помалку веројатно, обете. Над птиците се прикажани развиени свастики со осум краци, а над свастиките, покрај рацете на фигурината, од надворешната страна се насликани двојни секири насадени на стожер **(Сл. 182: д, д1; за мотивот „лабрис“ види подолу во текстот)**.

Наведелите елементи можат да се идентификуваат на еден многу помлад, етнографски пример – руски вез, на кој е прикажана стилизирана женска фигура во здолниште под кое, меѓу нозете е претставен ромб обесен на врвка. Лицето, телото и рацете ѝ се исполнети со мотивот шаховска табла (типичен земски симбол), а под рацете т.е. покрај здолништето е претставен за нас во оваа прилика најинтересниот мотив – пар стилизирани дрвја или гранки кои како да растат косо од нејзините нозе **(Сл. 182: ж)**. Начинот на нивното прикажување и поставеноста во долниот дел од фигурата многу потсетува на далеку постариот кикладски сад од Сирос **(спореди Сл. 182: ж со а1)**.

Мотивот „дрво“ е насликан и на капакот од еден доцноминојски керамички ларнакс од Крит, а што е најважно, над него е прикажана птица во лет **(Сл. 182: г)**. Во овој контекст треба да се спомне уште еден пример од Крит – раногеометриски питос пронајден во Кносос. На него се јавува мотив идентичен како и на погореспомнатиот (исто така раногеометриски питос од Кносос) со стилизирано дрво на чиј врв е застаната птица **(спореди Сл. 182: ѓ со Сл. 184: а, а1)**. Во овој случај отсуствува претставата на божицата, што нè наведува на помислата дека дрвото е нејзин супститут кој можеби се

[402] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 153.
[403] Kahane, P.P. 1973. 118.

доживувал како нејзина епифанија. Ова ќе се обидеме да го илустрираме со следните примери.




**Сл. 182. а-** Опачината на керамички сад – „тава“, кикладска култура, 3. милениум пред н.е., Сирос, Грција, Археолошки Музеј, Атина; **а1-** Детаљ од истиот сад; **б, б1-** Керамички антропоморфен сад, т.н. Божица од

Миртос, раноминојски период (2500 – 2300 пред н.е.), Миртос, Крит, Археолошки музеј, Агиос Николаос, Крит, Грција; **в**-Камен релјеф со приказ на божицата Матар, 7. век пред н.е., Музеј на анадолски цивилизации, Анкара, Турција; **в1**- Детаљ (цртеж) од истиот релјеф; **г**- Детаљ од капакот на сликан керамички ларнакс, доцноминојски период, Крит, Архролошки музеј, Ираклион, Крит, Грција; **д, д1**- Керамичка фигурина, геометриски период, о. 700 год. пред н.е., Теба, Беотија, Грција; **ѓ, ѓ1**- Мотиви од протогеометриски питос од Кносос, Крит, Грција; **е**- Мотив од доцногеометриска амфора од Еретија, о. Евбеја, Грција; **ж**- Руски народен вез.



**Сл. 183.** „Божицата од Миртос“ изложена заедно со два реални бокали со засечен врат декорирани идентично како и нејзиниот бокал, раноминојски период (2500 – 2300 пред н.е.), Миртос, Крит, Археолошкиот музеј, Агиос Николаос, Крит, Грција.

Познати се многу минојски претстави на кои се јавува сцената „лабрис поставен на стожер“, врз кој стои птица **(Сл. 184: б, в)**.[404] Иконографски и идејно, тие многу потсетуваат на спомнатите примери на дрво со птица. Најпознат пример е секако оној од прочуениот саркофаг од Агиа Триада (Крит, околу 1400 г. пред н.е.) на кој, покрај другото, е насликана жена, веројатно свештеничка, што истура течна жртва пред олтар со лабриси на кои се застанати птици **(Сл. 184: б)**.[405] На оваа претстава може да ѝ се придружи и една постара теракота од Крит (1900 – 1700 г. пред н.е.) на која се прикажани три дрвени столбови на чии капители се застанати птици **(Сл. 184: г)**. Ваквата изведба иконографски многу потсетува на позниот релјеф од „Лавјата порта“ од Микена **(спореди**

[404] Толкување на значењето на лабрисот комбиниран со птица види: Чаусидис, Н. 2017, 728-730.
[405] Vasilakis, A. 188-189.

**Сл. 184: г со д)**. Изнесено е мислење според кое столбот кој се наоѓа помеѓу лавовите, претставува симболичен приказ на божицата заштитничка на градот.[406]

Споредбите меѓу претставата на лабрис и птица упатуваат на релации со спомнатата доцногеометриска керамичка фигурина од Теба **(Сл. 182: д, д1)**. На неа, како што нагласивме, покрај присуството на „дрво" и птици, забележлива е и претставата на лабриси насадени на стожер, прикажани покрај рацете на божицата, што и во овој случај може да се протолкува како нејзин симбол или атрибут **(толкување на мотивот „лабрис" види подолу во текстот)**.

Сметаме дека наведените примери ја поткрепуваат нашата претпоставка дека мотивот „дрво" присутен на мат сликаната керамика од Охрид, а секако и на онаа од поширокиот регион, може да се доведе во врска со некоја божица од типот *Божица-Мајка*. Бидејќи во конкретниот случај не е придружено со други симболи, сметаме дека во овој случај дрвото ја носело функцијата на нејзин еквивалент, а можеби и идеограм **(види и стр. 512)**.

[406] Vermaseren, M.J. 1977, 20.




**Сл. 184. а, а1**- Мотиви сликани на питос, раногеометриски период, 10. век пред н.е., Кносос, Крит, Грција;**б**- Детаљ ос сликаниот ларнакс од Агиа Триада, Крит, доцноминојски период, Археолошки Музеј, Ираклион, Крит, Грција;**в**- Мотив сликан на керамички ларнакс, минојска култура, Giofyrakia, Heraklion, Крит, Грција.**г**- Обоенараноминојска фигурина- столбови со птици, 1900 – 1700 пред н.е., Кносос, Крит, Грција; **д**- Релјеф до „Лавјата порта“ во Микена, Грција, 14. век пред н.е.

**е. Лабрис**

Мотивот „лабрис", кој го сместивме во категоријата „логограми-идеограми" **(стр. 301-302)**, беше идентификуван на два фрагмента од Плаошник, Охрид. Првиот е фрагмент од рачка **(кат. бр. 3/Пл; Сл. 185: а)**, а вториот е бокалче со засечен врат **(кат. бр. 126/Пл; Сл. 185: б)**. Самиот факт дека мотивите се прикажани самостојно, го нагласува нивното значење и навестува дека, можеби и во овие случаи, тие ја имале функција на логограми кои ја претставуваат *Божицата*. Мотивот двојна секира, насадена на стожер или без него, се сретнува и на фригиската сликана керамика, изведен скоро идентично како кај охридските примери **(Сл. 185: в, г)**. На еден керамички фрагмент од Гордион (8. век пред н.е.), покрај лабрисот е прикажан лав кој упатува на релациите со фригиската Божица Мајка – Матар/Кибела **(Сл. 185: в)**. Во оваа насока е значаен податокот дека фригиската Божица Мајка била позната и под името *Pelekes,* односно двојна секира,[407] што значи дека присуството на лабрисот на фригиската керамика може да се протолкува како симбол кој ја означувал Матар. Интересно е тоа што лабрисот се среќава и на претставите на кападокиската божица Ма која се поврзува со војната, односно пандан е на римската Белона. Таа била почитувана и во античка Македонија, а еден бронзен релјеф со нејзина претстава е најден во Претор, кај Ресен **(Сл. 185: д)**.[408] На него, божицата во десната рака држи двојна секира. Нагласено е дека Ма не треба де се поистоветува со фригиската Божица Мајка, но исто така дека нејзиното име претставува хипокористик од зборот кој означувал *мајка,*[409] што всушност е значењето и на *матар*. Во оваа прилика ни се чини важно да го спомнеме податокот дека семитската Инана/Иштар од една страна била сметана за покровителка на плодноста и раѓањето, но од друга и на уништувањето и војната. Оваа двојност би можела да се стави во релација и со нејзината двополовост,[410] што целосно би се вклопувало во андрогиниот карактер, барем на поранала Матар/Кибела.[411] Врз основа на сето кажано, не е тешко да се замисли дека, со текот на времето, од многуслојниот и поливалентен лик *Матар* се издвоиле неколку засебни божества меѓу кои можеби и кападокиската Ма.

---

[407] Чаусидис, Н. 2017, 689.
[408] Проева, Н. 2004, 114; Чаусидис, Н. 2017, 768.
[409] Проева, Н. 2004, 115.
[410] Елијаде, М. 2005, I, 58.
[411] За андрогиниот карактер на Кибела, види: Елијаде, М. 2005, II, 238.



**Сл. 185. а-** Орнамент присутен на фрагмент од рачка (3/Пл),Плаошник, Охрид, Р. Македонија; **б-** Орнамент присутен на вратот од бокалче со засечен врат (реконструкција) **(126/Пл)**, Плаошник, Охрид, Р. Македонија; **в-** Фрагмент од фригиски сад,8. век пред н.е., Гордион, Турција; **г-** Фригиски бокал- оинохое, 8. век пред н.е., Тумул Н, Гордион, Турција; **д-** Бронзен релјеф на Ма Кападокиска, 3. век, Крани, Ресен, Р. Македонија.

Дуалниот карактер на гореспомнатите божици директно нè доведува до симболиката на лабрисот кој, и како конкретен т.е. реален предмет, со својот изглед асоцира на двојноста, односно составен е од две спротивно поставени сечила од секира, што се рефлектирало на неговата симболика. Многу е пишувано за повеќезначноста на

лабрисот, односно за бројните негови симболички вредности.[412] Од различните аспекти на двојната секира, во конкретниов случај нè интересира нејзиното определување како симбол кој ги претставува и обединува бинарните опозиции: маж – жена, небо – земја, раѓање – умирање т.е. живот – смрт.[413] Во симболиката на лабрисот е содржана двојноста на женскиот принцип, претставена како симетрична средба на „вулвата“ која го раѓа животот и „антивулвата“ која периодично го враќа во себе (го проголтува) сето она што претходно го родила и тоа како неопходен предуслов за ново раѓање.[414] Според тоа, овој симбол е одличен показател на амбивалентниот карактер на *Божицата Мајка*, односно нејзината создавачка или уништувачка улога, било тоа да е семитската *Инана/Иштар,* критската *Голема Божица* или фригиската *Матар* **(види и стр. 512-513, 547-550)**. Можеби токму поради овој факт, лабрисот прераснал во симбол или идеограм на самото божество.

### f. Брановидна линија

Мотивот „брановидна линија“ е евидентиран на четири фрагменти од садови откриени на лок. Плаошник, Охрид. На фрагментите со **кат. бр. 9 и 66/Пл**, кои можеби припаѓале на ист сад (веројатно дел од вратот), е присутен брановиден орнамент со вертикално протегање. Тој е видлив „во негатив“, а е образуван од две низи со полни триаголници прикажани во „лизгачка рефлексија“ **(Сл. 186: а, б, в)**. Следен е фрагментот со **кат. бр. 42/Пл**, кој претставува дел од рамо на сад на кој се препознава правоаголен „висечки триаголник“ чија вертикална катета е оформена во вид на брановидна линија **(Сл. 186: г, д)**. Последен пример од Плаошник на кој се јавува мотивот „брановидна линија“ е фрагментот од сад со **кат. бр. 122/Пл**, изведен на рамото **(Сл. 186: ѓ, е)**. Кон мотивот „брановидна линија“ може да се приклучи и орнаментот што го нарековме „гирланда“, кој е евидентиран и на фрагментите од Плаошник **(за мотивот „гирланда“ види стр. 292 и 314)**. Во овој преглед го вклучуваме и кантароидниот сад од лок. Марта, Зовиќ, Битола, на кој исто така се јавува ваков мотив. Имено, на вратот од садот три пати се повторува брановиден мотив со хоризонтално протегање. Од нив, два се прикажани „во негатив“, присутни под работ на устината и на средината од вратот, како и една

[412] Преглед на доминантните теории поврзани со значењето на лабрисот, како и опсежна анализа, види: Чаусидис, Н. 2017, 653-777.
[413] Анализа за двојноста на лабрисот, види: Чаусидис, Н. 2017, 715-721.
[414] Чаусидис, Н. 2017, 719.

брановидна линија, на преминот од вратот кон рамото, „во позитив“, односно изведена во темна боја **(Сл. 186: ж)**. Поради целосната сочуваност на орнаментиката на садот од Зовиќ нему му е посветено повеќе внимание во едното од наредните поглавја **(за брановидниот мотив на садот види стр. 523-524)**.




**Сл. 186. а-** Фрагмент од сад **(66/Пл)**, Плаошник, Охрид, Македонија; **б-**Фрагмент од сад **(9/Пл)**, Плаошник, Охрид, Македонија; **в-** Можна реконструксија на композицијата со брановиден мотив присутна на фр. **9, 66/Пл**; **г-**Фрагмент од сад **(42/Пл)**, Плаошник, Охрид; **д-** Можна реконструкција на мотивот од фр.

**42/Пл**; **ѓ**-Фрагмент од сад со брановиден мотив **(122/Пл)**, Плаошник, Охрид; **е-** Брановиден мотив од фр. **122/Пл**; **ж-** Брановидни мотиви присутни на вратот од кантароидниот сад од лок. Марта, Зовиќ, Битола, Македонија.

Во архаичните претстави, особено оние со космолошки карактер, приказот на брановидната линија е тесно поврзан со водата. Тоа било условено од нејзиниот изглед кој асоцира на движење, поточно, течење.[415] Во зависност од контекстот во кој е употребена, таа може да е репрезент на земните или на небеските води. Исто така, во ликовните претстави „брановидната линија“ може да ја претставува и змијата, но и во овој случај изедначена со водата, односно како еквивалент на земните води.[416]

Во посочените примери од Плаошник **(9, 66/Пл)**, според предложената реконструкција **(Сл. 186: в)**, мотивот „брановидна линија“ ја омеѓува централно поставената „коса шаховска табла“ која, според посочените толкувања, може да се изедначи со приказот на земјата, при што двете брановидни површини би биле репрезенти на земните води. Ваквата композиција многу потсетува на еден хронолошки близок пример – доцногеометриската беотска фигурина на која предниот дел ѝ е покриен со вертикално превоаголно поле **(спореди Сл. 186: в, со Сл. 182: д)**.[417]

Сметаме дека брановидната линија кај фрагментот од Плаошник **(42/Пл)**, која всушност претставува вертикална катета на правоаголниот „висечки триаголник“, соодветствува на небесните води, поточно дождовните струи кои се спуштаат од небото кон земјата. Овој предлог го даваме со одредена резерва поради ограничувањата што ги наметнува слабиот степен на сочуваност на овој мотив и неможноста да се реконструира неговата композиција и поширокиот контекст.

Ова е во согласност со нашите согледувања за значењето на „висечкиот триаголник“ и тоа во контекст на предложениот концепт за хиерогамија што детално го образлагаме подолу. Интересно е што во овој случај и самиот облик на триаголникот може да се доведе во врска во водата, земајќи предвид дека правоаголниот триаголник во некои случаи фигурирал како симболички репрезент на водата.[418]

---

[415] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 72, 155.
[416] Ibid, 153.
[417] Ibid, и Том II, B14 – 6.
[418] Шевалие, Ж, Гербран, А, 2005, 1034.

**g. Малтешки крст**

Во претходните поглавја веќе беше констатирано дека на мат сликаната керамика од Охрид мотивот „малтешки крст“ е евидентиран во четири варијанти **(Сл. 187; види стр. 296-297)**. Истакнато е дека од сите симболи, крстот е најуниверзалниот и најсеопфатниот.[419] Тој се издвојува како архетипски знак користен од најстари времиња за прикажување на сликите со космолошки карактер. Зависно од начинот на неговиот изглед т.е. изведба, како и контекстот во кој се употребува, тој може да ја претставува земјата или небото, па и нивниот спој, т.е. хиерогамија.[420] Накратко, крстот е симбол на светот во сета негова севкупност.[421]




**Сл. 187.** Мотивот „малтешки крст“ на керамиката од Охрид: **а- 57/Пл**; **б- 141/Пл**; **в- 147/Пл; г- 35/СТ**.

Изведби идентични или многу блиски на конкретните примери од Охрид (**57/Пл** и **147/Пл; Сл. 187: а, б)** можат да се евидентираат на мат сликаната керамика од јужна Албанија, како и на синхроната фригиска керамика **(види стр. 335-337, 348-349)**.

---

[419] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 529; Biderman, H. 2004, 178.
[420] Опсежен преглед на семиотиката и симболиката на крстот, види: Чаусидс, Н. 2017, 449 – 464.
[421] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 537.

На веќе спомнатата сцена со орел и риба присутна на фрагментот од Гордион, паѓа во очи присуството на дури четири „малтешки крстови“ **(Сл. 177:б)**. Крстот со ваков облик, со ромб во средината и триаголни краци, може да се протолкува како слика на земјата со четирите страни на светот,[422] кои можеби се дополнително нагласени преку присуството на овој мотив во сите четири агли на правоаголната композиција. Од друга страна, интересен е фактот што идентично изведените крстови на примерите од Охрид и јужна Албанија се насликани на рачките од садот **(Сл. 187: а; види и стр. 336, Сл. 60)**. Согласно ова сознание, предлагаме едно алтернативно толкување, бидејќи рачките го поврзуваат горниот дел на садот со долниот (мевот). Имено, ако ја прифатиме можноста за нивно изедначување со горната и долна зона на светот, тогаш, на симболично ниво рачката би можела да ја застапува споната помеѓу небото и земјата. Според тоа, во конкретниов случај можеби и крстот со ваков облик го симболизирал тој спој, односно хиерогамијата која, како што претпоставивме, била кодирана на овие слики и преку сцената со орелот и рибата. При тоа сакаме да истакнеме уште еден индикативен детаљ: начинот на кој се изведени „малтешките крстови“ на фригискиот пример, случајно или намерно, остава впечаток на динамика т.е. движење поради што, во овој случај, би можеле да се доведат и во врска со свастиката. Оваа претпоставка станува поубедлива ако се стави во релација со фактот дека изведби на „малтешки крстови“ во вид на свастика се сретнуваат не така ретко во архаичните култури. Таков е на пример познатиот мотив присутен на чинија од енеолитот (датирана околу 5000 г. пред н.е.) од Самара, Ирак **(Сл. 188: десно)**. Средиштето на овој крст го претставува еден ромб изведен во вид на „коса шаховска табла“ кој, мошне веројатно, ја претставувал земјата, додека неговите краци се дополнети со стилизирани животински протоми на копнени рогати животни. Како што е истакнато, би можело да се работи за зооморфни симболи на четирите страни на светот, но не се исклучува и нивното соларно значење. Последново се поткрепува со нивната ритмична распореденост и насоченоста во ист правец, што кај претставата остава силен впечаток на динамично циклично движење, својствено на зооморфизираната свастика.[423]

[422] Чаусидис, Н. 2017, 455-457.
[423] Ibid, 2005, Том I, 122-123.



**Сл. 188. лево-** Приказ на четирите положби на соѕвездието Голема Мечкаизедначени со свастика; **десно-** Сликана орнаментика, керамичкачинија, енеолитот о. 5000 пред н.е., Самара, Ирак.

Можеби најблиска до мотивот од Самара и до спомнатото толкување на „малтешкиот крст“ е претставата присутна на еден фрагмент од сад најден на Плаошник **(147/Пл)**. Во овој случај крстот е формиран од мрежестоисполнет ромб на чии темиња се допираат врвови на полни разнострани, делумно реконструирани, триаголници **(Сл. 187: в)**. Начинот на кој се тие распоредени оддава впечаток на динамика т.е. движење, па според тоа, може да се рече дека сеопфатниот изглед на овој мотив се доближува до свастиката. Сметаме за нужно тука да се спомне дека, во рамките на богатата симболика на триаголникот, разностраниот триаголник се смета за симбол на воздухот[424] кој, барем посредно, би можел да упатува и на неговиот небески карактер.

Согледано во генерална смисла, свастиката е универзален симбол кој со самиот свој графизам упатува на динамиката, на ротирачкото движење околу една неподвижна централна точка, поради што е симбол на дејствувањето, циклусите и на непрекинатата регенерација.[425] Оттука, таа може да го симболизира и динамичното небо – при што нејзиниот центар ја означува Поларната ѕвезда, додека краците – четирите главни положби на соѕвездието Голема Мечка (Голема Кола) распоредени околу неа **(Сл. 188: лево)**.[426] Р. Генон (René Guénon) истакнува уште едно космографско толкување на свастиката, слично на преходното. Според него, таа пред сè го претставува северниот пол

[424] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 1034.
[425] Ibid, 875.
[426] Ibid, 876.

и ротирачкото движење на небото околу неподвижната оска – *axis mundi* при што незјиното соларно значење е всушност секундарно и второстепено. Врз база на посочените примарни значења, таа постепено станала и симбол на животот, како и на животворната улога на врховните начела на вселената и на семоќниот Бог.[427]

Последниот пример на „малтешки крст“ присутен на мат сликаната керамика од Охрид се наоѓа на фрагмент откриен на Самоилова Тврдина **(35/СТ)**. Тој воедно е и најсложено изведен **(Сл. 187: г)**, поради што подолу му посветуваме посебно внимание **(види стр. 545-555)**.

* * *

Откако во претходните неколку потпоглавја ги обработивме основните значења на одделните симболи присустни на мат сликаната керамика од охридскиот регион, во наредните ќе се обидеме, врз основа на добиените сознанија, да обработиме неколку посложени композиции и иконографски контексти во кои се тие застапени.

### 3. За приказот на „хиерогамија“ на мат сликаната керамика од Македонија

Во рамките на оваа анализа ќе се фокусираме на развлечените, дводимензионални проекции на геометриските претстави насликани на четири садови од Македонија. Како што веќе беше кажано, првите два примерока се целосно зачувани, а потекнуваат од лок. Марта, Зовиќ, и лок. Бел Камен, Живојно, битолско. Вторите два сада се пронајдени во Охрид, од кој едниот, делумно зачуван и реконструиран, е од лок. Плаошник **(158/Пл)**, додека другиот е фрагмент од сад од лок. Самоилова Тврдина **(34/СТ)** за кој нудиме реконструкција на изгледот и делумна реконструкција на изведената орнаментика.

Во повеќе наврати посочивме дека носечкиот орнамент на мат сликаната керамика од Македонија е триаголникот со врвот свртен надолу („весечкиот триаголник“). Во рамките на анализата и толкувањето на одделните мотиви укажавме дека се работи за симбол чија што форма се базира на пубичната зона на жената, а поради тоа и на родницата т.е. вулвата. Оттука произлегуваат и неговите симболични значења поврзани со функциите на овој орган – плодноста, коитусоит, зачнувањето, бременоста и раѓањето на

[427] *Swastika* 2023; За изворното поврзување на свастиката со небото и небесните циклуси, а дури второстепено со Сонцето види и: Чаусидис, Н. 2005, 89; Ibid. 2017, 457, 459.

новиот живот или воопшто на категоријата плодност. Овие значења, проектирани на макрокосмичко ниво добиваат нов контекст кој се пренесува на оние делови од вселената кои по функција соодветствуваат на жената. Тоа се долните зони на космосот и тоа пред сѐ земјата т.е почвата, но посредно и подземјето и земските или подземните води. Оттука се чини како прилично веројатна можноста дека и на нашите садови „висечките триаголници" носеле некое од посочените значења.

Во рамките на вертикалната проекција на садовите, односно нивното согледување од бочна перспектива, „висечките триаголници" формираат хориозонтална низа која се протега околу рамената на целиот сад **(Сл. 192., Сл. 194., Сл. 201.)**. Доколку се прифати концептот на толкување на садот како слика на вселената, тогаш во рамките на оваа негова проекција, бордурата од триаголници би можела да ја претставува земската плоча. При тоа нивното мултиплицирање, како што беше истакнато, би можело да се оправда со желбата да се претстави обемноста т.е. големината или непрегледната широчина на земјата, но и нејзината енормна плодност т.е. неизмерливата моќ да раѓа. Доколку ова толкување се прифати како веројатно, или барем како можно, тоа дава оправдување за соодветно и консеквентно определување на преостанатите зони на садовите – онаа над триаголниците како надземно или небеско нивно на вселената, а пак оние под нив како подземје или земски води.

Ако истиве садови се набљудуваат од горе, т.е. од птичја перспектива, се добива една поинаква слика која, согледана во истиот космолошки концепт, ја дава хоризонталната проекција на вселената организирана во вид на концентрични кругови **(Сл. 193., Сл. 195., Сл. 202.)**. При тоа периферните зони го означуваат она што е долу, додека внатрешните – она што е горе. Во тој контекст, бордурата од триаголници наредени во круг го задржува истото земско значење, зоните околу нив го добиваат значењето на периферните зони на вселената со океанот што ја обиколува земната плоча и непристапните предели на „оној свет". Од друга страна, средината на кругот го добива значењето на горните космички зони. Теоретски е можна и обратната концепција според која средишниот дел би го означувал она што е најдолу (подземјето т.е. земските води), додека периферијата на кругот – она што е најгоре (горните т.е. небеските нивоа на вселената). Во овој случај, центарот на композицијата и неговата хтонска симболика интерферираат со тукалоцираниот отвор т.е. устината на садот, за што како најдобро

оправдување можат да се земат разните погребни садови (урни, питоси за сместување на покојникот) кој го симболизираат гробот и подземјето, а нивните устини како влез во нив.[428] Во овој случај, нова форма добиваат триаголниците кои, согледани низ овој концепт, се претвараат во триаголници свртени со врвот нагоре. Но, при тоа, тие не го губат своето земско значење туку само се менува симболот кој таквото значење го сугерира – планините (наредени во некаков венец) со оглед на тоа што и тие се дел од земното ниво на вселената.

Во рамките на двете последни предложени проекции се појавува уште една космолошка слика која всушност може да се определи како варијанта на последнава. Во наредните редови ќе се обидеме да ја претставиме.

Во склоп на хоризонталната проекција, издолженоста на триаголниците, нивната исшрафираност, но и кружно-радијалната организираност околу круг, навестуваат дека зад ваквата нивна изведба можела да стои и друга иконографска т.е. космолошка предлошка. Нивната радијална распоределеност, согледана заедно со кружниот венец на садот се поклопува со приказот на сончевиот диск опкружен со зраци **(Сл. 190.)** што го покриваат најширокиот дел од садот кој, во рамките на неговата женска семиотика, директно асоцира на женската утроба, додека во рамки на космолошката – на долните зони на вселената т.е. земјата. Земајќи го предвид доминантниот машки предзнак на сонцето, овој модел би можел да се вклопи во горепретставениот вертикален концепт на изедначување на садот со вселената, При тоа, припаѓајќи на неговите горни зони сонцето и би ја застапувало небесната, светлосната и „машката“ зона на садот, додека неговите долни делови и внатрешноста – земската, хтонската и „женска“ зона.

Ваквата машко-женска диференцијација на зоните на садот може да се илустрира преку еден пример кој е синхрон на мат сликаните садови од Македонија. Станува збор за раногеометриските амфори (900–850 г. пред н.е.) кои во некрополата Керамеикос, Атина, биле користени како гробни урни. Имено, на овие садови е забележана разлика во позицијата на рачките, зависно од тоа дали се приложени во гроб кој припаѓал на машки или на женски покојник. При тоа, кај амфорите наменети за мажи, рачките завршуваат на

[428] Чаусидис, Н. 2017, 76.

вратот или рамото на садот, додека кај оние за жени – на мевот.[429] Сметаме дека овој пример е индикатор на пошироката распространетост на концептот на полова диференицјација на деловите на садовите и посреден аргумент во прилог на таквото нивно третирање и на посочените примери од Македонија. Во оваа, насока ќе спомнеме уште еден пример кој упатува на широкораспространетиот (ако не и архетипски) карактер на посочената опозиција, иако овој пат посредно, преку релацијата машко – високо, вертикално, женско – широко, хоризонтално. Се работи за понов пример – суеверие забележено во рамките на етнографските традици (област Порече, Македонија) според кое се сметало дека ако на селските гробишта се забележи гробна плоча која испукала по должина т.е. по вертикала, во селото ќе почине маж и обратно – доколку испукала по ширина т.е. по хоризонтала, тогаш ќе почине жена.[430] Уште по уверливо и тоа во космолошки контест, оваа опозиција ја претставува една гатанка, забележена кај Србите, но и кај Полјаците, која гласи „висок тата, плосна мама“ (или „широка мама“), при што одговорот е „небо и земја“. Постојат и други примери кај кои се соодветно диференцирани зоните или некои други елементи на вселената – машката вертикала и женската хоризонтала.[431]

Сметаме дека врз основа на приложените факти и согледувања може да се предложи хипотеза според која долниот и најширок дел на мат сликаните садови од Македонија бил поврзуван и изедначуван со женскиот принцип т.е. жената и земјата, додека најтесниот и најиздигнат – со машкиот принцип т.е. мажот и небото со неговите динамични и енергетски елементи. Ако тргнеме од оваа премиса, тогаш постои веројатност, во композициите насликани на овие делови од садот да била кодирана хиерогамијата, односно бракот т.е. коитусот, меѓу Небото или Сонцето и Земјата, при што триаголниците што се спуштаат на мевот од садот би ги претставувале плодоносните зраци на Богот-Сонце кои продираат во утробата на Мајката-Земја **(Сл. 190.)**.

[429] *Geometric art* 2022. И покрај нашите напори, не успеавме да дојдеме наведениот извор: "Geometric and Protogeometric Art - Oxford Reference".2010. doi:10.1093/acref/9780195170726.001.0001. ISBN 9780195170726.
[430] Ковачева, Л. 2015, 64.
[431] Чаусидис, Н. 2005, Том I, 106; Чаусидис, Н. 2017, 453.



**Сл. 190.** Мат сликан сад од железното време од некрополата Баба Џилан близу Нурабад, Луристан, Иран.

Во претходните поглавја укажавме на широката распространетост на бордурата од „висечки триаголници“ кај садовите кои, повеќе или помалку, се синхрони на мат сликаната керамика од Македонија **(пример – Сл. 190.)**. Истово важи и за претставите на сонцето окружено со зраци во вид на триголници **(Сл. 191.).** Иако е очевидно дека станува збор за некаква архетипски појави, тоа само по себе не треба да значи дека зад сите такви примери морале да стојат предложените концепти на симболичко претставување на вселената и нивните одделни елементи. Во текот на своето долготрајно постоење симболичките слики се празнат и се полнат со значења, зависно од културата што ги презема и користи и духовните текови што постојат во дадениот период. Оттука, во нашите наредни анализи ќе се фокусираме на садовите кои се тема на нашиов труд, обидувајќи се при тоа, со соодветни аргументи, да го покажеме (а се надеваме и да го докажеме) таквиот карактер на нивната иконографија.



**Сл. 191.** Соларни симболи со триаголни зраци: **а -** Детаљ од сликан ларнакс, минојска култура, Палеокастро, Крит, Грција; **б -** Соларен мотив присутен на керамички сад од доцното бронзено време, најден во карпестото светилиште близу с. Босилково, Централни Родопи, Бугарија; **в -**Мотив присутен на поклопецот од ларнаксот на Филип II Македонски; **г -** Детаљ од везен мотив на ракав од женска кошула, Дебрца, охридско, 19. век; **д-** Детаљ од дрвен невестински ковчег, декориран со коскени елементи (интарзија), Охрид, 19. век;[432] **ѓ-** Детаљ од знамето на Казахстан; **е -** Детаљ од знамето на Намибија; **ж -** Детаљ од знамето на Тајван.

### 4. Семиотичка анализа на орнаментната композиција на одделни садови

### а. Фрагментот од Плаошник со кат. бр. 140/Пл

Да се навратиме повторно на гореспоменатиот пример од Плаошник, фрагментот од сад со **кат. бр. 140/Пл**. И покрај неможноста целосно да се реконструира орнаментиката која се наоѓала на неговата устина, сметаме дека зачуваните мотиви

[432] Кошулата **(инв. бр. ЗМО-Е-1370)** и ковчегот**(инв. бр. ЗМО-Е-3624)** се сопственост на НУ Завод и Музеј – Охрид (изложени во постојаната поставка на охридскиот народен музеј – „Куќата на Робевци“).

составени од двете „риби“ и „песочен часовник“, образуваат прилично јасна и кохерентна целина. Можно е на неа да не припаѓал единствено мотивот „дрво“ или „елово гранче“ (делумно реконструиран) кој, наоѓајќи се лево и на нешто поголема дистанца од останатите мотиви, можеби образувал некаква засебна иконографска и смисловна целина која, за жал, денес е целосно загубена **(Сл. 189: а)**.

И покрај тоа, не може а да не се забележи неговата поврзаност со останатата целина, во смисла дека сите разгледувани орнаменти („дрво“, „песочен часовник“, односно, „лабрис“, „риба-ромб“), изразуваат различни аспекти од еден ист, претпоставен, идеен, а може да се рече и религиски концепт. Повикувајќи се на претходните компаративни анализи, во наредните редови ќе се обидеме сумарно да го илустрираме.

Веќе ја изнесовме нашата претпоставка дека мотивот „дрво“ може да се доведе во врска со женско божество од типот на *Големата Божица Мајка*. Главната симболика на дрвото е содржана во неговата функција на стожер (оска) кој ги поврзува двете сфери на вселената – со корењата е прицврстено во земјата, а со врвот допира во небесата.[433] Во оваа смисла, треба да се спомне уште еднаш приказот на *Божицата* опкружена со животни присутен на рамото од беотска амфора **(Сл. 177: г)**, која може да се определи како *Големата Божица Мајка,* од рангот на Инана/Иштар или Матар/Кибела како дарителка на животот и гарант на космичкиот поредок. Телото на прикажаната божица може да се спореди со *оската на светот*, со што целосно соодветствува на претставите на *космичкото дрво* опкружено со животни. Според тоа, сметаме дека „дрвото“ може да се смета за симбол на *Божицата,* па дури и нејзина епифанија, сосема веројатно идентификувана со некое конкретно дрво во светиот лаг на божеството.

Орнаментот „ромб со крилца“, односно „риба-ромб“ го означува женскиот принцип кого на микрокосмичко ниво го застапува жената или поконкретно вулвата со нејзината репродуктивна т.е. плодоносна функција, а пак на макрокосмичко – Земјата изедначена со *Божицата Мајка*. „Песочниот часовник“ прикажан во вертикална ориентација ја претставува стилизираната женска фигура,[434] а индиректно можеби ја симболизира и самата *Божица* која владее со двете спротивности: раѓање – умирање,

[433] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 262.
[434] Чаусидис, Н. 2017, 686.

односно живот – смрт.[435] Според тоа, „песочниот часовник“ може да се изедначи со лабрисот како симбол на двата спротивставени, но комплементарни принципи: машкот – небески и женскиот – земски, со што, исто така, го добива значењето на симбол и на хиерогамијата. Мислиме дека истиот концепт како кај примерот од Плаошник (доколку не станува збор за едноставни декоративни орнаменти) може да се насети и на еден фригиски сад, веројатно бокал, најден во рушевинскиот слој во Гордион (крај на 9. век пред н.е.).[436] На неговото рамо е присутен мрежестошрафиран мотив во вид на „песочен часовник“ кој е омеѓен со „шаховски табли“ од кои едната со квадратни, а другата со ромбоидни полиња кои се наизменично мрежесто исшрафирани **(Сл. 189: спореди а со б; за симболиката на ромб во вид на „шаховска табла“ види стр. 527-535)**. Слично изведена орнаментика се сретнува на уште еден фригиски пример – фрагмент од сад пронајден во Тумулот „J“ во Гордион, датиран кон крајот на 7. век пред н.е **(Сл. 189: спореди а со б, в)**.[437]

Да се навратиме на првиот фрагмент од Гордион кај кој вниманието го привлекуваат малите полни триаголници во низа кои, согледани од птичја перспектива или во хоризонталната проекција на садот, образуваат низа од „висечки триаголници“ видливи „во негатив“ **(Сл. 189: б - лево)**. Низата се наоѓа кај спојот на вратот со рамото на садот, точно над спомнатата композиција со „шаховски табли“ и „песочен часовник“. Го истакнуваме овој момент бидејќи кај нас побудува асоцијација на хиерогамија меѓу Небото (Сонцето) и Земјата – концепт кој е разработен и елабориран во наредните поглавја.

[435] Чаусидис, Н. 2017, 719.
[436] Pamuk, S. 2021, 333, Levha 37: h.
[437] Ibid, 495, Levha 199:b.




**Сл. 189. а-** Орнаментите присутни под внатрешниот раб на устината на керамички фрагмент од Плаошник **(140/Пл)**; **б-**Фригиски мат сликан сад пронајден во рушевинскиот слој на Гордион, о. 800 пред н.е.;**в-** Фригиски мат сликан сад пронајден во Тумулот „Ј“ во Гордион, крај на 7. век пред н.е.;**г-** Детаљ од орнаментите присутни под внатрешниот раб на устината на керамички фрагмент од Плаошник **(140/Пл)**.

### b. Амфороиден сад од Плаошник (158/Пл)

Орнаментиката на овој сад откриен на лок. Плаошник **(кат. бр. 158/Пл)** и реконструиран врз основа на пронајдените фрагменти, ја претставивме во едното од претходните поглавја **(податоци за садот види стр. 231-232).** Во неа можат да се препознаат сите горепретставени космолошки концепти **(види Сл. 193)**. И во овој случај уште повеќе доаѓа до израз средишниот круг претставен преку устината на садот, обиколен со кружно наредените триаголници. Во даденив пример композицијата е уште поимпресивна поради впечатливата изведба на триаголниците кои ги сместивме во категоријата „сложен висечки триаголник“. Според нашите досегашни сознанија, тие претставуваат уникатна варијанта, карактеристична за охридската мат слика керамика

**(види стр. 327-328)**. Реализирани се така што во рамнокрак триаголник со дебели краци е впишан полн триаголник, додека останатиот простор е исполнет со повлекување на три тенки линии на чиј пресек, кај врвот од триаголниците, се добиени мрежестоисполнети ромбови. Ако се изземе добиениот ромб, може да се рече дека во овој случај е постигнат изглед на „бесконечна слика“, односно триаголници сместени еден во друг, која, како што веќе истакнавме погоре, согласно посочените женски значења на триаголникот, може да укажува на концептот на мултиплицирање на женските гениталии (претстави на една вулва сместена во друга, а таа во трета) што би имлицирало на нивното раѓање една од друга т.е. бесконечното траење на плодноста според матроналниот концепт. Ако ова значење се стави во релација на предложеното присуство на сонцето во овие композиции, тогаш множењето на триаголниците-вулви може да се третира како резултат на контактот т.е. дејството врз нив на „сончевите зраци“. Со тоа доаѓа во преден план и нивната космолошка димензија – како симболи на земјата и на нејзината продуктивна моќ.

Веќе спомнавме дека, во рамки на посоченото толкување на оваа композиција се јавува една привидна контрадикторност, која, патем, воопшто не е ретка кај митските слики. Имено, судејќи според нашите интерпретации, следи дека и кај оваа (како и кај наредните) композиции, триаголниците во исто време носат две сосема различни значења – од една страна ја симболизираат земјата во нејзините женски аспекти, а од друга сончевите зраци во нивниот еминентно машки контекст. Оваа дихотомија би можела да се разреши преку присуството на мрежестите ромбови оформени на врвоите од триаголниците. Можно е, овој детаљ да не се должи на случајно комбинирање, туку на обмислена постапка насочена кон издвојување на машкиот и женскиот аспект на триаголниците. Како што беше кажано, ромбот во сите негови варијанти е исто така симбол на женскиот принцип базиран врз стилизираната (т.е. геометризираната) слика на отворената вулва, поради што неговото значење во одреден степен може да се разликува од триаголникот бидејќи го претставува женскиот полов орган во неговата активна позиција – подготвен за оплодивање и за пораѓање. Неговото мрежесто исполнување, налик на „шаховска табла“, јасно се вклопува во земната симболика на вториов мотив **(за „шаховска табла“ во вид на ромб види стр. 527-535)**. Земајќи го сето ова предвид, можеме да предложиме дека во рамките на оваа композиција само тој (односно неговата шрафирана варијанта) го носел женското значење, додека триаголниците (можеби само

нивниот затемнет дел) ги означувале сончевите зраци. При тоа проткајувањето на триаголниците и на ромбовите, консеквентно, би го означувале проткајувањето на сончевите зраци и земјата сфатено како хиерогамија т.е. нивни заемен коитус.

Во орнаментиката на овој сад триаголникот се појавува уште еднаш, но во сосема друга форма и контекст и тоа во вид на рамностран триаголник со средишна вертикална цртка – форма која уште поексплицитно упатува на женските гениталии. Тој е прикажан во композицијата од типот „сложена правоаголна композиција со триаголници“, оформена на двете дијаметрално ориентирани страни од вратот на садот. Во рамките на овие полиња е прикажан 16 пати, групиран во четири хоризонтални низи (во секоја по четири, прикажани во огледална рефлексија), од кои долните две со „исправени триаголници“, а горните со „висечки“. Согласно посочените сознанија, и зад ова мултиплицирање на „родници“ можел повторно да стои концептот на умножување на плодноста, при што четириаголното поле што ги опфаќа би се должело на претставите за четириаголната форма на земната плоча или можеби таквите контури на обработуваните ниви од кои најнепосредно се очекувала плодноста. Огледално поставените триаголници, иако разделени со хоризонтален појас, наликуваат на „песочен часовник“, односно лабрис во кој (како што наведовме), покрај другите значења, е содржана амбивалентноста на женскиот принцип претставена како симетрична средба на „вулвата“ која го раѓа животот и „антивулвата“ која периодично го враќа во себе (го проголтува) сето она што претходно го родила и тоа како неопходен предуслов за ново раѓање.[438] Во лабрисот е содржан и уште еден симболички аспект кој е во центарот на нашиве анализи, а тоа е спојот на женскиот и машкиот принцип, на космолошко рамниште застапени преку проткајувањето на небото и земјата. При тоа и во овој случај женскиот принцип го застапува триаголникот со врвот свртен надолу (вулва) додека машкиот е претставен преку триаголниот со врвот свертен нагоре (фалус во ерекција).[439]

Сета нагласена симболика на плодност е добиена како резултат на хиерогамијата, односно преку контакт на Сонцето со Земјата. Дополнително, спомнатиот мотив „сложена правоаголна композиција со триаголници“ го сместивме во категоријата „мотиви преземени од текстилни предлошки“ и за него рековме дека многу потсетува на конкретен

[438] Чаусидис, Н. 2017, 719.
[439] Чаусидис 2017, 718 - Ѓ29: 1-4, 753.

дел од женската облека – скутникот. Веќе покажавме бројни примери од бронзеното и раното железно време на кои се присутни скутници **(стр. 364-369)** кои покажуваат значителни релации со соодветните етнографските примери кај кои, скоро без исклучок, се присутни симболи со женски предзнак.[440] Поради тоа, не би било исклучено и „охридските“ жени од железното време да носеле такви скутници, исткаени со исти или слични орнаменти, кои го покривале нивниот абдомен т.е. гениталната зона, поради нејзино означување, стимулирање и заштита на нејзината плодоносна функција. Доколку оваа претпоставка се покаже како точна, таа би била уште еден аргумент дека во железнодобните култури од Охридскиот регион постоеле силни релации, а можеби и директна симболичка идентификација меѓу жената и садот, базирана на нивните плодоносни и хранителни функции.

На крајот, мора да се евидентира уште едно обележје кое ликовната композиција на овој сад ја издојува од сите останати. Тоа е повторно поврзано со мотивот „сложена правоаголна композиција со триаголници“ кој, согледан од птичја перспектива, во рамките на хоризонталата проекција на вселената, заедно со четириаголните контури на двете рачки на садот формира крст **(Сл. 193.)**. Доколку тој се согледа заедно со кругот т.е. прстенот на устината на садот се добива крст впишан во круг кој сам по себе, и уште повеќе заедно со триаголниците – зраци, ја заокружува симболичката слика на сончевиот диск претставен како тркало. Доколку како предлошка го земеме хоризонтално-концентричниот космолошки модел во кој *средината = долу*, а *периферијата = горе*, тогаш средишиот круг би ја претставува поархаичната кружна претстава на земската плоча при што краците на крстот впишан во него би ги кодирале четирите страни на светот т.е. земјата. Иако оваа верзија на прв поглед се чини како помалку веројатна, треба да се напомне дека во прилог на неа оди посоченото земско значење на полето со триаголници кое во идеални случаи (можеби присутни кај некои други вакви садови) можеби ги исполнувало и рачките на садот[441] формирајќи крст од полиња со триаголници како симболи на Мајката-Земја чие тело и плоднот се широко распространи на сите четири страни.

---

[440] Чаусидис, Н. 2005, Том I , 129, Том II, Б12: 3, 6-11.

[441] При обработката на керамичкиот материјал од Плаошник евидентиравме две рачки на кои се сретнува „поле“ со триаголници, види: стр. 143,**71/Пл** и стр. 171, **99/Пл**.



**Сл. 192.** Орнаментиката на садот од Плаошник **(158/Пл)** во вертикална проекција.



**Сл. 193.** Развлечен, дводимензионален цртеж (хоризонтална проекција) на орнаментиката на садот од Плаошник **(158/Пл)**.

**c. Кантароиден сад од Зовиќ**

Садот од лок. Марта, Зовиќ, битолско, зазема особено значајно место во нашите истражувања и тоа поради исклучително сложената и при тоа целосно зачувана орнаментика **(Сл. 194. и Сл. 195., податоци за садот види стр. 58-59)**. Како и кај претходниот сад, и во овој случај развлечената проекција на сликаната декорација остава впечаток на геометриска слика на вселената, а можеби и приказ на нејзиното создавање **(Сл. 195.)**.

Устината и вратот на садот се украсени со хоризонтални линии кои формираат ленти исполнети со брановидни линии. Едната од нив се протега на самата средина од вратот и е изведена „во негатив“, преку зацрнување на основата, додека другата – на преминот од вратот кон рамената „во позитив“, односно изведена во темна боја **(Сл. 194.)**.

Под рамото на садот се протега низа од мрежестошрафирани „висечки триаголници“ комбинирани со други геометриски мотиви. На челната страна од садот се прикажани три речиси рамнострани „висечки триаголници“, на чиј врв се надоврзува вертикална линија. Како што беше кажано, идентично изведени „висечки триаголници“ се сретнуваат на фрагментите од Плаошник, Охрид **(види стр. 332, Сл. 55: 12/Пл и 16/Пл)**, како и на мат сликаните садови пронајдени на локалитетите по текот на р. Халиакмон, Грција **(види стр. 333, Сл. 56: Кожани и Бер)**. Во празниот простор меѓу нив и под нив се наоѓаат ромбови исполнети со мотивот „коса шаховска табла“, додека десно и лево од нив, во низата се вклучени следните елементи според посочениот редослед: три вертикални линии, рамностран „висечки триаголник“, вертикална линија, рамностран „висечки триаголник“, последниов изведен веднаш до коренот на рачката. Ваквата низа, со истиот распоред се повторува на обете страни на садот – предната и задната **(Сл. 195.)**. Под двете рачки е насликан по еден помал, речиси рамностран „висечки триаголник“, преку кои низата фактички не се прекинува, туку кружи по целата површина на садот.

Посебно внимание заслужува орнаментиката на двете рачки на садот, вклучително со нивните макаровидни додатоци **(Сл. 196.)**. Се чини дека на нив, во редуцирана т.е. збиена форма и со речиси ист распоред, се застапени истите мотиви кои ја сочинуваат орнаментиката на телото на садот. Тргнувајќи од нивниот горен дел (споен со устината) па надолу, распоредени се следните мотиви: хоризонтални паралелни линии, светла брановидна линија на затемнет фон, повторно хоризонтални паралелни линии, вертикален

сноп од три паралелни линии, светла брановидна линија на темен фон обрабена од обете страни со снопови од паралелни линии, мрежестошрафиран триаголник. Во кружната површина од макаровиндиот додаток на рачката е изведено темно поле со цикцак рабови и во него четири темни брановидни линии во чиј меѓупростор се образувани три брановидни површини „во негатив“.




**Сл. 194.** Вертикална проекција на орнаментиката на садот од Зовиќ.



**Сл. 195.** Развлечен, дводимензионален цртеж (хоризонтална проекција) на орнаментиката на садот од Зовиќ.



**Сл. 196.** Орнаментиката присутна на рачките на садот од Зовиќ.

Да провериме како претставената орнаментика соодветствува на горепретставените хоризонтални космолошки схеми и со која од наведените варијанти покажува најсоодветни релации.

Ако се согласиме дека брановидните линии ја означуваат водата, тогаш, според концептот внатре = горе, периферија = долу, орнаметиката на устината и вратот (кои и во рамките на бочната проекција на садот се горе) би ги претставувале одделните слоеви на небото со небеските води кои таму се наоѓаат **(Сл. 194. и Сл. 195.)**. Соодветното значење би го носеле и истите орнаменти од рачките кои се исто така дел од оваа горна т.е. внатрешна зона. Наспроти тоа, орнаментите од рамената и мевот на садот би ги кодирале долните зони на вселената т.е. земјата и нејзините плодоносни функции, претставени преку триаголниците како симболи на нејзината потенцијална плодност, но овој пат и преку четирите шаховски исшрафирани ромбови, можеби како симболи на активната плодност. При тоа четирите тројни вертикални линии кои се спуштаат од вратот на садот би можеле да ги означуваат дождовните струи кои, спуштајќи се од небото исполнето со небеските води, ја оплодуваат земјата. Иако е помалку веројатно, слично значење можеле да имаат и линиите кои продолжуваат од врвот на челните три триаголници. Истото значење, во компримирана форма, би го носеле и полињата од рачките, при што долната брановидна линија, за разлика од горната, би ги претставувала не небеските туку земските води кои тука се нашле благодарение на дождовните потоци (вертикална тројна линија) **(Сл. 196.)**.

Доколку средишниот круг го третираме како сончев диск, а висечките триаголници како негови зраци кои се радијално распоредени околу него, тогаш улогата на симболи на земјата и на нејзината плодност го преземаат ромбовите во вид на „шаховска табла“. При тоа, нивната четворна застапеност, би ја кодирала раширеноста на земната плоча во сите четири насоки, а пак четирите тројни вертикални линии – оплодувачкото дејство на сонцето кое исто така се простира кон четирите страни на светот. Врз основа на предложените толкувања може да се насети дека и орнаметиката на овој сад би можела да се третира како геометризирана слика на хиерогамијата, но овој пат не меѓу Земјата и Сонцето туку поверојатно меѓу Земјата и Небото. Причина за тоа се двете брановидни бордури претставени во средишниот круг кои тешко би можеле да се сместат во

внатрешноста на соларниот диск, но сосема лесно во небото кое во бројни митови се претставува како резервоар на космичките води.

Општиот впечаток и присуството на некои мотиви, особено брановидните кои ја обиколуваат устината и вратот на садот од Зовиќ, сугерираат на уште едно толкување на неговата орнаментика во која, покрај просторниот, би бил застапен и временскиот аспект. Тука ја имаме предвид космогонијата т.е. митските дејствија за создавањето на светот или можеби само на земјата издвоена од *Првобитните води* **(Сл. 195.)**. При тоа, од клучно значење е каде во рамките на овој примордијален и неоформен космос би ги лоцирале овие води – дали некаде подолу или некаде погоре. Доколку се решиме за првата опција, тогаш централниот круг со брановидни бордури би ја означувал базата т.е. темелот на вселената, при што триаголниците добиваат обратна ориентација – со врвовите свртени нагоре, а со тоа и друго значење – на планините што растат од новоформираната земска плоча.

Како што веќе напомнавме, идентично изведени ромбови се присутни на кантароидниот сад (овој пат на неговиот врат) откриен на локалитет кој е во географска смисла многу близок на Зовиќ – на крајбрежјето на Островското Езеро, Грција **(види стр. 334, Сл. 57: Арниса)**. Мошне сличен мотив, повторно изведен на вратот, е присутен на еден фрагмент од сад откриен на Самоилова Тврдина **(Сл. 198: б)**. За нашава анализа е многу важен податокот дека идентични или многу слични мотиви се јавуваат и на други балкански наоѓалишта и тоа на керамика синхрона со претставените садови (од раното железно време), но исто така и на постарата доцнобронзенодобна керамика.

**- Компарации со космогониските митови како текстуална предлошка на композицијата од Зовиќ**

Скоро во сите митови за настанокот на светот, сè започнува од *Првобитните води*. Така, во египетската космогонија првото копно изнурнува од длабочините на *Првобитната вода*. Ова *Првобитно брдо*, кое ја претставува *Космичката планина* која се извишува над водената шир го означува појавувањето не само на земјата, туку и на светлината, животот и свеста.[442] Ова првично копно секогаш било поистоветувано со некаков реален објект – рид или планина, кој станува центар на светот – *Axis mundi*. Во

[442] Елијаде, М. 2005, I, 77.

Египет тоа е рид кој се наоѓал во Хелиополис (Ōн) во Сончевиот храм, на Крит – планината Ида, нарекувана и *Планината на Божицата*, во Мала Азија е истоимената планина Ида, во антиката нарекувана и *Фригиската Ида*, во Хелада – Олимп и тн.

Космогониски митови со предзнак на хиерогамија се присутни и во хиндуистичките митско-религиски традиции. Во едниот од четирите космогониски митови опишани во Риг Веда (X, 121), *Хиранјагарбха* (Златен Никулец/Ембрион) навлегува и ја оплодува *Водата*, после што таа го раѓа *Агни*, богој на огнот. Во Атарва Веда (X, 7, 28), Златниот Ембрион се изедначува со Космичкиот Столб, *скамбха*.[443]

Во месопотамската космогониска поема, наречена *Енума елиш* се претставува сликата за неиздиференцираната водена маса од која се издвојуваат две водени пространства, првата двојка, Апсу и Тијамат, односно слатката и солената вода. Тијамат како и бројни други првобитни божества, во исто време се сфаќа како жена и како двополово суштество. Во скратена верзија, митот продолжува со тоа што од првичната двојка се раѓаат многу богови меѓу кои последен е небесниот громовник Мардук. Започнува битка за превласт и Мардук ја убива Тијамат, ја расчеречува на два дела „*како исушена риба*“ и од тие две половини настануваат небесниот свод и земјата. Потоа, Мардук го создава човекот „*за да им служи на боговите за да им биде полесно*“.[444]

Иако, можеби неповрзано, споредбата на расчеречувањето на Тијамат со раскинувањето на рибата на два дела, нè става во искушение да ги спомнеме двата орнамента „риба-ромб“ присутни на садот од Плаошник **(140/Пл)**. Според наше мислење оваа претстава добива поголема потврда преку постарите примери од Блискиот Исток (спомнати погоре во анализата на „геометризмот“) и тоа конкретно од денешен Израел, присутни на доцнобронзенодобната сликана керамика, на кои се сретнува приказ на дрво опкружено со рогати животни и риби од двете негови страни[445] **(Сл. 197., види и стр. 444, Сл.153.)**.

[443] Елијаде, М. 2005, I, 189.
[444] Повеќе за митот *Енума елиш* види: Елијаде, М. 2005, I, 63-66.
[445] Kahane, P. 1973, 119, Abb.1, 7.





**Сл. 197. горе-** Орнаменти присутни под внатрешниот раб на устината на керамички фрагмент од Плаошник **(140/Пл)**; **долу-** Орнаменти насликани на рамото од керамички сад, доцно бронзено време (1400 – 1200 пред н.е.), Израел.

Се смета дека епот *Енума елиш* настанал кон средината на 2. милениум пред н.е. и може да се рече дека го означува мигот на постепеното губењето на значењето на старите божества од типот *Големата Мајка* и нивната постепена замена со хелиолатриските култови. Епизодата со Мардук и Тиамат е многу слична или скоро идентична на начинот на кој Ѕевс се издигнува до престолот. Последна пречка за новиот крал на боговите е чудовиштето Тифон (Тифоеј) синот на првородените божества – титани Гаја (Геа) – Земјата и Тартар (Подземјето), опишан во *Теогонијата* на Хесиод.[446] Бројните врски на Ѕевс со разни женски ликови со хтонски предзнак ја означуваат хиерогамијата на богот на бурата со божествата на Земјата. Како, што е истакнато, овие многубројни бракови и

[446] Елијаде, М. 2005, I, 210.

љубовни авантури истовремено имаат и религиско и политичко значење. Со присвојување на локалните предхеленски божици, почитувани од дамнина, Ѕевс го презема нивното место.[447] Вообичаено тие стануваат дел од хеленскиот пантеон иако со намален т.е. потчинет статус означен преку одземањето на голем број сфери со кои претходно управувале. Тоа соодветствува и на митот за Матар/Кибела кој сметаме дека го означува раздвојувањето на повеќе божества од единствениот исконски лик, повторно со посредство на Ѕевс.[448]

* * *

Навраќајќи се на ромбот во вид на „шаховска табла" присутен на садот од Зовиќ, ќе презентираме повеќе примери за кои сметаме дека прилично јасно го илустрираат неговото значење и функција во рамките на изведената композиција **(Сл. 198)**.

[447] Елијаде, М. 2005, I, 211.
[448] За митот на Кибела види: Frejzer, Dž. Dž. 2003, 345-354; Елијаде, М. 2005, II, 237-242; Alvar, H. 2008, 63-74, 165-177 и 240-282.




**Сл. 198. а**-Родски доцногеометриски сад (детаљ), Ексохи (Exochi), Пелопонез, Грција (Копенхаген, Данска);

**б-** Орнамент присутен на фр. од сад **(кат. бр.38/СТ)**, Самоилова Тврдина, Охрид; **в-** Аргоска доцногеометрискапиксида (детаљ), Навплион, Грција; **г-** Фригиски сликан сад, о. 800 пред н.е., Гордион, Турција. **д-** т.н. Чеснола кратер, геометриски период (о. 750-740 пред н.е.), Курион, Кипар, музеј Метрополитен, Њу Јорк, САД; **ѓ-** Керамичка длабока чинија, 8.-7. век пред н.е., Тумулот во Басараби, јужна Романија, **ѓ1-** фотомонтажа од претходната слика; **е-** Плитка чинија, сликана фригиска керамика, среднофригиски период (8. век пред н.е.), Гордион; **ж-** Фрагмент од керамички сад, преоден период од бронзеното во железно време, од планинското светилиште Перперикон, Источни Родопи, Бугарија; **з-** Златни и сребрени орнаменти за облека, крај на 6. - почеток на 5. век пред н.е., во централниот гроб на Хумка I, Атеница, Чачак, Србија; **ѕ-** Јонско оинохое (детаљ), најдено на Крит, ран 7. век пред н.е., Минхен, Германија.

Првиот пример претставува доцногеометриски сад најден во Ексихори на Пелопонез, на кој е насликан ромб идентичен на тој од Зовиќ **(Сл. 198: а)**. Единствена разлика е тоа што во овој случај, од страничните темиња на ромбот продолжуваат хоризонтални црти и четири двојни меандри распоредени околу него. Тој е поставен во централното поле на хоризонталниот сликан појас на садот. Композицијата е омеѓена со пар стилизирано изведени дрвја.

Вториот пример е исто така мотив од доцногеометриски сад (пиксида) пронајден на Пелопонез, во овој случај во Навплион **(Сл. 198: в)**. На централната сцена е прикажан ромб, многу сличен на претходните два, во вид на „коса шаховска табла“, фланкиран од два коња. Ромбот е скоро идентичен на оној присутен на фрагмент од врат на сад најден на Самилова Тврдина, Охрид **(спореди Сл. 198: б со в)**. Под коњите се присутни два орнамента кои можеби претставуваат риби, што ги доведува во можна релација со горните примери **(Сл. 197.)**. Симетричноста на сцената многу потсетува на неколкуте погоре презентирани примери на кои е прикажана божица омеѓена со животни. Ромбот на садот од Ексихори со својата централна позиција и страничните линии поставени на бочните темиња, малку потсетува на бројните примери на божици со раширени раце во вид на оранта, или на оние кои држат животни во рацете **(спореди Сл. 198: а со Сл. 199: в, д, ѓ, е, ж, з)**. Поради овој факт сметаме дека во двата наведени примери ромбот, заедно со мотивот шаховска табла (и обата типични земјени симболи), покрај значењето на земјата може да се протолкува и како симбол за самата божица која се поистоветува со неа. Како за споредба, на фригиската керамика (примерок од Гордион од околу 800 г. пред н.е.), се сретнуваат претстави на рогати животни (најверојатно елени и дивокози) кои фланкираат дрво, сцена која многу потсетува на претходноспомнатата **(Сл. 198: г)**. На еден малку помлад доцногеометриски сад од Курион (Кипар), познат како Чеснола/Cesnola-кратер

(околу 750-740 г. пред н.е.) е присутна слична сцена со централно поставено дрво на кое, во хералдичка поза, се потпрени, истите рогати животни кои можеби и брстат од него. Идиличноста на сцената е нагласена со двете седнати животни прикажани во горниот дел и особено со присуството на младенче кое цица, прикажано под животното од левата страна **(Сл. 198: д)**. Оваа централна сцена е омеѓена од двете страни со претстави на коњ, под кои се наоѓа водна птица (повторно поради долгите нозе, можеби штрк или чапја). Што е уште поинтересно, над коњите се наоѓаат лабриси насадени на стожер, што е споредливо со една беотстa доцногеометриска теракота која прикажува божица, а на која се присутни и водни птици и лабриси **(спореди Сл. 198: д со Сл. 199: в, в1)**.

Инаку, ромбот присутен на садот од Ексихори може да се протолкува како *извор на животот*, а дрвото на примерот од Гордион и Кипар, како *свето дрво*[449] или *дрвото на животот*. Споредено со спомнатите претстави на божици опкружени со животни **(Сл. 199: д, ѓ, е, ж, з; Сл. 204: г)**, и двата можат да се наречат симболични прикази на божеството. Инаку, како што веќе истакнавме, инспирацијата за сликање на *светото дрво* опкружено со животни на хеленската доцногеометриска керамика, доаѓа од идентичните сцени присутни на доцнобронзенодобни садови од Блискиот Исток **(Сл. 197: долу; види и стр. 444, Сл. 153)**.[450] На нив се прикажани геометриски мотиви мошне слични или идентични на подоцнежните присутни на хеленската геометриска, на фригиската и на мат сликаната керамика од Македонија **(види стр. 443)**.

[449]Kahane, P.P. 1973, 117.
[450]Ibid, 118, 119, Abb. 1.




**Сл. 199. а-** Инана/Иштар, отисок од акадски цилиндичен печат 2350-2150 пред н.е.; **б-** т.н. „Ноќна кралица“, теракота со приказ на, најверојатно, Иштар, 19 - 18. век пред н.е., *British Museum,* Лондон, О. Кралство; **в, в1**-Керамичка фигурина, геометриски период, о.700 год. пред н.е., Теба, Беотија, Грција. **г**-Оловна фигурина на крилата божица, доцен 7. ран 6. век пред н.е., музеј Метрополитен, Њујорк, САД; **д-** Пароска чинија, 675 – 600 пред н.е., Археолошки музеј, Миконос, Грција; **ѓ-** „Франсоа ваза“, волутен кратер, детаљ на една од рачките, прва половина на 6. век пред н.е., Археолошки музеј во Фиренца, Италија; **е-** Бронзена хидрија, детаљ, 6 век пред н.е., од Meikirch-Grächwil, Швајцарија, *Historisches Museum,* Берн, Швајцарија; **ж-**

Бронзено огледало, детаљ од опачината со приказ на „Кибела“, втора половина на 7. век пред н.е., северозападен Кавказ, музеј Ермитаж, Санкт Петербург, Русија; **з-** Сребрен бокал од „Рогозенската ризница“, детаљ, 4. век пред н.е., Рогозен, Бугарија.

Примерите од Навплион и од Гордион многу потсетуваат на подоцнежните христијански сцени во кои се присутни различни видови животни, најчесто птици (пауни) и елени поставени покрај фонтана или сад (со истата симболика) или дрво (винова лоза) **(спореди Сл. 198: в, г, д со Сл. 200.)**.[451]







**Сл. 200. горе-** Мозаичен под во нартексот на Големата базилика, Хераклеја Линкестис, Битола, Македонија; **долу-** Мозаици од крстилницата на Епископската базилика во Стоби, Градско, Македонија.

[451] Повеќе примери види: Димитрова, Е. 1995, 109-112, 120-122, 146-147.

Да се навратиме и на анализата на мотивот ромб изведен како „коса шаховска табла“. Следниот пример доаѓа од т.н. Басараби култура од долниот тек на реката Дунав, за која веќе стана збор. Карактеристичен е за железното време (8. – 7. век пред н.е.), односно синхрона со садот од Зовиќ. Предметот кој го побуди нашиот интерес е длабока чинија – паница, најдена во тумул на епонимниот локалитет Басараби во југозападна Романија **(Сл. 198: ѓ1).**[452] Декорирана е внатрешната страна на садот со врежани орнаменти при што, под работ на чинијата е изведена цикцак лента, под неа се наоѓа низа од триаголници со внатрешност исполнета со мотивот „коса шаховска табла“ чии „темни“ полиња се мрежесто исшрафирани. Вака изведените триаголници многу потсетуваат на ромбовите присутни на садот од Зовиќ. Простор кој е образуван помеѓу триаголниците и работ на реципиентот наликува на „празни триаголници“ при што, случајно или намерно, нивната радијална распореденост наликува на зраци кои го обиколуваат сончевиот диск. Како што рековме, триаголникот, како и ромбот, е еден од најеминентни женски симболи, а мотивот шаховска табла е типичен симбол на земјата. Судејќи според повеќето примери кои ги презентиравме, мотивот „шаховска табла“, пред сѐ има функција да ја нагласи плодноста на земјата или жената. Поради карактерот на конкретниов сад и местото на кое се изведени мотивите, многу појасно се воочува „хиерогамијата“ помеѓу земјата, означена преку низата со триаголници - „шаховски табли“ и сонцето, претставено преку устината и „празните триаголници“. Ова значење е условно и не може со сигурност да се потврди, со оглед на маргиналниот карактер на „празните триаголници“.

Плитки керамички чинии со многу сличен концепт на орнаментирање (синхрони на чинијата од Басараби) се најдени и во Гордион, Фригија[453] **(спореди Сл. 198: ѓ1 со е)**.

Иако хронолошки најстар, следниот пример има најслично изведена орнаментика споредено со примерот од Зовиќ и тоа на истите делови од садот. Станува збор за фрагмент од сад од крајот на вториот милениум пред н.е., односно од преодниот период меѓу бронзеното и железното време, пронајден во планинското светилиште Перперикон на Источните Родопи (југоисточна Бугарија).[454] Бидејќи не сретнавме конкретен податок, претпоставуваме дека се работи за врежани мотиви. Фрагментот припаѓал на сад со издолжено топчесто т.е. „тиквесто“, тело што е повторно споредливо со садот од Зовиќ.

[452] Metzner-Nebelsick, C. 2002, 141, Abb. 55, 3.
[453] Pamuk, S. 2021, 413, Levha 117, b.
[454] Leshtakov, K. 2009, 63, 79, Fig. 9.

На рамото од садот и надолу кон мевот се спуштаат рамнокраки „висечки триаголници“, изведени во низа, од кои само централниот е приближно рамностран. Се чини дека од врвот на сите триаголници се спушта вертикална линија на која се надоврзува ромб. Површината на ромбовите е различно исполнета, а на третиот од лево – идентично како и кај примерот од Зовиќ **(спореди Сл. 198: ж со Сл. 195)**. За одбележување е дека мноштво керамика со нагласена соларна, но исто така и хтонска симболика е пронајдена на повеќе локалитети на Родопите, потврдени како планински светилишта **(види Сл. 191: б)**.[455] Може да се претпостави дека на одреден ден (или повеќе денови) во годината (вообичаено летен или зимски солстициј, како и пролетна или есенска рамноденица) се изведувале најразлични ритуали кои ја означувале *хиерогамијата* помеѓу Сонцето и Земјата, што резултирало со нејзино оплодување и гаранција на нејзината плодност. Бројни примери потврдуваат дека првичниот фокус бил насочен кон женското божество, за со текот на времето приматот да го преземе машкото и тоа со небесен предзнак. И почитувањето на фригиската Божеска Мајка – Матар исто така се поврзувала со планинските светилишта во Фригија, потврдени преку бројните релјефи и олтари изделкани од природни карпи.

Следниот пример не претставува керамички сад, туку накит. Станува збор за златни и сребрени орнаменти за облека, во вид на плочки, од крајот на 6. или почетокот на 5. век пре н.е., најдени во гроб од категоријата „кнежевски погребувања“. Се работи за централното пограбување на гробната хумка I во Атеница, Чачак, Србија.[456] Предметите се во форма на ромб и триаголник и, што е најважно, декорирани се на ист начин како и претходноспомнатите примери **(спореди Сл. 198: з со а, б, в, ѓ, ж; Сл. 198: з со Сл. 195)**. Важно е дека се најдени како гробни прилози во женски гроб, што дополнително го потенцира женскиот карактер на овие форми и на самиот орнамент – „шаховска табла“.

Мотиви на ромб и триаголник, целосно идентични на претходниов пример, се насликани на рамото од јонски сад – оинохое, комбинирани со птици, пронајден на Крит и датиран во раниот 7. век пред н.е. **(Сл. 198: ѕ)**.[457] Десно од рачката, во трапезно поле, е насликан со облик кој е идентичен (или скоро идентичен) на формата на претходните примери. Покрај долното теме, од двете негови страни е претставен по еден мал мрежестошрафиран триаголник. Десно од ромбот се надоврзува уште едно трапезно поле

---

[455] За повеќе примери види: Leshtakov, K. 2009, 77-80.
[456] Srejović, D. 1997, 80-81.
[457] Boardman, J. 1998, 75- 139.

кое малку потсетува на стилизирана женска претстава. Рацете ѝ се свиткани во вид на меандар, покрај нив се наоѓаат орнаменти во вид на буквата *сигма*, торзото е претставено со вертикална линија, а долниот дел од телото, т.е., здолништето е во форма на триаголник идентичен како кај примерот од Атеница и многу сличен и на оној од Басараби **(спореди Сл. 198: ѕ со з, ѓ)**. Врската на овие орнаменти со женското божество е дополнително нагласено преку водните птици исто така насликани на садот **(Сл. 198: ѕ)**, со оглед на нивното често комбинирање со фигурите на женските божества **(Сл. 199: в, в1, д; Сл. 204: г, е)**.

Навраќајќи се, по приложените компарации, повторно кон садот од Зовиќ, сметаме дека презентираните примери одат во прилог на нашите претпоставки дека ромбовите кои се прикажани на садот, исполнети со шаховски мотив, можеле да функционираат како симболи за земјата и, уште повеќе, како аниконични претстави за самата *Божица Мајка* која се изедначувала со неа. Согледувајќи ги овие мотиви и предложените значења на брановидните бордури, ја добиваме, според наше мислење, доминантната симболичка поента на космолошката и космогониска орнаментика на овој сад. Тука ја имаме предвид плодноста, постигната преку излевањето на небесните води врз земјата која на антропоморфно ниво е претставена како хиерогамијата т.е. коитус меѓу боговите кои ги персонализирале овие космички елементи – *Богот Небо* и *Божицата Земја*.

### d. Амфора-урна од Живојно

Одредени елементи од сликаната декорација на садот од типот амфора-урна од локалитетот Бел Камен, Живојно, битолско веќе беа спомнувани во претхоните поглавја **(податоци за садот види стр. 64-65)**. Но, во овој случај ќе ја разгледаме како единствена иконогрфска и семиотичка целина. Како и во претходните два случаи, нашите анализи ќе ги засновуваме врз цртежите на неговата орнаментиката претставени во вертикално и во хоризонтално – развлечени проекции **(Сл. 201.** и **Сл. 202.)**.



**Сл. 201** Вертикална проекција на орнаментиката на садот од Живојно.



**Сл. 202** Развлечен, дводимензионален цртеж (хоризонтална проекција) на орнаментиката на садот од Живојно.

Сликаните мотиви формираат две иконографски зони од кои првата го зафаќа вратот на садот додека втората – неговите рамена и мев **(Сл. 201.)**.

Во првата зона се претставени три геометриски стилизирани антропоморфни фигури изведени идентично, од кои една на челото на садот, а останатите две на неговите бочни страни, приближно над неговите две рачки. Претставите наликуваат на крајно стилизирана фигура на човек со раширени нозе и свиткани колена, како и раце, исто така раширени и со кренати подлактици. Торзото е прикажано во вид на вертикална бордура која, за разлика од квадратно исшарифаните екстренмитети, е составена од 4 паралелни

линии. Главите на фигурите не се претставени, но нивното значење, евентуално, можела да го сугерира кружната устина на садот и тоа како една глава заедничка за сите три фигури **(Сл. 202.)**. Специфичната поза на трите фигури со голем степен на сигурност може да се определи како породилна поза или, евентуално, како поза за време на коитус. Тоа сугерира на нивниот женски пол, укажувајќи исто така и на симболичкиот т.е. митско-религискиот карактер – како претстави на три одделни или на некаква единствена тројна божица-родилка **(Сл. 202.)**. Помеѓу овие три фигури се претставени три геометриски мотиви во вид на прекршена цикцак линија која малку наликува на латиничната буква „W". Исшрафирани се исто како екстремитетите на трите фигури, при што онаа од задниот дел на садот е поголема од преостанатите две. Треба да се нагласи дека во рамките на оваа проекција, сите посочени елементи од горната зона се всушност поместени во кружно поле обрабено со тројна гранична линија која неа ја дели од втората зона **(Сл. 202.)**.

Под посочената гранична линија се протега низата од косошрафирани „висечки триаголници" и тоа со различна широчина, на кои, во пределот на рачките, е додадена вертикална лента од три полни линии кои кон дното благо се стеснуваат. Во истава зона, под двете рачки на садот се прикажани два мотиви кои исто така наликуваат на стилизирана човечка фигура **(Сл. 201.)**. Изведени се слично како и претходните, со таа разлика што тука отсуствуваат „нозете" и главите при што, во овој случај, нив можеле да ги сугеираат полукружните рачки, но со мал степен на веројатност затоа што таквата асоцијација би била можна само доколку садот се гледа оддолу **(Сл. 201. и Сл. 202.)**. За разлика од претходните фигури, овие можеме да ги определиме како ликови во стоечка положба со раце во поза на орант.

Во наредните пасуси ќе се обидеме, врз основа на базичните идентификации на посочените ликовни елементи и нивните комапарции со други слични примери, да го досегнеме нивното можно симболичко или митско-религиско значење.

Како што веќе беше спомената, стилизираната претстава на родилка, присутна на вратот од конкретниов сад, соодветствува на фригиската лигатура за која се смета дека ја означувала фригиската Божица Мајка **(Сл. 203., спореди а со б)**. За одбележување е дека многу од претставите на божици со функција на мајка и родилка (вклучително со фригиската Матар) се прикажувани со раширени раце во поза на оранта, што

соодветствува на спомнатата лигатура и двата типа фигури од садот од Живојно **(Сл. 204. спореди з со г; s со а, в, г, ж)**. Ни се чини интересен фактот што ликовен мотив идентичен како оној под рачките на садот од Живојно може да се најде во многуподоцнежниот, и по сѐ изгледа, културолошки неповрзан англосаксонски културен ареал. Имено, се работи за рунскиот писмен состав - *футорк* (*futhorc*), односно знакот кој означувал *земја,* односно *ear*,[458] **(Сл. 203. спореди в со г)**. За нас е особено важно што не само формата, туку и значењето на оваа руна се совпаѓа со целата иконографија и орнаментика на садот од Живојно и симболиката на плодност и раѓање што таа ја имплицира. Врз основа на овие паралели, може со многу поголема доза на сигурност да се претпостави дека презентираните орнаменти носеле карактер на геометризирана слика на некаков митски лик т.е. божество од категоријата мајка-родилка, поистоветена со земјата, изворот на животот, а бидејќи садот на кој биле насликани овие мотиви е најден како гробен прилог, и во функција на повторното раѓање т.е. воскреснувањето на покојникот.[459]

Поврзувањето на стилизираните претстави на родилката присутна на вратот од садот, со фригиската лигатура која ја означувала Божицата Мајка, Матар, добива поголема веродостојност ако се спореди со бројни други, многу пореалистични, претстави на жени во истата поза (некаде дури и со приказ на плодот што излегува од нивната утроба) присутни во разни епохи и делови на планетата.[460] Во оваа прилика издвојуваме еден кој би бил најсоодветен на родилката од садот од Животно и тоа не само според позата, туку и според нејзината бројна застапеност, како и гробниот контекст во кој е садот пронајден. Се работи за прилично реалистичен приказ на Медуза-Горгона претставена на бронзената релјефна оплата од една двоколка од Перуџа, Умбрија (централна Италија), датирана во 6. век пред н.е.[461] Релациите на планот на позата се евиденти и за нив нема што да се дискутира. Не помалку значајна е втората компонента т.е. тројноста, ако се земе предвид дека Медуза е само една од трите страшни сестри Горгони, можеби аналогни и со трите Мојри задолжени за животната нишка на човекот. Тројна е и Хеката, чиј хтонски карактер не е дискутабилен. Гробниот аспект на овие примери исто така е евидентен, особено во однос на Медуза која е еминентниот симбол на смртта, но не помалку впечатлив и кај

[458] *Anglo-Saxon runes* 2022.
[458] Чаусидис, Н. 2017, 797.
[459] За вклучувањето на божица-родилка во посмртната судбина на покојникот, види: Чаусидис, Н. 2017, 797.
[460] Чаусидис 2017, 795 - E8.
[461] Ibid, 797.

Мојрите, особено кај сестрата Атропа (Неизбежна), како симбол за неизбежната смрт која го демне секој човек.

Божицата од Перуџа е претставена во породилна поза идентична и на фригиската лигатура **(спореди Сл. 205: а со Сл. 203: а, б)**, при што на оваа релација упатува нејзината придруженост со пар лавови (**Сл. 205: а)** што соодветствува на иконографијата на камените споменици во Фригија посветени на Матар т.е. Кибела **(спореди Сл. 205: а со б, в)**. Хелените биле мошне рано запознаени со почитувањето на фригиската божица Матар т.е. Кибела и со нејзиното претставување во придружба на лавови.[462] Според тоа, со право може да се претпостави дека ликовното решение присутно на кочијата од Перуџа можело да биде инспирирано од некоја фригиска предлошка.




**Сл. 203. а**-Фригиска лигатира која ја означува *Божицата Мајка*; **б-** Сликан мотив присутен на вратот од керамички сад, 8.-7. век пред н.е., Бел Камен, Живојно, Македонија; **в-** Англосаксонски рунски знак со значење *земја*; **г**-Сликан мотив под рачките на керамички сад, 8.-7. век пред н.е., Бел Камен, Живојно, Македонија.

[462] Срејовић, Д., Цермановић-Кузмановић, А. 1992, 203.




**Сл. 204. а-** т.н. „Ноќна кралица“, теракота со приказ на, најверојатно, Иштар, 19 - 18. век пред н.е., *British Museum,* Лондон, О. Кралство; **б-** т.н. „Змиска божица“, од „Храмовата ризница“, Кносос, Археолошки

музеј, Ираклион, Крит, Грција; **в-** Печат од Микена, Археолошки Музеј, Атина, Грција; **г-** Детаљ од доцногеометриска беотска амфора, Археолошки Музеј, Атина, Грција;**д-** Релјеф на врат од питос, Теба, почеток на 7. век пред н.е., Археолошки Музеј, Атина, Грција. **ѓ**-Мотив од протогеометриски питос од Кносос, Крит, Грција; **е-** Мотив од протогеометриски-b питос од Кносос, Крит Грција;**ж-** Бронзено огледало, детаљ од опачината, втора половина на 7. век пред н.е.,северозападен Кавказ, музеј Ермитаж, Санкт Петербург, Русија; **з-** Сликан мотив присутен на вратот од керамички сад, 8.-7. век пред н.е., Бел Камен, Живојно, Македонија; **ѕ-** Сликан мотив под рачките на керамички сад, 8.-7. век пред н.е., Бел Камен, Живојно, Македонија.

а


б



в

**Сл. 205. а-** Релјефна бронзена оплата од двоколка, 6. век пред н.е., Перуџа, Умбрија, централна Италија; **б-** Споменик во карпа, 8. век пред н.е., Асланташ, Исхање, Афионкарахисар (Турција); **в-** Споменик во карпа (детаљ), 6. век пред н.е., Асланкаја, Исхање, Афионкарахисар (Турција);

Да се навратиме сега и на анализата на останатиот дел од орнаментиката на садот од Живојно. Веќе рековме дека во првата зона што го опфаќа вратот на садот, помеѓу трите „родилки“ се претставени три елементи налик буквата „W“ **(Сл. 201. и Сл. 202.)**. Во однос на овој мотив можеме да предложиме неколку претпоставки.

Ако се земе предвид дека овие орнаменти се изведени на идентичен начин како и останатите антропоморфни претстави од оваа зона, тогаш и тие би можеле да се протолкуваат како лигатури или идеограми. Со својот облик тие наликуваат на графемата присутна во старофригиските натписи, со гласовна вредност „с“, аналогно на *сигма* од раната хеленска азбука **(и за двете види стр. 352, Сл. 80 и стр. 353, Сл. 81. )**. Важно е што слични орнаменти идентификувавме и на фрагментите од Плаошник, кои ги сместивме во категоријата „логограми-идеограми“ **(спореди Сл. 206: а со б, в, г, д)**. Во прилог на последнава претпоставка оди и датирањето на садот од Живојно кон крајот на 8. или првата половина на 7. век пред н.е. Иако се чини малку уверливо, овие орнаменти би можеле да се доведат во врска со животните кои во хералдичка поза ја фланкираат божицата родилка **(спореди Сл. 206: а со Сл. 205 и Сл. 204: г)**.



**Сл. 206. а-** Детаљ од садот од Живојно; **б-** Фр. од сад, Плаошник **(8/Пл)**; **в-** Фр. од сад, Плаошник **(14/Пл)**; **г-** Керамички фрагменти со графити, Гордион; **д-**Керамички фр. со графит, лок. Сејитомер Хујук. Кутахија, Турција.

Ако се земе предвид дека цикцак мотивот е прикажан на горната зона на садот, можеби неговото значење треба да се бара во *небеските води*, кои се апсолутно компатибилни со женските митски ликови поврзани со плодноста. Иако помалку веројатна, не може сосема да се исклучи ни нивната врска со громот или поточно со молњата, со оглед на тоа што цикцак формата им е заедничка на обете,[463] но и лоцираноста на целата зона во горниот дел од садот која можела да го означува небото.

Дали, гледано од оваа перспектива, трите цикцак мотиви би можеле да се изедначат и со трите клучни фази од движењето на сонцето? Ако внимателно се погледнат, два од нив се со идентична големина, додека третиот е нешто поголем, при што тој се наоѓа, на задната страна од садот – спротивно од челната на која се наоѓа „главната“ родилка **(Сл. 202.)**. Земајќи ги предвид различните димензии на овие мотиви, може да се претпостави дека тие го претставувале цикличниот раст и опаѓање на некој процес во природата, па меѓу другото и растот (изгрејсноце), зенитот (пладне, кога тоа е најсилно и најголемо) и опаѓањето (зајдисонце). На прв поглед оваа хипотеза воопшто не изгледа уверливо, поради несовпаѓањето на w-мотивот со формата т.е. изгледот на сонцето и другите негови симболи. Но, оваа претпоставка значително добива во својата веројатност ако се земе предвид релацијата меѓу овој мотив и графемите што го означуват гласот „с“. При тоа го имаме предвид добропознатиот факт дека во многу од индоевропските јазици зборовите што го означуваат сонцето започнуваат токму со гласот „с“, најчесто во рамки на коренот *sol-* или *soln-*, кој води потекло од заедничкиот прото-индоевропски корен **sāwel-* или **s(u)wen-*.[464] Во релација со ваквата претпоставка може да се доведат „висечките триаголници“ доколку тие, како кај претходните примери, се протолкуваат како сончеви зраци. Тоа би одело во прилог на претпоставката дека трите родилки од горната зона (или можеби само една од нив?) го евоцираат митското дејствие *раѓање на сонцето*, дотолку повеќе што овој сад припаѓа на епохата на металите во која, покрај земските аспекти на вселената, главно место во вредносниот систем на луѓето го зазема сонцето – доминантниот симбол на оваа епоха.[465]

---

[463] Чаусидис, Н. 2017, 771-772.
[464] **sāwel-, *s(u)wen-* 2023.
[465] Чаусидис, Н. 1994, 216.

Трите фази на сонцето и трите родилки, можат да ги означуваат и трите животни доба т.е. вечниот животен циклус на раѓање и умирање, што добива во својата уверливост поради тоа што овој сад бил пронајден како гробен прилог. Земајќи ги предвид сите посочени претпоставки, се чини мошне веројатно дека „родилките“ на садот од Живојно можат да се интерпретираат како три хипостази на *Големата Божица Мајка*, но со далеку поголема улога од обична земска или земјена покровителка на плодноста. Местото и контекстот во кој е прикажана, ја доближува неа до категоријата божества кои управуваат со космичките циклуси и се чувари и раководители на поредокот во вселената. Доведена во контекст со фригиската Матар/Кибела, таа може да се спореди со подоцнежните традиции во кои, придружена од Атис, се доживувала како чувар на космичкиот поредок.[466]

### е. Самоилова Тврдина, фрагмент од сад (34/СТ)

Како последен пример го претставуваме фрагментот од сад **(34/СТ)**, најверојатно кантароиден, од локалитетот Самоилова Тврдина, Охрид **(податоци за фрагментот види стр. 270-271)**. Понудените вертикално и хоризонтално развлечени цртежи на неговата орнаментика во најголем дел претставуваат наша реконструкција, нагласена со побледа боја **(Сл. 207. и Сл. 208.)**. На овој факт ќе се должи и нашето порезервирано пристапување кон нејзината интерпретација.

[466] Alvar, H. 2008, 72.




**Сл. 207.** Вертикална проекција на орнаментиката на садот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)**.



**Сл. 208.** Развлечен, дводимензионален цртеж на орнаментиката на садот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)**.




**Сл. 209.** Можна реконструкција на садот **(34/СТ)**

Најкомпактно сочуваниот дел од орнаментиката на овој сад се наоѓа на највисокиот дел од неговата рачка. Тука е насликан композитен орнаментот кој е составен од централно поставен мрежестошрафиран ромб на чии бочни темиња се надоврзуваат конкавни линии, налик на крила, а од долното теме, по целата должина на рачката, се спушта вертикална линија. Се чини дека сличен мотив се наоѓал и на рамото од садот. Од расположливите остатоци, иако минимални, со поголема сигурност може да се реконструира еден рамнокрак „висечки триаголник“, поделен на два дела, од кои еден трапезоид и еден помал триаголник, обата шрафирани со тенки линии **(Сл. 208. и Сл. 209.)**. Предложената реконструкција на триаголникот целосно соодведствува на горниот дел од композитен орнамент, изведен на фрагмент од друг сад, исто така пронајден на Самоилова Тврдина **(35/СТ)**. Станува збор за рамо од бокал со засечен врат **(спореди Сл. 208. и Сл. 209. со Сл. 210: б)**. Според тоа, може да со голема доза на сигурност да се заклучи дека и во овој случај на рамото од садот се наоѓал истиот орнамент. Инаку, мотивот присутен на фрагментот од бокалот беше сместен во категоријата „малтешки крст“ **(стр. 296-297)**. Тој е составен од централен мрежесто исшрафиран ромб на чии бочни темиња се надоврзуваат неправилни триаголни површини налик на рибина опашка,

а поради симетричната и огледална поставеност, тие повеќе наликуваат на крила од пеперутка. На горното и долно теме се надоврзуваат рамнострани триаголници, соодветни на претходно опишаниот, поставени во огледална рефлексија **(Сл. 210: б)**. Ако тие се иземат, може да се каже дека орнаментот е скоро идентичен на мотивот присутен на рачката **(спореди Сл. 210: а со б)**. Со овој орнамент би можел да се доведе во врска и мотивот насликан на еден фрагмент од рачка пронаден на лок. Плаошник **(3/Пл)**, кој го нарековме „лабрис“, класифициран во категоријата „логограми-идеограми“ **(Сл. 210: в)**. Инаку, ако добро се погледне „малтешкиот крст“ **(35/СТ)**, неговиот горен и долен крак, согледани заедно со ромбот, наликуваат на „песочен часовник“ или лабрис кој, како што видовме, може да се протолкува и како стилизирана антропоморфна претстава и поконкретно – како симбол, па дури и идеограм кој ја претставувал *Божицата* **(стр. 498-500)**. Истото го предложивме и за мрежестошрафираниот ромб, односно, ромбот исполнет со мотивот „шаховска табла“ **(стр. 535)**.

Според тоа и орнаментите присутни на фрагментот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)**, а исто така и на фрагментот од бокал **(35/СТ)**, можат да се протолкуваат како приказ на *Божицата*, но на нејзина посебна епифанија со крила. Вакво толкување им е дадено и на многу слично изведените орнаменти, налик на пеперутка, присутни на бронзенодобните садови од минојскиот Крит **(Сл. 210: ж)**.[467] Овој мотив можеби треба да се поврзе со бројните претстави на божици од рангот на *Големата Мајка*, една од нив дури и идентификувана како Кибела, како што видовме прикажани со крила **(Сл. 204: ж)**. Инаку, сличен мотив, наречен „пеперутка“, се сретнува и на фригиската мат сликана керамика од раното железно време **(Сл. 210: е)**.[468] Фригиската „пеперутка“ е скоро идентична на орнаментот присутен на минојската керамика **(спореди Сл. 210: е со ж)**.

Орнаменти најсродни на охридските примери се среќаваат на јужноиталската мат сликана керамика која за прв пат се појавува во доцниот 8. век пред н.е. и продолжува да се изработува уште долго време по исчезнувањето на мат сликаната керамика во Македонија. Поконкретно, станува збор за т.н. оинотриска геометриска керамика од Јужна Кампанија и Базиликата, каде изгледа дека мотивот „пеперутка“ бил доста омилен,

[467] Чаусидис, Н. 2017, 686-687.
[468] Pamuk, S. 2021, 412, Levha 116, c.

бидејќи се јавува во различни варијанти, од кои издвојуваме три **(Сл. 210: г, д, ѓ)**.[469] Првиот орнамент, се среќава како централен елемент во хоризонтална низа,[470] а е образуван од мрежесто-шрафиран ромб на чии странични темиња се надоврзани „крила“ **(Сл. 210: г)**. Со ваквиот изглед тој е скоро идентичен на примерот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)**, а е доста близок и на другиот орнамент од истиот локалитет **(35/СТ) (спореди Сл. 210: г со а, б)**. Вториот јужноиталски пример исто така потсетува на претставите од Самоилова Тврдина. Составен е од средишен ромб и странични „крила“, со таа разлика што ромбот не е мрежестошрафиран, туку во него се наоѓа „пеперутка“ која наликува на лабрис **(Сл. 210: ѓ спореди со а, б)**. „Пеперутката“ во вид на лабрис се среќава и како самостоен мотив на јужноиталската керамика, споредлива со орнаментот присутен на фрагментот од рачка од Плаошник **(3/Пл) (спореди Сл. 210: д со в)**.

Веќе спомнавме дека орнаментот во облик на пеперутка можеби ја означувал епифанијата на *Божицата* со крила или во форма на пеперутка, но исто така е изнесена и друга можност, повторно поврзана со симболиката на пеперутката. При тоа е истакната релацијата меѓу душата на починатиот и нејзината преобразба преку метаморфозата од ларвата во пеперутка.[471] Според нашите сознанија, верувањето дека пеперутките ги претставуваат душите на покојните постои и во македонските народни традиции или барем на оние од охридскиот крај.[472] И во хеленската митологија, *Психе* – божицата на душата, е претставувана со крилја од пеперутка.[473] Во архаичните култури, пеперутката многу често се доживувала како симбол на смртта,[474] но, исто така, поради нејзината преобразба, таа фигурирала и како симбол на реинкарнацијата и воскреснувањето.[475]

Според тоа, се чини како можно тукапретставените орнаменти да кодирале некој поконкретен аспект на божеството – на пример како покровител на животниот циклус, и тоа не само како закрилник и генератор на животот, туку и на смртта која е неопходен предуслов за новото раѓање.

---

[469] Kilian, K. 1976, 195, Abb. 5.
[470] За целата низа види: Kilian, K. 1976, 195, Abb. 5.
[471] Чаусидис, Н. 2017, 687.
[472] Примери за поврзување на пеперутката со душата на покојникот, види: Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 758-760. Верувањето од охридскиот крај го изнесуваме според наши лични сознанија.
[473] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005,759.
[474] Biderman, H. 2004, 201.
[475] Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005, 759.




**Сл. 210. а-** Орнамент присутен на рачката од фрагментиран сад, Самоилова Тврдина, Охрид, **(34/СТ) б-** Орнамент присутен на рамото од фрагментиран бокал со засечен врат,Самоилова Тврдина, Охрид, **(35/СТ)**; **в-** Орнамент присутен на фрагмент од лентеста рачка,Плаошник, Охрид, **(3/Пл)**; **г-** Централенорнамент издвоен од хоризонтална низа, железно време, оинотриска-геометриска керамика, јужна Италија; **д-** Мотив присутни на јужноиталската мат сликана керамика од железното време; **ѓ-** Мотив присутни на јужноиталската мат сликана керамика од железното време; **е-** Мотивот „пеперутка“ присутен на фригиската мат сликана керамика; **ж-** Орнамент присутен на минојски сад, бокал со засечен врат, Кносос, Крит, Грција.

Да се навратиме сега и на останатата орнаментика присутна на садот од Самоиловата Тврдина **(34/СТ)**. Иако е сигурно дека го исполнувала вратот на садот, во најголем дел таа претставува наша рекострукција врз основа на зачуваните фрагменти **(Сл. 208. и Сл. 209.)**. Поради тоа, како што веќе истакнавме, оваа дескрипција треба де се прифати со извесна доза на резерва. На рамото од садот е прикажана композиција со хоризонтално протегање, составена од правоаголни мрежестошрафирани сегменти,

распоредени напоредно, косо и вертикално. Во подножјето на вертикалните делови, од двете страни, се прикажани мали косошрафирани триаголници. Изведбата на правоаголните елементи во вид на мрежа нè потсетува на сличнот начин на прикажување на деловите од телото на претставата од Живојно, за која не постои сомнеж дека е антропомофен приказ, и тоа конкретно на родилка **(Сл. 211: спореди а со б)**. „Антропоморфниот" приказ од Самоилова Тврдина може да се спореди и со подеднакво силно стилизираните претстави од раното железното време, присутни на една бронзена дијадема од Вергина, датирана околу 900 пред н.е., за кои е изнесена претпоставката дека исто така прикажуваат родилки **(Сл. 211: в)**.[476] Двата триаголника присутни во подножјето, ако не се протолкуваат како нозе или стапала, можат да се споредат со двата круга присутни на дијадемата од Вергина **(Сл. 211: спореди а со в)**. Исто така, таа може да се стави во релација и со двете неправилни триаголни површини прикажани од обете страни на божицата, под нозете на лавовите, на најексплоатираната сцена во нашиов труд, присутна на беотска доцногеометриската амфора **(Сл. 211: г)**. Но, според наше мислење, дефинитивна потврда дека навистина станува збор за стилизирана претстава која, дури, би можела да се изедначи со *Божицата*, претставува приказот насликан на рамото на, веќеспомнатото, јонско оинохое од раниот 7. век пред н.е. На него е прикажан ромб изведен како „коса шаховска табла", а како што се обидовме да докажеме, ромбот во ваков вид е приказ на самото божество. Најважно е тоа што на оваа претстава, покрај долното теме на ромбот се присутни и триаголници, во случајов мрежестоштафирани **(Сл. 211: спореди а со д)**.

[476] Чаусидис, Н. 2017, 796, 798, E9- 7, 8.



**Сл. 211. а-** Централен дел од реконструираната орнаментика на вратот од сад**(34/СТ),** Самоилова Тврдина, Охрид, Македонија; **б, в-**Стилизирани антропоморфни претстави присутни на садот од Живојно, Битола, Македонија, доцен 8. прва половина на 7. век пред н.е.; Бронзена дијадема(детаљ), о. 900 пред н.е.,Вергина, Бер, Грција; **г-** Детаљ од рамото на доцногеометриска беотска амфора, Археолошки Музеј, Атина, Грција; **д-** Јонско оинохое, детаљ од рамото на садот, Крит, ран 7. век пред н.е., Минхен, Германија.

Зборувајќи за аналогиите, тука заслужува да се спомне уште еден примерок на накит – овој пат тип на бронзени ажурирани оплати за колани, синхрони на мат сликаната керамика, кои се распространети на територијата на денешна Србија и Бугарија.[477] Врвот на овие појасни гарнитури е формиран од три шипки организирани во вид на триаголник со врвот свртен нагоре, долж чија средина се протега вертикална оска **(Сл. 212: б, в)**. Споредувајќи го овој елемент со реконструкцијата на орнаментите од садот од Самоилова Тврдина може да се констатира дека тој го сочинува модулот на неговата горна зона. Уверливоста на оваа релација доаѓа уште повеќе до израз ако се земе предвид дека кај обата примери е присутен уште еден ситен и навидум беззначаен, но во овој случај многу драгоцен елемент – двата мали триаголника на дното од композицијата (на појасите неговата големина и пропорции варираат од примерок во примерок) **(Сл. 212: спореди а со б, в)**. Оваа компарација се заокружува со изнесените претпоставки дека посочените елементи од коланите се остаток од некаква полузагубена човечека фигура која, меѓу неколкуте иконографски опции, можела да ја претставува и силуетата на стилзираната родилката налик на онаа од Вергина и на садот од Живојно со раширени нозе свиени во колената, но овој пат со раце косо спуштени надолу и глава прикажана како голем прстен **(Сл. 212: г, д)**.

[477] Чаусидис, Н. 2017, 781-799.




**Сл. 212. а-** Централен дел од реконструираната орнаментика на вратот од сад **(34/СТ),** Самоилова Тврдина, Охрид, Македонија; **б-** Дел од ажурирана бронзена појасна гарнитура, железно време, Белиш, Тројан, Бугарија; **в-** Дел од ажурирана бронзена појасна гарнитура, железно време, Видин, Бугарија; **г, д-** Можни иконографски парадигми на ажурираните железнодобни токи: фигура на жена седната на земја со расчекорени нозе (геометризација и целосно губење на фигурата). Схема: Н. Чаусидис, 2017.

На крајот од анализата на орнаментиката присутна на фрагментот од Самоилова Тврдина **(34/СТ)**, сакаме да ја повториме нашата претпоставка дека тукаприкажаната негова орнаментика, како и онаа на садот од Живојно, треба да се поврзе со некое женско божество од типот на *Божеска Мајка* но, во овој случај, со дополнително нагласена улога на раководител со животните циклуси, животот и смртта, односно, раѓањето и умирањето.

***

Нашето толкување на мат сликаната керамика од Македонија, главно, се темелеше на претпоставката дека орнаментите што се насликани на неа треба да се доживуваат како една непрекината и поврзана дводимензионална слика, која може да се набљудува не само од бочна перспектива, како што тоа досега се правело, туку и од птичја („божја“) перспектива. Како што видовме, доста често, оваа непрекината целина е дополнително нагласена преку орнаментиката присутна на рачките. Бидејќи се работи за сликање врз тродимензионален медиум, а не врз рамна површина, се наметнува прашањето дали навистина при сликањето на садовите „уметникот“ бил воден од претходноразвиен и јасно дефиниран концеп за она што треба да се наслика, односно дали поседувал готова „ментална слика“ за нејзиниот краен изглед или можеби таа е производ на моментална инспирација и импровизација. Цврсто сме убедени дека последново не е точно. Сметаме дека бројните презентирани примери, како и изработените анализи и посочените компарации, јасно покажуваат дека станува збор за свесно избрани и комбинирани елементи кои се приказ т.е производ на еден јасен и кохерентен религиски и вредносен систем.

Според наше мислење, врз основа на предложеното толкување на орнаментиката на четирите мат сликани садови од Македонија (особено примерот од Живојно и Самоилова Тврдина), сосема е логично да се претпостави постоењето на култ кон женско божество од типот на *Големата Божица Мајка – дарителка на животот, која управува со животните циклуси и е гарант на космичкиот поредок*. Од друга страна, воочените сличности на симболичко и иконографско ниво помеѓу мат сликана керамика од Македонија од една страна и фригиска, како и хеленска геометриска керамика од друга, говорат во полза на постоењето на јасни културолошки врски помеѓу Балканот, Мала Азија и Блискиот Исток во раното железно време. Тоа, впрочем, се обидовме да го покажеме и во поглавјето каде се анализираше феноменот на „геометризмот“. Секако и

ликовните решенија на керамиката од железното време од т.н. Басараби култура, како и останатите примери од централниот Балкан, се уште еден показател на овие врски кои одат во прилог на констатацијата дека древните популации на овој простор во многу аспекти споделувале доста близок светоглед, односно, поседувале сродна религиска идеологија и сличен вредносен систем.

## Заклучок

На самиот почеток, кога ја започнавме обработката на темата поврзана со мат сликаната керамика од раното железно време од Македонија, не бевме сигурни што да очекуваме и што сѐ може да се извлече од неа. Во текот на процесот на нејзината обработка таа се покажа како многу штедар медиум, погоден за најразлични анализи кои дури ги надминуваат методолошките и концепциските рамки на археологијата. Според нашите сознанија, ова е прв труд со монографски пристап кој се бави со мат сликаната керамика, не само во македонската археолошка наука, туку и пошироко, а секако и прв во кој ѝ се пристапи на оваа тема од повеќе гледни точки. Во повеќе наврати беше укажувано на недоволно јасниот археолошки контекст на мат сликаната керамика од Охрид (Плаошник и Самоилова Тврдина) – главниот извор на податоци во овој труд, поради неговата припадност на слоеви кои во голема мера биле нарушени од подоцнежни интервенци. Но, и покрај овој очигледен хендикеп, веруваме дека со нејзиното разгледување во еден поширок регионален или глобален контекст, таа сепак понуди значаен увид во материјалната и духовната култура на населението кое го населувало Охридскиот, но и поширокиот регион на западниот Балкан во посочениот период.

Обработката на керамичките фрагменти од лок. Плаошник и Самоилова Тврдина покажа дека појавата на мат сликаната керамика во Охридската котлина не се случила во раното железно време, туку, како и во соседната Корчанска котлина, кон крајот на доцното бронзено време, односно преодниот период, или поконкретно – крајот на 12. век пред н.е. Со ова Охридскиот регион се вклучува во најкарактеристичните текови и појави на преодниот период од територијата на централниот Балкан, означени преку прифаќањето на микенски елементи и нивното инкорпорирање во локалната култура. Посочените мат сликани примери од овој период, како и примерите на монохромна керамика, исто така недвосмислено укажуваат на регионалните врски меѓу Охридскиот или пошироко Охридско-корчанскиот крај и областите по текот на р. Халиакмон и Вардар.

Анализата на орнаментиката присутна на раножелезнодобните фрагменти на мат сликани садови од Охрид покажа значителна „синхронизација“ при изборот и начинот на изведба на орнаментите со блискиот и, според многу карактеристики, сроден Корчански (т.е. Деволски) регион. Исто така, беа идентификувани и извесен број уникатни мотиви за кои не успеавме да пронајдеме соодветни аналогии во поширокиот западнобалкански

ареал, каде што се сретнува мат сликаната керамика. Согласно нашите денешни сознанија и сегашниот степен на истраженост, тие претставуваат локални обележја на мат сликаната керамика од Охрид. Анализата укажа и на значајни блиски релации со мат сликаната керамика од регионот на Халиакмон и северен Епир, односно, Вица, на кои и претходно било посочувано, но на ова место, за прв пат, тоа беше поткрепено со конкретни примери и паралели. Обработката на орнаментиката понуди и еден не сосема очекуван момент, а тоа беше идентификацијата на одреден број орнаменти кои значително се разликуваа од вообичаениот репертоар на мотиви, кои беа класифицирани во категоријата „логограми-идеограми". Некои од нив се покажаа како идентични на графемите присутни во фригиската азбука, а дел од нив и со најраните фонетски знаци на хеленската. Рано е да се зборува за можните импликации на оваа појава, со оглед на ограничениот број вакви примери. Но, мат сликаниот фрагмент од Малиќ, Корча, датиран кон крајот на 8. век пред н.е., на кој според нашето мислење се препознаваат три писмени знаци, секако посочува на некаква специфична локална појава. Се разбира, овој проблем заслужува идна многу посериозна палеографска анализа.

Анализата на технолошкиот процес на изработка на мат сликаните садови од Охрид покажа дека се работи за производство со јасни правила за изработка на садовите. Хомогеноста на материјалот, изразена во квалитетот на глината, печењето на садовите, третирањето на нивната површина, користењето на сродни бои за сликање, нѐ наведе на заклучокот дека најголемиот дел садови биле произведени во локални работилници. Меѓу обработениот материјал беа издвоени извесен број фрагменти изработени на грнчарско колце што укажува на мошне рана појава на оваа технологија во охридскиот крај која претходно не била позната. Ваквите примероци сочинуваат приближно 12% од вкупниот број обработени фрагменти од Охрид, што не е безначаен број, но исто така укажува на тоа дека не станува збор за замена или унапредување на рачното производство. Претпоставивме дека се работи за локална продукција затоа што овие фрагменти не се разликуваат од рачноизработените ни по квалитетот на глината, ниту пак според начинот на сликање. Спомнавме дека изнесените заклучоци се базирани исклучиво врз нашата визуелна и тактилна опсервација на керамичкиот материјал од Охрид. Но, исто така, треба да се нагласи дека тие најдоа соодветна поткрепа и во извршените лабораториски анализи

на мат сликаната керамика од поширокиот регион, а особено на онаа од лок. Трен на Малото Преспанско Езеро во Албанија, за време на кои се дошло до истите заклучоци.

Извршената типолошка поделба на мат сликаните садови од Охрид и нивната компарација со садовите од поширокиот регион, покажа дека поголем дел од формите, според изгледот и пропорциите, се скоро идентични на оние изработувани во населбите Совјан, Малиќ и Трен во блиската Корчанска котлина. Според тоа, заклучивме дека основано може да се зборува за постоење на некаква регионална стандардизација на грнчарското производство во овој регион во текот на раното железно време.

По прашањето за етно-културната припадност на носителите на мат сликаната керамика во Охридско – Корчанскиот регион, пристапивме попретпазливо, но врз основа на сегашните сознанија, заклучувајќи дека како најверојатна се наметнува нејзината врска со Бригите.

Последната анализа, која претставуваше обид за семиотичко толкување на орнаментиката на мат сликаната керамика од Македонија, сметаме дека прилично јасно покажа дека сликањето на садовите се одвивало според начелата на еден јаснодефиниран светоглед и кохерентен религиски и вредносен систем. Според многу параметри, тој може да се нарече универзален т.е. споделуван од древните популации кои го населувале поширокиот балканско-малоазиски или уште подобро речено евроазиски простор.

На крајот, сакаме да нагласиме дека презентираните резултати од обработката на мат сликаната керамика од раното железно време од Македонија не се ниту конечни ниту пак непорекливи. Но, и покрај тоа, сметаме дека тие се добра основа за натамошни истражувања (археометриски, социолошко-културолошки, семиотички, палеографски и сл.) кои ќе дадат посигурни одговори за повеќето апострофирани гледишта, како и на прашањата кои се наметнаа, но не беа одговорени во овој труд.

## Библиографија


**Agolli, E. 2017,** Models of social networks of southeast Albania in the Late Bronze and Early Iron Age (1200-900 BC). *The Aegean seen from the West,* Proceedings of the 16th International Aegean Conference, University of Ioannina, Department of History and Archaeology, Unit of Archaeology and Art, ed. by M. Fotiadis et al., Leuven – Liege, 319-326.

**Agolli, E. et al. 2020,** A Comparison of Handmade and Well-made Pottery Technology from the Iron Age layers of the Cave of Tren (Southeast Albania): Investigating Fabric Composition and Decorative Surfaces through X-Ray Fluoroscence Spectroscopy, *Rescent Developments in Archeometry and Archaeolgical Methodology in South-Eastern Europe,* ed. by Ina Miloglav, Cambridge Scholars Press, 2020.

**Andreou, S., Psaraki, K. 2007,** Tradition and Innovation in the Bronze Age Pottery of the Thessaloniki Toumba, Food and drink consumption and „tableware" ceramics, Proceedings of the International Symposium Strymon Praehistoricus, *THE STRUMA/STRYMON RIVER VALLEY IN PREHISTORY*, Sofia. 2007, 397-420.

**Акимова, Л. И. 1988,** К проблеме геометрического мифа: шахматный орнамент. *Жизнь мифа в античности: Випперовские чтения:Часть 1 (Вып. XVIII*). Москва: Советский художник, 1988, 60 – 98.

**Аладжов, Д., Балабанян, Д. 1984,** Паметници от старожеляазната епоха в Хасковски окръг, *Thracia VI*, София: БАН, 1984, 185-235.)

**Alvar, J. 2008,** Romanising Oriental Gods: Myth, Salvation and Ethics in the Cults of Cybele, Isis and Mithras. Translator and editor Richard Gordon. *Religions in the Graeco-Roman World,* Ed. H.S. Versnel D. Frankfurter J. Hahn, VOLUME 165. Leiden · Boston: BRILL, 2008.

**Aliu, S. 2004,** *Tuma e Luarasit*, Tiranë, 2004.

***Anglo-Saxon runes* 2022.** *Anglo-Saxon runes:* <https://en.wikipedia.org/wiki/Runes> (29.12.2022)

**Andrea, Zh. 1976,** Tumat e Kuçit të Zi; Resume: Les tumuli de Kuç I Zi. *Iliria 4,* Tirana, 1976, 204-233.

**Andrea, Zh. 2005,** Shtresat me qeramikë të pikturuar të stilit devollit në sektorin C të vendbanimit prehistorik të Maliqit (gërmime të viteve 1988-90). *Iliria 32,* Tirana, 2005, 5-58.

**Andreou, S., Psaraki, К. 2007,** Tradition and Innovation in the Bronze Age Pottery of the Thessaloniki Toumba: Food and drink consumption and „tableware“ ceramics. Proceedings of the International Symposium Strymon Praehistoricus, *THE STRUMA/STRYMON RIVER VALLEY IN PREHISTORY*. Ed. By H. Todorova, M. Stefanovich, G. Ivanov, Sofia 2007, 397-420.

***Археолошка карта на Република Македонија,*** *том II*, Скопје: МАНУ, 1996.

***Archeology of the migration* 2022.** *Archeology of the migration of the first Persians:* Mohammad Taqi Atai, <https://chaharrah.tv/wp-content/uploads/2018/02/ataie-1396-09-11.pdf> (06.11.2022)

**Баюн, Л. С., Орел, В. Э. 1988,** Язык фригийских надписей как исторический источник, *Вестник древней истории* 1988/1. Москва, 173 – 200.

**Biderman, H. 2004,** *Rečnik simbola.* Prev. Mihailo Živanović, Hana Čopić, Meral Tarar-Tutuš, Beograd: ΠΛΑΤΩ, 2004.

**Битракова-Грозданова, В. 1985,** Споменици од праисторискиот и антички период, *Охрид и охридско низ историјата, книга 1*, Скопје, 1985.

**Битракова-Грозданова, В. 1989,** Свети Илија/Делагожди, *Arheološki pregled 1987*, Ljubljana, 1989, 106-107.

**Bitrakova-Grozdanova, V. 1989,** La necropole antique de Delagožda et sa chronologie, *Ancient Macedonia V/1*, Thessaloniki, 1993, 167-177.

**Битракова Грозданова, В. 1999,** *Религија и уметност во антиката бо Македонија – студии.* Скопје, 1999.

**Битракова Грозданова, В. 2012,** Околу полеогенезата на населбите во Дасаретија, *Folia archaeologica balkanica II*, Скопје 2012, 99-124.

**Bitrakova Grozdanova, V. 2015,** Les cultes orientaux dans la Haute Macédoine, leur survie et leur adoption au temps romain (За ориенталните верувања во Горна Македонија и нивното опстојување и прифаќање во римска доба). *РОМАНИЗИРАЊЕ НА ОРИЕНТАЛНИ БОГОВИ? Религиски трансформации во балканските провинции во римскиот период. Нови наоди и перспективи.* Proceedings of the International Symposium, Skopje, 18–21 September 2013. Изд. акад. Владо Камбовски, претседател, Prof. Dr. Miguel John Versluys. МАНУ: Скопје, 2015, 35-86.

**Битракова Грозданова, В. 2017,** Охридско-преспанскиот регион во раната антика, зборник на трудови: *Лихнид и Дасаретија*, Скопје: МАНУ, 2017, 15-26.

**Boardman, J. 1998,** *Early Greek Vase Painting: 11th - 6th centuries BC*, London: Thames and Hudson, 1998.

**Bozkova, A. 2002,** Pottery with geometric decoration and related wares, *Koprivlen vol. 1,* Sofia, 2002, 133-144.

**Bozkova, A., Delev, P. 2012,** Archaic Pottery with Painted Geometric Decoration from South-Western Bulgaria, *Η ΚΕΡΑΜΙΚΗ ΤΗΣ ΑΡΧΑΪΚΗΣ ΕΠΟΧΗΣ ΣΤΟ ΒΟΡΕΙΟ ΑΙΓΑΙΟ ΚΑΙ ΤΗΝ ΠΕΡΙΦΕΡΕΙΑ ΤΟΥ (700-480 π.Χ.),* Thessaloniki, 2012, 69-78.

**Bouzek, J. 1974,** Macedonian Bronzes: their origins, distribution and relation to other cultural groups of the Early Iron Age. *Pamâtky archeologické 65*. 1974, 278-341.

**Bouzek, J. 1985,** *The Aegean, Anatolia and Europe: Culture Interrelationes in the Second Millennium B.C.* Praha: ACADEMIA, PUBLISHING HOUSE OF THE CZECHOSLOVAK ACADEMY OF SCIENCES, 1985.

**Bouzek, J. 1994,** Late Bronze Age Greece and the Balkans: A Review of the Present Picture, *the Annual of the British School at Athens, Vol. 89,* 1994.

**Bouzek, J. 2006,** Macedonian Bronzes 30 Years Later, *Folia Archaeologica Balcanica Vol. 1,* из. Т. Гоцевски et al., Скопје, 2006, 97-110.

**Bouzek, J. 2017,** Koine of Early Iron Age Geometric Styles. *REGIONAL STORIES TOWARDS A NEW PERCEPTION OF THE EARLY GREEK WORLD*, Acts of an International Symposium in honour of Professor Jan Bouzek. Ed. by Alexander Mazarakis Ainian et al. Volos University of Thessaly Press, 2017, 41-55.

**Bouzek, J. 2018,** *Studies of Homeric Greece,* Prague: Karolinum Press, 2018.

**Bulatović, A., Molloy, B., Filipović, V. 2021,** The Balkan-Aegean Migrations Revisited: Changes in Material Culture and Settlement Patterns in the Late Bronze Age Central Balkans in Light of New Data. *Starinar LXXI/2021,* 61 – 105.

**Vasilakis, A.** *Herakleion Archeological Museum: visitor's guide.* Athens: ADAM EDITIONS.

**Wace, A.J.B. and Thompson, M.S. 1912,** *Prehistoric Thessaly*, Cambridge, 1912.

**Washburn, D. K. 2018**, Cognitive archaeology: a symmetry/symmetrybreaking model for the analysis of societies. *TIME & MIND 2018, VOL. 11, NO. 2,* 121–161.
doi: 10.1080/1751696X.2018.1468673

**Вељановска, Ф. 2000,** *Антрополошки карактеристики на населението на Македонија од неолитот до средниот век.* Скопје: Републички Завод за заштита на спомениците на културата Скопје, 2000.

**Weninger, B. and Jung, R. 2009** Absolute Chronology of the End of the Aegean Bronze Age. *LH III C Chronology and Synchronisms III LH III C Late and the transition to the Early Iron Age: Proceedings of the International Workshop held at the Austrian Academy of Sciences at Vienna, February 23rd and 24th, 2007.* Sigrid DEGER-JALKOTZY, Anna Elisabeth BÄCHLE (Eds.), Wien, 2009, 373-416. doi:10.1553/0x002212ed

**Vermaseren, M. J. 1977,** *Cybele and Attis: The Myth and the Cult.* Thames and Hadson, 1977.

**Видески, З. 2003** *Македонски бронзи (каталог),* Скопје: Музеј на Македонија, 2003.

**Видески, З. 2005,** Бронзеното време на Вардарски Рид, *Вардарски Рид Том I.* Фондација Вардарски Рид- Скопје, Институт за Историја на уметност со Археологија- Скопје, 2005, 91-113.

**Видески, З. 2006,** Мат сликана керамика од доцнобронзенодопската некропола Димов Гроб, с. Уланци-Градско, *Folia Archaeologica Balcanica Vol. 1*, из. Т. Гоцевски et al., Скопје, 2006, 63-74.

**Видески, З. 2022,** *Димов Гроб: Некропола од доцното бронзено време.* Скопје: НУ Археолошки Музеј на РС Македонија, 2022.

**Vokotopoulou, I. 1986,** *Βίτσα*: *Τα νεκροταφεία μιας μολοσσικής κώμης*. Τόμος Α, Κείμνο. Αθήνα, 1986.

***Вранештица*** **2022.** Документарен филм во продукција на МРТ од 1992 год, со наслов „Вранештица – село на колце". <https://www.youtube.com/watch?v=V9giUGGAq8g> (14.10.2022)

**Вулиħ, Н. 1932,** Један нов гроб код Требеништа, *Гласник скопског научног друштва*, Скопље, 1932, 1-41.

**Gavela, B. 2002,** *Istorija umetnosti antičke Grčke.* Beograd: Naučna KMD, 2002.

**Гарашанин, М. и Д. 1959,** Археолошка ископавањау селу Радању, на локалитету „Криви Дол", *Зборник на народниот музеј Штип 1*, Штип, 1959, 9-62.

**Garašanin, M. 1982,** The Bronze Age in the Central Balkan Area, Part I: The Prehistory of the Balkans, *THE CAMBRIDGE ANCIENT HISTORY second edition, vol. III*, ed. by John Boardman et al., Cambridge, 1982, 582-616.

**Garašanin, M. 1982,** The Early Iron Age in the Central Balkan Area, *c.* 1000-750 B.C., *Part III: THE BALKANS AND THE AEGEAN, THE CAMBRIDGE ANCIENT HISTORY second edition, vol. III*, ed. by John Boardman et al. Cambridge, 1982, 163-181.

**Garašanin, M. 1983,** Dubovačko – Žutobrdska grupa. *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja, IV Bronzano doba.* Sarajevo, 1983, 520 – 535.

***Geometric art* 2022.** *Geometric art:* <https://en.wikipedia.org/wiki/Geometric_art> (20. 03. 2022).

**Георгиев, З. 1993,** Басараби стилот и Македонија. *Macedoniae acta archaeologica 13.* Скопје, 1993, 81 – 96.

***Goddess of Myrtos* 2023.** *Goddess of Myrtos:* **<**https://portfolium.com.au/entry/research-analysis-26> (12.01.2023)

**Gori, M. 2012,** Who are the Illyrians? The Use and Abuse of Archaeology in the Construction of National and Trans-National Identities in the Southwestern Balkans. *Archaeology and the (De)Construction of National and Supra-National Polities.* Ed.by Russell O Riagain and Cătălin Nicolae Popa. Archaeological Review from Cambridge, Volume 27.2, 2012, 71-84.

**Gori, M., Krapf, T. 2016,** The Bronze and Iron Age Pottery from Sovjan. *Iliria Revistë Arkeologjike.* Ed. Luan Përzhita et al. Tiranë: QENDRA E STUDIMEVE ALBANOLOGJIKE INSTITUTI I ARKEOLOGJISË TIRANË, 2016, 91-128.

**Gralak, T. 2017,** *ARCHITECTURE, STYLE AND STRUCTURE IN THE EARLY IRON AGE IN CENTRAL EUROPE.* Wrocław, 2017.

**Grömer, K. – Reschreiter, H. 2020,** Ein neues Brettchengewebe mit ungewöhnlichem Design aus dem Salzbergwerk Hallstatt – symbolischer Inhalt oder Probestück?, *MITTEILUNGEN DER ANTHROPOLOGISCHEN GESELLSCHAFT IN WIEN.* Herausgeber KARINA GRÖMER und HERMANN MÜCKLER. Wien: ANTHROPOLOGISCHEN GESELLSCHAFT IN WIEN, 2020, 267 – 280.

**Grömer, K., Ungerechts, S. and Reschreiter, H. 2021,** Knowledge sharing: a newly found 2,700 year-old tablet-woven band from Hallstatt, Austria. *Archological Textiles Review N$^{o}$ 63.* Ed. Karina Grömer et al. Grafisk University of Copenhagen, 2021, 115 – 125.

**Delev, P. 2018,** About the Ethnic Attribution of the Trebenishte Graves, *100 Years of Trebenishte,* ed. by Pero Ardjanliev et al. Sofia, 2018.

**Dickinson, O. 2006,** *THE AEGEAN FROM BRONZE AGE TO IRON AGE*: *Continuity and change between the twelfth and eighth centuries BC,* New York, 2006.

**Димитрова, Е. 1995,** *Најстарите христијански симболи,* Скопје: Македонска цивилизација, 1995.

**Домарадски, М., Карайотов, И., Гоцев, А. 1992,** Керамика от ранно желязната епоха от крепоста Малкото кале при с. Раводиново общ. Созопол, *Археология година XXXIV, кн.4*, София: Археологически институт и музей при БАН, 1992, 29-41.

**Douzougli, A., Papadopoulos, J. 2011,** Liatovouni: A Molossian Cemetery and Settlement in Epirus. *JAHRBUCH DES DEUTSCHEN ARCHÄOLOGISCHEN INSTITUTS BAND 125 · 2010.* Berlin – Boston: DE GRUYTER, 2011, 1-87.

**Drougou, S., Saatsoglou-Palliadeli, C. 2000,** *Vergina: Wandering through the archaeological site.* 2nd edition. Athens: Ministry of Culture, Archaeological Receipts Fund, 2000.

**Дуев, Р. 2010,** *Ѕевс и Дионис: раѓање на античките верувања и култови*. Скопје: СИЛСОНС, 2010.

**Dumitrescu, Vl. 1982,** The Prehistory of Romania: from the earliest times to 1000 B.C., *Part I: The Prehistory of the Balkans, THE CAMBRIDGE ANCIENT HISTORY second edition, vol. III*, ed. by John Boardman et al., Cambridge, 1982, 43-62.

**Ѓорѓиевски, Д., Петковски, М. 2019,** Градиште с. Пелинце, Преглед на резултатите од археолошките истражувања до 2009 година, *Macedoniae acta archaeologica 21*, Скопје, 2019, 87-108.

***Early history* 2021.** *Mica: Early history:* <https://en.m.wikipedia.org/wiki/Mica> (09.09.2021)

**Елијаде, М. 2005, I,** *Историја на верувањата и на религиските идеи Том I: од камено време до Елевсинските мистерии.* Прев: Зора Јосифовска. Скопје: Табернакул, 2005.

**Елијаде, М. 2005, II,** *Историја на верувањата и на религиските идеи Том II: од Гаутама Буда до создавањето на христијанството.* Прев: Слободанка Колемишевска. Скопје: Табернакул, 2005.

**Eftimovski, I. 2022,** The Economic Basis of the Ohrid-Prespa-Maliq Lake region in the 1st Millennium BCE. *Жива антика 72 (2022)*. Скопје, 2022, 261-286.

***Ziwiye hoard* 2022.** *Ziwiye hoard*: <https://en.wikipedia.org/wiki/Ziwiye_hoard> (12.11. 2022)

**Илиевски, П. Х. 1988,** *Балканолошки лингвистички студии со посебен осврт кон историскиот развој на македонскиот јазик*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 1988.

**Iordanidis, A. et al. 2007,** Characterisation of Mycenaean and matt-painted pottery from Alani, ancient upper Macedonia, Greece. *Bulletin of the Geological Society of Greece, 40* (4), 1796-1807. <https://www.researchgate.net/publication/325561682_Characterisation_of_Mycenaean_and_matt-painted_pottery_from_Alani_ancient_upper_Macedonia_Greece/link/5b1629900f7e9bda0ffe175e/download> (18.02.2022)

**Jones, Richard E., Levi, Sara T., Bettelli, M., Cannavò, V. 2021,** Italo-Mycenaean and other Aegean-influenced pottery in Late Bronze Age Italy: the case for regional production, *Archaeological and Anthropological Sciences (2021) 13: 23.* https://doi.org/10.1007/s12520-020-01245-5. (15.01.2021)

**Јосифовска, Б. 1963,** *Извештај за заштитното ископување на една халштатска гробница од селото Живојно.* Годишен Зборник на Филозофскиот Факултет во Скопје, кн. 15. Скопје 1963, 288-310.

**Young, R.S. 1975,** *Late Geometric Graves and a Seventh Century Well in the Agora*, Amsterdam, 1975.

**Kahane, P.P. 1973,** IKONOLOGISCHE UNTERSUCHUNGEN ZUR GRIECHISCH GEOMETRISCHEN KUNST Der Cesnola-Krater aus Kourion im Metropolitan Museum, *Antike Kunst, 16. Jahrg., H. 2. (1973)*, 114-138. <http://www.jstor.org/stable/41318465?seq=1&cid=pdf-reference#references_tab_contents> (20. 02. 2020)

**Karamitrou-Mentessidi, G. 2007,** *The Late Bronze Age in Aiani.* <http://aegeobalkanprehistory.net/index.php?p=article&id_art=6> (11.02.2008)

**Katičić, R. 1971,** Epirska plemena I njihov jezik, *Жива антика 21.2(1971)*. Скопје, 1971, 375-380.

**Квинт Куртиј Руф.** *Историја на Александар Македонски,* книги I – X, во превод од латински на д-р Љубинка Басотова професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Македонија. Патрија, 1998.

**Кисьов, К. 1993,** Керамика от късната бронзова епоха в гробните комплекси от Централните Родопи, *Археология година XXXV, кн.2*, София: Археологически институт и музей при БАН, 1993, 1-12.

**Kilian, K. 1976,** Zur Früheisenzeit in Albanien. *Iliria 4*, Tirana, 1976, 191-196.

**Китаноски, Б. 1976,** Неколку праисториски наоди од Прилеп, *Macedoniae acta archaeologica 2,* Прилеп, 1976, 119-134.

**Ковачева, Л. 2015,** *Погребни обичаи и верувања во македонската народна традиција.* Скопје 2015.

**Korkuti, M. 1971,** Vendbanimi prehistorik i Trenit. *Iliria 1*, Tirana, 1971, 31-48.

**Krapf, T. 2014,** The Late Bronze Age pottery of Macedonia: comparisons with the plain of Korçë. *A CENTURY OF RESEARCH IN PREHISTORIC MACEDONIA 1912-2012, INTERNATIONAL CONFERENCE PROCEEDINGS, Archaeological Museum of Thessaloniki 22-24 November 2012.* Ed. by Stefani E. et. al. Thessaloniki, 2014, 585-597.

**Krapf, T. 2018** Sovjan (Korçë): First Remarks about the Late Bronze Age Pottery. *ΤΟ ΑΡΧΑΙΟΛΟΓΙΚΟ ΕΡΓΟΣ ΤΗΝ ΑΝΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ, ΑΕΑΜ 3*, 2013 ΤΟΜΟΣ Α. ΑΙΑΝΗ, 2018, 115-130.

**Krapf, T. 2018a** A typology for the Late Bronze Age to Early Iron Age pottery of southwestern Albania. *L'ILLYRIE MÉRIDIONALE ET L'ÉPIRE DANS L'ANTIQUITÉ – VI, Volume I.* Actes du VIe colloque international de Tirana (20 – 23 mai 2015). Ed. Jean-Luc Lamboley et al. Paris: 2018, 67 -81.

**Krapf, T. 2021,** CONTACT NETWORKS NORTH OF THE MYCENAEAN SPHERE: NEW INSIGHTS FROM SOVJAN AND MALIQ (SE ALBANIA). *Proceedings of the: 3rd INTERNATIONAL INTERDISCIPLINARY COLLOQUIUM THE PERIPHERY OF THE MYCENAEAN WORLD Recent discoveries and research results 18-21 May, Lamia 2018.* Athens: MINISTRY OF CULTURE AND SPORTS GENERAL DIRECTORATE OF ANTIQUITIES AND CULTURAL HERITAGE EPHORATE OF ANTIQUITIES OF FTHIOTIDA AND EVRYTANIA, 2021, 659-669.

**Кузман, П. 1983,** Збирниот наод од Лозишта кај Речица, *Лихнид 5*, Охрид, 1983.

**Кузман, П. 1985,** *Три Чељусти и Вртуљка – Требениште, 1972*, Охрид, 1985.

**Кузман, П. 1988,** Прилог кон проучување на некрополата од железно време кај Радолишта близу Струга, *Macedoniae acta archaeologica 9*, Скопје, 1988.

**Кузман, П. 2017,** Хронолошките и географските патишта на најстарото население на Охрид. *Археолошки Информатор, бр. 1*. Прилеп 2017, 147- 156.

**Кънчев, М., Кънчева, Т. 1990,** Некропол от късната бронзова епоха**,** източно от Нова Загора, *Археология година XXXII*, кн. 4, София: Археологически институт и музей при БАН, 1990, 8-13.

**Lahtov, V. 1965,** *Problem trebeniške culture,* Ohrid, 1965.

**Lera, P. et al. 1996,** Sovjan (Albanie). *Bulletin de correspondance hellénique. Volume 120, livraison 2,* 1996, 995-1026.

**Лещаков, К. 1990,** Украса на къснобронзовата керамика от връх Алада в Източните Родопи, *Археология година XXXII, кн. I,* София: Археологически институт и музей при БАН, 1990, 1-17.

**Leshtakov, K. 2009,** The Second Millennium BC in the Northern Aegean and the Adjavent Balkan Lands: Main Dynamics of Cultural Interaction. *ΕΛΛΗΝΕΣ ΚΑΙ ΘΡΑΚΕΣ,* Πρακτικά του διεθνούς Συμποσίου «Έλληνες και Θράκες στην παράλια ζώνη και την ενδοχώρα της Θράκης στα χρόνια πριν και μετά τον μεγάλο αποικισμό» Θάσος, 26-27 Σεπτεμβρίου 2009.
Εκδότες / Ed. by Ζήσης Ι. Μπόνιας και / and Jacques Y. Perreault. Θάσος 2009, 53-82.

***Lunula* 2022.** Lunula: <https://en.wikipedia.org/wiki/Gold_lunula> (18.08.2022)

**Мачкић, П., Симоска, Д., Трбуховић, В. 1961,** *Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду.* Старинар н.с. XI, Београд 1961, 199-208.

**Metzner-Nebelsick, C. 1992,** Gefäße mit basaraboider Ornamentik aus Frög. *Universitätsforschungen zur prähistorischen Archäologie, Band 8.* Aus dem Institut für Ur- und Frühgeschichte der Universität Innsbruck. In Kommission bei Dr. Rudolf Habelt GmbH, Bonn**,** 1992, 349-383.

**Metzner-Nebelsick, C. 2002,** *Der „Thrako-Kimmerische" Formenkreis aus der Sicht der Urnenfelder- und Hallstattzeit im südöstlichen Pannonien, Teil 1 – Text*. Verlag Marie Leidorf GmbH · Rahden/Westf. 2002.

**Metzner-Nebelsick, C. 2002a,** *Der „Thrako-Kimmerische" Formenkreis aus der Sicht der Urnenfelder- und Hallstattzeit im südöstlichen Pannonien, Teil 2 – Katalog und Tafeln*. Verlag Marie Leidorf GmbH · Rahden/Westf. 2002.

**Микулчић, И. 1959,** Извештај са пробног ископавања халштатске некрополе код села Ст. Караорман, *Зборник на Народниот музеј Штип 1*, Штип, 1959, 95-103.

**Микулчиќ, И.** Могили од „Орлови Чуки" кај село Караорман, *Зборник на Народниот музеј Штип 2*, Штип, 1960, 47-64.

**Mikulčić, I. 1966,** *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza*, Skoplje – Beograd, 1966.

**Mylonas, E. G. 1966,** *Mycenae and the Mycenaean Age.* Princeton, New Jersey: Princeton University Press, 1966.

***Minoan snake goddess figurines* 2022.** *Minoan snake goddess figurines*: <https://en.wikipedia.org/wiki/Minoan_snake_goddess_figurines> (29.12.2022)

**Митковски, А. 2010,** Мариово во праисторијата, *Macedoniae acta archaologica 19*, Скопје 2010.

**Митревски, Д. 1988,** Карактеристични форми на „Македонски бронзи" од наоѓалишта по долината на Вардар, *Macedoniae acta archaeologica 9*, Скопје, 1988, 83-102.

**Митревски, Д. 1990,** Куново-Чуки кај Оризари, могила II, *Macedoniae acta archaeologica 11*, Скопје, 1990, 59-77.

**Митревски, Д. 1991,** *Дедели- некропола од железното време во Долно Повардарје*, Скопје, 1991.

**Митревски, Д. 1997,** *Протоисториските заедници во Македињја - преку погребувањето и погребните манифестации*, Скопје, 1997.

**Митревски, Д. 1999,** Гробот на Пајонската свештеничка од Марвинци – прилог кон вреднувањето на пајонската религија на железното време, *Macedoniae acta archaeologica* 15, Скопје, 1999, 69 – 89.

**Mitrevski, D. 2006,** Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, *Folia Archaeologica Balcanica Vol. 1*, Skopje, 2006, 85-96.

**Mitrevski, D. 2007,** The Beginning of the Iron Age in Macedonia. Proceedings of the International Symposium Strymon Praehistoricus, *THE STRUMA/STRYMON RIVER VALLEY IN PREHISTORY*. Ed. By H. Todorova, M. Stefanovich, G. Ivanov, Sofia 2007, 443-450.

**Mitrevski, D. 2007a,** Pogrebuvanja na svešteničkite vo železno vreme vo Makedonija. *SITULA 44, Scipta praehistorica in honorem Biba Teržan.* Ljubljana: Narodni Muzej Slovenije, 2007, 563-582.

**Митревски, Д. 2013,** Праисторија на Република Македонија. *Македонија – Милемиумски културно-историски факти, кн.1*. ур. Кузман П., Димитрова Е., Донев Ј., Скопје, 2013, 83-266.

**Mitrevski, D. 2015,** *Skopje Fortress,* The most significant values of the cultural and natural heritage, Skopje, 2015.

**Митревски, Д. 2016,** *Скопската Тврдина Кале од праисторија до средниот век*. Скопје 2016.

**Митревски, Д. 2019,** Скопско во праисторијата и раната антика. *Скопје осум милениуми живот. култура. творештво, Гл. ур. Проф д-р Ратко Дуев.* Скопје: Филозофски факултет 2019, 15 -116.

**Митревски, Д. 2021,** *На север од егејскиот свет.* Скопје: Македоника литера, 2021.

**Mitrović, J. et al. 2022,** Inside the Production of Bronze Age Insignia – the Bracelets / Anklets of Type Juhor from Central Balkans. *The Mechanism of Power*, 3rd PeBA Conference, 25 -28 May 2022, Ohrid. Book of Abstracts, 17-18. Достапно и на: <https://pebasite.wordpress.com/peba-2020/abstracts/>

**Mithen, S. 1998,** The Supernatural Beings of Prehistory and the External Storage of Religious Ideas. *Cognition and Material Culture: the Archaeology of Symbolic Storage,* Ed. by Colin Renfrew and Chris Scarre. Cambridge: McDonald Institute for Archaeological Research, University of Cambridge, 1998, 97 – 106.

***Mica* 2022.** *Mica:* <https://en.m.wikipedia.org/wiki/Mica> и <https://mineralseducationcalition.org/minerals-database/mica/> (19.01. 2022)

***Mica in pottery and ceramics* 2022.** *Mica in pottery and ceramics:* <https://justpigments.com/blogs/news/using-mica-in-pottery-and-ceramics> (19.01. 2022)

**Наумов, Г. 2009,** *Орнаментиката и телесноста во неолитската материјална култура од Република Македонија (*магистерски труд во ракопис), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 2009.

**Нацев, Т. и Јованов, М. 1996,** Локалитет „Орлови Чуки"- тумул III, *Macedoniae acta archaeologica 14*, Скопје, 1996, 45-55.

**Nikov, K. 2002,** MACEDONIA, SOUTHERN THRACE AND THE GEOMETRIC POTTERY KOINE, *ΑΡΧΑΙΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ VII, Η ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ ΑΠΟ ΤΗΝ ΕΠΟΧΗ ΤΟΥ ΣΙΔΗΡΟΥ ΕΩΣ ΤΟ ΘΑΝΑΤΟ ΤΟΥ ΦΙΛΙΠΠΟΥ Β,* ΑΝΑΚΟΙΝΩΣΕΙΣ ΚΑΤΑ ΤΟ ΕΒΔΟΜΟ ΔΙΕΘΝΕΣ ΣΥΜΠΟΣΙΟ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ, 14-18 ΟΚΤΩΒΡΙΟΥ 2002, Thessaloniki, 2002, 407-421.

**Николов, В., Карастоянова, Д. 2003,** Рисуваната орнаментация като система за комуникация между поколенията (по материяли от ранно- и средненеолитния пласт на тел Казанлък), *Археология XLIV кн. 2,* София: Археологически институт и музей при БАН, 2003, 5-14.

**Olsen, B. 2002,** *Od predmeta do teksta: Teorijske perspective arheoloških istraživanja.* Prev. Ljubiša Rajić. Beograd: Geopoetika, 2002.

**Основна геолошка карта на СФРЈ- Охрид, 1977**, автори Н. Думурџанов и Т. Ивановски, изработка на Геолошки завод Скопје, 1964 - 1972, Редакција и издание на сојузниот геолошки завод Белград, 1977.

***Ochre: Prehistory* 2022**. *Ochre: Prehistory:* <https://en.wikipedia.org/wiki/Ochre#Prehistory> (20.01.2022)

**Palincaş, N. 2013,** Notes on Sun Cult and Burials in the Romanian Middle and Late Bronze Age (Ca 2000-1200 BC). *The Thracians and their Neighbors in the Bronze and Iron Ages.* PROCEEDINGS OF THE 12TH INTERNATIONAL CONGRESS OF THRACOLOGY, TÂRGOVIȘTE 10th - 14th SEPTEMBER 2013, *"Necropo*lises, Cult places, Religion, M*ythology"* - Volume II. Ed. V. Sîrbu and R. Ștefãnescu. Braşov, 2013, 311-322.

**Pamuk, S. 2021,** Повеќе статиии поделени посебно, но сите се дел од една иста докторска дисертација на тема Фригија, за која не е наведен наслов. 2021. <https://www.academia.edu/60546643/Phryg_Serami%C4%9Fi_Phrygian_Pottery> (07.12.2021)

**Papadopulos, J. K. et al. 2007,** Excavations at the Burial Tumulus of Lofkënd in Albania: A Preliminary Report for the 2004-2005 Seasons. *American Journal of Archaeology vol. 111. No. 1*. ed. by Naomi J. Norman et al. January 2007, 105-147.

**Papadopoulos, J. K. 2015,** Owls to Athens: Imported Pottery in Early Iron Age Athens. *POTS, WORKSHOPS AND EARLY IRON AGE SOCIETY FUNCTION AND ROLE OF CERAMICS IN EARLY GREECE. Proceedings of the International Symposium held at the Universitè libre de Bruxelles14-16 November 2013*. Edited by V. Vlachou. Bruxelles: CReA-Patrimoine 2015, 201-215.

**Papazovska Sanev A. 2007,** *Matt-painted pottery from the Iron Age in the FYRO Macedonia*. in Galanaki et al. 2007, 487-493.

**Папазовска Санев, А. 2015,** *Раното железно време во Р. Македонија,* (докторска дисертација во ракопис). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет. Скопје, 2015.

**Papazovska, A. 2018,** New perspectives of the tumuli burials during the Iron Age in the Republic of Macedonia. *Godišnjak / Jahrbuch 2018,* 47. 2018, 91–104. DOI: 10.5644/Godisnjak.CBI.ANUBiH-47.105.

**Папазовска, А. 2019,** Мали Дол - праисториска некропола кај селото Тремник, Неготино. *Macedoniae acta archaeologica 21*. Скопје, 2019, 121-152.

**Παπακωνσταντίνου, Μαρία-Φωτεινή – Krapf, T. 2020,** Μεσοελλαδικός οικισμός Αγίας Παρασκευής Λαμίας. Ανασκαφικές περίοδοι 2012-2013. *ΑΡΧΑΙΟΛΟΓΙΚΟ ΕΡΓΟ ΘΕΣΣΑΛΙΑΣ ΚΑΙ ΣΤΕΡΕΑΣ ΕΛΛΑΔΑΣ 5, 2015,* Πρακτικά επιστημονικής συνάντησης Βόλος 26.2 έως 1.3.2015 Τόμος Ι: Θεσσαλία. Βόλος, 2020, 863-876.

**Паровић-Пешикан, М. 1987,** *Одраз грчких керамичких облика у керамици старијег гвозденог доба централног Балкана*. Београд, 1987.

**Пашић-Винчић, Р. 1972,** Археолошка ископавања на локалитету „Орлова Чука“ код села Стар Караорман. *Старинар XXI*. Београд, 1972, 129-133.

**Пашиќ, Р. 1994,** Железно време. *Археолошка карта на Република Македонија, том I*. Скопје: МАНУ, 1994.

**Pevnick, S., Agolli, E. 2010,** *Prehistoric Pottery from Lofkënd, Albania: From Bronze to Iron Age in the Balkans.* <http://www.aegeobalkanprehistory.net/index.php?p=article&id_art=18> (19.11.2022)

**Petrova, E. 1995,** *Bryges and Phrygians: Parallelism between the Balkans and Asia Minor through archaeological, linguistic and historical evidence*. This paper was presented at the International Symposium on Archaeology, History and Ancient Languages of Thrace and Phrygia, Ankara, 3-4 June 1995, 95-106.

**Петрова, Е. 1996,** *Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е.* Скопје, 1996.

**Петрова, Е. 1997,** *Пајонија во II и I милениум пред н.е.* Скопје, 1997.

**Petrova, E. 1997,** BRYGES, PAEONES AND ANCIENT MACEDONIANS - MYTHICAL, ONOMASTIC AND ARCHAEOLOGICAL RELATIONS AND DIFFERENCES. . . ŽA 47 (1997) 159-166.

**Пјанка, В. 1970,** *Топономастиката на Охридско-Преспанскиот базен*, Скопје: Институт за македонски јазик: „Крсте Мисирков“, 1970.

**Поповић, Љ. 1958,** Радолиште (Прилог проучавању илирско-грчке културе у Македонији). *Зборник Народног музеја*. Београд, 1958, 75-98.

**Praistorija Jugoslavenskih zemalja** ***IV,*** *Bronzanodoba*. Sarajevo: AKADEMIJA NAUKA I UMJETNOSTI BOSNE I HERCEGOVINE, Centar за balkanološka ispitivanja, 1983.

**Praistorija Jugoslavenskih zemalja** ***V,*** *Željeznodoba*. Srajevo: AKADEMIJA NAUKA I UMJETNOSTI BOSNE I HERCEGOVINE, Centar за balkanološka ispitivanja, 1987.

**Prendi, F. 1975,** Un apercu sur la civilization de la premiere periode du fer en Albanie. *Iliria 3*. Tirana, 1975, 109-138.

**Prendi, F. 1982,** The Prehistory of Albania: Part I: The Prehistory of the Balkans. *THE CAMBRIDGE ANCIENT HISTORY second edition, vol. III*. ed. by John Boardman et al. Cambridge, 1982, 209-231.

**Проева, Н. 2004,** *Историја на Аргеадите*. Библиотека Historia Antiqua Macedonica, Посебни изданија Книга 8. ур. Војислав Саракински. Скопје, 2004.

**Proeva, N. 2018,** The Region of Ohrid and Struga in the 6$^{th}$ - 5$^{th}$ c. BC: Area, Population, Ethnicity. *100 Years of Trebenishte.* ed. by Pero Ardjanliev et al. Sofia 2018.

**Philippa-Touchais, A. 2007,** Aeginetan Matt Painted Pottery at Middle Helladic Aspis, Argos. *MIDDLE HELLADIC POTTERY AND SYNCHRONISMS,* Proceedings of the International Workshop held at Salzburg, October 31st – November 2nd, 2004. Ed. by Florens Felten, Walter Gauss and Rudolfine Smetana. Wien: OAW 2007, 97 – 113.

**Ристов, К. 2019,** Тумуларно погребување од рано железно време на некрополата Пржали-Варвара, Скопско. *Macedoniae acta archaeologica 21*. Скопје, 2019, 153-172.

**Romiopoulou, К. 1971,** Some Pottery of the Early Iron Age from Western Macedonia. *The Annual of the British School at Athens, 1971, Vol. 66 (1971)*. British School at Athens: 1971, 353-361.

***sāwel-, *s(u)wen- 2023.** **sāwel-, *s(u)wen-:* <https://www.etymonline.com/word/*sawel-?ref=etymonline_crossreference> (08.02.2023)

**Санев, В. и др . 1976,** *Праисторија во Македонија (каталог).* Скопје, 1976.

**Санев, В. 1978,** Могилите од Куново-Чуки кај с. Оризари, кочанско. *Зборник на Археолошкиот Музеј.* Скопје, 1978, 7-20.

**Sarri, K. 2007,** Aeginetan Matt-Painted Pottery in Boeotia. *MIDDLE HELLADIC POTTERY AND SYNCHRONISMS,* Proceedings of the International Workshop held at Salzburg, October 31st – November 2nd, 2004. Ed. by Florens Felten, Walter Gauss and Rudolfine Smetana. Wien: OAW 2007, 151 – 165.

**Saripanidi V. 2017,** Constructing Continuities with a 'Heroic' Past: Death, Feasting and Political Ideology in the Archaic Macedonian Kingdom. in A. Tsingarida & I.S. Lemos (eds.). *Constructing Social Identities in Early Iron Age and Archaic Greece (Études d'Archéologie 12).* Brussels, 2017, 73-135.

***Swastika* 2023.** *Swastika:* <https://en.wikipedia.org/wiki/Swastika> (28.01.2023)

**Симоска, Д., Санев, В. 1976,** *Праисторија во централна Пелагонија (каталог).* Народен Музеј Битола, 1976.

**Соколовска, В. 1997,** *Етничките носители на требенишката некропола*. Скопје-Охрид, 1997.

**Срејовић, Д., Цермановић-Кузмановић, А. 1992,** *Речник грчке и римске митологије*. Београд: Српска књижевна задруга, 1992.

**Srejović, D. 1997,** *Arheološki leksikon:preistorija Evrope, Afrike I Bliskog istoka grčka, etrurska i rimska civilizacija.* Beograd: Savremena administracija, 1997.

**Станковски, Ј. 2008,** Тумулот I од тумуларната некропола кај селото Стрновац, општина Старо Нагоричане. *Macedoniae Acta Achaeologica бр.18.* Скопје: МАНД 2008, 135-152.

**Summer, B. L. 2018,** *The origins of the Gundestrup cauldron: A smorgasbord of elements, scenes and cultural influences of Eurasia, from the Indus Valley to Gallia* (магистерски труд), Universität Wien, Wien, 2018.
<https://www.researchgate.net/publication/330933584_1The_origins_of_the_Gundestrup_cauldron_-_A_smorgasbord_of_elements_scenes_and_cultural_influences_of_Eurasia_from_the_Indus_Valley_to_Gallia> (20.01.2023)

**Tamsü Polat, R., Polat, Y., Lubotsky, A. 2020,** An Idol-Shaped Stele with an Old Phrygian Inscription in the Territory of Nakoleia. *GEPHYRA 19, 2020.*
<https://currentepigraphy.org/2020/05/24/gephyra-19-2020-published/> (03.02.2023)

***Textile* 2022.** *TEXTILE PRODUCTION AT GORDION:* <https://www.penn.museum/sites/gordion/articles/artefactual-evidence/textile-production-at-gordion/> (18.08.2022)

**Tsonos, A. 2018,** Η Κεραμική με αμαυρόχρωμη διακόσμηση ως στοιχείο πολιτιστικών και κοινωνικών σχέσεωνανάμεσα στην Αλβανία και στην Άνω Μακεδονία κατάτην Ύστερη Εποχή του Χαλκού και την Πρώιμη Εποχή του Σιδήρου. *ΤΟ ΑΡΧΑΙΟΛΟΓΙΚΟ ΕΡΓΟΣ ΤΗΝ ΑΝΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ, ΑΕΑΜ 3*, 2013 ΤΟΜΟΣ Α. ΑΙΑΝΗ, 2018, 91-113.

***Uses* 2021**. *Uses of mica:* <https://en.m.wikipedia.org/wiki/Mica> (18.02.2021)

**Facorellis, Y. 2017,** Radiocarbon Dating of Early Iron Age Greece: An Overview. *REGIONAL STORIES TOWARDS A NEW PERCEPTION OF THE EARLY GREEK WORLD***,** Acts of an International Symposium in honour of Professor Jan Bouzek. Ed. by Alexander Mazarakis Ainian et al. Volos: University of Thessaly Press, 2017, 693-722.

**Фиданоски, Љ. 2017,** Протоматематиката во македонскиот неолит (II). *НЕОЛИТОТ ВО МАКЕДОНИЈА: ЧЕКОР НАПРЕД ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРВИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ОПШТЕСТВА*. Ур. Љ. Фиданоски, Г. Наумов, Скопје: ЦИП, 2017, 109-159.

***Firing temperatures* 2021**. *Firing temperatures:* <https://www2.bellevuecollege.edu/artshum/materials/art/husby/firingtemperatures.pdf> (15.02.2021)

**Flognfeldt, Y.T. 2009,** *SANCTUARIES AND VOTIVE OFFERINGS FROM THE EARLY IRON AGE:* A comparative study of votive offerings from the eastern Peloponnese, (Master`s Thesis in Archaeology). Department of Archaeology, History, Cultural Studies and Religion. University of Bergen, 2009.

**Frejzer, Dž. Dž. 2003,** *Zlatna grana: proučavanje magije i religije*. Prev. Živojin V. Simić, Beograd: "Ivanišević", 2003.

**Hammond, N.G.L. 1982,** Illyris, Epirus and Macedonia in the Early Iron Age, Part III: The Balkans and the Aegean. *THE CAMBRIDGE ANCIENT HISTORY* second edition, vol. III, ed. by John Boardman et al. Cambridge, 1982, 619-653.

**Hasanpur, A., Hashemi, Z., Overlaet, B. 2015,** The Baba Jilan graveyard near Nurabad, Push-I Kuh, Luristan – A preliminary report. *Iranica Antiqua*, vol. L, 2015, 171-212. doi: 10.2143/IA.50.0.3053519

**Haerinck, E., Overlaet, B. 2003,** Soundings at Tall-I Qaleh (Hasanabad), Fars Province, Iran (chapter 16). *Essays on the Archaeology of Iran in Honor of William M. Sumner, Monograph 48.* The Cotsen Institute of Archaeology, University of California, Los Angeles *published in association with* The American Institute of Iranian Studies and The University of Pennsylvania Museum of Archaeology and Anthropology, 2003, 193-200.

**Херодот.** *Херодотова историја.* превод од старогрчки, предговор, белешки за писателот и делото, коментари на текстот Даница Чадиковска. Скопје: Зумпрес, 1998.

**Heurtley, W.A. 1939,** *Prehistoric Macedonia, An archaeological reconnaissance of Greek Macedonia (West of the Struma) in the Neolithic, Bronze, and Early Iron Ages*. Cambridge, 1939.

**Ходер, Ј. 2003,** *Читајќи го минатото: Тековни пристапи во археолошката интерпретација.* Прев. Катерина Христовска. Охрид: Macedonia Prima, 2003.

**Horejs, B. 2007,** *The Phenomenon of Mattpainted Pottery in the Northern Aegean: Introduction, Overview and Theories*
<http://aegeobalkanprehistory.net/index.php?p=article&id_art=8> (11.02.2008)

**Hošek, J. et al. 2021,** Geoarchaeological evidence on a Late Bronze Age earthquake, Ohrid Basin (North Macedonia). *JOURNAL OF QUATERNARY SCIENCE (2021) 1-10.* ISSN 0267-8179. DOI: 10.1002/jqs.3325.

**Hrisostomou, A. 2016,** Η Ανασκαφή και τα Ευρήματα από το Νεκροταφείο Εποχής Σιδήρου στη θέση «Ναυτικός Όμιλος» Άρνισσας. *ΤΡΙΜΗΝΙΑΙΑ ΕΚΔΟΣΗΤΗΣ ΙΣΤΟΡΙΚΗΣ ΚΑΙ ΛΑΟΓΡΑΦΙΚΗΣ ΕΤΑΙΡΕΙΑΣ ΓΙΑΝΝΙΤΣΩΝ «Ο ΦΙΛΙΠΠΟΣ».* Ιανουάριος - Φεβρουάριος - Μάρτιος 2016, 7-36.

**Cabanes, P. et al. 2001,** Sovjan (Albanie). *Bulletin de correspondance hellénique. Volume 125, livraison 2, 2001*, 716-730.

**Ceka, N. 1975,** Un tumulus a Dukat. *Iliria 3*. Tirana, 1975, 137-159.

**Coldstream, J.N. 1975,** *Greek Geometric Pottery: A survey of ten local styles and their chronology,* Updated Second Edition. Bristol: PHOENIX PRESS, 1975.

**Coldstream, J.N. 2003,** *Geometric Greece: 900–700 BC,* Second Edition. London and New York: Routledge, 2003.

**Collins, J. 1984,** *The European Iron Age*. London and New York, 1984.

**Cook, R. M. 1997,** *Greek Painted Pottery.* Routledge, 3rd edition, 1997.

***Crvenica*** **2021**. *Crvenica:* <https://hr.m.wikipedia.org/wiki/Crvenica> (17.02.2021)

**Чаусидис, Н. 1994,** *Митските слики на Јужните Словени,* Скопје: Мисла, 1994.

**Чаусидис, Н. 2005, Том I,** *Космолошки слики: симболизација и митологизација на космосот во ликовниот медиум,* (текст). Скопје. 2005.

**Чаусидис, Н. 2005, Том II,** *Космолошки слики: симболизација и митологизација на космосот во ликовниот медиум,* (ликовни прилози и каталог). Скопје. 2005.

**Чаусидис, Н., Николов, Г. 2006,** Црепна и вршник. Митолошко семиотичка анализа. *Studia Mithologica Slavica IX – 2006,* 97 – 160.

**Чаусидис, Н. 2007,** Жената како персонификација на просторот за живеење од неолитот до современиот фолклор. *Македонски театар: балкански контекст,* приредила Јелена Лужина, Скопје: Факултет за драмски уметности, 2007, 45 - 101.

**Чаусидис, Н. 2017,** *Македонските бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од средниот Балкан*. Скопје: ЦИП, 2017.

**Чаусидис, Н. 2022,** *Луристански стандарди – иконографија, семиотика и намена.* Скопје: ЦИП, 2022.

**Čović, B. 1984,** Umjetnost kasnog bronzanog i starijeg željeznog doba na istočnoj jadranskoj obali i u njenom zaljeđu. *SIMPOZIJUM DUHOVNA KULTURA ILIRA* (Herceg-Novi, 4-6. Novembra 1982). Urednik Alojz Benac. Sarajevo: AKADEMIJA NAUKA I UMJETNOSTI BOSNE I HERCEGOVINE, 1984, 7 – 40.

***Шакасте гривне*** **2022.** *Шакасте гривне и културни континуитет Индоевропљана (одломак):* <http://www.svevlad.org.rs/povesnica/andrejic_sakastegrivne.html> (07.03.2022)

**Шевалие, Ж., Гербран, А. 2005,** *Речник на симболите: митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви.* Прегледано и проширено издание. Прев. Ирина Бабамова и др., Скопје: Табернакул, 2005.